РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 997
Скопје, 1 декември 2010 година

## Содржина на Билтен број 997 од 1 декември 2010 година


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Социјалистичкиот реализам (1945-1950) во ликовната уметност во Југославија, Албанија и Бугарија,** изработена од **м-р Мидаит Положани,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................1-4

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Водич за пребарување на литература,** подготвено од наставен кадар на Катедрата за фармакоинформатика на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменето за студентите по лабораториски биоинженеринг........................................5-9
2. Рецензија на учебното помагало под наслов **Прирачник за практична настава по фармацевтска хемија 1-метаболизам и дизајнирање на лекови,** подготвено од наставен кадар на Катедрата за фармацевтска хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменето за студентите по фармација........................................10-17

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област заразни болести на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**д-р Иванчо Налетоски**)........................................18-30

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Стратегиски менаџмент на човечките ресурси во државната администрација-услов за нејзина реформа,** изработена од **м-р Татјана Џокиќ,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................31-35

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Валентина Доревска, Марина Димовска, Билјана Гиговска, Јован Проев**)........................................36

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Дистрибуција на тешки метали во почвите од Косовска Митровица и нејзината околина,** изработена од **м-р Милихате Алиу,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје........................................37-40

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на трудот **Финансово право,** од **д-р Весна Пендовска, д-р Кики Мангова Пањавиќ и д-р Александра Максимовска Велјановски,** пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................41-46

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (**Ермаљ Мехмети, Џингиз Ибрахим**)........................................47

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје (**Метуш Мемеди, Роберто Трајковски, Дарко Николовски, Драган Георгиев, Неџми Ферати**)........................................48
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје (**м-р Иљо Серафимовски, м-р Загорка Поп-Антоска Андовска**)........................................49

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**


1. Рецензија на докторската дисертација **Комплементарност на конкурентското и потрошувачкото право и политики во интеграцијата на земјите од Југоисточна Европа во Европската унија со посебен осврт на Република Македонија"**, изработена од **м-р Вероника Ефремова**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.......50-57


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. **Приговор** на рефератот за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 995 од 1.11.2010 година, поднесен од **м-р Даниела Ѓорѓиева**.......58-63
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на рефератот за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 995 од 1.11.2010 година.......64-65


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на веб-базираните технологии во туризмот во Република Македонија,** изработена од **м-р Сања Киковска-Георгиевска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.......66-72


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**


1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска традиција и консолидација,** изработена од **м-р Ненад Марковиќ**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.......73-82


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**


1. Рецензија на ракописот **Збирка задачи по генетика** напишан од **д-р Соња Ивановска, д-р Љупчо Јанкулоски и м-р Марјана Јанкуловска**, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Драги Димитриевски)**.......83-86


**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Модификации на Њутновиот метод за задачи на стохастичко програмирање**, изработена од **м-р Ирена Стојковска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.......87-93
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областите астрофизика и општа физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Олгица Кузмановска Барандовска)**.......94-105


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на асистент по предметите: социологија на религијата, социологија на моралот, социологија на општествените девијации, социологија на образованието и методика на наставата по социологија на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Татјана Стојаноска, м-р Маријан Младеновски)**.......106-110


**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација: **Проценка на кариостатскиот потенцијал и биокомпатибилноста на материјали кои се користат во ресталративната стоматологија**, изработена од **м-р спи Василка Рендова**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.......111-115

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање вонреден професор по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Димитар Трајанов**)........116-125
2. Рецензија на докторската дисертација **Модел за евалуација на еколошките критериуми за енергетски и индустриски постројки**, изработена од **м-р Златко Совревски**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје........126-130

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Обрасци на афективно врзување и вредносни ориентации кај адолесценти и родители**, изработена од **м-р Ќуфли Османи**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........131-136

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на бетонските и дрвените конструкции, на Градежниот факултет во Скопје (**д-р Тони Аранѓеловски**)........137-145

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден помлад асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Јасмина Петреска**)........146-148

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два асистента по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Билјана Ципунова, д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, д-р Марија Манева, д-р Јасна Петровска**)........149-173

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Катерина Кочковска, Валентина Димитровска, Весна Ташковска, Марко Стефановски, Илина Димовска, Марина Давиткова, Горјан Славковски, Тамара Ѓорѓиевска, Игор Стрезовски, Викторија Митева, Христијан Николески, Ивана Серdјук, Ирена Димитријевиќ, Софија Цинева, Никола Стојановски, Елена Ивановска, Милка Ракочевиќ, Никола Дацев, Љубиша Гроздановски, Ана Климовска, Борче Маневски, Един Рамадановиќ, Катерина Јакимовска, Перо Мартиновски, Арлинда Зимери, Андријана Коровешовска, Бојан Блажевски, Елизабета Гроздановска, Зоран Василески, Сали Салиевски, Сашка Ефремовска, Синиша Ивановски, Томе Гушев, Андријана Антулевска, Кристина Вељановска, Јовцо Батковски, Емилија Ристовска Валентина Ристовска, Кристина Наќеска, Рената Богеска, Зоран Јорданоски, Ерина Андонова, Зоран Јанов, Катерина Лазареска, Марјан Стојановски, Ангелчо Ристов, Ружица Насковска, Елена Таховска**)........174-179
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Крсте Маљановски**)........180
3. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на Република Македонија во справувањето со меѓународниот тероризам по 11 септември 2001 година**, изработена од м-р **Ивица Симоновски**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........180-189

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два асистента по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Александра Подолешова, д-р Јасна Петровска, д-р Цветанка Мишевска, д-р Наташа Тошеска Спасова, д-р Марија Манева** )........190-211

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Комбинација на хемотерапијата и конформалната радиотерапија во третманот на локално-напреднат немикроцелуларен белодробен карцином,** изработена од **м-р д-р Симонида Црвенкова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје................................212-220

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Глаголот во преведените романи на Исмаил Кадаре од албански на македонски јазик**, изработена од **м-р Лулзим Алиу**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.........................................221-225
2. Рецензија на докторската дисертација **Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)**, изработена од **м-р Хаки Џакли**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.......................226-230
3. Реферат за избор во звањето вонреден професор по предметите француска и франкофонски книжевности и француска и франкофонски култури и цивилизавции на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Елисавета Поповска)**.................................................................................................................231-244

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): семејно право, социјално право, управно право, системи на социјална заштита, јавна управа и трудово право на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Наташа Богоевска)**.................................................................................................245-258

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Методите и техниките за стратегиско планирање и ефективноста во работењето во претпријатијата,** изработена од **м-р Стојан Дебарлиев**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................259-272
1. Рецензија на ракописот **Теорија на организацијата,** изработена од **д-р Кирил Постолов**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје.......................................273-283

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Клиничко-етиолошките и епидемиолошки аспекти на дерматофитозите во Р. Македонија,** изработена од **м-р** сци мед. **д-р Агрон Старова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................................284-289

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Димитрија Бошевски, Билјана Штерјовска, Оливера Манастирова Ичева, Зоран Дочински, Сања Димитриевска)**.........................................290

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Снежана Трендафилоска, Игор Вецовски, Ристо Хаџи-Мишев)**..................................................................................................291

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Народните приказни за смртта и вечноста во фолклорната литература на Македонија и САД**, изработена од **м-р Марија Кукубајска**, пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје.................................................................................................................292-297

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Преглед на прифатени програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Милица Марковиќ, Линдита Хакај, Љупчо Чедомирски, Славчо Величков, Арјана Куриу-Груби, Мисбах Качамаку, Митко Иванов**)........298

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметот основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје (**д-р Предраг Трпески**)........299-312

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на максилофацијалната хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Даница Поповиќ Моневска**)........313-321

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите физичка металургија 1, физичка металургија 2, термичка обработка, синтерувани метални материјали и специјални челици на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**д-р Јон Магдески**)........322-331

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставниот предмет историски игри на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање на работен однос (**м-р Александра Мијалкова**)........332-342
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставните предмети методика на класичен балет и репертоар на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање на работен однос (**м-р Тања Вујисиќ-Тодоровска**)........343-354

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје (**Димитар Јаневски**)........355-360
2. Реферат за избор на асистент по организациони науки и управување (менаџмент), по предметите наука за менаџмент и економско математички методи и модели на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Виолета Цветкоска**)........361-368
3. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Атанаско Атанасовски**)........369-374

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ РЕАЛИЗАМ (1945 – 1950) ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА, АЛБАНИЈА И БУГАРИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МИЦАИТ ПОЛОЖАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На X редовна седница на Наставно–научниот совет на филозофскиот факултет во скопје, одржана на 14. IX 2010 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација „Социјалистичкиот реализам (1945 – 1950) во ликовната уметност во Југославија, Албанија и Бугарија" од м-р Мицаит Положани. Благодарејќи на довербата, имаме чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

За докторска дисертација од областа на историја на модерната уметност м- р Мицаит Положани ја избра темата „**Социјалистичкиот реализам (1945 – 1950) во ликовната уметност во Југославија, Албанија и Бугарија**". Во дисертацијата, предадена во мај 2010 година тој ги анализира, изложува и синтетизира елементите и согле-дувањата на значајните историски, идеолошки и уметнички факти поврзани со дадениот период. Во дисертацијата се претставени релевантни податоци и одредени специфчности во развојот на социјалистичкиот реализам во трите соседни земји во првиот повоен период.

Во обемната докторска дисертација, на **455** страници, м-р Мицаит Положани ја изложува материјата во трите центри на соседните држави. Врз основа на определени факти, искажувања и материјали од историска и уметничка важност, донесени се релевантни согледувања и заклучоци кои произлегуваат од определената тема. Посебно внимание е дадено на анализа на ликовните творби и на одделни разговори со уметници, како и на грижлива изработка на превод на достапните материјали од различен вид.

Трудот концепциски е замислен како посебна проекција на разгледувањето и толкувањето на соцреалистичкиот период во уметничкото творештво кој бил создаден според принципите на комунистичката идеологија. Неговата суштина и комплексната проблематика се соопштени во самиот наслов на трудот, кој гласи: „**Социјалистичкиот реализам (1945 – 1950) во ликовната уметност во Југославија, Албанија и Бугарија**".

Имено, идејно – тематската поставеност на дисертацијата е резултат на сеопфатен критичко – истражувачки и аналитички пристап при што е земен предвид историско – хронолошкиот фактор во создавањето и влијанието на соцреализмот.

Докторскиот труд се состои од два дела, *општ* и *главен* дел, кои потоа се поделени уште во неколку поглавја и поднаслови. Во четири од нив се опфатени историските, филозофските, идеолошките и политичките посебности, визуелните и естетските фактори кои придонеле за концепциското формирање на соцреалистичката уметничка доктрина.

Во општиот дел на трудот, поточно во *Воведот*, се опфатени образложенија за концепциско - методолошката поставеност и структура на трудот. Во овој дел воедно е поставена носечката теза на трудот, која се состои во следново: *Коегзистентно запознавање со пробивот, инсталирањето и примената на соцреализмот во Југославија, Бугарија и Албанија, неговите внатрешни мотиви што ја поддржувале и создале оваа ликовна каноника директно условена од политичките релации на балканските комунистички земји со СССР, како и спроведување на општите ликовни постулати во одделни средини кои преживеале различни драми и судбини, создавајќи донекаде и сопствени варијанти и специфики на соцреалистичко ликовно изразување.*

Во овој дел е сместено првото поглавје, *Појаснувањето на генезата на социјалистичкиот реализам,* во кое се протолкувани идеолошките аспекти на соцреализмот, а посебно развојот и историските услови во кои настана оваа уметничка доктрина.

Исто така, опишани се и почетоците на појавувањето на оваа уметност во почетокот на XX век, кога од страна на руската уметност била преземена како ликовна стратегија од француската сликарска традиција. Откако се здоби со официјалното име – *социјалистички реализам,* тој станува државна уметничка доктрина на советската федерација, а потоа се прошири и се прифати како колективна уметност во неколку комунистички земји во светот.

Во второто поглавје, насловено *Социјалистичкиот реализам во трите балкански земји,* претставени се околностите во кои соцреалистичката уметничка доктрина се инсталирала во трите балкански социјалистички земји. Со идентификувањето на заемните врски, опфатени се сличностите како и извесните разлики присутни во ликовното обликување и претставување. Опишани се приликите кон крајот на Втората светската војна и Народноослободителната борба (1941 – 1945), кога во овие земји уметноста ќе биде ставена во служба на пропагандните потреби на комунистичките власти, **со** организирање на уметничкиот живот и остварување на ликовната продукција.

Во третото поглавје под наслов *Преглед на соцреалистичките ликовни остварувања*, претставени се речиси сите позначајни ликовно – уметнички случувања и дела, условени од политичките превирања низ кои поминува соцреалистичкото општество во Југославија, Албанија и Бугарија. *Информбировскиот* процес во југословенската заедница, процесот на *одмрзнување* и *десталинизација* на бугарското општество и *сталинизацијата* и *неуспешната „албанска пролет"*, се некои од поважните настани кои имаат свое клучно место како во севкупниот општествен живот, така и во процесот на создавањето на ликовната дејност на овие земји.

Во овој дел е изнесена основната проблематика на трудот, и тоа преку конкретни примери **за да се** отслика процесот на ликовното визуелизирање на комунистичката идеологија и формирањето на некои од основните иконографски карактеристики и

специфики. Тие практично значат обликување на една вербализирана утопистичка идеологија изразена преку соодветни визуелни ликовни форми својствени за соцреали-стичката уметничка доктрина.

Соцреалистичката уметност преку делата на најистакнатите претставници обезбедува доволно аргументи за отсликување и утврдување на развојниот пат на оваа стилска формација применета под целосна политичка контрола. Важно е да се напомене дека поголемиот број на презентираните ликовни дела претставуваат убедливи показатели за утврдување на сите особености и специфичности на соцреалистичката уметност.

Со толкување на ликовните остварувања како технолошки, така и од естетски аспект се потврдува застапеноста на идеолошката и политичка филозофија на социјалистичкиот реализам. Во трудот делата се согледани од хронолошки, историски, тематски и иконографски аспект, со еден свој научно - критички пристап. Тоа се доволно елементи за извлекување на адекватни заклучоци околу прашањето, што всушност претставувал социјалистичкиот реализам.

Еден од ретките монументални споменици посветени на советската армија подигнат во повоениот период во Втората Југославија е *Монументот на Црвената армија – Слобода* (1945 – 1947) во *Батина Скела* (Хрватска) од вајарот Антун Аугустинчиќ. Централно место во докторската дисертација му е посветено на делото *Сондирање на теренот во Нов Белград* (1948) од сликарот Божа Илиќ. Станува збор за репрезентативно остварување во духот на социјалистичкиот реализам. Претставени се остварувањата и во другите југословенски средини, заедно со појавувањето и развојот на *македонскиот соцреализам.*

Во Бугарија меѓу бројните монументи доминираат спомениците посветени на *Советската армија* кои се дело на познати скулпторски имиња, основачи на бугарскиот соцреализам, како Фунев, Лазаров, Далчев, Дудулев, Георгиева, Емануилова и др. Посебно значење е дадено на сликата *9 Септември во Берзово* (1945) на Златко Бојадциев, која важи за прва сликарска творба со идеолошка содржина реализирана по ослободувањето на земјата од фашизмот. Исто така, се укажува на сликата *Сондите во Кампиња* (1948/49) на Васил Бараков, како една средноформатна композиција со мотив на *индустриски пејзаж,* потоа на сликата *Пред одарот на вождот* (1949) од Александар Жендов и *Следење на диверзантите* (1952) на Тома Томов и други.

Од соцреалистичката уметност во Албанија покрај двете скулптурални монументални дела посветени на *Скендербег* подигнати во Тирана и Круја, посебно место им припаѓа и на неколкуте сликарски композиции, како што се: *Приказна за народната ослободителната борба* од Нецмедин Зајми, *Зората на 17 ноември 1944* од Букурош Сејдини, оценети како целосно соцреалистички творби. Сликите *Епиката на раноутри-нските ѕвезди* (1971) на Едисон Ѓерго и *Садење на овошје* (1971) на Едуарт Хила, земени се како пример на обиди за воведување на полиберален дух во албанската уметност. Авторите, токму заради тоа, сериозно настрадале од албанската комунистичка власт. Композицијата *Конферницијата во Москва* (1974) на Гури Мади (Madhi) е презентирана како слика на која се извршени две насилни ликовни корегирања.

Во рамките на четвртото поглавје, *Заклучоци и констатации,* синтетично е претставен развојниот тек на социјалистичкиот реализам во трите соседни држави. Тука хронолошки се обработени тематските аспекти на соцреализмот, и тоа целосно во

три развојни фази. Првата фаза се однесува на *реалистичката уметност остварена во духот на народната демократија.* Во втората фаза е опфатена уметноста во *периодот на класичниот соцреализам,* додека третата е согледана како *преодна фаза* од соцреализам во плурализмот на современата уметност.

Во трудот се издвојуваат следниве тематски области во трите средини: *народноослободителната борба, обновата и изградбата, значајни настани од подалечното или поблиското историско минато, како и личности од минатото и актуелната стварност.* Спомнатите теми се обликувани во повеќе ликовни жанрови; *историската композиција, портретот и поретко пејзажот.*

Во Југославија соцреализмот како официјална доктрина ќе биде отфрлен во 50 – тите години, додека во Албанија и Бугарија ќе потрае значително подолго.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација „Социјалистичкиот реализам (1945 – 1950) во ликовната уметност во Југославија, Албанија и Бугарија" од м-р Мицаит Положани е прв труд кој одделно и компаративно го проучува овој период во развојот на модерната уметност низ елементи на сродност како и на разлики изразени особено во подоцнежните години во трите соседни земји. Кандидатот извршил обемни истражувања на карактеристични и релевантни ликовни дела како и на пишаниот материјал што се однесува на оваа пробле-матика, извлекувајќи ги суштествените елементи и заклучоци. Авторот се потрудил да ги утврди чуствителните нишки меѓу политичкиот диктат и уметничкото творештво во овој историски период, посебно укажувајќи на уметничките творби кои се резултат на таквиот специфичен однос.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена, како и на применетата методологија во изработка на овој труд, кој е прв во обидот да се обработи една специфична материја, Комисијата оценя дека трудот ги задоволува сите формални и научни услови и затоа му предлага на Наставно–научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати докторскиот труд на м-р Мицаит Положани и да закаже негова јавна одбрана.

Комисија

Проф. д-р Владимир Величковски, с.р.

Проф. д-р Елизабета Димитрова, с. р.

Проф. д-р Татјана Филиповска, с. р.

Проф. д-р Виолета Ачкоска, с. р.

Проф. д-р Лидија Мереник, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ *ВОДИЧ ЗА ПРЕБАРУВАЊЕ НА ЛИТЕРАТУРА*, ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА ФАРМАКОИНФОРМАТИКА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТО ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ЛАБОРАТОРИСКИ БИОИНЖЕНЕРИНГ

Со одлука бр. бр.02/634-15 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата десетта седница одржана на 18.10.2010, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов ВОДИЧ ЗА ПРЕБАРУВАЊЕ НА ЛИТЕРАТУРА, напишан од наставен кадар на Катедрата за фармацевтска хемија, и тоа: ас. Александра Капедановска Несторовска, дипл. фарм. Богдан Влачо, ас. Зорица Серафимоска и ас. Зоран Стерјев.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Шутуркова и доц. д-р Кристина Младеновска го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Содржината на подготвениот материјал е соодветна на постојниот наставен план и програма на додипломската настава по предметот пребарување на литература, за профилот лабораториски биоинженери на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Авторите, користејќи современи наставни методи и техники, ја изнесуваат материјата на лесно достапен, разбирлив и едноставен начин за студентите. Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, напишан со кирилично писмо, содржи 130 страници, со табели, графици и задачи со што се овозможува полесно совладување на изложената материја. Водичот за пребарување на литература опфаќа: Предговор, Содржина, Вовед, 8 актуелни методски единици во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со наставната програма, Додаток и Библиографија. Секоја методска единица претставува посебна целина која логично се надоврзува на претходната. Содржината на подготвениот материјал во овој водич е од големо значење за подобро разбирање и совладување на техниките и вештините за ефикасно пребарување на интернет -литературните податоци

потребни за подготвување на завршната проектна задача преку која се дефинира конечната оценка на студентите по овој предмет.

Совладувањето на тематските единици е преку изведување на практична индивидуална компјутерско работна задача за пребарување на зададени работни проблеми кои се посочени во содржината на материјалот и завршни квизови за потврдување и самоевалуација на стекнатото знаењето на студентите од практичниот дел од наставата каде што студентите конкретно преку практични примери се запознаваат со структурната организација и подетално со секој од видовите на извори на информации, техниките за ефикасно пребарување на информациите и ефикасно користење на пребарувачки сервиси, евалуација на квалитетот на информацијата како и начинот на индексирање, анализа на цитираната литература и мерките за рангирање на квалитетот на литературните информации.

Во **Предговорот** на ова учебно помагало, на концизен начин авторите го истакнуваат значењето на предметот пребарување на литература од аспект на стекнување на вештина за пребарување на различни извори на литература и правилна евалуација на добиените информации, што секој пребарувач мора да ја поседува и е битна како во образовниот процес, така и во професионалното работење на различни профили како основа за успех во 21 век.

**Во првото поглавје** се наведени воведни информации за значењето и целите на предметот пребарување на литература, посочени се вештините и техниките кои студентите ќе ги совладаат и кои ќе им овозможат ефикасно пребарување и евалуација на добиените информации од интерес и даден е краток осврт на интернетот и неговата функција како основна алатка за ефикасно пребарување и лоцирање на интернет-литературните информации. Дополнително, студентите се запознаваат со основните дефиниции и значење на термините World Wide Web, HTML, Web browser и други најчесто користени интернет - изрази, а посочени се и подетално се објаснети функциите на интернет - пребарувачите и прелистувачи кои најмногу се користат при едноставните интернет - пребарувања.

**Второто поглавје** претставува преглед на структурната организација на изворите на информации, како и начинот на класификација и индексирање на информациите. Дополнително, во ова поглавје прецизно и детално се објаснети сите потребни чекори за ефикасното пребарување на интернет-информациите преку дефинирање на потребната

информација, детерминирање на видот на информацијата која ќе ги задоволи зададените критериуми, избор на најдобрите алатки чија примена ќе резултира со најсоодветни информации, дефинирање на иницијален сет на добиени информации од пребарувањето, начинот на нивна ревизија, евалуација и селекција на најрелевантните.

Во **третото поглавје** се обработуваат квалитативните карактеристики на добиената информација, дефинирани се критериумите за оцена на квалитетот на податоците добиени од печатените извори на информации, како и критериумите за евалуација на квалитетот на веб-страниците и научно истражувачките литературни информации добиени од интернет-пребарувањата и посочени се начините за ефикасно, квантитативно ограничување на непотребните информации.

Во наредното, **четврто поглавје**, детално се обработени трите групи на извори на информации, терцијарните, секундарните и примарните извори на информации, при што се посочени нивните недостатоците и предности, со посебен осврт на улогата, начинот на употреба и информациите кои ги нудат специјалните индексирачки и апстрактни сервиси како секундарни извори на информации, типовите и видовите на информации кои се достапни преку употреба на збирките/базите на податоци, а исто така се прикажани и детално се идентификувани различните видови на збирки на податоци од интерес. Дополнително, компаративно се истакнати разликите и сличностите на интернет-пребарувачите наспроти библиотечните каталози и индексирачки сервиси, како и генералните карактеристики и предности во однос на начинот на пребарување кои ги нудат електронските облици на овие извори на информации. Во ова поглавје, посебно внимание е посветено на примарните извори на информации, детално се дефинирани улогата, предностите и значењето на различните видови публикации кои спаѓаат во оваа група (научни списанија, технички извештаи, патенти, конференциски соопштенија, дисертации, тези), детално е опишана нивната содржинска структурна организација и посочени се начинот на пристап и пребарување за секоја од примарните видови на публикации, одделно.

**Петтото поглавје** претставува практичен водич во процесот на правилно креирање на едноставни и потемелни исражувања и пребарувања во еден од најмногу применуваните индексирачки и апстрактни сервиси Medline, преку користење на Pub Med, додека, пак, во **шестото поглавје** студентите се запознаваат со основните карактеристики, дејноста,

информациите и можностите за пребарување на овие информации во Chemical Abstracts Service со помош на помошната алатка за пребарување - SciFinder Web.

Во **седмото поглавје** се посочени и основно се идентификувани релевантните извори на информации од биохемиската научна област, додека, пак, студентите имаат практична задача да ги обработат и идентификуваат видовите на информации и начините за нивно пребарување кои ги нудат овие извори на информации, според примерот на обработка на пребарувачите од претходните две поглавја.

Наредното, **осмо поглавје** го обработува импакт - факторот како мерка за рангирање на квалитетот на научноистражувачките публикации, неговото значење, начинот на негово пресметување како и алтернативните форми на импакт - факторот за критичко вреднување и оцена на информациите. Во продолжение, се истакнува и значењето и начините на индексирањето и цитирање на користената литература, од аспект не само како како метод за лоцирање и пристап до користените референци, туку и за анализа на самата цитирана литература. За таа цел се посочени различните стандарди за цитирање на литература од различни научни дисциплини, со посебен осврт и практично прикажување на конкретни примери за цитирање на различни видови извори на информации со користење на CSE (CBE) водичот за цитирање на литература.

За полесно совладување и практично следење на материјата во ова учебно помагало, во неговата содржината се интегрирани конкретни линкови (покажувачи) на специфични интернет страници и последното **деветто поглавје** - Додаток, во кое е прикажан преглед на научни списанија, бази/збирки на податоци и извори на интернет - информации од интерес кои се однесуваат на различни научни области на биолабораторискиот инженеринг, речник на интернет-изрази и фрази, како и конкретни предлог - стратегии за пребарување и евалуација на интернет-информациите.

Литературните податоци што се цитирани во целиот ракопис се соодветно избрани, најголемиот дел се со понов датум и целосно ги покриваат подрачјата од интерес дефинирани со постојниот наставен план и програма по предметот пребарување на литература за додипломските студии за лабораториски биоинженеринг.

Приложеното учебно помагало има голема практична примена од аспект дека претставува водич за совладување на вештините за ефикасно пребарување, евалуација, анализа и правилно индексирање на добиените интернет - литературни информации.

Според авторите, ова учебно помагало има за цел полесно совладување на градивото од овој базичен предмет од каде што стекнатите знаења ќе ги применуваат постојано во текот на понатамошното студирање и својата професионална работа во иднина.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со наставната програма за предметот пребарување на литература за студентите по лабораториски биоинженеринг. За изведување на вежбите се користи современа опремена компјутерска училница со компјутерски поддржана програма, најнови електронски бази на податоци, интернет - пребарувачки сервиси и литература од областа на лабораторискиот биоинженеринг. Предвидено е студентите да работат самостојно. Индивидуалната работа се оценува преку специјално дизајнирани прашалници (квизови), практични и проектни задачи. Во ова учебно наставно помагало се приложени 8 тематски единици кои можат да се адаптираат според најновите тековни информатички потреби и сознанија.

Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој практикум студентите добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на наставата по предметот пребарување на литература.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојано учебно помагало за студентите по лабораториски биоинжинеринг.

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

Проф. д-р Љубица Шутуркова с.р

Доц. д-р Кристина Младеновска с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ *„ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА 1-* МЕТАБОЛИЗАМ И ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ЛЕКОВИ", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТО ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр.02/533-7 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата деветта седница одржана на 6. 9.2010, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Прирачник за практична настава по фармацевтска хемија 1 - метаболизам и дизајнирање на лекови", напишан од наставен кадар на Катедрата за фармацевтска хемија и тоа ас. Зорица Серафимоска, ас. Александра Капедановска Несторовска, ас. Зоран Стерјев и доц. д-р Кристина Младеновска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Шутуркова и проф. д-р Лидија Петрушевска –Този го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, напишан со кирилично писмо, содржи 170 страници, со цртежи и графици, табели и задачи во 10 одбрани практични методски единици. Секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната. Содржината на подготвениот материјал е соодветен на постојниот наставен план и програма на додипломската настава по предметот фармацевтска хемија 1- метаболизам и дизајнирање на лекови на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Теоретскиот дел застапен во овој Прирачник е составен дел на материјалот неопходен за подготвување на завршниот испит по предметот фармацевтска хемија 1- метаболизам и дизајнирање на лекови. Содржините и распоредот на вежбите ја следат теоретската настава.

Авторите, имајќи ги предвид претходно стекнатите знаења на студентите по фармација од курсевите по молекуларна биологија и биорганска хемија, користејќи современи наставни методи и техники ја изнесуваат материјата на лесно достапен, разбирлив и едноставен начин за студентите. Според авторите,

Прирачникот има двојна практична намена: се користи како учебно помагало и како дневник за работа за полесно совладување на градивото на овој комплексен предмет во текот на студиите.

Водичот низ практичната настава по фармацевтска хемија 1- метаболизам и дизајнирање на лекови опфаќа предговор, содржина и 10 актуелни методски единици во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со теоретската наставна програма.

Во куспот предговор е истакнато значењето на истражувањата поврзани со откривањето, дизајнирањето и развојот на нови лекови во фармацевтската наука и практика, дефиниран е процесот и значењето на секоја од фазите во дизајнирањето на лековите: фазата на **откривање** на водечко соединение со примена на соодветни техники за негова успешна идентификација и истакнато е значењето на истражувањата кои се насочени кон **дизајнирање базирано на рецепторот** или **дизајнирање базирано на фармакофорот**; фазата на **оптимизација** која опфаќа хемиска модификација за оптимизирање на физичко-хемиските, биофармацевтските, фармакокинетските, фармако-динамските и/или токсиколошките својства на водечкото соединение со цел подобрување на неговите биолошки и хемиски својства и идентификација на најдобриот аналог; и финалната фаза, фазата на **развој** на лековите, која опфаќа избор на лекот кој ќе влезе во претклиничките и клиничките испитувања.

Секоја практична вежба започнува со дефинирање на потребните предзнаења кои треба да ги поседува студентот за да може да ја совлада вежбата, краток вовед кој го нагласува теоретското и практичното значење на вежбата и потенцирање на целта која треба да се постигне по нејзиното успешно завршување.

Вежбите се организирани во одделни целини (блокови) на вежби и притоа секој блок е сочинет од одреден број на вежби. Во таа смисла, првиот блок на вежби има за цел на студентот да му го предочи значењето на познавањето и модификацијата на физичко-хемиските својства на лековите во фазата на откривање, оптимизација и развој на лековите. Оттука, првиот блок на вежби ја обработува поврзаноста на структурата на лекот со неговите физичко-хемиски својства и со основните фактори на средината (pH, температура, состав, итн.) преку основните теории и равенки кои ги поврзуваат овие параметри како што се Хендерсон-Хаселбаховите равенки, Фиковиот закон на дифузија итн.

Вториот блок на вежби ги обработува физичко-хемиските фактори (а со тоа и структурните карактеристики на лекот) и факторите на средината кои го определуваат видот на интеракциите помеѓу лекот и одредена макромолекула, афинитетот на лекот кон макромолекулата, како и математичките модели кои овозможуваат определување на константата на асоцијација, односно афинитетот

на лекот кон соодветната макромолекула, која може да биде плазматска (на пример, албумин) или клеточна компонента (на пример, рецептор).

Последниот блок на вежби е посветен на запознавање со фазите на метаболичка трансформација на лековите, пролековите и биопрекурсорите, со *ин витро* и *ин виво* техниките кои се користат за определување на патиштата на метаболичка трансформација на лековите, како и со најчестите инструментални техники кои се користат за идентификација и определување на концентрацијата на метаболитите на лековите.

Практичната изведба на секоја од вежбите во кои се обработуваат сите фактори кои влијаат врз растворливоста, брзината на растворување/ослободување и биорасположливоста на лековитите супстанции, како и спектроскопските методи за нивно определување, постапките за определување на биофармацевтските и фармакокинетичките параметри, аналитичките постапки за следење на метаболничките трансформации на активните компонинти и компјутерските техники од интерес за идентификација на водечките активни компоненти се детално и разбирливо објаснети на начин прегледен за работа со користење на слики (графици), табели и формули.

На крајот на секоја вежба, квантитативниот резултат што студентот со самостојно работење го добива се внесува на предвиденото место во практикумот со што им се олеснува на студентите во донесувањето на неопходните заклучоци и толкувањето на квантитативните податоци добиени со практичната работа, додека пак донесените заклучоци се верифицираат од одговорниот асистент со дефинирање на освоените кредити според студиската програма. Дополнително, на крајот од секоја вежба, стекнатите сознанија на студентот се проверуваат преку задачи (примери на случаи) со цел потврдување и самоевалуација на стекнатото знаењето на студентите од теоретскиот и лабораторискиот дел од наставата.

Во првата вежба се дефинира липидо-водената распределба, односно партициониот коефициент како физичко - хемиска карактеристика која се користи во предвидувањето на апсорпцијата, дистрибуцијата и елиминацијата на лековите во човечкиот организам. Овој параметар се користи исто така во предвидувањето на појавата и времетраењето на дејството на лекот, а воедно и во рационалниот развој и дизајнирањето на новите лекови. Потоа во оваа вежба се дефинирани и експерименталните методи за определување на партициониот коефициент, поточно методот на одделителна инка, тенкослојна хроматографија (TLC) и тенкослојната хроматографија под висок притисок (HPLC). Практичниот дел на ова вежба се состои во испитување на влијанието на различната pH-вредност врз промената на парициониот коефициент. При тоа, pH - вредностите на кои се врши испитувањето претставуваат симулација на гастроинтестиналнит тракт, и тоа: pH=1,2-желудни; pH=6,2 тенко црево; pH=9,8 –дебело црево и

pH=7,4 –крв, со што се врши симулација на апсорпцијата на лекот во организмот и тоа на три супстанции кои се различни во однос на нивните физичко-хемиски карактеристики: салицилна киселина, нејзината сол Na-салицилат и етил естер на салицилна киселина, односно аспирин. Експерименталниот дел се изведува со примена на методот на одделителна инка каде што системот за распределба претставува хлороформ-вода, а резултатите се добиваат со спектрофотометриско определување на концентрацијата на распределената супстанција во дефинирани услови, според Beer- овиот закон. На крајот од вежбата, стекнатите сознанија на студентот се проверуваат преку решавање на проблеми и задачи.

Во втората вежба се дефинира растворливоста на лековитите супстанции како термодинамички и фармакокинетички параметар кој влијае на нивното ослободување од фармацевтско технолошкиот облик и ресорпцијата во организмот, при што од аспект на дизајнирање и развој на лекот посебно се истакнува значење на кинетичката растворливост. Објаснета е растворливоста и брзината на растворливост на лековитите супстанции во зависност од pH - вредноста и температурата на средината, кисело-базните и конформациските особини на самата лековита супстанција како и контактната површина во системот за растварање, дефинирани се Fick-овиот закон за дивузија како основа на процесот на растварање на лековитите супстанции и математичките модели за пресметка на константата на брзина на растворување и растворливост на супстанциите. Во оваа вежба, студентите се запознаваат со предностите и недостатоците на можните начини за експериментално определување и предвидување на растворливоста со помош на предвидувачки модели и специфични молекуларни дескриптори во идентификацијата на факторите кои ја дефинираат растворливоста на една супстанција. Дополнително, вежбата го истакнува значењето на растворливоста на супстанцијата во процесот на нејзино разделување од комплексните смеши во кои супстанциите се среќаваат. Во вежбата експериментално се определува кинетичката растворливост на активната компонента (салицилна киселина и Na- салицилат) во зависност од pH и температурата на средината. Пресметките кои ги вршат студентите за дефинирање на растворливоста на супстанцијата при дефинирани услови (pH, температура) и нејзиното менување во текот на времето се темелат на спектрофотометриско определување на концентрацијата на растворената супстанција во време и дефинирани услови, според Beer- овиот закон.

Следната вежба го разгледува влијанието и меѓусебната поврзаност на pH на средината и $pK_a$ на лекот врз вкупната растворливост и растворливоста на (не)јонизираниот облик на лекот. Врз основа на дефиницијата на Bronsted- Lowry за киселини и бази, дефинирани се киселинските ( Ka) и базните ( Kb)константи на дисоцијација, класификацијата на супстанциите како кисели или базни врз основа на нивните константи на дисоцијација, степенот на дисоцијација (α) и

зависноста од pH на средината. Дополнително, во вежбата студентите се запознаваат со функционалните групи во супстанциите кои ја дефинираат нивната киселост, односно базност. Вежбата претставува практична апликација на Henderson-Hasselbach-ови равенки, преку спектрофотометриско определување на $pK_a$ на бромтимол сино, во дефинирање на односот помеѓу јонизираниот и нејонизираниот дел на супстанцијата во различни делови во организмот при константна pH- вредност и во определувањето на најниската односно највисоката pH - вредност при која слабата киселина или база, соодветно, е се уште во растворлива форма, што е значајно како за определување на местото на оптимална апсорпција на лековите, така и за подготовка на лековитите форми во кои ќе биде инкорпорирана лековитата супстанција.

Четвртата вежба претставува ин витро симулација на врзување на лековите за плазма – протеините, односно лек- протеин интеракција со цел да се определи степенот на врзување на лековитата супстанција за протеините во организмот преку определување на константата на асоцијација (врзување) на супстанцаијта за протеинот и бројот на активни врзивни места за протеинот. Во оваа вежба студентите се запознаваат со фармакодинамското значењето на лек- протеин интеракциите во организмот, специфичноста, односно неспецифичноста на овие интеракции и кинетичките и термодинамските фактори кои влијаат на лек-протеин интеракциите. Студентите се запознаваат со математичките модели кои подоцна ги користат во пресметките и во графичкото определување на константите на асоцијација и дисоцијација ($k_1$ и $k_2$), како и бројот на врзувачки места ($n_1$ и $n_2$). Пресметките кои ги вршат студентите се темелат на следење на концентрацијата на слободната неврзана фракција на лековитата супстанција во време во различни биолошки течности (експериментални услови на контролирана температура и различно дефинирани pH - средини), со примена на спекторфотометрски метод според Beer's закон и определување на врзаната фракција преку познавање на иницијалната концентрација на лекот во системот.

Петтата и шестата вежба го дефинираат современиот пристап во развојот на нови лекови-преку примена на софтверската апликација за молекуларно моделирање, откривање, визуелизација и оптимизација на водечките соединенија. При тоа се обрнува особено внимание на техниките кои се применуваат во овој процес, а тие директно зависат од познавањата кои се достапни за дадената област. Постојат два основни пристапа и тоа испитување базирано на лиганд ("ligand based drug design"), доколку е познат молекул со значајни биолошки карактеристики кој покажува сакани дејства во третманот на болеста, или испитување базирано на структурата на целта ("target"), доколку таа е позната ("structure based drug design"). Студентите се запознаваат со целиот развоен пат на лекот се од неговото откривање, па до неговото пуштање во промет. Во текот на овие две вежби студентите се запознаваат со една од водечките компании во

светот, Schrödinger, која е одговорна за иновациите и развојот на компјутерското дизајнирање на лекови. Тие ги запознаваат сите можности на овој софтвер и практично работат на софтверските апликации користејќи го инерфејсот на Maestro. При тоа тие практично и самостојно работат на молекуларно моделирање и симулации со мали молекули и макромолекули, се запознаваат со процесот на визуелизација и откривање на водечките соединенија и нивната оптимизација. На крајот секој студент има изработено сопствен проект за структурно-базирано дизајнирање на лековите користејќи го водичот кој е приспособен за академска работа и обезбеден од самата компанија Schrödinger.

Детекцијата на метаболити на марихуана (канабиноиди) со тенкослојна хроматографија претставува седма вежба која има за цел да ги запознае студентите со метаболичките трансформации на лековите, чие познавање и совладување е од особено значење во фазата на нивно дизајнирање и развој, како и со поврзаноста на структурата на лековите со нивната метаболичка трансформација. Во вежбата се обработуваат неколку фармацевтско-терапевтски аспекти на марихуаната, и тоа: терапевтска примена, структура-активност на канабиноидите, механизам на дејствување, ефекти од врзувањето на THC со рецепторите, а најголем акцент е ставен на фармакокинетските (ЛАДМЕ) особини на марихуаната, посебно на нејзиниот метаболизам и активните метаболити. Од инструменталните техники за идентификација на метаболичките продукти, студентите, конкретно во оваа вежба ја користат тенкослојната хроматографија и за таа цел даден е краток осврт на принципот на овој тип хроматографско разделување, составот на хроматографскиот систем, хроматографските параметри врз основа на кои се врши идентификацијата на супстанциите и начинот на детекција, односно визуелизација на добиените хроматограми.

Осмата вежба се однесува на примената на ин витро техниките во проучувањето на метаболизмот на лековите и проучувањето и споредувањето на метаболизмот на одреден лек на други животински видови пред тој да биде применет кај луѓе. Во вежбата е даден осврт на примената на супклеточни фракции, хепатоцити и исечоци од хепар при проучување на метаболизмот на лековите, предностите и недостатоците на ин витро системите кои се применуваат за проучување на метаболизмот на лековите. Информациите за предностите и недостатоците од употребата на хепатоцитите при проучувањето на метаболизмот на лековите се исто така составен дел од оваа вежба. Практичниот дел од вежбата во себе ја вклучува постапката за подготовка на хепарна микрозомална фракција и постапка за определување на вкупни протеини.

Деветтата вежба со работен наслов „ Ин витро анализа на метаболизам на мидазолам и детекција на неговите метаболити со HPLC - метода" се состои од два дела: теоретски и практичен дел. На самиот почеток од вежбата наведени се соодветните тематски дисциплини кои студентот треба да ги поседува како предзнаења за изведување на оваа вежба. Во теоретскиот дел е даден осврт на инструменталната техника течна хроматографија на колона под висок притисок – HPLC - метода и соодветни фармацевтско хемиски информации за бензодијазепинскиот депресант мидазолам. Исто така, во овој дел од вежбата дадени се и информации за метаболизмот на овој лек. Практичниот дел се состои од опис на постапката за експериментално определување на метаболитите на мидазолам (со примена на претходно подготвена хепарна микрозомална фракција) и целосен опис на условите и постапката за изведување на течната хроматографија на колоната под висок притисок. На крајот од вежбата оставен е простор во кој студентите самостојно треба да ги внесат добиените резултати од изведувањето на вежбата.

Десеттата вежба од овој практикум дава преглед на метаболичките трансформации на лековите, односно на сите метаболички реакции од првата фаза, фазата на функционализација и втората фаза, фазата на конјугација од трансформацијата на лековите во организмот. При тоа дефинирани се сите места во организмот во кој се вршат метаболничките трансформации на лековите, а тоа се хепар, црева, бубрези, бели дробови, кожа, плацента како и адреналите жлезди и мозокот. Во првата фаза од метаболичката трансформација се опфатени сите реакции на оксидација (оксидација на ароматични структури, на олефини, оксидација на бензилен и алилен јаглероден атом, потоа оксидација на α-јаглероден атом до карбонили и имини, како и оксидација на алифатични и алициклични јаглеродни атоми, оксидација на системот јаглерод-хетероатом, оксидација на алкохоли и алдехиди и други оксидативни биотрансформации), реакциите на редукција и реакциите на хидролиза.

Во втората фаза дефинирани се реакциите на конјугација со мали ендогенозни молекули (глукуронска киселина, сулфати, глицин и глутамин), како и реакциите на ацетилирање, метилирање и конјугацијата со глутатион.

Во практичниот дел на вежбата студентите ги претставуваат метаболичките трансформации од двете фази на различни типови на лекови и со тоа ја определуваат нивната теоретската метаболичка трансформација во организмот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот фармацевтска хемија 1 - метаболизам и дизајнирање на леккови за студентите по фармација. За изведување на вежбите се користи актуелна, современа опрема и апаратура и компјутерски поддржана програма. Предвидено е студентите да работат самостојно. Добиените резултати и изведените заклучоци студентите ги запишуваат во практикумот што му дава двојна практична примена: да биде користен како учебно помагало и истовремено да претставува дневник за изработените вежби во кој асистентот ќе ги верифицира резултатите и изведените заклучоци. Во Прирачникот за практична настава се приложени 10 обемни вежби кои можат да се дотеруваат по потреба.

Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој практикум студентите по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по фармацевтска хемија 1- метаболизам и дизајнирање на лекови.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојан практикум по фармацевтска хемија 1- метаболизам и дизајнирање на лекови за студентите по фармација.

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

Проф. д-р Љубица Шутуркова с.р.

Проф. д-р Лидија Петрушевска - Този с.р.

# РЕФЕРАТ

*ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ*

Советот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (ФВМС), на својата седница одржана 13.9.2010 година, донесе одлука број 0201-2782/3, за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р. Зденко Маркиќ, редовен професор (во пензија) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Ненад Турк, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Загреб, Хрватска и проф. д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" и „Коха", од 21.7.2010 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област заразни болести, на кој се пријави кандидатот доц. д-р Иванчо Налетоски.

Откако ги разгледа сите документи и приложени трудови. Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

*1. Биографски податоци*

Кандидатот доц. д-р Иванчо Налетоски е роден на 24 април 1964 година во Прилеп. Основното и средното училиште ги завршил во Скопје во 1982 година. Воениот рок (1982-1983 година) го отслужил во Риека и во Перушиќ (Хрватска).
По отслужувањето на воениот рок се запишал на Ветеринарниот факултет во Загреб (во школската 1983/84), каде што и дипломирал во декември 1989 година.

По дипломирањето се вработил во Институтот за сточарство во Скопје (1990), а во летниот семестар на школската 1989/90 се запишал на постдипломски студии на Ветеринарниот факултет во Загреб. подрачје: микробиологија и епизоотиологија. Постдипломските студии ги апсолвирал во школската 1990/91, но привремено ги прекинал поради воената состојба во Хрватска. На 16 октомври 1996 година, Ветеринарниот факултет во Загреб му одобрил продолжување на веќе започнатите постдипломски студии, а на 28 мај 1999 година успешно ја одбранил магистертската работа под наслов: "Suvremeni pristup iskorjenjivanju i kontroli slinavke i šapa, s posebnim osvrtom na epizootiju u Makedoniji 1996 godine", со што се стекнал со звањето магистер на науки од областа на биомедицината и здравството, научно поле: ветеринарна медицина, за постдипломски научни студии по микробиологија и епизоотиологија.

Во летниот семестар на школската 1991/92 година запишал докторски студии на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена, Австрија (Институт за биохемија и Ludwig Boltzmann институт за ветеринарна ендокринологија), кои успешно ги завршил во декември 1993 година, стекнувајќи се со звање "Doctor medicinae veterinariae" ("Dr.med.vet."), со дисертација под наслов "Influence of diet on the Excretion of Oestrogens and Gestagens in the Faeces of Pregnant Sows".

Во склоп на студиите во Виена, работел на оптимизирање и стандардизирање на ензимските имуни тестови за мерење на стероидни хормони кај домашните животни (претежно кај свињите), при што развил нов ензимски имун

тест со принцип на индиректно обележување на конјугирање стероиди (биотин-стрептавидин систем).

Од 2001 до 2005 година работел на проблемите на вирусниот пролив кај говедата во Р. Македонија, кои ги завршил со одбрана на докторската дисертација под наслов „Епизоотиологија и значење на вирусниот пролив кај говедата во Р. Македонија" на 3.6.2005 година, а потоа и за доцент (објавено во Универзитетски билтен број 888 од 25.12. 2005 година).

Од март 1994 до март 1996 работел во приватната ветеринарна амбуланта "АВА" во Велика Горица, Хрватска, каде што се занимавал со рутинска ветеринарна практика и со лабораториска дијагностика.

Од април 1996 година е постојано вработен во Ветеринарниот институт при ФВМС и работи на проблематиката дијагностика на заразните болести кај говедата, и тоа: бруцелоза, леукоза, лигавка и шап, ИБР/ИПВ, Q-треска, лептоспироза, листериоза, туберкулоза, анимална и хумана ехинококоза и трихинелоза, и на незаразните болести кај говедата, како и на метаболичкиот профил кај преживните животни.

На 23.11.2009 година, со одлука број 4853, кандидатот е назначен за вршител на должноста раководител на Ветеринарниот институт при ФВМС, а со решението број 1445 од 22.4.2010 именуван е за раководител на Ветеринарниот институт при ФВМС.

Кандидатот е добитник и координатор на проектот EU FP6-проектот 043653: Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the Major Transboundary Diseases of Animals in F.Y.R. of Macedonia (Acronym: TRANSB_DIS_ANIM_MK), во траење од 33 месеци (од мај 2007 до јануари 2010. Проектот е рангиран на 1. место од 211 регионални апликации со 25 од 25 поени.

Од изборот за доцент на ФВМС, па до денес, учествувал на повеќе домашни и меѓународни собири, и тоа:

1. 3-7 септември 2005
   Работилница "Clinica Veterinaria" TAIEX-AGR 20416, Охрид, Македонија

2. 28-30 ноември 2005
   COST Акција 845: Brucellosis in Animals and Man (International Research Conference for Brucellosis in Small Ruminants); Скопје, Македонија

3. Февруари-март 2006:
   Учество на семинар за обука: "Preparation of Competitive Proposal for FP6", организиран од "Германското здружение за техничка соработка" (GTZ), Скопје, Македонија.

4. 13-19 март 2006
   Студиска посета за детекција на вирусот на птичјиот грип (Detection of Avian Influenza Virus), во Данскиот институт за храна и ветеринарство (Danish Institute for Food and Veterinary Research), Aarhus N, Данска.

5. 3-5 септември 2006
   Учество на: 4$^{th}$ Annual Workshop of COST Action 855 "Animal Chlamydioses and Zoonotic Implications"-Diagnosis, Pathogenesis & Control of Animal Chlamydiosis; Moredun Research Institute, Единбург, Шкотска.

6. 20-24. ноември 2006
Обука за PCR-дијагностика на птичјите хламидии; во Animal Pathology and Zoonoses Research Laboratory (LERPAZ) French Food Safety Agency (AFSSA) во Маисон Алфорт, Франција.

7. 19-22. декември 2006
Обука за изведба на Real Time PCR со помош на двојни бои (FAM/Cal Fluor Orange), FAM/TAMRA Taq Man Probes and Syber Green 1, Bio-Rad iQ Check Screen GMO p35s & tNos) и IRMM сертифицирани референтни материјали како и работа со Bio-Rad iQ5 програмата.

8. 16-27 април 2007
CEEPUS-посета на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена.
(Ceepus Network No: CII-AT-0107-01-0607-M-736)

9. 4-5 јуни 2007
Учество на Годишното собрание на националните лаборатории за класична свинска чума (Annual Meeting of National Swine Fever Laboratories), при Универзитетот за ветеринарна медицина во Ханове, Германија.

10. 5-7 јуни 2007
Учество во TAIEX-AGR24492 работилницата за дизајнирање на испитувања и интерпретација на поствакцинални антитела за лигавка и шап, со помош на тестови за детекција на неструктурни протеини во Брисел, Белгија.

11. 26 август – 6 септември 2007
Поканет гостин на „Africa Regional Training Course on „Rapid Diagnosis of Avian Influenza (Bird Flu)", организиран од страна на Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA) и FAO [Joint FAO/IAEA Division of Nuclear Techniques in Food and Agriculture and the IAEA Technical Department (Africa Division)].

12. 20-22 ноември 2007
Учество на собирот на европските референтни лаборатории за FMD/SVD и CSF, VAR-CODA-CERVA, Tervuren, Белгија.

13. 10-21. декември 2007
Обука во европската референтна лабораторија за свинска чума, посветен на евалуација на генетските секвенци и филогенетска анализа под EU FP6-проектот 043653: Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the Major Transboundary Diseases of Animals in F.Y.R. of Macedonia.

14. 27-29 март 2008
Учество во работилницата: „Animal Welfare: European Framework", организирана од страна на „Кралското здружение за превенција на насилство кон животните" и ФВМС, Охрид, Македонија.

15. 11-15 февруари 2008
Курс за обука на проверувачи за ISO/IEC 17025, ISO/IEC 17020, EN 45011, организиран од Институтот за акредитација на Македонија.

16. 26-30 јануари 2009
Учество на состанокот за координација и планирање на регионалниот проект IAEA-проект RER5015: „Supporting Early Warning and Surveillance of Avian Influenza Infection in Wild and Domestic Birds and Assessing Genetic Markers for Bird Resistance", Виена, Австрија.

17. 8-11 јуни 2009
Учество на Меѓународниот симпозиум за постојано подобрување на производството и здравјето кај животните (Participation on the International Symposium on Sustainable Improvement of Animal Production and Health), IAEA, Виена, Австрија.

Покрај тоа, кандидатот повеќепати бил повикан како експерт од страна на меѓународни организации во земјата и во странство. Пописот на експертски активности е прикажан во табелата за стручно-апликативна дејност, во извештајот за избор во наставно-научно звање.

*2. Наставно-образовна дејност*

Доц. д-р Иванчо Налетоски во изминатиот период успешно ја изведувал наставата по предметите заразни болести кај домашните животни и ветеринарна епидемиологија, а со одлука на Советот на ФВМС, учествувал и во наставата од предметите внатрешни болести на непреживни животни, здравствена заштита на миленици и копитари, здравствена заштита на фармски животни, менаџмент со здравје на стадото и амбулаторната клиника.
Кандидатот, исто така, редовно организира и консултации за студентите на ветеринарна медицина.
Пописот на предмети, саатницата и бодувањето се прикажани во табелата за научно-образовната дејност на кандидатот, во извештајот за избор во наставно-научно звање.

*3. Научни и стручни трудови*

Кандидатот, при изборот за помлад асистент, има два рецензирани труда во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (УКИМ), број 693 од 23 октомври 1997, на Ветеринарниот институт во Скопје, осум труда во Билтенот на УКИМ број 741 од 15 октомври 1999, при изборот за асистент на Ветеринарниот институт во Скопје, два труда во Билтенот на УКИМ број 872 од 29 април 2005, при изборот за асистент по група предмети: здравствена заштита на фармски животни, основи на клиничката и лабораториската дијагностика, управување со здравјето на стадото, визуелни дијагностички методи и здравствена заштита на копитари, при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и 8 труда во Билтенот на УКИМ број 888 од 29.12.2005 година.

*Трудови за рецензија:*

1. Mitrov D., Bocnakovski J., **Naletoski I.**: Primena serolockih (klasicnih i imunoenzimskih) i molekularnih metoda (PCR) za dijagnostiku i kontrolu Q-groznice kod domaćih zivotinja u Republici Makedoniji. 6-ti Epizootioloski dani, Vlasinsko jezero SCG, 31 Mart-02 April, 2004.

Во овој труд, главна цел претставува одредување на преваленцијата на болеста по епизоотиолошки подрачја кај испитаните видови домашни животни, како и мерките за контрола на Q-треската во Република Македонија. Понатаму, одредени се сензитивноста и специфичноста на секој од користените методи, со цел да се утврди методот кој би се користел за рутинска дијагностика на болеста во Република Македонија. Како резултат на испитувањата докажано е дека Q-треската е присутна кај сите видови на испитани животни, а според добиените резултати, болеста е раширена на целата територија на Република Македонија.

2. Bosnakovski J., Mitrov D., **Naletoski I.**: Diagnosing of Ovine and Caprine Brucellosis Trough the Serum and Milk ELISA - Test Validation. 6-$^{th}$ epizootiological days, Vlasinski Jezero, SCG, 31 Mart-02 April, 2004.

Во овој труд е опишана постапката за дијагностика на бруцелозата кај овците и козите преку серум и млеко со ЕЛИСА-методот. Одредена е специфичноста и сензитивноста на методот кој е развиен во Одделението за болести по говедата при Ветеринарниот институт, МКД_ЕЛИСА во однос на методот Боммели_ЕЛИСА. Во испитувањата биле вклучени 881 проба на негативен серум и млеко и 755 позитивни проби на серум и млеко од исти животни.

3. Mitrov Dine, **Naletoski Ivanco,** Bosnakovski Jovan: Preliminary serological investigation of Chlamydiosis by ELISA in one goat farm in Macedonia. COST 855 Third Workshop, Siena, Italy, 22-24 September, 2005.

Во овој труд се изнесени прелиминарните серолошки резултати, добиени со користење на ЕЛИСА-методот за дијагностика на хламидиозата на една козја фарма во Богданци, Македонија. По направените испитувања најдено е дека 26 од испитаните 72 кози имаат присуство на антитела спроти хламидиозата, а други 5 кози дале сомнителен резултат. Со ова индиректно е докажано присуството на причинителот кај козите во наведената фарма.

4. Bosnakovski J., Erski-Bilic Milanka, Mitrov D., **Naletoski I.**, Taleski V.: Epidemiological situation of Brucellosis in ruminants in some Balkan countries. Cost Action 845: Brucellosis in Animals and man. International Research conference for brucellosis in small ruminants. 28.11-30.11.2005, Skopje, Macedonia.

Во овој труд е анализирана епизоотиолошката ситуација поврзана со бруцелозата во некои балкански земји, а во врска со заедничкиот проект "Regional Control of Brucellosis in sheep and goats" (2003) и публикуваните резултати. Генерално е заклучено дека појавата на бруцелозата предизвикана од Brucella melitensis (биотип 2 и 3) кај овците и козите, говедата и луѓето е многу сериозен проблем во Македонија, Грција, Албанија, Србија и Црна Гора и Турција.

5. Bosnakovski J., Mitrov D., **Naletoski I.**: Diagnosing of B.melitensis in small ruminants by serum/milk ELISA-validation test. Cost Action 845: Brucellosis in Animals and man. International Research conference for brucellosis in small ruminants. 28.11-30.11.2005, Skopje, Macedonia.

Во овој труд се презентирани добиените резултати од валидација на методот МКД_ЕЛИСА. Со овој метод е заклучено дека може да се испитуваат индивидуални серум и мостри млеко како потврден метод и збирни мостри млеко како метод за првична дијагностика (screening). Со користење на овој метод можна е брза, сигурна, точна и евтина дијагностика на бруцелозата кај малите преживни животни.

6. Mitrov D., **Naletoski I.,** Dovenski T., Stefanovska Jovana, Mrenoski S., Iskra Lazarova : Q-Fever, Application of Serological (Classical and Immunoenzyme Assays) and Molecular Methods (PCR) for Diagnosis and Control of the Disease in Cattle. VIII Symposium in Veterinary Clinical Pathology and Therapy with International Participation. 26-30.06.2006, Neum, Bosnia and Herzegovina.

Во овој труд е објаснета појавата, дијагностиката и контролата на Q-треската кај говедата. За изработка на овој труд авторите ги примениле сите достапни методи за дијагностика на болеста. Така, користена е ладна РВК-а метода со фаза 1 и фаза 2 антиген, и ЕЛИСА серум/млеко и полимераза верижна реакција (ПЦР). Со применетите серолошки методи, индиректно (антитела во серумот и млекото) е докажано присуството на причинителот во организмот на животните, додека со примена на ПЦР-методот од млекото е екстрахирана и докажана геномската ДНК-а на причинителот на болеста кај говедата.

7. Toni Dovenski, Ljupce Kocoski, Plamen Trojacanec, Vladimir Petkov, Georgi Mickovski, Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski**: Influence of infectious diseases on reproductive performance of dairy cows. VIII Symposium in Veterinary Clinical Pathology and Therapy with International Participation. 26-30.06.2006, Neum, Bosnia and Herzegovina.

Во овој труд се изнесени податоци за влијанието на некои инфективни болести врз репродуктивните перформанси кај млечните крави. Наведени се повеќе болести, како вирусни, така и бактериски, кои можат да имаат влијание врз концепцијата и раната ембрионална смртност кај високо продуктивните млечни крави. Резултатите добиени од овие прелиминарни испитувања укажуваат дека постојат големи варијации во појавата на рана ембрионална смртност, која обично се движи од 6,0% до 37,0%.

8. Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski,** Jovana Stefanovska, Slavco Mrenoski, Iskra Lazarova: Preliminary serological investigation of Chlamydophila spp. by indirect ELISA in two dairy farms in Macedonia. COST 855 Fourth Workshop, Moredun Research Institute, Edinburgh, Scotland, 3rd-5th September, 2006.

Во овој труд се прикажани резултатите од прелиминарните испитувања за докажување на присуство на антитела против Chlamydophila spp. со ЕЛИСА-методот во две високо продуктивни краварски фарми во Македонија. Вкупно се испитани серуми 793 серуми на првата и 400 серуми на втората фарма. Присуството на антитела е докажано кај 35,6% женски телиња на првата фарма и 18,4% на втората. Јуниците покажале позитивен резултат во 50,7% случаи на првата и 52,1% на втората фарма. Додека кај молзните крави, антитела во серумот се докажани кај 32,1% на првата фарма и 48,4% на втората.

9. Boshnakovski J., Mitrov D., **Naletoski I.,** Boshnakovski D., Lazarova I.: Diagnosis of brucellosis in small ruminants by milk ELISA-prevention of infection in humans. Macedonian Congress of Preventive Medicine, Ohrid, 04-07 October, 2006.

Во овој труд се презентирани можностите за брза, сигурна, евтина и точна дијагностика на бруцелозата кај малите преживари. Авторите укажуваат на можноста за користење на ЕЛИСА-методот како за индивидуални, така и за групни тестирања, особено кога станува за анализа на збирна мостра на млеко од 100 животни.

10. Дине Митров, **Иванчо Налетоски,** Синиша Ацевски, Игор Џаџовски, Крсте Стојановски, Искра Цветковиќ: Примена на класичните и имуноензиматските серолошки методи за дијагностика и контрола на Љ-треската кај овците и козите во Република Македонија. Мак.вет.прег., 17-28, Вол.30, Бр.1, 2007.

Во овој труд објаснета е појавата, дијагностиката и контролата на Љ-треската кај овците и козите. За изработка на овој труд авторите ги примениле сите достапни методи за дијагностика на болеста. Така, користена е ладна РВК-а метода со фаза 1 и фаза 2 антиген, и ЕЛИСА серум/млеко и полимераза верижна реакција (ПЦР). Со применетите серолошки методи (класични и имуноезиматски) индиректно е докажано присуството на причинителот во организмот на животните, додека со примена на ПЦР-методот од млекото е екстрахирана и докажана геномската ДНК-а на причинителот на болеста кај овците и козите.

11. Dodovski A., Dodovski M., Mitrov D., **Naletoski I.,** Blagoevska Katerina: Newcastle Disease in Beckyard Poultry In Republic of Macedonia in 2005-2006. Abstract book, p. 382. 15th Congress&Exhibition of the World Veterinary Poultry Association 2007. Beijing, China.

Во овој труд се презентирани резултатите од појавата на атипичната чума кај живината во селските дворови во периодот 2005-2006 година во Република Македонија. За овој период авторите испитале повеќе од 200 мостри серум и направени се повеќе од 1.000 обдукции. Врз основа на клиничките испитувања, направените обдукции и

серолошки испитувања, заклучено е дека причина за големиот број на угинувања кај живината е присуството на вирусот на атипичната чума. Во таквите дворови препорачани се мерки за контрола на болеста (уништување на целата заболена живина, дезинфекција и вакцинација).

12. Aleksandar Dodovski, **Ivanco Naletoski,** Dine Mitrov: Serological Surveillance of Avian Influenza in Commercial Flocks in Macedonia. 16$^{th}$ Veterinary Poultry Association Congress, 8-12 November, Marakesh, Maroco.

Во овој труд се прикажани резултатите од серолошкото испитување спроведено како надзор на евентуалното присуство на вирусот на птичјиот грип во комерцијални јата на живина во Република Македонија. Испитани се вкупно 378 мостри од 13 фарми. На 4 (30,8%) фарми од вкупно тестираните 13, докажана е позитивна реакција со ЕЛИСА-методот. Вкупниот број на позитивни мостри е 9 (2,4%). Испитувањата направени со ХИ (за детекција на Х5 и Х7), како и клиничко-епидемиолошките истражувања на фармите укажуваат дека наведените фарми се здрави (нема знаци на заболување и угинување).

13. Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski,** Toni Kirandziski, Sinisa Acevski, Igor Dzadzovski, Kiril Krstevski: Seroprevalence of Cattle Brucellosis in Macedonia (2005-2009). MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009.

Во овој труд се прикажани резултатите од испитувањата поврзани со годишната наредба за дијагностика на бруцелозата кај говедата во периодот 2005-2009 година. Врз основа на добиените резултати од испитувањата добиена е преваленцијата на болеста кај говедата по епизоотиолошки подрачја, епизоотиолошки единици, населени места и стада на говеда во Република Македонија.

14. Jovan Bosnakovski, Mitrov D., **Naletoski I.,**: Diagnostic validation of ovine brucellosis using Serum-ELISA and Milk-ELISA. MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009.

Во овој труд се прикажани добиените резултати од дијагностичката валидација на методите ЕЛИСА_серум и ЕЛИСА_млеко кои се користат во Ветеринарниот институт при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за дијагностика на бруцелозата кај овците и козите. Авторите успешно ги имаат стандардизирано и валидирано Боммели_ЕЛИСА и МКД_ЕЛИСА како потврдни тестови за дијагностика на бруцелозата предизвикана од Brucella melitensis.

15. Toni Kirandziski, Greta Nikolovska, Biljana Smilenovska, Biljana Strojmanovska, **Ivanco Naletoski,** Dine Mitrov: Brucellosis in small ruminants in the Republic of Macedonia. MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009.

Во овој труд се прикажани резултатите од испитувањата за дијагностика на бруцелозата кај овците и козите во 2008 и 2009 година. Во 2008 година испитани се вкупно 596.213 овци и кози од 5.820 стада, од кои 16.052 (2,69%) грла покажале позитивен резултат во 626 стада (10,93%). Во 2009 година од испитаните 543.011 грла од 5.507 стада, позитивно реагирале 9.609 (1,77%) во 666 (12,09%) стада.

16. **Naletoski I,** Kirandziski T, Mitrov D.: Gaps and lesions learned from the eradication campagn of brucellosis in sheep and goats in the Republic of Macedonia. Croatian Medical Journal; **51**; 351-356 (Impact factor 1.37)

Во овој труд се прикажани проблемите кои се појавуваат при ерадикационата кампања поврзана со бруцелозата кај овците и козите во Република Македонија. Различни параметри се анализирани од страна на авторите, како што се: земање на мостри серум од целата територија на Републиката и очекуваниот број на овци и кози, годишна флуктуација

на животните внатре во селата, апсолутниот број на позитивни животни, серопреваленцијата и дистрибуција на фреквенцијата на ниво на село.

17. **Naletoski I,** Kirandziski T, Mitrov D.: Information systems in R. Macedonia: A tool for monitoring, evaluation and decision making of Brucellosis Control. MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009.

Во овој труд е објаснет информативниот систем во Република Македонија како алатка за мониторинг, евалуација и одлучување при контрола на бруцелозата. Сè до 2002 година, податоците за здравствената заштита на животните се евидентирани на хартиени стандардни формулари. Овој начин на евиденција има многу недостатоци. Во врска со тоа, два информациони системи за здравствена заштита се развиени во Македонија: Национален епидемиолошки информативен систем (НЕИС) и Лабораториски информативен систем (ЛАБИС).

**ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: Иванчо Налетоски

Институција: Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Научна област: заразни болести

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Заразни болести на домашни животни (4+2), зимски 2004/2005 | 2,40 |
| 2 | Заразни болести на домашни животни (2+2), летен 2004/2005 | 1,20 |
| 3 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), летен 2004/2005 | 2,40 |
| 4 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), зимски 2004/2005 | 2,40 |
| 5 | Консултации со студенти 2004/2005 (100 студенти) | 0,20 |
| 6 | Заразни болести на домашни животни (4+2), зимски 2005/2006 | 2,40 |
| 7 | Заразни болести на домашни животни (2+2), летен 2005/2006 | 1,20 |
| 8 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), летен 2005/2006 | 2,40 |
| 9 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), зимски 2005/2006 | 2,40 |
| 10 | Консултации со студенти 2005/2006 (100 студенти) | 0,20 |
| 11 | Внатрешни болести на непреживни животни (4+2), зимски 2006/2007 | 2,40 |
| 12 | Внатрешни болести на непреживни животни (2+2), летен 2006/2007 | 1,20 |
| 13 | Заразни болести на домашни животни (4+2), зимски 2006/2007 | 2,40 |
| 14 | Заразни болести на домашни животни (2+2), летен 2006/2007 | 1,20 |
| 15 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), летен 2006/2007 | 2,40 |
| 16 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), зимски 2006/2007 | 2,40 |
| 17 | Консултации со студенти 2006/2007 (100 студенти) | 0,20 |
| 18 | Внатрешни болести на непреживни животни (4+2), зимски 2007/2008 | 2,40 |
| 19 | Внатрешни болести на непреживни животни (2+2), летен 2007/2008 | 1,20 |
| 20 | Заразни болести на домашни животни (4+2), зимски 2007/2008 | 2,40 |
| 21 | Заразни болести на домашни животни (2+2), летен 2007/2008 | 1,20 |
| 22 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0) летен 2006/2007 | 2,40 |
| 23 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0) зимски 2006/2007 | 2,40 |
| 24 | Консултации со студенти 2006/2007 (100 студенти) | 0,20 |
| 25 | Внатрешни болести на непреживни животни (4+2), зимски 2007/2008 | 2,40 |
| 26 | Внатрешни болести на непреживни животни (2+2), летен 2007/2008 | 1,20 |
| 27 | Заразни болести на домашни животни (4+2), зимски 2007/2008 | 2,40 |
| 28 | Заразни болести на домашни животни (2+2), летен 2007/2008 | 1,20 |
| 29 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), летен 2007/2008 | 2,40 |
| 30 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), зимски 2007/2008 | 2,40 |
| 31 | Консултации со студенти 2007/2008 (100 студенти) | 0,20 |
| 32 | Внатрешни болести на непреживни животни (4+2), зимски 2008/2009 | 2,40 |
| 33 | Внатрешни болести на непреживни животни (2+2), летен 2008/2009 | 1,20 |
| 34 | Заразни болести на домашни животни (4+2), зимски 2008/2009 | 2,40 |
| 35 | Заразни болести на домашни животни (2+2), летен 2008/2009 | 1,20 |
| 36 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), летен 2008/2009 | 2,40 |
| 37 | Амбулаторна клиника (теренска настава), (4+0), зимски 2008/2009 | 2,40 |
| 38 | Консултации со студенти 2008/2009 (100 студенти) | 0,20 |
| 39 | Здравствена заштита на домашни миленици и копитари (2+2), зимски 2009/2010 | 1,20 |
| 40 | Здравствена заштита на фармски животни (3+2), зимски 2009/2010 | 1,80 |
| 41 | Ветеринарна епидемиологија (1+1), летен 2009/2010 | 0,60 |
| 42 | Менаџмент на здравје со стадото (4+4), зимски 2009/2010 | 2,40 |
| 43 | Ментор на пријавени дипломски работи, од 2006 до 2010 (17 студенти) | 3,40 |
| 44 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (1) | 0,30 |

ВКУПНО: 75,70

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Mitrov D., Bosnakovski J., **Naletoski I.**: Primena seroloskih (klasicnih i imunoenzimskih) i molekularnih metoda (PCR) za dijagnostiku i kontrolu Q-groznice kod domacih `ivotiwa u Republici Makedoniji. 6-ti Epizootioloski dani, Vlasinsko jezero SCG, 31 Mart-02 April, 2004. | 2,4 |
| 2 | Bosnakovski J., Mitrov D., **Naletoski I.**: Diagnosing of Ovine and Caprine Brucellosis Trough the Serum and Milk ELISA - Test Validation. 6-th epizootiological days, Vlasinski Jezero, SCG, 31 Mart-02 April, 2004. | 2,4 |
| 3 | Mitrov Dine, **Naletoski Ivanco,** Bosnakovski Jovan: Preliminary serological investigation of Chlamydiosis by ELISA in one goat farm in Macedonia. COST 855 Third Workshop, Siena, Italy, 22-24 September, 2005. | 2,4 |
| 4 | Bosnakovski J., Erski-Bilic Milanka, Mitrov D., **Naletoski I.,** Taleski V.: Epidemiological situation of Brucellosis in ruminants in some Balkan countries. Cost Action 845: Brucellosis in Animals and man. International Research conference for brucellosis in small ruminants. 28.11-30.11.2005, Skopje, Macedonia. | 1,8 |
| 5 | Bosnakovski J., Mitrov D., **Naletoski I.**: Diagnosing of B.melitensis in small ruminants by serum/milk ELISA-validation test. Cost Action 845: Brucellosis in Animals and man. International Research conference for brucellosis in small ruminants. 28.11-30.11.2005, Skopje, Macedonia. | 2,4 |
| 6 | Mitrov D., **Naletoski I.**, Dovenski T., Stefanovska Jovana, Mrenoski S., Iskra Lazarova : Q-Fever, Application of Serological (Classical and Immunoenzyme Assays) and Molecular Methods (PCR) for Diagnosis and Control of the Disease in Cattle. VIII Symposium in Veterinary Clinical Pathology and Therapy with International Participation. 26-30.06.2006, Neum, Bosnia and Herzegovina. | 1,8 |
| 7 | Toni Dovenski, Ljupce Kocoski, Plamen Trojacanec, Vladimir Petkov, Georgi Mickovski, Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski:** Influence of infectious diseases on reproductive performance of dairy cows. VIII Symposium in Veterinary Clinical Pathology and Therapy with International Participation. 26-30.06.2006, Neum, Bosnia and Herzegovina. | 1,8 |
| 8 | Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski,** Jovana Stefanovska, Slavco Mrenoski, Iskra Lazarova: Preliminary serological investigation of Chlamydophila spp. by indirect ELISA in two dairy farms in Macedonia. COST 855 Fourth Workshop, Moredun Research Institute, Edinburgh, Scotland, 3rd-5th September, 2006. | 1,8 |
| 9 | Boshnakovski J., Mitrov D., **Naletoski I.,** Boshnakovski D., Lazarova I.: Diagnosis of brucellosis in small ruminants by milk ELISA-prevention of infection in humans. Macedonian Congress of Preventive Medicine, Ohrid, 04-07 October, 2006. | 1,2 |
| 10 | Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski,** Sinisa Acevski, Igor Dzadzovski, Krste Stojanovski, Iskra Cvetkovic: Primena na klasi~nite i imunoenzimatskite seroloski metodi za dijagnostika i kontrola na Q-treskata kaj ovcite i kozite vo Republika Makedonija. Mak. Vet. Preg., 17-28, Vol.30, Br.1, 2007. | 1,8 |
| 11 | Dodovski A., Dodovski M., Mitrov D., **Naletoski I.,** Blagoevska Katerina: Newcastle Disease in Beckyard Poultry In Republic of Macedonia in 2005-2006. Abstract book, p. 382. 15th Congress&Exhibition of the World Veterinary Poultry Association 2007, Beijing, China. | 1,8 |
| 12 | Aleksandar Dodovski, **Ivanco Naletoski,** Dine Mitrov: Serological Surveillance of Avian Influenza in Commercial Flocks in Macedonia. 16th Veterinary Poultry Association Congress. 8-12 November, Marakesh, Maroco. | 1,8 |
| 13 | Dine Mitrov, **Ivanco Naletoski,** Toni Kirandziski, Sinisa Acevski, Igor Dzadzovski, Kiril Krstevski: Seroprevalence of Cattle Brucellosis in Macedonia (2005-2009). MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009. | 1,8 |
| 14 | Jovan Bosnakovski, Mitrov D., **Naletoski I.**: Diagnostic validation of ovine brucellosis using Serum-ELISA and Milk-ELISA. MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009. | 2,4 |

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 15 | Toni Kirandziski, Greta Nikolovska, Biljana Smilenovska, Biljana Strojmanovska, **Ivanco Naletoski,** Dine Mitrov: Brucellosis in small ruminants in the Republic of Macedonia. MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009. | 1,8 |
| 16 | **Naletoski I,** Kirandziski T, Mitrov D.: Gaps and lesions learned from the eradication campagn of brucellosis in sheep and goats in the Republic of Macedonia. Croatian Medical Journal; **51**; 351-356 (Impact factor 1,37) | 7,4 |
| 17 | **Naletoski I,** Kirandziski T, Mitrov D.: Information systems in R. Macedonia: A tool for monitoring, evaluation and decision making of Brucellosis Control. MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region. Struga, RM, November 12-14, 2009. | 2,4 |
| 18 | Kordinator na EU FP6 proekt (FP6_WBC_SSA 3): Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the major Transboundary Diseases of Animals in F.Y.R. of Macedonia. | 9,0 |
| 19 | Учесник и раководител на работниот пакет 1 и 2 на проектот: Upgrading and Introduction of Sustainable Diagnostic Tools for the major Transboundary Diseases of Animals in F.Y.R. of Macedonia. | 5,0 |

ВКУПНО: **53,2**

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Стручно-апликативна активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 2005: Локален експерт за раководење со здравјето на стадото (Основни параметри за процена на негативниот енергетски биланс кај млечните крави), поканет од Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (International Fund for Agricultural Development-IFAD). | 1,0 |
| 2. | 2006: Локален експерт за подготовка на епидемиолошка студија за бруцелозата во Република Македонија, поканет од „Европската агенција за реконструкција-проект за структурни правни реформи". | 1,0 |
| 3. | 2007: Повикан предавач на регионалната конференција за одгледување на овци и кози, организирана од страна на: GTZ, USAID, Land'O'Lakes, MASSP, Sida, Институт за сточарство-Скопје, IFAD and MATA, Марвово, Македонија. | 1,0 |
| 4. | 2007: Кратка експертска мисија по IAEA-проектот: TAD/5/003: Diagnosis and Control of Brucellosis in Cattle, Sheep and Goats in Tajikistan, во Душанбе, Таџикистан, поканет од IAEA, Виена, Австрија. | 1,0 |
| 5. | 2007: Раководител на курсот за обука на 4 истражувачи од Таџикистан, по IAEA-проектот: TAD/5/003: Diagnosis and Control of Brucellosis in Cattle, Sheep and Goats in Tajikistan, во Скопје, Македонија. | 1,0 |
| 6. | 2007: Поканет предавач на FAO-проектот OSRO/GLO/702/CAN B3-OSRO/GLO/604/UK: „Обука за непрофесионални лица и лица под ризик, од подрачјето на птичјиот грип" | 1,0 |
| 7. | 2008: Експертска мисија за подготовка на проект од ФП7-програмата на ЕУ (повик: REGPOT-1-2008) по покана на Министерството за образование и наука, и Биотехнолошкиот институт на Црна Гора. | 1,0 |
| 8. | 2008: Експертска мисија за имплементација на епидемиолошки протоколи за земање на примероци и дијагностички процедури во Таџикистанскиот научно-истражувачки институт, по IAEA project TAD/5/003: „Diagnosis and Control of Brucellosis in Cattle, Sheep and Goats in Tajikistan". | 1,0 |
| 9. | 2008: Поканет предавач на FAO-проектот OSRO/INT/603/USA baby 03: „Итна помош за спремност за птичји грип во република Македонија". | 1,0 |
| 10. | 2008: Експертска мисија: Обука на националните референтни лаборатории за дијагностика на бруцелозата, по IAEA-проектот SUD/5/031: "Setting up a National Network for the Control of Livestock Diseases that affect Exports", Картум, Судан. | 1,0 |
| 11. | 2009: Раководител на курсот за обука на 2 истражувачи од Таџикистан, по IAEA проектот: TAD/5/003: Diagnosis and Control of Brucellosis in Cattle, Sheep and Goats in Tajikistan, во Скопје, Македонија. | 1,0 |

| Реден број | Стручно-апликативна активност | Поени |
|---|---|---|
| 12. | 2009: Кратка експертска мисија за преглед на влијанието на тренинзите и набавката на опрема, врз контролата на бруцелозата, по IAEA-проектот TAD5003 02 Diagnosis and Control of Brucellosis in Cattle, Sheep and Goats in Tajikistan, во Душанбе, Таџикистан. | 1.0 |
| 13. | 2009: Прва експертска мисија на Централниот диракторат за животни (Central Animal Resources Directorate), во Бејрут, Либан, по FAO проектот TCP/LEB/3102: Strengthening Emergency Preparedness for Avian Influenza and Other Epizootic Diseases. Задача: развој на национален епидемиолошки систем за болестите кај животните-NADSS. | 1.0 |
| 14. | 2009: Поканет поддржувач на FAO/USAID вежбата "National Integrated Desktop Simulation Exercise for Avian Influenza in Animal and Human Population in the Former Yugoslav Republic of Macedonia", Скопје, Македонија | 1.0 |
| 15. | 2009: Втора експертска мисија на Централниот диракторат за животни (Central Animal Resources Directorate), во Бејрут, Либан, по FAO-проектот TCP/LEB/3102: Strengthening Emergency Preparedness for Avian Influenza and Other Epizootic Diseases. Задача: проверка на прогресот на програмата. | 1.0 |
| 16. | 2010: Член на клучната група за развој на Ветеринарен информативен систем (ВИС) во Ветеринарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Македонија. Проект на Светска банка во РМ. | 1.0 |
| 17. | 2010: Трета експертска мисија на Централниот диракторат за животни (Central Animal Resources Directorate), во Бејрут, Либан, по FAO-проектот TCP/LEB/3102: Strengthening Emergency Preparedness for Avian Influenza and Other Epizootic Diseases. Задача: проверка на прогресот на програмата. | 1.0 |
| 18. | 2010: Експертска мисија на проектот на Светска банка во Црна Гора: Development of Business Plan for the Veterinary Diagnostic Laboratory in Podgorica, Montenegro, поддржан од "Montenegro Institutional Development and Agricultural Strenghtening" (MIDAS), implemented by the Ministry of Agriculture, Forestry and Water Management of Montenegro (MAFWM), проект број: MNE-MIDAS-7716-IC-CS-10-2.3.1 | 1.0 |
| 19. | 2010: Раководител на курсот за обука на 10 колеги од Таџикистан, организиран на ФВМС по проектот „Improvement of Living Standards in Khatlon and Sught Regions, through Control of Brucellosis in Animals and Humans", проект број: OSRO/TAJ/901/EC. | 1.0 |

**ВКУПНО: 19,0**

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Реден број | Дејност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на Рецензентскиот одбор на Македонски ветеринарен преглед | 0.5 |
| 2. | Член на организационен одбор на меѓународен научно-стручнен собир (MetaNET Project Scientific Conference: Brucellosis in SEE and Mediterranean Region, Struga, RM, November 12-14, 2009.) | 1.0 |
| 3. | Член на работна група за изготвување на долгогодишна програма за контрола и искоренување на бруцелозата кај овците и козите. | 3.0 |
| 4. | Член на работна група за изготвување на долгогодишна програма за контрола и искоренување на туберкулозата кај говедата. | 3.0 |
| 5. | Член на организационен одбор на меѓународен научно-стручнен собир (Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010) | 1.0 |
| 6. | Изготвување и пријавување на ФП7 проект (носител) | 2.0 |
| 7. | Раководител на Ветеринарниот институт при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје | 3.0 |

**ВКУПНО: 10,5**

**ВКУПНО БОДУВАЊЕ НА КАНДИДАТОТ ПО ДЕЈНОСТИ**

| Реден број | Дејност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 75,7 |
| 2. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 53,2 |
| 3. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 29,5 |

**ВКУПНО: 158,4**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Откако ги прочита и ги проучи активностите и доставените трудови за избор во наставно-научно звање, Комисијата може да заклучи дека доц. д-р Иванчо Налетоски покажува непрекината активност во областа на ветеринарната медицина, и тоа по дипломирањето и работењето во Скопје, Виена, Загреб, а потоа во Ветеринарнист институт и на ФВМС, каде што интензивно работи на проблемите на дијагностиката и контрола на заразните и на незаразните болести кај домашните животни.

Оценувајќи ја неговата целокупна поранешна и сегашна активност, Комисијата има чест на Советот на ФВМС да му предложи, доц. д-р Иванчо Налетоски да биде избран во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР од областа заразни болести при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Зденко Маркиќ, с.р.

Проф. д-р Ненад Турк, с.р.

Проф. д-р Дине Митров, с.р.

Правен фа...
Бр. 03-958/1
16.11...

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
## СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА – УСЛОВ ЗА НЕЈЗИНА РЕФОРМА, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ТАТЈАНА ЦОКИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на седницата одржана на 7.7.2010 година, со одлука број 02-650 од 9.07.2010 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Татјана Цокиќ под наслов „Стратегиски менаџмент на човечките ресурси во државната администрација – услов за нејзина реформа во состав: проф. д-р Борче Давитковски (ментор), проф. д-р Владимир Кандикјан, проф. д-р Тодор Каламатиев, проф. д-р Ванчо Узунов и проф. д-р Ана Павловска-Данева.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I

### Содржина и приказ на трудот

Докторската дисертација под наслов „Стратегиски менаџмент на човечките ресурси во државната администрација – услов за нејзина реформа", од кандидатката м-р Татјана Цокиќ, опфаќа 291 страница текст, поделен во вовед и пет дела и заклучни разгледувања со предлог за реформи на државната администрација во РМ. Дисертацијата изобилува со голем број табели и дијаграми застапени особено во петтиот дел во кој се презентирани реализираното емпириско истражување и добиените резултати. На крајот на секој дел има заклучок кој произлегува од тој дел, а во петтиот дел е даден и предлог-модел на успешен менаџерски тим како работен потенцијал на корпоративната

култура. Во дисертацијата има 189 фусноти, а списокот на користена литература опфаќа 159 библиографски единици и 14 релевантни интернет-сајтови.

Во Воведот се зборува за значењето на стратегискиот менаџмент на човечките ресурси и формирањето на менаџерски тимови во секоја организација, па оттука и во државните институции, пред сè, во министерствата во Република Македонија. Во Воведот е утврдена и целта на истражувањето како егзактно расветлување на феноменот работен потенцијал на менаџмент-тимовите кои се клучен сегмент за изградба на интегрален систем на корпоративна култура, како и научно согледување на ефектот на тимското работење во екстерната адаптација и јакнење на капацитетот на работниот потенцијал кај државните службеници. Во Воведот недостасува дефинирање и прецизирање на генералната хипотеза и експликација на применетата методологија на истражувањето.

Првиот дел е насловен „Стратегиски менаџмент на човечките ресурси" и во него е опфатен пристапот кон развојот и примената на стратегиите за човечки ресурси кои се интегрирани во бизнис-стратегиите и им овозможуваат на организациите да ги постигнат своите цели. Стратегискиот менаџмент со човечки ресурси е определен како концепт за тоа како да се постигне обединување помеѓу човечките ресурси и бизнис-стратегиите. Тој овозможува усвојување подолгорочни ставови за тоа во кој правец треба да се развиваат човечките ресурси и како тоа да се постигне, и како треба да бидат развивани и применети кохерентните и меѓусебно поврзани стратегии за човечките ресурси. Овој дел содржи шест глави и заклучок, и тоа: Менаџмент на човечки ресурси; Планирање на човечки ресурси; Работниот ефект и управување со кариерата; Стратегиски менаџмент на човечки ресурси; Стратегиски предизвици за менаџментот на човечките ресурси и Стратегиско планирање.

Во вториот дел со наслов „Работен потенцијал и менаџмент тимови", обработени се човековите знаења, самите луѓе во организациите и мрежата на нивни врски и односи, нивните култури, интерното знаење, системот на прифатени вредности и слично. Во овој

дел, кандидатката направила обид за разграничување помеѓу кадровската или персоналната функција која има примарно организациско-административен карактер и менаџментот со човечки ресурси кој претставува интегрална менаџерска функција и има стратегиски развоен и динамичен карактер.

Понатаму следува определување на квалитетот на корпоративната култура што е извршено во третиот дел од дисертацијата преку анализа на квалитетот и улогата на корпоративната култура во создавањето на соодветна организациона култура и креирање на вкупното опкружување кое влијае на поттикнувањето, развојот и оптималното користење на човечките ресурси.

Во четвртиот дел е направен осврт на реформите на државната администрација во Република Македонија почнувајќи од нејзиното осамостојување до денес и делумна анализа на извештаите изготвени од страна на СИГМА (2007, 2008, 2009 година) во врска со овие реформи. Во овој дел, во посебна шеста глава, даден е и кус компаративен приказ на реформите на јавната администрација во Франција и ЕУ. Со вклучување на уште некоја релевантна земја во анализата, овој компаративен приказ би добил уште повеќе во значење и би можел да биде издвоен како посебен дел во дисертацијата.

Петтиот дел го сочинува емпириското истражување на кандидатката во рамките на кое е спроведена анкета преку прашалник на вработени во министерствата и тоа на 30% од вработените на раководни позиции во едно министерство. После тоа следат резултати од истражувањето, Дискусија на резултатите и Заклучни разгледувања од истражувањето со предлог на модел за успешен менаџерски тим како работен потенцијал на коропоративната култура.

Во рамките на Заклучните разгледувања поместени се и одредени предлози за реформирањето на државната администрација во Република Македонија.

II

## Заклучни констатации, оцена и предлог

Докторската дисертација „Стратегиски менаџмент на човечките ресурси во државната адмнистрација – услов за нејзина реформа", од кандидатката м-р Татјана Џокиќ, обработува една многу значајна, актуелна, интердисциплинарна и недоволно обработувана тема во македонската теоретска мисла. Третираната проблематика е концепциски добро обмислена и правилно структурирана.

Примарна цел на истражувањето е определување и дефинирање на поимот стратегиски менаџмент на човечките ресурси, а потоа и негово приближување до државната администрација и согледување на неговата употребна вредност во овој општествен сегмент. Основната идеја која провејува низ целата дисертација се однесува на потребата и можноста за примена на овој концепт во т.н. класични органи на државна управа – министерствата, заради поефикасно функционирање на државата и обезбедување поквалитетни услуги за корисниците, односно граѓаните. Оваа докторска дисертација е прв пообемен труд од оваа област во Република Македонија.

Генералната оцена на Комисијата за докторската дисертација на м-р Татјана Џокиќ е позитивна и сметаме дека таа ќе овозможи поширока општествена анимираност на оваа тема. Особено корисен дел во дисертацијата е спроведеното емпириско истражување кое овозможило стекнување на низа релевантни сознанија и заклучоци за состојбите и правците на реформа на државната администрација.

При обработката на трудот е користена богата светска и домашна литература од оваа област. Примената на соодветни научни методи, дедуктивниот, индуктивниот, компаративниот пристап, како и анализите на случаи, користењето на оригиналните прописи и нивно анализирање, многубројните табели, дијаграми и слики даваат уште поголема валоризација на докторската дисертација.

Се разбира, како и на секој труд, така и на оваа дисертација може да ѝ се упатат одредени критички забелешки. Прво, членовите на Комисијата сметаат дека посоодветен наслов би бил „Стратегиски менаџмент на човечките ресурси во државната администрација како

услов за нејзина реформа". Понатаму, тргнувајќи од самиот наслов, кандидатката во текот на целата дисертација требала да се движи првенствено во рамките на државната администрација, не мешајќи ги повремено поимите државна и јавна администрација, односно без да го проширува веќе дефинираниот предмет на истражување од државна во јавна администрација. Конечно, добиените резултати од спроведената анкета овозможуваат извлекување на уште поголем број релевантни сознанија и заклучоци од оние кои се презентирани во дисертацијата.

Врз основа на сето она што беше претходно констатирано и наведено, Комисијата му предлага на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустнијан Први" во Скопје да го усвои извештајот со позитивната оцена дадена во него и да ѝ овозможи на кандидатката да пристапи кон јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 1.11. 2010 г.

Членови на Комисијата

1. Д-р Борче Давитковски, редовен професор с.р.

_______________________________

2. Д-р Владимир Кандикјан, редовен професор с.р.

_______________________________

3. Д-р Тодор Каламатиев, редовен професор с.р.

_______________________________

4. Д-р Ванчо Узунов, вонреден професор с.р.

_______________________________

5. Д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор с.р.

_______________________________

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Џоревска | "Претприемништвото како фактор за поттикнување на иновациите во малите и средни претпријатија во Република Македонија" | д-р Дејан Пенџев |
| 2. | Марина Димовска | "Улогата на меѓународните организации во светското стопанство" | д-р Марија Ацковска |
| 3. | Билјана Гиговска | "Функционирањето на осигурителните друштва во Република Македонија-постојни состојби и трендови" | д-р Верица Јанеска |
| 4. | Јован Проев | "Латентната улога на официјалните светски кредитори во креирањето на јавниот долг " | д-р Климентина Попоска |

## РЕЦЕНЗИЈА

### НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВИТЕ ОД КОСОВСКА МИТРОВИЦА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА" ОД М-Р МИЛИХАТЕ АЛИУ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет бр. 07-522/10 од 2.XI 2010 год., донесена на седницата одржана на 28.X 2010 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВИТЕ ОД КОСОВСКА МИТРОВИЦА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА, поднесена од м-р Милихате Алиу. По прегледувањето на поднесениот труд, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВИТЕ ОД КОСОВСКА МИТРОВИЦА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА е напишана на 206 страници и содржи 93 слики (и 38 во прилогот) и 12 табели (и 6 во прилогот). Таа се состои од следниве поглавја: ВОВЕД (4 страници), ГЕОГРАФСКИ ОПИС НА ИСПИТУВАНОТО ПОДРАЧЈЕ (5 страници), РУДНИЦИ, ФЛОТАЦИЈА И ТОПИЛНИЦА "ТРЕПЧА" (6 страници), ГЕОЛОШКИ ОПИС НА ИСПИТУВАНОТО ПОДРАЧЈЕ (2 страници) МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА СО ИНДУКТИВНО-СПРЕГНАТА ПЛАЗМА (11 страници), АТОМСКА ЕМИСИОНА СПЕКТРОМЕТРИЈА СО ИНДУКТИВНО СПРЕГНАТА ПЛАЗМА (23 Страници), ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ (13 страници), ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ (7 страници), РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА (70 страници), ЗАКЛУЧОК (2 страници), ЛИТЕРАТУРА (11 страници) и ПРИЛОГ (48 страници).

Во поглавјето ВОВЕД накусо е укажано на значењето на определувањето на елементите застапени во траги во примероците од почви. Во ова поглавје се наведуваат главните причини зошто кандидатот се зафатил со решавање на проблемите за определување на елементи во траги во примероци од почви од градот Косовска Митровица (Косово) и неговата околина. Основен предмет на оваа докторска дисертација се испитувањата на почвите од овој град и неговата околина, кои се очекува да бидат контаминирани со тешки метали како резултат на работата на рудниците и топилницата за олово и цинк. Во докторската дисертација се презентирани резултатите од определувањето на 36 елементи во 159 примероци почви од наведениот регион. За таа цел применети се високо софистицирани спектроскопски техники: масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма и атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма.

Во поглавјето ГЕОГРАФСКИ ОПИС НА ИСПИТУВАНОТО ПОДРАЧЈЕ, дадени се основните географски податоци и соодветни карти за испитуваната област. Во погалвјето РУДНИЦИ, ФЛОТАЦИЈА И ТОПИЛНИЦА "ТРЕПЧА", дадени се податоци за рудниците, суровините и процесите на производство на олово и цинк во топилницата во К. Митрови-

ца. Во поглавјето ГЕОЛОШКИ ОПИС НА ИСПИТУВАНОТО ПОДРАЧЈЕ, покрај геолошкиот опис, дадена е и геолошката карта на испитуваната област.

Во поглавјата МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА СО ИНДУКТИВНО СПРЕГНАТА ПЛАЗМА и АТОМСКА ЕМИСИОНА СПЕКТРОМЕТРИЈА СО ИНДУКТИВНО СПРЕГНАТА ПЛАЗМА, пак, презентирани се основните принципи на техниките кои се применувани за определување на испитуваните елементи во рамките на оваа докторска дисертација: масената спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (МС-ИСП) и атомската емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма (АЕС-ИСП).

Поглавјето ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ содржи 3 дела. Тие се однесуваат на основните податоци за употребената инструментација, реагенсите и посебно е објаснето земањето на примероците почва и нивната подготовка за определување на елементите во траги со МС-ИСП и АЕС-ИСП. Во поглавјето ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ, објаснети се применетите статистички методи за обработката на добиените резултати (основна статистика на мерењата, биваријатна статистика, мултиваријатен статистички метод). Прикажани се и матриците на корелационите коефициенти и матрицата на оптоварување на доминантните ротирани фактори. Во ова поглавје, дадени се, исто така, и добиените вредности за факторите на збогатување за сите испитувани елементи. Објаснет е и начинот на подготовка на картите на дистрибуција на елементите.

Најголем и најсеопфатен дел од докторската дисертација на м-р Милихате Алиу е поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА. Тоа се состои од 2 големи потпоглавја во кои се прикажани резултатите добиени со МС-ИСП и АЕС-ИСП и соодветната дискусија за дистрибуцијата на елементите во К. Митровица и околината. Во првото потпоглавје опишани се резултатите добиени со определувањето на 36 елементи со примена на МС-ИСП. Со одбработка на резултати утврдени се четири геогени и една антропогена асоцијација. При тоа земени се предвид индикациите на еличност во однос на географската дистрибуција на појавите на елементите во површинските почви, споредбата на средните вредности на одделните елементи според основните литолошки единици, корелационите матрични коефициенти и резултатите од факторната анализа. Во понатамошниот текст следува преглед на дефинираните 4 природни геохемиски асоцијации: Co–Cr–Fe–Mg–Ni–Sc; Ba–La–Mo–Th–Tl–U; Al–Ga–K–V и Ca–Sr. За секоја од овие 4 асоцијации дадени се основните статистички вредности компарирани со основните литолошки единици. Дадени се и карти на просторната дистрибуција на вредностите на секој фактор.

Во ова потпоглавје презентирани се и податоците за антропогената дистрибуција на хемиските елементи. Утврдено е дека групата составена од Ag, As, Au, Bi, Cd, Cu, Hg, Pb, Mo, Sb, Tl и Zn претставува група од елементи кои се внесени во животната средина преку активностите на рудниците за Pb и Zn, како и од работата на погоните за обработка на рудата и на топилницата во испитуваното подрачје. Карактеристично за оваа група претставуваат високите корелациони коефициенти. Постоењето на оваа група е потврдено и со резултатите добиени од мултиваријатната статистичка анализа. Притоа, оваа асоцијација е посочена како прв најсилен Фактор 1. Тој објаснува 32% од вкупната варијабилност на податоците (од 28 избрани хемиски елементи).

Дистрибуцијата на вредностите на Фактор 1 во површинските почви според зоните на загаденост укажува на најголемо загадување во Зона I (потесната околина на градовите Звечан и К. Митровица). Оваа зона претставува екстремно загаден дел од испитуваното подрачје. За оваа група на елементи дадени се и факторите на збогатување претставени како однос на нивните содржини во површинските почви во Зона I (силно загадена област) и оние во Зона III (релативно помалку загадена област). Утврдено е дека за оваа група е карактеристично збогатувањето на елементите од 2,1 пат за Mo и 3,7 пати за Tl до 10 пати за Zn 12 пати за Cd и Bi, 16 пати за Pb, 20 пати за Sb, до 27 пати за Ag. Во ова потпоглавје, исто така е прикажана и дискутирана просторната дистрибуција на одделни елементи од оваа група. За секој од овие елементи е дадена неговата распределба во површинските почви според зоните на загаденост и главните урбаните области. Дадени се и картите со нивната просторна дистрибуција и картите со критично загадените површински почви според холандските стандарди. На крајот од ова потпоглавје е даден сумарен преглед на загадувањето на почвите во областа на К. Митровица. Утврдено е дека содржината на девет екстремно токсични елементи (As, Cd, Co, Cr, Cu, Hg, Ni, Pb и Zn) ги надминуваат холандските стандарди според препораките на New Dutchlist на подрачје од скоро целото испитувано подрачје од 302 km². Овие елементи, исто така, ги надминуваат и интервентните вредности според овие стандарди на подрачје од 152 km². Овие податоци се поткрепени и со посебно изготвени карти на критично загадување на почвите со тешки метали. Укажано е и на фактот дека целосното надминување на овие вредности не е само резултат на антропогени активности (Pb-Zn рудници, флотација на рудата и нејзиното топење), туку на природната дистрибуција на некои елементи (Co, Cr, Ni). Укажано е, исто така, дека подрачја со вака интензивно загадени почви секогаш индицираат транспорт на честички во атмосферата. Како последица на тоа се поставува и прашањето на загадување на алувијалните тераси во долината на реката Ибар, како област со интензивна земјоделска активност.

Во второто потпоглавје од РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА се дадени резултати од определувањето на 21 елемент (Ag, Al, As, Ba, Ca, Cd, Co, Cr, Cu, Fe, Ga, In, K, Li, Mg, Mn, Na, Ni, Pb, Sr и Zn) во истите примероци од почва со примена на АЕС-ИСП. Од определените вредности за содржините на овие елементи добиени со двете техники утврдено е дека постои голема корелација помеѓу резултатите за антропогените елементи. Експериментално е потврдено дека овие елементи се наоѓаат во минерални форми лесно се растворливи во „царска вода". Добиените резултати за содржината на овие елементи со двата начина на растворање (тотално растворање со HF и растворање со „царска вода") се многу слични. Во ова потпоглавје дадени се и графичките зависности на резултатите за овие елементи добиени со двете техники. Ова е потврдено, исто така, и со споредување на картите на дистрибуцијата на антропогените елементи определени со двете техники. Евидентно е дека тие многу добро се совпаѓаат поради добрата корелација на резултатите добиени со двете техники.

Во поглавјето ЗАКЛУЧОК кандидатот накусо ги сумира основните заклучоци кои произлегуваат од резултатите од испитувањата презентирани во докторската дисертација. Во поглавјето ЛИТЕРАТУРА се

наброени вкупно 138 референци. Речиси сите се трудови од оригинална научна литература за определување на елементи во траги во примероци од почви. Во ПРИЛОГОТ на докторската дисертација дадени се 6 табели со основните податоци за локациите од кои се земени примероците почва и резултатите од определувањата за сите испитувани елементи. Исто така, дадени се и 38 карти на просторна дистрибуција на испитуваните елементи подготвени од резултатите добиени со двете применети аналитички техники ((МС-ИСП и АЕС-ИСП).

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата на докторската дисертација под наслов ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВИТЕ ОД КОСОВСКА МИТРОВИЦА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА од м-р Милихате Алиу, може да се заклучи дека таа успешено ја реализирала целта на докторската дисертација, односно извршила целосно испитување на загадувањето на почвите со тешки метали во Косовска Митровица и нејзината поширока околина. При тоа применила високо софистицирани спектроскопски техники за определување на 36 елементи: масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма и атомска емисиона спектрометрија со индуктивно спрегната плазма. Добиените резултати се соодветно обработени и претставени преку карти на дистрибуција на секој елемент. Врз основа на добиените резултати и нивната статистичка обработка утврден е распоредот на почвите според степенот на нивната контаминација за различни делови од испитуваното подрачје. Повеќето проблеми со кои се сретнала во текот на работата успешно ги разрешила и притоа ползувала соодветни експериментални методи и теориски сознанија. Заклучоците се научно издржани и имаат значаен научен придонес. За ова говори и фактот дека 3 труда со дел од резултатите од дисертацијата се објавени или прифатени за објавување во престижни научни списанија (*International Journal of Pure and Applied Chemistry, International Journal of Environmental Research and Public Health* и *Geologica Macedonica*).

Членовите на Рецензентската комисија со задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВИТЕ ОД КОСОВСКА МИТРОВИЦА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА од кандидатот м-р Милихате Алиу и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Катарина Чундева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.
2. Д-р Јулијана Цветковиќ, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје, с.р.
3. Д-р Марина Стефова, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.
4. Д-р Роберт Шајн, виш научен соработник на Геолошкиот завод на Словенија, Љубљана, с.р.
5. Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ "ФИНАНСОВО ПРАВО" ОД АВТОРИТЕ Д-Р ВЕСНА ПЕНДОВСКА, Д-Р КИКИ МАНГОВА ПОЊАВИЌ И Д-Р АЛЕКСАНДРА МАКСИМОВСКА ВЕЛЈАНОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, бр. 02/729/29, донесена на седницата одржана на 30.8.2010 година, определени сме за рецензенти на учебникот по "Финансово право", подготвен од авторите проф. д-р Весна Пендовска, проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ и доц. д-р Александра Максимовска Велјановски. По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, веќе изесен период нема основен учебник по овој предмет кој би бил во согласност со предметната програма по *финансово право* подготвена во рамките на европскиот кредит-трансфер систем, а во исто време, усогласен со актуелната правна регулатива од областа на финансовото право во Република Македонија така и со компаративното законодавство.

Авторите се определиле обемната материја со комплексен карактер и хетерогена правна содржина да ја обработат така што ќе одговара како на потребите на наставната содржина на предметот *финансово право* на додипломските правни студии, така и на дел од предметите на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 427 страници и е пишуван во компјутерска техника, без проред. Материјата на текстот содржи предговор, содржина, основен текст на учебникот и користена литература. Авторите консултирале обемна литература која брои 235 библиографски единици, од кои 203 учебници, монографии, научни стручни трудови, 25 правни извори и бројни интернет-страници, од кои најважните 7 се наведени заради користење од страна на читателите и во иднина.

Материјата на основниот текст на учебникот е поделена во два дела: општ и посебен дел, а пак севкупно е распределена во осумнаесет глави.

**Во Општиот дел** се обработени основните поими на финансовото право и теоретските постулати на оваа правна дисциплина. Во овој дел од учебникот, изложени се повеќе елементарни теми кои се од значење за правилно разбирање на финансовото право како гранка на правниот систем и како научна дисциплина. Во општиот дел има три глави кои се разработени во низа точки, а разгранети во потточки.

<u>**Во првата глава**</u> со наслов ***Финансово право*** објаснети се финансиските поими и е извршено разграничување на финансовото право од јавните финансии, науката за финансии и финансиската политика. Уште на почетокот е објаснет предметот на проучување на финансовото право како правна гранка и правна дисциплина, со цел да се изврши негово разграничување од некои сродни наставни дисциплини, но и од некои дисциплини од кои финансовото право ја

црпи својата еманципација. Од тие причини во истата глава во засебна точка е прикажан и развојот на финансовото право низ историјата сè до неговото втемелување како наставна дисциплина на Правниот факултет во Скопје, при што авторите искажале почит кон доајените на оваа научна дисциплина кои придонеле за нејзино завцврстување како самостојна и независна правна дисциплина. Понатаму, елабориран е односот на финансовото право со другите правни гранки и научни дисциплини како што се уставното право и административното право, а посебно внимание е дадено на релациите со новите научни дисциплини кои произлегле од него. Во продолжение обработени се сите извори на финансовото право од една страна и објаснети се поимот и видовите на финансископравните норми. Деталната обработка на изворите заслужува посебно внимание, со оглед на тоа дека обработката на материјата во учебникот (посебно во посебниот дел) во голема мера се заснова на позитивноправниот метод. На крајот од првата глава е објаснета финансиската дејност на државата.

<u>**Во втората глава**</u> се обработува едно од најважните прашања во финансовото право – ***финансископравниот однос*** - што е истовремено наслов на оваа глава. Најнапред објаснети се поимот и карактеристиките на финансископравниот однос, а понатаму се разграничени видовите финансископравни односи и е извршено нивно споредување со блиските правни односи како граѓанскоправниот и управноправниот однос. Во оваа глава, едно од најзначајните прашања е тоа за субјектите на финансископравниот однос (активниот и пасивниот), нивното настанување и условите при кои доаѓа до престанување на статусот субјект. Во следната точка во главата објаснети се правните основи за настанување и условите за престанување на финансископравниот однос. Втората глава завршува со обработка на едно мошне интересно прашање – методите кои ги користи активниот субјект со цел да ги натера пасивните субјекти на исполнување на обврските.

Финансиските теории и првите размислувања за државните финасии, како и класичната и современата наука за финансиите се предмет на обработка во <u>**третата глава**</u> со наслов ***Наука за финансиите***. Авторите го користеле теоретскиот и историскиот метод, давајќи приказ на најважните финансиски теории и извршиле поврзување на финансовото право со науката за финансии. Ова е направено со сериозна причина, бидејќи поради историскиот развој на финансиската научна мисла, во чии рамки одреден период егзистирала и науката за финансовото право, потребно е да се сублимираат одредени теоретски концепти кои се значајни за развојот на науката за финансиите, а дале основа за понатамошен развој на финансовото право како еманципирана, самостојна правна дисциплина.

**Посебниот дел** од понудениот текст е посветен на материјата на јавните расходи, буџетирањето, локалниот финасиски систем, јавните приходи и јавниот заем. Авторите се заложиле да дадат детална анализа на овие институти како од теоретски така и од компаративен, а пред сè од позитивноправен аспект. Оттука, целокупната материја на посебниот дел е значајно пообемна отколку на општиот дел, распределена поделена на вкупно петнаесет глави. Редниот број на главите во посебниот дел е во континуитет со општиот дел, односно започнува од четвртата глава, а завршува заклучно со осумнаесеттата глава. Овде главите се со мошне разгранета структура на точки и потточки, во зависност од сложеноста на финансископравниот институт или институција што се обработува. Од понудената структура на овој дел од текстот, јасно се гледа дека авторите се

обиделе јасно да го лоцираат местото на одделниот институт (и институција) и да го доведат во врска со другите институти, а внатре во рамките на институтот да ги разјаснат сите негови аспекти, така што од почетокот до крајот на излагањето е добиена една заокружена и хармонична целина.

**Четвртата глава** на трудот е посветена на ***јавните расходи***. Се објаснуваат важните прашања во однос на поимот, теоретските концепти за јавните расходи и причините за нивниот континуиран пораст, видовите јавни расходи и принципите за нивно извршување. Најважниот инструмент на јавните расходи – буџетот не е посебно обработен во оваа глава, бидејќи нему му е посветена следната засебна и мошне значајна глава од учебникот.

Во континуитет со излагањата во претходната глава, во **петтата глава** со наслов ***Буџет и буџетско* право** низ дванаесет точки и голем број потточки на прво место се објаснети буџетското право како правна гранка и млада правна дисциплина. На второ место е анализиран буџетот како инструмент за извршување на јавните расходи и тоа како во историски така и во позитивноправен контекст, со сите негови карактеристики. Тука е елабориран буџетскиот систем на Република Македонија и тоа преку правната и институционалната рамка со експликации на улогата и релациите на сите инволвирани субјекти, како од страна на законодавната така и од страна на извршната власт. На трето место во оваа глава е објаснет надзорот и контролата во буџетскиот процес со прикажување на статусот и надлежностите на Државниот завод за ревизија, но и на другите институции кои учествуваат во контролата на трошењето на јавните расходи. Посебно место во петтата глава заземаат буџетските приходи и расходи, а во продолжение е прикажан трезорскиот систем како нов систем на управување со сите јавни расходи во нашата држава. Мошне интересен и впечатлив текст авторите нудат во оваа глава објаснувајќи го буџетот на Европската унија и тоа почнувајќи од поимот, па историскиот развој, а потоа елаборирајќи ги структурата и принципите на извршување, начинот на донесување и видовите приходи и расходи, а завршувајќи со контролата и надзорот на овој инструмент со кој се финансираат заедничките политики на ЕУ. Како и за претходните прашања, така и на ова место авторите даваат свои мислења и ставови, па така оваа глава завршува со нивно објаснување за една актуелна проблематика - распределбата на буџетските средства и проширувањето на Европската унија – прашање поврзано со иднината на нашата држава.

**Шестата глава** е посветена на ***правото на локално финансирање***. Овде авторите им овозможиле на читателите да ја разберат од една страна суштината на фискалната децентрализација и да се здобијат со основни познавања од областа на локалните финансии и тоа во теоретски и компаративноправен контекст, а од друга страна да го изучат системот на локалното финансирање во Република Македонија како дел од една значајна реформа на финансискиот систем во нашата држава.

Во **седмата глава** детално се анализирани поимот, видовите и карактеристиките на ***јавните приходи***. Со оглед на тоа дека јавните приходи претставуваат мошне значаен дел од финансископравната материја, оваа глава зазема, како по бројот на страници така и според структурата на точки и потточки, значајно место во учебникот. Се поаѓа од поимот и видовите на јавните расходи, односно опширно се нудат елаборации за данокот – како еден од најзначајните финансископравни институти, преку објаснувањето на фискалната и нефискалната цел на оданочувањето, теоретските концепти на оправдување на

даноците и видовите поделби на даноците. Значајно место зазема и прашањето за судир на даночните јурисдикции, при што на читателите им се нуди детално и мошне приемчиво објаснување на поимот двојно оданочување, како и на појавите слични со него. Токму овој дел од текстот придонесува учебникот да е единствен и впечатлив, бидејќи во современата правничка професија познавањата на проблематиката од областа на меѓународното двојно оданочување е мошне значајна и потребна.

Во продолжение се изложени најважните карактеристики на институтот данок кои се состојат во посебните даночни принципи – поради што сите даночни принципи се разработени во засебни потточки. Посебна точка е доделена за изложување на ефектите од оданочувањето. Седмата глава завршува со објаснување на поимот на даночна евазија и тоа како на допуштената – бела евазија, така и на недопуштената, односно обработено е прашањето за даночното затајување и мерките за негово спречување.

**Осмата глава** со наслов ***Систем на јавни приходи*** нуди историски приказ на системот на јавни приходи пред даночната реформа во 1993 година; елаборација на даночната реформа во Република Македонија и опис на структурата на даночниот систем на нашата држава по крупните измени во рамките на даночната реформа.

Материјата за ***даноците од доход*** е детално анализирана во **деветтата глава.** Изложувањето на оваа материја започнува со елаборација на *персоналниот* данок на доход, а продолжува со данокот од добивка – како два даночни стожера за оданочување на приходите.

На овој текст се надоврзуваат другите даночни облици распоредени во засебни глави.

Во **десеттата глава** се објаснети **даноците од имот** во трите појавни облици во нашиот даночен систем: данокот од имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности и права.

Понатаму, во **единаесеттата глава** темелно се елаборирани ***даноците на потрошувачка,*** и тоа: данокот на додадена вредност и акцизата.

Другите видови фискални приходи се обработени во засебни глави.

Така, во **дванаесеттата глава** на учебникот е изложена материјата за ***таксите,*** преку објаснување на трите основни видови такси: административните, судските и комуналните такси. Нешто повеќе за последниов вид такси авторите обработиле и во претходниот текст на учебникот, во врска со различните видови комунални такси за локално финансирање.

**Тринаесеттата глава** е посветена на ***придонесите*** како засебен вид фискален приход – со мошне значајно учество во финансирањето на јавните потреби, и тоа со главен акцент на придонесот за социјално осигурување.

Еден од носечките фискални инструменти во минатото, а и денес се уште во широка употреба и со значајно учество во фискалните приходи – ***царините*** – се предмет на обработка во **четиринаесеттата глава**. Овде авторите низ девет точки ја изложиле материјата за поимот, видовите и правната регулатива на царините. Посебен дел од текстот е искористен за објаснување на процедуралните правила за царинење во Република Македонија, при што е посветено внимание на Царинската управа како засебна институција во финансискиот систем. Главата завршува со текст за царините и Светската трговска организација, при што авторите даваат детален приказ на организационата структура на СТО, а обработено е и прашањето за членството на Република Македонија во оваа значајна организација.

Следната глава со реден број **петнаесет** е посветена на процедуралниот дел од финансовото, односно даночното право, а тоа е ***даночната постапка***. Материјата е изложена низ единаесет точки, каде што авторите пишуваат општо за даночната постапка и начелата врз кои се темели во Република Македонија согласно со новата законска регулатива; за даночната пријава и начините на оданочување како и за контролата што се врши врз овие дејства; за присилната наплата, правните лекови во даночната постапка и на крајот во засебна точка се изложени казнените одредби.

Статусот, правата и функциите на ***Управата за јавни приходи***, како носечка институција во даночниот систем на Република Македонија се опфатени низ шест точки во **шеснаесеттата глава** од учебникот.

Бидејќи покрај фискалните приходи, финансирањето на јавните потреби се врши и преку други облици на финансирање, две засебни глави се посветени на јавниот заем - јавниот долг. Така, во **седумнаесеттата глава**, низ дванаесет точки е објаснет поимот и историскиот развој на јавниот заем, со издвоен акцент на секое од прашањата за: видовите јавен заем, границите на задолжување, отплатата и амортизацијата, банкротот на државата и консолидација и конверзија на јавниот заем.

Последната **осумнаесета глава** од учебникот е наменета за елаборација на значењето на ***јавниот заем во Република Македонија***. Обработени се прашањата за: јавниот заем во историски контекст, односно неговото значење во развојот на македонската државност; начинот на кој се манифестира согласно со нашето законодавство (договор, хартии од вредност и задолжување по основ на банкарска гаранција). На крајот главата завршува се две интересни прашања, едното за можностите за локално финансирање преку задолжувањето, а другото за надворешниот долг на Република Македонија. Со тоа се заокружува материјата на посебниот дел на финансовото право.

Мошне е позитивно што секоја одделна точка во која се обработува засебно прашање, на крајот завршува со сублимиран текст во облик на дефиниции и поделби – наречен **„запомни"**. Со тоа студентот добива не само скратено објаснување – погодно за помнење, туку секој читател однапред може да има увид за односното прашање и најважните заклучоци на авторите во однос нанего. Водени од основната намена на овој труд – учебник за наставната дисциплина финансово право – авторите подготвиле и **„прашања за дискусија"** – сместени на крајот од секоја глава, со што на студентите им се отвораат низа интересни прашања поврзани како со претходно изложената материја, така и со актуелната финансископравна проблематика, чии одговори се наоѓаат како во учебникот така и во законските прописи.

Учебникот е подготвен со користење главно на позитивноправниот и теорискиот пристап во обработката на предметната проблематика. Имено, излагањето на материјата (посебно во посебниот дел) го следи текстот на соодветните финансиски и други закони, така што во фусноти се наведени законските и подзаконските извори на секој навод или став кој е обработен. Овој пристап е успешно усогласен со соодветна мера на теориски разгледувања на одделните поими и институти. Во доволна мера се присутни и историскиот, споредбениот и емпирискиот пристап, но секако не преовладуваат. Текстот изобилува со примери кои на читателот му помагаат да ја разбере на поприемчив начин оваа интересна, но понекогаш сувопарна материја.

Трудот е напишан на чист литературен македонски јазик, со јасни искази, формулации и заклучоци.

Авторите се доследни во користењето на правната и посебно финансископравната терминологија, што во теоријата и практиката на финансовото право има посебно значење. Заради желбата на авторите нивните студенти да бидат во чекор со колегите-студенти од правните факултети во светот, секаде каде што тоа било возможно, поимите се изложени и на англиски јазик (со превод), а пак називите на сите автори чии учења и ставови се посебно нагласени во учебникот - се дадени како на македонски јазик така и во оригинална транскрипција.

Од аспект на намената на трудот како учебник мошне е важно да истакнеме дека материјата е презентирана на разбирлив начин, со разумна мера на дескрипции и експликации, но без непотребни оптоварувања. Текстот изобилува и со конкретни примери за одделните финансископравни институти, што овозможува нивно полесно препознавање и изучување.

Трудот по својата структура и содржина одговара на потребите за совладување на материјата и подготвување на испитот по предметот финансово право, а е погоден и како литература за подготвување на писмени трудови на студентите.

На студентите на додипломските правни студии, овој учебник ќе им овозможи брзо и без тешкотии да се стекнат со основни знаења од областа на финансовото право, а на студентите на постдипломските студии ќе им овозможи зацврстување и продлабочување на нивните знаења за неколку различни финансископравни дисциплини.

Со подготвување на овој учебник, правната литература од областа на финансовото право е побогата уште за едно исклучително системско дело. Презентирањето на финансископравните феномени може да биде прилично сувопарна работа, но не и за оние кои длабоко навлегле во најсуптилните проблеми на оваа правна доктрина. Своето богато знаење и искуство во финансископравната проблематика, авторите лесно и умешно го проткајале низ секој ред на трудот, кој се одликува со ред и конзистентност.

Врз основа на наведените карактеристики и квалитети на понудениот текст на трудот „Финансово право" од авторите: проф. д-р Весна Пендовска, проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ и доц. д-р Александра Максимовска Велјановски, задоволство ни е да му препорачаме на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој труд како основен учебник по соодветниот предмет што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 8.11.2010 година Рецензенти

Проф. д-р Тито Беличанец с.р.

Проф. д-р Борче Давитковски с.р.

# ПРЕГЛЕД

на прифатените теми за изработка на магистерски труд во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" - Скопје на студиската програма по фолклористика

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ермаљ Мехмети | Полифоното пеење на Албанците во Република Македонија со посебен осврт на Преспанскиот регион (The Polyphonic singing of the Albanians in the Republic of Macedonia with special emphasis on the Prespa Region) | Проф. д-р Родна Величковска |

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Џингиз Ибрахим | Народниот музички инструмент баглама кај Турците во Македонија (The folk musical instrument Baglama among the Turks in Macedonia) | Проф. д-р Родна Величковска |

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја**

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| Метуш Мемеди | *Даночните задолженија и обврски во Македонија во XV-XVII век* | проф. д-р Амет Шериф, проф. д-р Јован Јанев проф. д-р Музафер Бислими |
| Роберто Трајковски | *Воените операции на германскиот Вермахт во Македонија во Априлската војна од 1941 година* | проф. д-р Марјан Димитријевски проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски доц. д-р Катерина Мирчевска |
| Дарко Николовски | *Творештвото на зографот Марѓит од втората половина на XVII век* | доц. д-р Викторија Поповска-Коробар проф. д-р Драги Ѓоргиев проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска |
| Драган Георгиев | *Учеството на Македонците во Македонско-одринското ополчение во Првата балканска војна (1912-1913)* | проф. д-р Александар Трајановски проф. д-р Катерина Тодороска доц. д-р Наташа Котлар-Трајкова |
| Нецми Ферати | *Реформите во Османлиската Империја (1808-1878)* | проф. д-р Музафер Бислими проф. д-р Јован Јанев проф. д-р Амет Шериф |

**ПРЕГЛЕД**

на одобрени тема за изработка на докторски дисертации на Институтот за национална историја-Скопје

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| м-р Ильо Серафиновски | *Договор за размена на население помеѓу Турција и Грција и етнографски промени во егејскиот дел на Македонија* | проф. д-р Ѓорѓи Малковски, проф. д-р Стојан Киселиновски и доц. д-р Катерина Мирчевска |
| м-р Загорка Поп-Антоска Андовска | *Националната свест во македонското драмско творештво од Цинот до Крле* | проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска проф. д-р Танас Вражиновски, доц. д-р Лилјана Гушевска, |

03 - 10207
23 11 2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПЛЕМЕНТАРНОСТ НА КОНКУРЕНТСКОТО И ПОТРОШУВАЧКОТО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ВО ИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ВЕРОНИКА ЕФРЕМОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 30. 6.2010 година формира Комисија за оцена на подобноста на кандидатката м-р Вероника Ефремова и предложената тема на докторска дисертација: „Комплементарност на конкурентското и потрошувачкото право и политики во интеграцијата на земјите од Југоисточна Европа во Европската унија со посебен осврт на Република Македонија", во состав: д-р Софија Тодорова, редовен професор – член, д-р Борче Давитковски, редовен професор – член, д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор – член, д-р Горан Коевски вонреден професор – ментор и д-р Ванчо Узунов, вонреден професор - член.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I
### Содржина на трудот

Докторскиот труд „Комплементарност на конкурентското и потрошувачкото право и политики во интеграцијата на земјите од Југоисточна Европа во Европската унија со посебен осврт на Република Македонија" содржи вовед, шест дела и заклучок разработени на 341 страница текст и 416 фусноти, при што се користени 340 странски библиографски извори, 3 домашни библиографски извори, 11 законски прописи од земјите од ЈИЕ, 6 домашни извештаи, 73 странски извештаи (од Европската комисија и Европскиот парламент), 11 странски студии (од ОЕЦД и ЕБРД) и 13 говори од комисионери при Европската комисија.

Воведот на дисертацијата ја определува рамката за спроведување на истражувањето и тоа преку прецизирање на предметот, целта и организацијата на истражувањето, терминологија, методологија и систем на излагање.

Предметот на истражување на докторската дисертација се комплементарните аспекти во односот меѓу конкурентското и потрошувачкото право и политики. Со спроведување на опсежни и детални компаративни анализи се аргументира синергијата меѓу конкурентското и потрошувачкото право и политики. Аспектите што се анализираат низ текстот се бројни и секој од нив цели кон оправдување и аргументирање на почетната теза на дисертацијата. Во трудот се елаборира и прашањето зошто интересите на потрошувачите треба да бидат специфична цел на конкурентската политика.

Основната хипотеза од која тргнува кандидатката е дека комплементарноста на конкурентското и потрошувачкото право и политики во

земјите од Југоисточна Европа, со посебен осврт на Република Македонија, придонесува кои постигнување економски раст, конкурентни пазари и благосостојба на потрошувачите во рамките на процесот на интеграција во Европската унија. Едновремено, докторската дисертација во својот опфат на истражување дава елаборација на правната рамка и степенот на спроведување на конкурентското и потрошувачкото право и политики во државите од Југоисточна Европа, пред сè како еден од предусловите и обврска наметнати со спогодбите за стабилизација и асоцијација за сообразување на националното право во секторите од внатрешниот пазар со правото на Европската унија.

Целта на истражувањето на наведениот предмет е комплексна и детално се разработени критериумите, условите и реформите спроведени во националните системи во земјите од Југоисточна Европа како составен дел од процесот на нивна интеграција во Европската унија.

Во **првата глава** од дисертацијата се анализира конкурентското право и политика на Европската унија. Оваа глава својот фокус го има на историската еволуција и развој на конкурентското право на Европската унија и надлежните институции за примена и спроведување, како и на процесите за децентрализација и интернационализација. Притоа, кандидатката дава детална елаборација на новата конкурентска политика воведена во јавниот сектор и услугите преку спроведување на либерализацијата на овие сектори и создавање на конкурентно опкружување во интерес на потрошувачите. Едновремено се нагласува и придонесот на конкурентската политика во постигнување на внатрешниот пазар на ЕУ, притоа конкурентското право и понатаму ќе игра значајна улога во обезбедување на интеграција на пазарот. На самиот крај е даден преглед на пристапот на Европската унија за сите држави-пристапнички за членство да создадат конкурентска дисциплина слична на Заедницата пред датумот на нивно полноправно пристапување и да обезбедат соодветна подготвеност на економските субјекти да се соочат со конкурентскиот притисок на внатрешниот пазар. Ова едновремено се однесува и на целите утврдени со Лисабонската стратегија на Европската унија за понатамошен развој и улогата на конкурентската политика.

Во **втората глава** кандидатката го разгледува потрошувачкото право и политика во Европската унија. Потрошувачката политика создава опкружување во кое клиентите и потрошувачите се задоволни од снабдувањето со добра и услуги кои им се неопходни. Основната грижа на потрошувачката политика е обезбедувањето на фер трговска практика, квалитет на добрата и ефикасни услуги со достапна информација на потрошувачите за квалитетот, квантитетот, составот и цената на нивниот избор. Во таа насока, кандидатката при анализата го нагласува значењето на доследното и ефикасно спроведување на потрошувачкото право во промовирање на добро владеење. Оваа глава дава преглед на историската еволуција на потрошувачкото право и политика на Европската унија. Притоа се дава преглед на новиот пристап на потрошувачкото право на ЕУ, чија цел е да се комбинира потребата за заштита на потрошувачите јасно поврзана со основањето на функционален внатрешен пазар. Истовремено, се дава анализа на предизвиците, улогата, приоритетите и активностите дефинирани во последната Стратегија на ЕУ за потрошувачката политика за периодот 2007-2013 година.

Во **третата глава** кандидатката дава осврт на комплементарноста меѓу конкурентското право и политика и потрошувачкото право и политика имајќи предвид дека тие традиционално се идентификуваат како засебни политики, но во реалноста делат иста цел за подобрување на благосостојбата на потрошувачите и меѓусебно се надополнуваат како дисциплини. Во таа насока кандидатката дава преглед на судирот на целите на конкурентската и потрошувачката политика на

ниво на ЕУ, преку спроведување на анализа дали целите на конкурентската политика кореспондираат со целите на потрошувачката политика, преку аргументација на нивните сличности и разлики. Ефективната конкурентска политика ги намалува бариерите за влез на пазарите и создава опкружување во кое се промовира претприемништвото, што предизвикува пораст на малите и средните претпријатија и експанзија на вработеноста. Конкурентското право се концентрира на одржување на процесот на конкуренција меѓу претпријатијата и се обидува да ги елиминира структурните проблеми со цел повторно да се воспостави ефикасна конкуренција на пазарот. Последица на сето ова, пак, е висок степен на економска ефикасност, големи иновации и зголемување на благосостојбата на потрошувачите. Со тоа потрошувачите се стекнуваат со можности за широк избор и поголема расположливост на стоките по прифатливи цени. На тој начин, кандидатката прикажува дека овие две дисциплини се насочени кон различни пазарни несовршености и нудат различни инструменти, но имаат иста цел за одржување на функционални и конкурентни пазари кои промовираат благосостојба на потрошувачите. Како резултат на ова, овие две дисциплини заемно се спроведуваат.

Во фокусот на **четвртата глава** од докторската дисертација е спроведена компаративна анализа на конкурентските режими во земјите од Југоисточна Европа од аспект на заштита на правата на потрошувачите. Компаративната анализа опфаќа евалуација на институционалната структура на конкурентските режими и општата природа на законите за конкуренција. Кандидатката дава сеопфатна анализа со која се елаборира обемот на конкурентското право во секоја од земјите поединечно, насочување на организациите за заштита на потрошувачите кон најзначајните конкурентски правила во нивните земји и нивната корелација со конкурентските правила на ЕУ. Прегледот ги опфаќа националните закони за заштита на конкуренцијата и основните конкурентски грижи на потрошувачите во земјите од ЈИЕ.

Во **петтата глава** кандидатката дава преглед на анти-конкурентската деловна практика преку анализа на случаи од практиката во секторот на телекомуникации во земјите од Југоисточна Европа. На почетокот од оваа глава се дава појаснување на воведувањето на секторски-специфичната регулатива во областа на телекомуникациите и регулаторната рамка на ЕУ за телекомуникации, правна заштита на правата на потрошувачите во ЕУ во секторот телекомуникации и последните реформи во областа на телекомуникациите во ЕУ. Согласно со заедничката цел на земјите од ЈИЕ за постигнување полноправно членство во ЕУ, се дава преглед на најзначајните и суштински реформи спроведени во насока на либерализација и дерегулација на секторот телекомуникации и основање на независни регулаторни управи кои ќе гарантираат примена на недискриминационите конкурентски правила во овој сектор и заштита на правата на потрошувачите. За целосно комплетирање на истражувањето на пазарот, кандидатката спроведува истражување на секторот на телекомуникациските услуги во земјите од ЈИЕ и конкурентските грижи кои резултираат од него, а директно ги засегаат интересите на потрошувачите. На овој начин, кандидатката има за цел да собере информации за националните случаи поврзани со конкуренцијата во секторот на телекомуникации во земјите од ЈИЕ и да го оцени обемот на медиумска покриеност и свест за конкурентските прашања, како и инволвираноста на организациите за заштита на потрошувачите во случаите на конкуренција. На самиот крај, како препорака, се нагласува потребата за интензивирање на односите и зајакнување на соработката помеѓу националните

регулаторни управи, националните конкурентски управи и потрошувачките организации во секторот телекомуникации.

Во последната **шеста глава** од овој труд, кандидатката дава опсежна анализа на развојот и предизвиците за конкурентското и потрошувачкото право и политики во Република Македонија на патот кон нејзиното пристапување со полноправно членство во Европската унија. Притоа се дава осврт на обврските пропишани со стратешките документи за пристапување на земјата во ЕУ, како што се дефинираните критериуми за пристапување, обврските пропишани со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Потоа, кандидатката пристапува кон спроведување на компарација на обемот, целите, примената и предметот на регулирање, како и на степенот на усогласеност со правото на ЕУ на Законот за заштита на конкуренцијата и на Законот за заштита на потрошувачите. Притоа се дава осврт на институционалните аспекти за ефикасно спроведување на конкурентското и потрошувачкото право во Република Македонија, преку елаборирање на организационата структура, надлежности и фунционалност на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Организацијата на потрошувачите на Македонија. На крајот, кандидатката го нагласува значењето на меѓународната димензија на конкурентската и потрошувачката политика во Република Македонија и потребата од модернизација, институционално зајакнување и стручно усовршување на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Организацијата на потрошувачите на Македонија, како и зајакнување на нивната меѓусебна соработка во насока на постигнување поголема ефикасност во спроведување на законите, подигнување на степенот на заштита на правата и интересите на потрошувачите и зголемена конкуренција на пазарот.

Во **завршните согледувања**, како поткрепа на појдовната хипотеза, кандидатката констатира дека земјите од ЈИЕ достигнале задоволителен степен на макроекономска стабилност, пазарни механизми кои се во интерес на ефикасна алокација на ресурсите и дејствување на економиите на различен степен во рамките на функционирање на пазарните принципи. Во последните две децении земјите од ЈИЕ поминаа низ процес на трансформација на нивните економски системи од централно-планска економија во децентрализирана пазарна економија. Еден заеднички фактор за сите овие земји е централната улога на конкурентското право и политика во создавање на економско опкружување каде што напорите на потрошувачите за натпревар со економските оператори за задоволување на нивните потреби, водат кон економска ефикасност и благосостојба.

Процесот на пристапување и интеграција на земјите од ЈИЕ во ЕУ, според кандидатката, наложува усогласеност со економските критериуми од Копенхаген кои од идните држави-членки очекуваат да воспостават отворена и конкурентна пазарна економија на својата територија пред пристапувањето во ЕУ. Со склучените спогодби за стабилизација и асоцијација со ЕУ на овие земји им се наметна обврската за интегрална апсорпција на acquis communautaire на ЕУ во областа на конкурентското право. Во процесот на интеграција на земјите од ЈИЕ во ЕУ, постигнат е значителен напредок во усогласувањето на законодавството со конкурентското право и создавање на пазарни системи. Едновремено се основани оперативно независни, стручни национални конкурентски управи, со надлежност целосно да го применуваат конкурентскиот режим, да гарантираат понатамошен напредок и ефикасно спроведување со цел да се создаде конкурентска култура преку примена на инструментите за подигнување на јавната свест за значењето на конкуренцијата. Од друга страна, националните конкурентски управи во ЈИЕ

дејствуваат и својот фокус го имаат и на потрошувачите, што создава опкружување во кое потрошувачите би требало целосно да ги уживаат поволностите од конкурентните пазари.

Во поглед на либерализацијата на секторот на телекомуникации и обезбедување заштита на правата на потрошувачите и спречување на анти-конкурентски деловни практики, сите земји од ЈИЕ спроведоа реструктурирање на овој сектор, што од своја страна претставување главна цел на микроекономската реформа. Земјите од ЈИЕ ги либерализираа пазарите на телекомуникации и спроведоа секторски-специфична регулатива на национално ниво заснована на стандардите на ЕУ. При примената на конкурентските правила во секторот на телекомуникации во земјите од ЈИЕ, неопходен е понатамошен напредок за зголемување на стручноста и сфаќањата на националните конкурентски управи и националните регулаторни управи, особено во насока на ограничување на 'регулаторната' улога на националните конкурентски управи при носењето на одлуки до онаа инстанца, до која секторски-специфичната регулатива не обезбеди потребен правен лек или очекуван резултат во врска со конкретниот конкурентски проблем.

Во завршните согледувања кандидатката дава посебен осврт на состојбата во Република Македонија и дава насоки и препораки за иден развој на конкурентското и потрошувачкото право и политики.

Во Република Македонија, со склучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, областите на конкуренција и заштита на потрошувачите беа утврдени како прва фаза од процесот на пристапување и основа за проширување на внатрешниот пазар на ЕУ. Во таа насока државата оствари усогласување на националните закони за заштита на конкуренцијата и за заштита на потрошувачите со правото на ЕУ. Согласно со ова, државата ја презема обврската за транспонирање на релевантното право на ЕУ за Поглавјето заштита на потрошувачите и здравје и Поглавјето за конкуренција. Во земјата се воведе режим на конкуренција со цел да им служи на интересите на потрошувачите и ефикасноста на пазарот. Истовремено, националното потрошувачко право се усогласи со правото на ЕУ, се обезбеди промоција на активна политика за заштита на потрошувачите, вклучувајќи повеќе информации и развој на независни потрошувачки организации и ефикасна правна заштита на потрошувачите со цел да се подобри квалитетот на потрошувачките добра и да се обезбедат соодветни стандарди на безбедност.

Во периодот до полноправно членство на Република Македонија во ЕУ, Законот за заштита на потрошувачите и Законот за заштита на конкуренцијата е неопходно ефикасно да се спроведуваат во земјата преку обезбедување на одреден степен на соработка помеѓу креаторите на двете политики и нивните спроведувачи. Република Македонија, со оглед на кандидатскиот статус кој го поседува во моментот, треба да вложи посебно внимание на ефективен капацитет за спроведување на конкурентската и на потрошувачката политика и остварување на правата на потрошувачите. Во меѓувреме, воспоставена и развиена е институционална рамка, но не на задоволително ниво во смисла на креирање на степен на ефикасно спроведување, обучен кадар, расположливи технички и финансиски средства, како и капацитет за координирање на напорите на различните управи и судски органи. Судскиот систем сè уште не е во позиција ефикасно да го штити остварувањето на правата на потрошувачите. Неопходна е едукација и подигнување на јавната свест на граѓаните и владините институции, бидејќи промоцијата на интересите на потрошувачите не го подобрува единствено квалитетот на животот на граѓаните и потрошувачите туку и го зајакнува пазарот и

економскиот развој на Република Македонија. Од друга страна, Комисијата за заштита на конкуренцијата има широки надлежности и по дефиниција треба да работи во интерес на пазарот. Таа треба да обезбеди доказ за потрошувачите, јавното мнение и економијата дека овој процес не е само раководен, туку и координиран и под надзор од други органи. Во таа насока, Република Македонија треба да вложи дополнителни напори кон подобрување на примената на конкурентското право во секторот на телекомуникации со посебен акцент на подобро остварување на целите на конкурентската политика за зголемена благосостојба на потрошувачите. За остварувањето на оваа цел, особено е значајно зајакнувањето на меѓуинституционалната соработка на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Агенцијата за електронски комуникации со цел заеднички да дејствуваат во насока на корекција на несовршеностите на пазарот преку примена на соодветни механизми.

Докторската дисертација успешно ја аргументира синергијата меѓу конкурентското и потрошувачкото право и политики и ги прикажува комплементарните аспекти меѓу нив. Тезата ги задоволува критериумите за општествена и научна оправданост. Имено, конкурентската политика има тенденција да оствари пазар со највисок степен на конкурентност и економска ефикасност, каде што конкурентите се натпреваруваат со цел да понудат најниски цени, најдобар квалитет на производите и услугите, примена на најнова технологија и најширок спектар на избор – сето наменето во корист на потрошувачите.

## II
## Оцена и предлог

Во докторската дисертација „Комплементарност на конкурентското и потрошувачкото право и политики во интеграцијата на земјите од Југоисточна Европа во Европската унија со посебен осврт на Република Македонија", кандидатката м-р Вероника Ефремова обработува една извонредно современа, актуелна и интердисциплинарна тема, посебно за Република Македонија како држава со мала економија, држава во транзиција и воедно кандидат за полноправно членство во Европската унија.

Во трудот се укажува дека придонесот на конкурентската политика е од огромно значење во интеграцијата на внатрешниот пазар во Европската унија. Конкурентската политика е таа преку која постојано се воведуваат нови инструменти за спроведување на конкурентското право.

Од друга страна, заштитата на потрошувачите во Европската унија се развива постепено и добива на значење во последните декади, а со реформските европски политики се бара уште повисоко ниво на заштита на потрошувачите преку мерките на внатрешниот пазар.

Во врска со меѓусебниот однос помеѓу конкурентското и потрошувачкото право се укажува дека конкурентското право е срцта на потрошувачкото право, односно конкурентското право треба да биде ефикасен инструмент за заштита на потрошувачите. Комплементарноста на конкуренсткото и потрошувачкото право лежи токму во остварувањето на нивната заедничка цел, а тоа е загарантираниот пристап на потрошувачите до ценовно конкурентски добра и услуги на пазар ослободен од нелојални и од практики на злоупотреба.

Во трудот се прави исцрпна споредбена анализа на состојбата на усогласеност на законодавствата на државите на Југоисточна Европа со

конкуренсткото право на Европската унија, како и на создавањето на пазарни системи во овие држави, при што кандидатката доаѓа до заклучок дека е постигнат значителен напредок. Канидатката, со право, предложува неколку мерки како да се подигне јавната свест во правец на создавање на конкурентска култура од една, но и за создавање на информирани, едуцирани и активни потрошувачи, од друга страна.

Исто така, кандидатката укажува дека е неопходно да се продолжи со регулирањето на специфичните сектори, односно на мрежните индустрии, кои како поранешни државни монополи се карактеризирале со висок степен на неефикасност. Оттука, произлегува и политиката на Европската комисија за прогресивно отворање на овие мрежни индустрии кон конкуренцијата. Тука кандидатката најмногу се задржува на развојот на секторот телекомуникации и се осврнува на специфичните барања за секторски-специфичните регулатори и за спроведувачите на конкурентските закони во оваа сфера.

Конечно, кандидатката со право укажува дека конкуренската политика треба да има стратешка улога во економиите на државите на Југоисточна Европа во функција на обезбедување на економска ефикасност. Доброфункционалните пазарни економии можат само да ја зголемат конкурентноста на регионот на Југоисточна Европа.

Во трудот се доаѓа до мошне релевантниот заклучок дека во Република Македонија е неопходно ефикасно да се развиваат и да се спроведуваат конкурентското и потрошувачкото право и политики, но, што е уште поважно, неопходно е да се зголемува соработката помеѓу креаторите на двете политики и нивните спроведувачи.

При изработката на трудот, кандидатката користела богата и релевантна литература, како домашна така и странска, и извршила продлабочени истражувања во значајни документи, нормативни акти, судски случаи и ги следела најновите трендови и практики поврзани со предметот на докторската дисертација. Со тоа, во значителен обем, придонела кон приближување на теоретските и практичните аспекти од развојот на двете правни дисциплини, на конкурентското и потрошувачкото право и на соодветните политики развиени на ниво на Европската унија, а кои се однесуваат на државите од Југоисточна Европа. Истовремено, со докторската дисертација се дава придонес и во правец на дефинирање на практичните мерки за подобрување на степенот на спроведување на усогласеното конкурентско и потрошувачко право од страна на надлежните институции и од правосудството во државите на Југоисточна Европа, вклучително и Република Македонија.

Кандидатката успешно одговорила на поставените истражувачки задачи. Докторската дисертација методолошки, јазички и терминолошки ги задоволува критериумите за изработка на научни трудови од ваков вид, а предвидени со соодветната законска регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Материјата во трудот е презентирана избалансирано, според логичен редослед, тргнувајќи од општото, преку посебното, до поединечното, при што ставовите на кандидатката се презентирани на прилично едноставен и јасен начин.

Од сето изнесено, Комисијата може слободно да оцени дека пред себе има солидно изработена докторска дисертација, што е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес за развојот на конкурентското и потрошувачкото право и политики, особено во процесот на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија.

Оттаму, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој извештај и позитивната оцена на трудот и да и овозможи на кандидатката м-р Вероника Ефремова јавно да ја брани докторската дисертација под наслов „Комплементарност на конкурентското и потрошувачкото право и политики во интеграцијата на земјите од Југоисточна Европа во Европската унија со посебен осврт на Република Македонија".

**Комисија во состав:**

1. Д-р Софија Тодорова, редовен професор – член с.р.
2. Д-р Борче Давитковски, редовен професор – член с.р.
3. Д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор - член с.р.
4. Д-р Горан Коевски редовен професор – ментор с.р.
5. Д-р Ванчо Узунов, вонреден професор – член с.р.

До:
Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје

ПРИГОВОР

**Од:** м-р Даниела Ѓоргиева, од Скопје, бул. Јане Сандански 74/56, кандидат за избор во соработничкото звање помлад асистент за научната област системи на социјална заштита.

**Предмет:** Приговор на предлогот за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" број 995 на 1.11.2010 година.

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник" на 17.6.2010 година, за избор на еден помлад асистент за научната област (дисциплина) системи на социјална заштита, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кој на својата X редовна седница одржана на 14.9.2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Јован Пејковски и доц. д-р Сузана Борнарова, која согласно со член 132 од Законот за високото образование, даде реферат кој содржи оцена за научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите, што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, како и предлог за избор на м-р Владимир Илиевски, во звањето помлад асистент за научната област системи на социјалната заштита, кој е објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" број 995 на 1.11.2010 година.

Незадоволна од предлогот на Комисијата за избор на кандидатот м-р Владимир Илиевски, во звањето помлад асистент за научната област системи на социјалната заштита, кој е објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" број 995 на 1.11.2010 година, во предвидениот рок од 8 дена од денот на објавувањето, го поднесувам овој приговор поради следниве причини:

Имено, доколку внимателно се анализира содржината на рефератот, заклучокот и предлогот за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 995 на 1.11.20110

година, особено во деловите каде што се анализира кандидатот кој воедно е предложен од Комисијата за избор на помлад асистент, м-р Владимир Илиевски, можат да се воочат голем број неусогласувања помеѓу описот на одредени постигнувања на кандидатот и фактите посочени во заклучокот.
Исто такви неусогласувања можат да се воочат и во анализирањето на кандидатката м-р Даниела Ѓоргиева.

Согласно со член 129 од Законот за високото образование, како и член 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за помлад асистент може да биде избрано лице кое:

- има завршено академски студии од втор циклус или последипломски магистерски студии со просечна оценка од најмалку 8 (осум);
- се служи со еден од светските јазици;
- **покажува способност за наставно-научна и наставно-стручна работа и покажува особен интерес кон областа.**

Сметам дека Комисијата погрешно и нецелосно ја утврдила фактичката состојба кога одлучила дека предност треба да му се даде на кандидатот м-р Владимир Илиевски, за избор во звањето помлад асистент за научната област системи на социјална заштита, од причина што кандидатот покажал **интерес во областа**, стекнато искуство од **научни и стручни истражувања**, како и дека покажува континуитет и напредок во **наставната и научноистражувачката дејност.**

Ваквата фактичка состојба е погрешно утврдена поради следниве причини:

1. По однос на професионалното усовршување, Комисијата на стр. 64 навела дека: "кандидатот м-р Владимир Илиевски повеќе пати престојувал во Германија: на усовршување на германскиот јазик и на студиски посети на установите од областа на социјалната заштита и Клиниката." Наспроти ова, членовите на Комисијата на стр. 62 навела дека: "М-р Даниела Ѓоргиева учествувала на семинари и се здобила со меѓународно искуство во Сојузна Република Германија преку посета на установи од областа на социјалната работа и социјалната политика. Учествувала во летни школи и обуки за социјална работа и социјална политика во Хрватска, а во Босна и Херцеговина во организирање на постдипломски студии. Од документацијата која е доставена на увид, јасно се гледа дека Комисијата има направено грешка во анализирање на фактичката состојба. Имено, јас, м-р Даниела Ѓоргиева, меѓународното искуство стекнато во странство ми е наведено како семинари, а всушност се студиски престои и тие **не се од областа на социјалната работа и политика туку се од областа на социјалната заштита.**

2. По однос на критериумот за научноистражувачка дејност, Комисијата навела во рефератот на стр.64 дека: "кандидатот м-р Владимир Илиевски **има објавено пет труда**, а во заклучокот на стр.67 дека има изработено пет научни и стручни труда, кои ги презентирал на конференции и средби, од кои **има објавено три труда**". Оттука јасно може да се види дека Комисијата повторно има неусогласување со анализата на документите во рефератот и заклучокот, односно овие два дела не кореспондираат.

Исто така во рефератот Комисијата ги наведува и насловите на објавените трудови кои по број се 2, и тоа: "текст објавен во научен весник PEV Македонија, WSP Internacional од Женева каде што презентира истражувачки резултати "Проект за заедничка визија", истражувањето се однесува на 5 приоритетни области: економски проблем, невработеност и социјален развој, културен идентитет на државите, владеењето на правото и децентрализацијата, интра и интеретнички односи и евроатлантски аспирации на Р.Македонија".

Понатаму, исто така е нејасно кога Комисијата вели дека: "има објавено трудови во "Дефектолошка теорија" бр. 1-2 од 2009 година на тема практика "Common voice network project". Исто така, тука не е јасно дали се работи за еден труд или повеќе трудови. Во понатамошниот текст Комисијата на презентирани трудови и тоа: "Human rights of persons with mental disorders in Republic of Macedonia"; "Mental health system in the community presented via Centres for mental Healthing in republic of Macedonia", презентација на повеќе трудови од областа на човековите ресурси во невладиниот сектор. Автор е на трудот „Трансформација на конфликти", кој е користен за обука на социјални работници. Наспроти ова, членовите на Комисијата наведуваат дека кандидатката м-р Даниела Ѓоргиева: „има изработено една публикација која е во фаза на печатење и таа не во прилог". Сметам дека многу е важно да се напомене, иако публикацијата не е во прилог, дека во мојата биографија е наведен насловот, а тоа е: "Децентрализација социјалне заштите у Републику Македонију", во кој се анализира системот на социјална заштита во Република Македонија. Понатаму Комисијата констатира дека сум била ангажирана на 5 проекти и 2 во 2010, иако во мојата биографија се наведени 10 проекти, од кои поголемиот дел се од областа на социјалната заштита, а не од областа на социјалната работа и социјалната политика.

Оттука многу јасно може да се констатира дека кандидатот м-р Владимир Илиевски неговиот опус по однос на научноистражувачката дејност (објавени и презентирани трудови), кој нејасно е наведен во рефератот и заклучокот, односно Комисијата направила големи пропусти кога констатирала дека: кандидатот м-р Владимир Илиевски во поголем број од трудовите (3) ја обработува областа за која се пријавува на конкурсот, односно системи на социјална заштита", значи нејасно е колку труда се

објавени, а тие може да се заклучи дека немаат допирни точки со областа за која се избира помлад асистент од областа системи на социјална заштита, односно кандидатот се насочува и ја обработува проблематиката од областа социјална работа, поточно социјална работа во здравството.

3. По однос на наставно-образовна дејност, во предлогот на стр. 68 Комисијата констатирала дека: „кандидатот м-р Владимир Илиевски има континуитет и напредок во наставната дејност", додека во описот на документацијата односно рефератот, нема информација за неговото искуство во наставата. Наспроти тоа, Комисијата констатирала во рефератот на стр. 63 дека: „кандидатката м-р Даниела Ѓоргиева од 2001 до 2005 и 2008/2009 година била ангажирана како демонстратор на Институтот за социјална работа и социјална политика, и од 2006 до 2008 година била ангажирана за административни работи на Институтот за социјална работа и социјална политика". Од документацијата доставена на увид, Комисијата има направено пропуст. Имено, јас, м-р Даниела Ѓоргиева, бев ангажирана како демонстратор и во учебната 2006/2007 и како администратор до крајот на учебната 2009 година. Исто така, голем аргумент за мојата посветеност во областа во која се распишува конкурсот е констатацијата на Комисијата во заклучокот на стр. 67 дека: „Единствено кандидатката м-р Даниела Ѓоргиева била ангажирана подолг период во областа на системите на социјална заштита".

4. По однос на научната работа може да се забележи дека кандидатот м-р Владимир Илиевски нема континуитет во областа за која се распишува конкурсот - системи на социјална заштита. Имено, главните трудови на кандидатот се од три различни научни области и кај три различни професори. Кандидатот својата дипломска работа ја пишувал во областа на социјалната политика (Европска социјална повелба) кај проф. д-р Нано Ружин, магистерската теза ја пишувал во областа на цивилното општество и социјалната работа (Социјалните услуги на граѓанските здруженија на деца под социјален ризик) кај проф. д-р Сунчица Димитријоска, а, пак, својата докторска дисертација ја пишува во областа социјална работа во здравство (Предрасудите кон лица со психички растројства и нивна вклученост на пазарот на трудот), кај проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, односно целната група за која пишува кандидатот се лица со психички растројства кои не се предмет на анализа во научната област системи на социјална заштита.

5. За разлика од кандидатот кој е предложен од Комисијата за избор за помлад асистент, јас, м-р Даниела Ѓоргиева, можам со право да забележам дека имам континуитет во наставната и научно-истражувачката дејност во областа во која се распишува конкурсот, односно системи на социјална заштита. Имено, моите два главни труда,

магистерската теза и докторската дисертација се од областа на системите на социјалната заштита. Магистерската теза е со наслов „Децентрализацијата и социјални услуги: потреби, можности и перспективи", под менторство на проф. д-р Нано Ружин и докторската дисертација која е пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје е со тема "Домување на ризичните групи на население, предизвик за унапредување на станбената политика", под менторство на проф. д-р Нано Ружин. Иако Комисијата смета дека докторската дисертација е од областа социјална политика, проблемот на домување и целната група се предмет на анализа на научната област системи на социјална заштита, но воедно и согласно со меѓународната класификација на научни области, системи на социјална заштита припаѓа на научната област социјална работа и социјална политика.

6. Сметам дека моите скромни научни постигнувања се многу поблиски и релевантни за научната област во која се распишува конкурсот, односно системи на социјална заштита во споредба со кандидатот м-р Владимир Илиевски, кој несомнено покажува интерес и тоа се докажува со описот на документацијата во областа социјална работа во здравство.

   Исто така сакам да нагласам дека од 2001 до 2009 година сум поврзана со Институтот за социјална работа и социјална политика, од кои 7 години како демонстратор несомнено и во областа во која се распишува конкурсот, 3 години како администратор, за тоа време сум учествувала на многу апликативни и истражувачки проекти, но и како координатор.

7. Исто така, покрај одредени неусогласености во рефератот, заклучокот и предлогот, погрешното толкување на фактичката состојба на кандидатите од страна на Комисијата, морам да укажам на одредени неправилности, односно непочитување на одредени законски норми.

   **Имено, според член 9 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања: „Изборот во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања се врши според услови и критериуми утврдени со закон, овој Правилник и Анексот бр. 1 на овој Правилник".**

   Анексот број 1 се всушност Критериумите за избор во звања каде што се вели: професионалните референци на кандидатите за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања се вреднуваат во следниве области:

   - наставно-образовна дејност;
   - научноистражувачка дејност;
   - стручно-апликативна дејност;
   - стручно-уметничка дејност.

Секоја референца од овие области се вреднува со одреден број поени.
Кон извештајот треба да се поднесе образец со кој ќе се утврди навистина кој кандидат е најдобар.
Бидејќи Анексот бр.1 и бр.2 од Правилникот имаат облигативен карактер, па сметам дека постапката за избор на помлад асистент е неправилна.

Со право можам да констатирам дека Комисијата во одредени делови од рефератот кај мене м-р Даниела Ѓоргиева направила пропусти и несоодветно ги анализирала документите кои се доставени на увид. Наспроти тоа, кај кандидатот кој е предложен од страна на Комисијата, м-р Владимир Илиевски, во одредени делови исти работи се толкувани во негова полза иако тоа не е реална фактичка состојба.

Поради сето погоре наведено, предлагам Комисијата во состав: проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Јован Пејковски и доц. д-р Сузана Борнарова, согласно со член 52 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.138 од 6 јули 2009 година, во рок од 8 дена, **приговорот да го уважи,** предлогот објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 995 на 1.11.20110 година, поточно во рефератот нумериран со страници 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67 и 68, **да го преиначи,** на начин што јас, м-р Даниела Ѓоргиева, ќе бидам предложена за кандидат за избор во звањето помлад асистент за научната област системи на социјална заштита.

Скопје, 8.11.2010 година

Со почит,
М-р Даниела Ѓоргиева, с.р.

**До Деканот на Филозофски факултет**
**Скопје**

**Предмет:** Одговор на приговорот поднесен од м-р Даниела Ѓоргиева, по предлогот за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Институтот за социјална работа и социјална политика.

Почитувани декане,

Ве известуваме дека Рецензентската комисија на 10.11.2010 година го разгледа приговорот поднесен од м-р Даниела Ѓоргиева, по предлог за избор на помлад асистент за научната област системи на социјална заштита на Институтот за социјална работа и социјална политика поднесен на 8.11.2010 година.

Комисијата констатира дека во приговорот не може да се согледаат нови елементи кои можат битно да влијаат и да ја променат одлуката на Рецензентската комисија, и тоа:

Фактичката состојба за резултатите на кандидатите кои се ценат врз основа на постојните прописи реално е утврдена и прикажана во извештајот, а врз основа на поднесените докази и документи на кандидатите кои учествуваат во конкурсната постапка. Тие наоди и ги цитира кандидатката во поднесениот приговор, но поинаку ги толкува и нецелосно или делумно ги претставува.

Констатирано е дека сите кандидати ги исполнуваат условите според конкурсот за избор на помлад асистент, но предност Комисијата му дава на кандидатот Илиевски, кој непосредно ги исполнува условите, исто како и кандидатот кој го поднесува приговорот.

Предложениот кандидат е со убедливо највисок просек во однос на другите, а тој факт кој е пресуден за предлогот на Комисијата кандидатката не го ни споменува.

**Кандидатот Илиевски додипломските студии ги завршил со највисок просек од сите пријавени кандидат и тоа со просечна оценка 9,4, а постдипломските студии со оценка 9,75. За предметот за кој е распишан конкурсот кандидатот има добиено највисоки оценки - 10 и на додипломските и на постдипломските студии. Кандидатката Ѓоргиева додипломските студии ги завршила со просек 8,9, а постдипломските со 8,5, а за предметот за кој е конкурсот и на додипломските и постдипломските добила оценка 8.**

Во однос на делот од приговорот кој е истакнат како „најголема забелешка", а се однесува на објавените трудови, треба да се истакне дека кандидатот Илиевски објавил пет труда од кои три труда ги презентирал на конференции, а останатите се објавени без јавно презентирање. Кандидатката која го поднесува приговорот има помалку трудови (еден) и од таму компарацијата не е соодветна.

Кандидатката Ѓоргиева забележува на немањето наставно-научна дејност од страна на кандидатот Илиевски. Факт е дека наставно-научната дејност кандидатот м-р Владимир Илиевски континуирано ја остварува на своето работно место на кое е вработен. Тој работи во Центарот за ментално здравје при ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, што претставува наставно-научна база за Медицинскиот факултет и Филозофскиот факултет, т.е. Институтот за социјална работа и социјална политика, каде што студентите континуирано се присутни на практична настава во рамките на два предмета: социјална работа во социјалната заштита и социјална работа во здравството, за кои кандидатот е континуирано одговорен, што претставува искуство во траење од 6 години. Кандидатката Ѓоргиева има искуство како демонстратор во траење од само една година на предмет кој е од областа за која е распишан конкурсот.

Во однос на истражувачката дејност, кандидатот Илевски има учествувано како истражувач во повеќе проекти, во кои бил и координатор. Резултатите од истражувањата се презентирани од страна на авторот и надвор од Република Македонија. Кандидатката Ѓоргиева била ангажирана како истражвач на проекти, за кои нема објавено документација под нејзина изведба, нема учествувано ни на една средба или конференција со труд, и нема објавени трудови.

Магистерскиот труд на Илиевски кој кандидатката Ѓоргиева го спори е изработен под менторство на професорот за чија област е распишан конкурсот и е од областа на социјалната заштита, така што не држат изнесените наводи во приговорот.

Кандидатот Илиевски има одлично познавање на германскиот и англискиот јазик. Кандидатката за познавањето на англискиот јазик пишува самата дека го познава добро.

Комисијата, по разгледувањето на приговорот, одлучи да го поддржи кандидатот Илиевски, со искуство во научно-образовната дејност, со презентирани и објавени трудови и богато искуство во земјата и во странство во областа за која се распишува конкурс, со највисок просек на додипломските и постдипломските студи со одлично познавање на два јазика и изработен магистерски труд од областа за која е распишан конкурсот и под менторство на професорот за чија област е распишан конкурсот за помлад асистент.

Врз основа на изнесеното констатираме дека приговорот не е прифатлив и не треба да биде усвоен.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.
Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.
Доц. д-р Сузана Борнарова, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ПРИМЕНА НА ВЕБ-БАЗИРАНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА **М-Р САЊА КИКОВСКА-ГЕОРГИЕВСКА**, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 56 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со одлука бр. 02-1215/1, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.4.2010 година нé определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов

**„Примена на веб-базираните технологии во туризмот во Република Македонија"**,
поднесена од кандидатката **м-р Сања Киковска-Георгиевска.**

По внимателното проучување на дисертацијата, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Предмет, цели и содржина на дисертацијата

Туризмот, денес, добива сосема нова димензија. Внатрешните процеси на трансформација и процесот на глобализација силно се одразија на редизајнирањето на целокупниот концепт на патување. Со брзиот развој на веб-базираните технологии, он-лине маркетингот игра активна улога во изградбата на современиот начин на водење на туризмот.

Основната цел на докторската дисертација е да се истражи состојбата со примената на веб-базираните технологии во туризмот и да се согледаат можностите од нивната примена за унапредување на туризмот во Република Македонија. Сеопфатноста на трудот ни дава можност за согледување на условите за водење на туризмот и критериумите за успешност на туристичките компании во светот, од една страна и состојбите во нашата земја од друга страна. Трудот претендира да даде придонес кон позиционирањето на македонскиот туризам, на македонските туристички компании на глобалниот пазар и подигнување на нивото на нивна вклученост во глобалните трендови.

Современите информатичко - комуникациски технологии (ИКТ) овозможуваат надминување на географските и временските ограничувања, но и евтина, ефикасна и брза интерактивна комуникација. Лесната достапност до најоддалечените дестинации ја будат конкуренцијата на тие пазари, па компаниите се принудени да го прифатат новиот начин на водење бизнис за да опстанат и успеат.

Предмет на истражување во овој труд е анализата на специфичностите на туризмот, особено преку хетерогеноста и

комплексноста на туристичкиот производ. Така, се согледува и потребата од детална разработка и профилирање на процесот на креирање на секој поодделен туристички производ. За создавање на конкурентен туристички производ нопходно е да се дефинира специфичната технологија која ќе го направи широко достапен и ќе овозможи негова реализација. Можноста за креирање на персонализирани веб-базирани решенија во согласност со потребите на секоја компанија одделно и за секој туристички производ одделно, предизвикаа огромен поттик во секторот туризам.

Докторската дисертација е напишана на 266 страници, кои се структурирани во 4 глави, вовед и заклучок. Користената литература се состои од 169 единици (книги, статии, списанија, статистички извештаи).

Во воведот е посочена актуелноста и научната оправданост на темата, дефинирани се целта, предметот и методолошкиот приод во истажувањето.

Во првиот дел од трудот со наслов: ***Глобални тенденции за развој на туризмот*** е елабориран туризмот и неговите основи. Потенцирано е дека туризмот овозможува користи не само за туристите и туристичките компании, туку и за заедниците каде што тие патуваат. Во овој дел од трудот се опфаќаат неколку аспекти од туризмот, се потенцира неговото значење, социо-економските користи од развојот на туризмот, а се нуди и елаборација на туризмот во современи услови, во светски и во европски рамки.

Во вториот дел со наслов ***Развојни трендови на информатичко - комуникациските технологии и можностите кои тие ги нудат за тргувањето и маркетингот,*** на конзистентен начин се обработуваат ИКТ, нивната инфраструктура и архитектура, видовите мрежни технологии, особено интернет-технологијата. Понуден е приказ на електронското тргување, со цел да го направат јасно функционирањето на современата форма на туризмот, туризам кој не може да се замисли без примена на веб-базирани технологии. Дополнително се нуди осврт на главните карактеристики на тргувањето со помош на мобилен телефон, како најсовремена форма на остварување на успешни комерцијални активности, која се појавува во последниве години и се уште е во зародиш, но и се посветува особена важност и се предвидува исклучително брза динамика за раст. Познавањето на основите на мрежните технологии, денес, е императив за секој менаџер. Со обработувањето на електронските форми на тргување, во вториот дел од трудот, се создава теоретска основа која треба да ја поддржи практичната примена на современите ИКТ во туризмот, понудена во третиот дел од истражувањето.

Третиот дел од трудот, ***Примена на современите технологии во туризмот***, зборува за ефекти и предности од примената на современите ИКТ во туризмот, за современите форми на маркетингот во туризмот и ефектите од него, како и за влијанието на современите веб-базирани технологии врз одделни сегменти на туризмот. Доколку се земе предвид фактот дека перцепцијата на корисниците на туристички услуги се темели исклучиво на добиените информации од компанијата за одделна туристичка понуда и дека

туристичката услуга се купува пред патувањето и е заснована на презентацијата и описот на туристичкиот производ од страна на туристичката компанија, тогаш станува очигледно колку е голема поврзаноста помеѓу успешниот туризам и современите веб-базирани технологии. ИКТ овозможуваат проток на информации, кои се критични за успехот на одделни сегменти од туризмот (авиоиндустријата, хотелиерството итн.).

Глобалните трендови, постоењето на глобалните дистрибутивни системи, борбата за сопствено учество на туристичките посредници и изместувањата од востановениот дистрибутивен систем ја наметнуваат потребата од соодветно приспособување на туристичките компании. Така, приматот на светскиот туристички пазар во моментот е во рацете на глобалните дистрибутивни системи. Преку нив се одвива најголем дел од протокот на информации и трансакции за сите категории на туристички услуги. Тие се доминантно поседувани од магнатите во авиосекторот. Но, состојбата забрзано се менува. Секторот на хотелиери преку низа од координирани чекори, преку инвестирање во најсофистицирани веб-базирани технологии, кои се развиваат само за нивните специфични потреби, сериозно се заканувaат за преземање на овој примат. Ваквата стратегија на хотелиерите ја засилува и онака жестоката борба за глобална доминација. Поместувањето на односите на глобалниот туристички пазар влијае на менување на деловните процеси и улогата на учесниците во тие процеси. Така, драстично се менува улогата на туристичките посредници (агенциите), се засилува трката по правовремена туристичка информација и најконкурентна цена, се реорганизира процесот на дистрибуција, а промоцијата се поставува пред предизвикот за изнаоѓање на нови креативни медиуми.

Притисокот на туристичкиот пазар, екстензивното користење на современите електронски медиуми за промоција, како и динамичното определување на цените, додаваат дополнителен притисок врз компаниите за имплементација на веб-базираните технологии.

Четвртиот дел, ***Перспективи за туризмот во Република Македонија, со примена на современите информатичко - комуникациски технологии***, нуди приказ на состојбата и обемот на туризмот во нашата земја, насоките на идниот развој на туризмот во Република Македонија, можностите и ограничувањата на современите ИКТ за туризмот во Република Македонија, како и предлози и насоки за развој врз основа на спроведена емпириска анализа. Спроведената Анкета на туристичките агенции, води до заклучок дека најголем дел од можностите кои ги нудат ИКТ за туризмот во нашата земја се сè уште неискористени од македонските туристички компании. Секако дека со примена на новите технологии и имплементирање на современиот начин на организирање на туризмот и маркетинг-процесот во туризмот може значајно да се унапреди целокупниот туризам во Македонија, да се искористи природниот потенцијал и да се издигне туризмот како водечка гранка, мотор на развојот на земјата, а доказ се и спроведените емпириски истражувања. Имено, исполнувањето на квотите за продажба на електронски авиобилет од моментот на воведувањето зборува дека интерес за електронско тргување во авиосекторот постои и во иднина може да се размислува за зголемување на овие квоти, но и за воведување на веб-базираните технологии во останатите деловни активности

(автоматско чекирање на авиобилетите или бординг-карта со бар-код). Истражувањето спроведено преку македонскиот портал, кој нуди електронска продажба на македонски туристички продукти, нуди можност за согледување на обемот на ова тргување, неговата распределеност по сегменти, географска распределеност и сезонски варијации. Истражувањето ни го предочува значењето на туризмот, кој се јавува како резултат на организирање на врвни спортски натпревари, но и значењето на електронската продажба за диверзифицирање на структурата на земјата на потекло на туристите кои ја посетуваат Македонија. Имено, со помош на електронската продажба се реализира продажба на туристички пакети на туристи кои потекнуваат од подалечни земји и кои доколку не би постоеле електонските медиуми, не би се решиле ја посетат Република Македонија. За релевантноста на добиените резултати говори целосниот опфат на трансакциите од туризмот направени во Р. Македонија.

Во заклучокот се прикажани завршните согледувања и изнесени се заклучоци, кои произлегуваат од секој дел од трудот. Понудено е резиме на резултатите од претходно анализираното во докторската дисертација, а потоа следува пописот на користената литература и прилозите.

## Општа оцена на трудот и предлог

Врз основа на претходно образложените цели и предмет на истражувањето, кое е основа за изработката на овој труд, би можеле да се утврдат следниве резултати од истражувањето:

1. Потенцирање на местото и улогата на туризмот во светски рамки, како сектор со голем обрт на капитал, и сектор кој вработува многу луѓе, а со тоа е особено значаен за земјите во развој, кои бележат високи стапки на невработеност. Така, се доаѓа до заклучок дека туризмот не само што носи користи за компаниите вклучени во секторот, тој носи и повеќекратни користи за пошироката заедница, придонесува за зачувување на животната средина, го стимулира развојот на инфрастуктурата, придонесува за економска диверзификација и носи приходи за државата.

2. Претставување на новите теоретски и практични сознанија од областа на современите веб-базирани технологии. Зголемената моќ на компјутерите, побрзото процесирање на информации преку интернет, подобрените карактеристики на новите технологии, зголемувањето на делот од населението кое користи компјутер и интернет, опаѓањето на цената на конекцијата за интернет, подобрениот квалитет на постојните технологии, сателитските врски и оптичките влакна, како и можноста моменталните технички ограничувања во иднина да бидат надминати, нè доведува до заклучок дека тие се неминовна иднина во туризмот и маркетингот.

3. Воочување на забрзаниот развој на веб-базираните технологии, со кои сите маркетинг-истражувачки активности добиваат нови димензии. Во оваа смисла, on-line маркетингот, како дел од комплексниот процес на маркетинг-комуницирањето со клиентите, добива нова посовремена и поактивна улога во современите услови на стопанисување. Резултатот е неминовен, новата форма на интернет-

маркетинг е ефикасен начин на организирање и водење на процесот, кој го загрозува постоењето на традиционалниот начин на водење на процесот.

4. Претставување на тргувањето со помош на мобилен телефон, како релативно нов начин на тргување, чиј обем и значење се зголемува секојдневно. Приказот на бројот на корисници на мобилни телефони со вградени веб-апликации наведува на заклучок дека постои тренд на брз пораст на корисниците на овие телефони, наспроти опаѓањето на бројот на корисници на конвенционалните телефони. Со ова се зголемува потенцијалот на тргувањето со помош на мобилен телефон.

5. Согледување на состојбата со туризмот во Република Македонија и посочување на препораки за идните насоки на развојот на туризмот во нашата земја. Подготвената Национална стратегија за развој на туризмот во Република Македонија 2009-2013, формирањето на Агенцијата за поддршка и разој на туризмот на РМ и иницијативата за влегување во јавно-приватно партнерство со веб-портал од областа на туризмот и негово издигнување на ниво на единствен национален, заокруженоста на законската регулатива со која се дава легитимност, јачина и сигурност на електронското тргување, се добри предуслови за македонските туристички компании да реализираат електронско тргување. Работењето на процесинг-центарот во Република Македонија и проширената употреба на платежните картички се секако најзначајниот предуслов, но останува на туристичките компании да земат поактивна улога, да ги согледаат можностите кои современите ИКТ ги нудат за развојот и унапредувањето на туризмот и да настојуваат да ги имплементираат по пример на поразвиените.

Очигледно е дека, благодарение на примената на веб-базираните технологии, компаниите имаат можност за работење на поефиксен и попродуктивен начин, но истовремено се поставени под притисокот на динамичното окружување. Тие се принудени да ги реорганизираат своите деловни процеси, да го подобруваат процесот на планирање, извршување и проверка на резултатите и притоа да извршат правилен избор на соодветните ИКТ. Меѓу најзначајните придобивки е можноста која ја нуди примената на современите ИКТ во организирањето на маркетингот во туризмот. Во оваа смисла, on-line маркетингот, како дел од комплексниот процес на маркетинг-комуницирањето, добива нова посовремена и поактивна улога во современите услови на работење на туристичките компании од целиот свет.

Преку овој труд е направен обид да се оствари поголема афирмација на проблематиката на современите ИКТ и полезноста од примената на веб-базираните технологии за компаниите од секторот туризам, кај нашата стручна и научна јавност, како и кај нашата деловна јавност. Со подигнувањето на примената на современите технолошки решенија во секторот туризам, потребно е да се достигне ниво кога тоа би станало редовна практика, притоа водејќи се од примерот на развиените и водечки земји во светот.

Научниот придонес на докторската дисертација се состои во следново:

– продлабочена анализа на современите веб-базирани технологии и нивната примена во туризмот;

– оцена на нивото на примена на веб-базираните технологии во компаниите од секторот туризам во Република Македонија, како и укажување на ниското ниво на свесност и проблемите кои постојат во оваа област;

– преку емпириското истражување на остварените електронски трансакции од секторот туризам во Република Македонија, преку македонскиот портал, согледана е целокупната електронска продажба на различни туристички продукти, а се потврдува и претпоставката за поголема диверзифицираност во структурата на земјата на потекло на туристите кои ја посетуваат Македонија (туристи од земји кои досега не ја посетувале Македонија);

– преку емпириското истражување на електронската продажба на авиобилети во Република Македонија обработени се сеопфатни податоци за реализацијата на електронските авиобилети. Хипотезата дека авиосекторот е отиден најнапред, е потврдена со емпириското истражување (во Македонија е имплементиран систем за електронска резервација и набавка на електронски авиобилет во реално време, одредени се значителни квоти за продажба на електронските авиобилети и тие се исполнети);

– Анкетата на туристичките агенции нуди сознанија за состојбата со примената на современи технолошки решенија од страна на агенциите, како и нивото на нивна инволвираност во современите текови на електронско работење и интересот за воведување на нови и иновативни решенија.

## Заклучок и предлог

По внимателно проучување на докторската дисертација под наслов „**Примена на веб-базираните технологии во туризмот во Република Македонија**", поднесена од кандидатката м-р Сања Киковска-Георгиевска, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок:

- трудот обработува современа проблематика. Во докторската дисертација е извршена комплексна анализа на проблемите од областа на туризмот и современите веб-базирани технолошки решенија, при што е потенцирана ограниченоста на нивната примена во нашата земја;
- при истражувањето е користена најнова литература од домашни и странски автори, стручни списанија и високорангирани веб-страници, како и сопствени истражувања, кои зборуваат за квалитетот и за стручноста на изворната база за пишување на докторската дисертација;
- стилот на пишување на презентираниот материјал е лесно разбирлив, што го прави достапен и јасен за секој читател. Техничкото ниво на обработката на трудот оди во прилог на високиот квалитет со кој е изработена докторската дисертација;
- во трудот паралелно се обработува теоретскиот аспект на веб-базираните технологии и нивната примена во туризмот, но и нивното влијание врз бизнис-процесите во практиката, прикажано преку промената во дистрибутивниот модел, настаната како резултат на користењето на современите ИКТ;

- во трудот е понудена SWOT-анализа, но дадени се и предлози и насоки за унапредување на идниот развој на туризмот во Република Македонија.

Од сето погоре наведено, Комисијата за оцена на докторската дисертација цени дека станува збор за висококвалитетен и самостојно изработен научен труд и има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја прифати рецензијата на докторската дисертација под наслов

**„Примена на веб-базираните технологии во туризмот во Република Македонија",**

поднесена од кандидатката м-р Сања Киковска-Георгиевска, и да формира комисија за нејзина одбрана.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.
2. Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.
3. Проф. д-р Калина Трпевска-Благоева, с.р.
4. Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, с.р.
5. Проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-1053/1
24-11-2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО ВРЗ МАКЕДОНСКАТА ДЕМОКРАТСКА ТРАНЗИЦИЈА И КОНСОЛИДАЦИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НЕНАД МАРКОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

На седницата одржана на 25.10.2010 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **„Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација" од кандидатот м-р Ненад Марковиќ**, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, проф. д-р Ѓорге Иванов, проф. д-р Марика Ристовска и доц. д-р Зоран Илиевски.

Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### ПРЕДМЕТ, ХИПОТЕЗА И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Базичната претпоставка на докторската дисертација на м-р Ненад Марковиќ е дека цивилното општество е еден од најважните фактори во процесите на демократска транзиција и консолидација на посткомунистичките општества, па со самото тоа цивилното општество е една од најкритичните сфери и во горепоменатите процеси и во Република Македонија во изминатите дваесет години на демократска стабилизација.

Следствено, цивилното општество не е само фактор кој влијае врз процесите на демократска транзиција и консолидација, туку се јавува и како нивни иницијатор, но и самото се менува во рамките на овие процеси што укажува на повратна спрега меѓу цивилното општество како општествен актер и процесите на демократска транзиција и консолидација.

Предмет на интерес на докторската дисертација на м-р Ненад Марковиќ се пред се *врската која постои помеѓу организациите на цивилното општество и процесите на демократска транзиција и консолидација, со специфичен осврт на овој каузалитет во случајот на Република Македонија во транзициониот период.* Ова пред сѐ подразбира делинеација и дефинирање на самите поими цивилно општество, демократска транзиција и демократска консолидација и воспоставување на врска помеѓу трите поими. Од друга страна, тежиштето е ставено врз концептот на цивилно општество кој темелно се обработува во три глави на докторатот кои ја сочинуваат теоретската рамка.

Токму концептот на цивилното општество и неговото современо дефинирање и појавни форми се и вториот предмет на темелна анализа и деконструкција во докторската дисертација на кандидатот, што е и своевидно нејзино теоретско јадро. Анализата на поимот на цивилното општество се врши низ призмата на повеќе теории, но и низ религиозната призма, како и врз основа на современите појавни форми предизвикани од глобализацијата. Ваквата обработка нуди солидна академска тежина за разбирање и потполно разјаснување на поимот на цивилното општество и неговите манифестации, историски и во современата политичка теорија и практика, што дозволува концепциска јасност и завидна теоретска подготвеност во студијата на случај поместена во самата дисертација.

Основна хипотеза поставена за испитување во самата студија на случај е врската помеѓу организациите на цивилното општество и процесите на демократска транзиција и консолидација во македонскиот контекст. Но пред да се впушти во вакво испитување, авторот дава нова димензија на својата студија правејќи компаративен преглед на состојбата на цивилното општество во посткомунистичкиот амбиент во источна и југоисточна Европа, што дава своевидна ширина на предметот на испитување. Конечно,

авторот ја испитува и основната релација помеѓу организациите на цивилното општество и процесите на демократска транзиција и консолидација во Република Македонија и тоа на специфичен методолошки начин. Од една страна, авторот ги третира контекстуалните проблеми на демократската транзиција и консолидација во однос на секој од четирите обработени сфери (граѓански сектор, религиозни организации, синдикати и медиуми) за да премине (во секој од четирите типа на организации) на конкретна обработка на нивните функционални, организациони и системски проблеми. Со ова авторот се обидува и супстантивно и контекстуално да го обработи влијанието на секој од четирите типа организации, како најмасовни и најистурени актери на цивилното општество во севкупниот транзициски контекст. На крајот авторот извлекува еден сумарен заклучок, кој претставува сублимат на севкупната студија на случај, со што успешно одговара на прашањето поставено во хипотезата на самата докторска дисертација.

Што се однесува до методолошкиот пристап, авторот нуди комбинација на методи кои овозможуваат хипотезата поставена во дисертацијата да се испита во целост. Од една страна, авторот го употребува аналитичкиот метод во деконструкцијата на базичните поими и категории. Од друга страна, во студијата на случај авторот се користи и со компаративниот метод, како најадекватен за ставање на предметот на академски интерес во споредбена перспектива. Конечно, авторот се служи и со критичкиот метод, најмногу во делот на студијата на случај, со цел структруирано и систематски да ги открие аспектите кои се од интерес во главната хипотеза на дисертацијата, а се однесуваат на организациите на цивилното општество и нивната улога во процесите на демократска транзиција и консолидација во Република Македонија во последните две декади.

## СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Дисертацијата содржи 246 страници компјутерски отчукан текст, со повеќе од 110 библиографски единици. Дисертацијата содржи 431 фуснота и има вкупно 74 375 збора (вклучувајќи ги фуснотите) или 443 133 карактери (вклучувајќи и празни места). Структурата на дисертацијата се состои од вовед, четири дела и заклучок. Дисертацијата е

потполно референцирана во оксфордски стил, со фусноти, и содржи комплетна библиографија. Дисертацијата содржи исклучително голем број на квалитативни и квантитативни показатели, во најголем дел поместени во 24 графикони и 19 табели распределени низ самиот текст (не се дадени во посебен анекс).

Теоретската рамка на докторската дисертација е содржана во првите три поглавја (глави) на текстот, а студијата на случај е поместена во четвртата глава и е следствено најобемен дел од дисертацијата.

Воведниот дел содржи класичен вовед, но и дел кој се однесува на дефинирање на поимите цивилно општество, демократска транзиција и консолидација, како и воспоставување на врска помеѓу цивилното општество и горespоменатите процеси. Во воведот авторот ја објаснува задницата на темата, академската релевантност на централното прашање поставено во дисертацијата, како и главната хипотеза и методолошкиот приод кон главното прашање. Во вториот дел од воведот, м-р Ненад Марковиќ ги дефинира поимите цивилно општество, демократска транзиција и консолидација, посебно осврнувајќи се на разликата помеѓу демократската транзиција и консолидација. Во рамките на истиот дел се објаснува и врската која постои помеѓу цивилното општество и процесите на демократска транзиција и консолидација дефинирајќи три димензии на овој однос: кога цивилното општество се јавува како иницијатор на демократската транзиција, кога цивилното општество е субјект и агенс на демократската транзиција и консолидација и кога цивилното општество е објект на самата демократската транзиција и консолидација. Во воспоставувањето на оваа врска авторот се служи и со графички приказ.

Првиот дел (глава) на докторската дисертација има наслов "Современи теории за цивилното општество" и содржи 30 страници (13-43 стр.). Во овој дел авторот се осврнува на современите теории, модели и графички прикази на цивилното општество, а преку призма на највлијателните и најсовремени автори од оваа специфична академска област. Во првиот дел на оваа глава авторот се осврнува на една од највлијателните школи во областа на политичката теорија на XX век – либералната школа. Анализирајќи ги трите подвида теоретски пристапи кои постојат во рамките на либералната традиција

(класичната либерална теорија, критичката теорија и либерал-егалитарната теорија), авторот го позиционира концептот на цивилното општество помеѓу државата, пазарот и интимната сфера, укажувајќи на идеолошките разлики кои постојат во рамките на овие три либерални учења, и надополнувајќи ја оваа школа со теориите на Колин Спаркс како аналогии на либералните теории. Во вториот дел на првата глава авторот нуди неколку графички модели со цел да се објасни функционалната поставеност на цивилното општество. Преку моделите на Еверс и Лавил, Интер-американската банка за развој како и преку сложениот модел на Марк Хауард, авторот нуди прецизен приказ за тоа каде е точно позиционирано цивилното општество во рамките на општествениот организам, но и кои сфери и меѓусфери се дел од него. Во продолжение авторот дава приказ на функционалните типологии за цивилното општество на два исклучително влијателни автора – Мајкл Едвардс и Северин Брин. Објаснувајќи ја типологијата на Мајкл Едвардс, авторот навлегува во концептот на цивилното општество како асоцијативен живот, етички поредок и јавна сфера. Од друга страна, авторот нуди преглед и на теориите на Северин Брин кои го објаснуваат цивилното општество како трет сектор, приватен сектор, јавна сфера, политичка заедница, асоцијативен поредок и симболичен поредок.

Втората глава опфаќа 61 страници текст (45-106 стр.) и се однесува на сфаќањето на цивилното општество низ призмата на трите абрахамски религии: јудеизмот, христијанството и исламот. Во првиот дел од оваа глава е обработен концептот на цивилното општество во јудеизмот, почнувајќи со историскиот контекст во кој Евреите и нивниот филозофски и религиозен систем се оформуваат. Од оваа појдовна точка авторот се префрлува на генезата на вредностите на раното еврејско цивилно општество, но и на самиот концепт на цивилно општество кој постоел и постои кај Евреите со своите специфични манифестации. Конечно, расправата за јудеизмот и концептот на цивилното општество авторот ја заклучува со две круцијални димензии на овој однос – еврејскиот концепт на право и односот на Евреите кон државниот механизам. На сличен начин, авторот се осврнува и на концептот на цивилното општество во христијанството давајќи одредена историска заднина, со цел да се даде тежиште на релацијата цивилно општество – држава – пазар – религија, со потполно земање предвид на христијанската призма во обработката на оваа четиристрана релација. Во продолжение, авторот се осврнува на три

специфични механизми на цивилното општество кои постојат во христијанската традиција, а кои се однесуваат на принципите на автономија, партиципација и супсидијарност. Авторот го разгледува и отпорот на црквата против тиранијата, т.е. црквата како клучен актер на цивилното општество во борба против репресирањето од страна на одредени режими низ историјата. Третиот дел од втората глава е и последен и се однесува на исламското сфаќање на цивилното општество. Методолошки доследно авторот дава приказ на генезата на вредностите на исламското општество преку анализа на историскиот контекст, за потоа да премине на вредностите кои исламот ги промовира во однос на генеза на специфичната општествена сфера. Оттука авторот ја анализира и релацијата на цивилното општество, политиката и демократските капацитети на исламот, како и односот помеѓу политичката власт, религијата и цивилното општество кај муслиманите.

Третиот глава на докторската дисертација на кандидатот м-р Ненад Марковиќ се однесува на глобалното цивилно општество како нова развојна форма на цивилното општество. Ова поглавје содржи 32 страници текст (107-139 стр.). Првиот дел на ова поглавје се однесува на цивилното општество и влијанието на глобализацијата врз него. Од една страна авторот ја објаснува промената на социјалните актери (посебно државата) под ударот на глобализацијата, а од друга страна авторот дава увид во постепениот пад на квалитетот на либералната демократија, како директна причина за реорганизирање на цивилното општество во глобален контекст. Во вториот дел м-р Ненад Марковиќ дава објаснување на поимот на глобалното цивилно општество (и негова дефиниција) во квантитативна смисла, но и реакцијата на процесите на глобализација и променет суверенитет во квалитативна смисла, преку практиката на паралелени самити. Во продолжение се анализира тројниот однос глобални пазари – држава – глобално цивилно општество со цел да се утврди каква е оваа релација во сега веќе сменетиот глобален, а не национален и државен контекст. Конечно, третиот дел на оваа глава се однесува и на проблемот на наметнување на глобални вредности во рамките на глобалното цивилно општество.

Четвртата глава е најобемен дел од дисертацијата со оглед на тоа дека студијата на случај е сместена токму во овој дел. Четвртата глава го носи и насловот на самата докторска дисертација и опфаќа 96 страници (140-236 стр.). Во овој дел авторот успешно ја докажува хипотезата поставена во воведот на дисертацијата. Во првиот дел на студијата на случај авторот ја става Република Македонија во компаративна перспектива со другите транзициски општества во источна и југоисточна Европа. Тој ги споредува состојбите на цивилното општество во Македонија со регионот и пошироко, ставајќи акцент на три клучни аспекти – правната рамка на функционирање на невладиниот сектор, изборните манипулации, но и полициската пресија насочена кон цивилното општество која се среќава безмалку во сите општества кои поминуваат низ процесот на демократска стабилизација. Во рамките на студијата на случај е вклучена и провокативната анализа на економската корупција на цивилното општество од страна на меѓународните и домашните економски актери. Во вториот дел на студијата на случај, м-р Ненад Марковиќ ја анализира правната рамка за функционирање на невладините организации во Република Македонија во транзициониот период, тргнувајќи од претпоставката дека токму невладините организации се стожерен дел на цивилното општество. Во овој дел авторот дава аналитички и критички осврт на Законот за здруженија на граѓани и фондации од 1998 година, но и на новиот Закон за здруженија и фондации од 2010 година, со што дисертацијата добива и на актуелност. Во третиот дел на студијата на случај, авторот го поставува суштинското прашање – дали невладиниот сектор во Република Македонија во периодот на транзиција е фактор на консолидација или е актер без влијание. Авторот почнува со анализа на политичката култура и социјалниот капитал во државата, за да премине на анализа на довербата во самиот граѓански сектор како и проблемите и предизвиците на граѓанскиот сектор во интерна смисла. Четвртиот дел се однесува на синдикатите кои авторот ги евалуира како еден од најмалку успешните актери во рамките на цивилното општество. Анализата на синдикатите и нивната улога авторот ја започнува со глобалниот неповолен контекст за синдикално организирање и функционирање, за потоа да премине на поконкретните транзициони состојби. Суштината на овој дел е изложена во понатамошниот текст каде што авторот се осврнува на синдикалното организирање во периодот на демократската транзиција во Македонија, завршувајќи со

анализа на (не)довербата во синдикатите како исклучително неповолен фактор за нивното функционирање. Анализата на улогата на синдикатите авторот ја завршува со преглед на релативно неуспешната мисија на синдикатите во транзицијата од аспект на исполнување на нивната улога како специфичен актер на цивилното општество. Петтиот дел на студијата на случај за предмет на анализа ги има религиозните организации во Македонија и нивното учество во процесите на демократска стабилизација. Од една страна авторот дава увид во поопштиот контекст на враќање на религиозните вредности и потребата од религиозно убедување на граѓаните, а од друга страна авторот ја анализира високата доверба во религиозните организации како своевиден феномен на сцената на цивилното општество, но и причините за нивната успешност и ефективност. Во последниот, шести дел, авторот нé запознава со релацијата на медиумите и македонската транзиција, анализирајќи ја структурата на медиумскиот простор, но и индексите на успешноста дадени во податоците на повеќе меѓународни организации. Финално, анализата преминува во критички осврт кон довербата на граѓаните кон медиумите, но и кон феноменолошка анализа на предизвиците со кои медиумите се соочуваат во транзициониот контекст.

Во заклучокот, м-р Ненад Марковиќ уште еднаш потсетува на заднината и релевантноста на тезата, како и на методолошкиот пристап давајќи концизен заклучок, т.е. дека „*Со голем степен на сигурност може да се заклучи дека влијанието на организациите на цивилното општество врз демократската транзиција и консолидација во Република Македонија е исклучително ограничено и проследено со бројни проблеми, што се должи на бројни ситуациони агенси кои се последица на специфичниот транзициски контекст, но и на внатрешни фактори присутни кај самите организации на цивилното општество.*“

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на текстот на докторската дисертација **„Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација" од кандидатот м-р Ненад Марковиќ,** Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатот избрал оригинална тема, научно релевантна и практично применлива во македонската реалност. Станува збор за досега необработувана тема, т.е. влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација. Оваа релација е систематски проучена и утврдена преку аналитичкиот, компаративниот и критички метод. Самата студија на случај поместена во рамките на дисертацијата се однесува на Република Македонија, со што е задоволен критериумот на применливост во локалниот контекст.

2. Кандидатот јасно го дефинира предметот на истражувањето и успешно ја поставил основната, како и посебната хипотеза. Примената на широк спектар на методи за истражување на политиколошките концепти, укажува на силната методолошка подготвеност на кандидатот.

3. Предложената дисертација содржи конзистентна структура и висок степен на научна прегледност. Во рамките на конзистентната структурална поставеност на содржината, посебно е значајна анализата на големиот број библиографски единици, како и начинот на цитирање на референците.

4. Во изработката на дисертацијата кандидатот употребува повеќе логично оправдани и научно основани методолошки пристапи.

5. Кандидатот дошол до повеќе значајни заклучни констатации во поглед на темата на своето истражување.

***

Имајќи ги предвид изнесените констатации, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да ја прифати како успешна докторската дисертација под наслов „Влијанието на организациите на цивилното општество врз македонската демократска транзиција и консолидација" од кандидатот м-р Ненад Марковиќ и да овозможи јавна одбрана на дисертацијата.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

___________________________

2. Проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, с.р.

___________________________

3. Проф. д-р Ѓорѓе Иванов, с.р.

___________________________

4. Проф. д-р Марика Ристовска, с.р.

___________________________

5. Доц. д-р Зоран Илиевски, с.р.

___________________________

# РЕЦЕНЗИЈА

## *НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ГЕНЕТИКА" НАПИШАН ОД АВТОРИТЕ Д-Р СОЊА ИВАНОВСКА, Д-Р ЉУПЧО ЈАНКУЛОСКИ И М-Р МИРЈАНА ЈАНКУЛОВСКА*

Во учебното помагало „Збирка задачи по генетика", напишано од д-р Соња Ивановска, д-р Љупчо Јанкулоски и м-р Мирјана Јанкуловска, авторите систематски ја поткрепуваат теоријата од наставната содржина по генетика преку бројни практични примери и задачи. Со решавање на составените примери, читателите ќе имаат можност по логичен редослед да се запознаат со законитостите при наследувањето на особините и нивната променливост и нив да ги применуваат во практика.

Збирката задачи по генетика е поделена на 16 поглавја, напишани на 90 страници. Примерите за структурата на хромозомите и генетскиот материјал се дадени во I и II поглавје. Задачите кои се однесуваат на делбите на клетката се содржани во III поглавје. Проблемите што произлегуваат од правилата за наследувањето на особините според Мендел, како и исклучоците од овие правила се презентирани во IV, V, VI, VII, VIII, IX и XIV поглавје. Во X и XV поглавје се опфатени задачи од хибридизација, инбридинг и хетерозис. Различните видови на промени во бројот и структурата на хромозомите и мутациите се прикажани преку примерите во XI, XII и XIII поглавје.

Имајќи предвид дека авторите долг период изведуваат теоретска и практична настава по предметот генетика на Факултетот за земјоделски науки и храна, најголем број задачи се базираат на оригинални примери и податоци. Стилот на составување на задачите е разбирлив и прегледен, особено затоа што примерите се презентирани преку графички прикази и табели.

Со оглед на тоа што во збирката се содржат примери како од растителната, така и од анималната генетика, ова помагало претставува одличен учебен материјал за различни студиски програми од областа на биотехничките науки. Покрај студентите на додипломски студии, збирката задачи ефикасно може да се користи и од студенти на постдипломски студии, како и од други заинтересирани читатели за разбирање на генетиката на наследување на својствата.

Во XVI поглавје, збирно се претставени решенијата на сите задачи, со објаснување на начинот на кој се стигнува до точниот резултат. Ова овозможува студентите интерактивно да ги совладуваат теоретските содржини на практичните вежби.

Покрај сопствените примери и задачи, авторите користеле податоци од странска литература претставена во делот „Користена литература".

Трудот „Збирка задачи по генетика" има значајна едукативна вредност за успешно одржување на наставата и практичните вежби од областа на генетиката. Тој ќе овозможи студентите полесно и поефикасно да ги разберат и совладаат теоретските содржини и добиените сознанија да ги применуваат во практичните експерименти. Поради тоа, препорачувам овој труд да се печати како универзитетско учебно помагало.

Рецензент<br>
Проф. д-р Живко Сековски, редовен професор<br>
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје<br>
Природно-математички факултет - Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ГЕНЕТИКА" ОД АВТОРИТЕ Д-Р СОЊА ИВАНОВСКА, Д-Р ЉУПЧО ЈАНКУЛОСКИ И М-Р МИРЈАНА ЈАНКУЛОВСКА

Во ракописот „Збирка задачи по генетика", авторите д-р Соња Ивановска, д-р Љупчо Јанкулоски и м-р Мирјана Јанкуловска, успешно го вградиле своето долгогодишно искуство од одржувањето теоретска и практична настава по генетика на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Авторите се соочиле со голем предизвик од обемниот материјал од областа на генетиката да состават одреден број прифатливи и сосема разбирливи задачи. Преку решавањето на овие задачи, читателите имаат можност да се запознаат и да ги совладаат основните генетски принципи.

Збирката е напишана на 90 страници и содржи вкупно 255 задачи, кои авторите ги организирале во петнаесет поглавја, соодветно на одделните содржини од теоретската настава по генетика. Примерите се внимателно одбрани, со цел да бидат применливи за различни студиски програми кои го содржат предметот генетика.

Задачите се напишани со јасен и разбирлив стил, со логички редослед во однос на материјалот што треба да се совлада на теоретската настава. Авторите во составувањето на задачите користеле цртежи и табели со коишто успеале проблемите да ги прикажат на лесно прегледен и препознатлив начин за читателот.

Решенијата на задачите, авторите ги презентирале заедно со постапката на решавање во шеснаесеттото поглавје. Тоа овозможува читателите од која било област на интерес точно да ги решат задачите.

Авторите своето искуство во одржување на практична настава по генетика го вградиле во најголемиот дел од задачите преку сопствени оригинални идеи и примери. При составувањето на задачите, исто така, тие користеле модели од триесет и една референца од странски автори, наведени на крајот од збирката, во делот „Користена литература".

Ракописот „Збирка задачи по генетика" во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало за совладување на предметната програма по генетика и првенствено е наменет за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Исто така, овој ракопис може ефикасно да се користи и од студентите на другите факултети од областа на природните и биотехничките науки.

Збирката задачи по генетика ќе овозможи студентите индивидуално или групно да работат на зададените проблеми, односно практичните вежби да ги совладуваат на интересен и логичен начин. Освен тоа, задачите претставуваат соодветен материјал за изработка на семинарски теми. Истовремено, наставниците и соработниците со овој труд ќе го олеснат одржувањето на наставата и практичните вежби.

Трудот има особена наставно-научна вредност во областа на генетиката и затоа со задоволство препорачувам ракописот „Збирка задачи по генетика" да се печати како универзитетско учебно помагало.

Рецензент

Проф. д-р Цане Стојковски, редовен професор
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА МОДИФИКАЦИИ НА ЊУТНОВИОТ МЕТОД ЗА ЗАДАЧИ НА СТОХАСТИЧКО ПРОГРАМИРАЊЕ, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИРЕНА СТОЈКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 28.10.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Ирена Стојковска, со наслов Модификации на Њутновиот метод за задачи на стохастичко програмирање.

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов **„Модификации на Њутновиот метод за задачи на стохастичко програмирање“** од м-р Ирена Стојковска се состои од вовед, кратко авторезиме, користени ознаки и кратенки, три дела со вкупно 10 поглавја, два прилога, заклучоци и идни истражувачки насоки и листа на користена литература, изложена на вкупно 200 страници. Во докторската дисертација и референците се вклучени и некои од објавените трудови на кандидатката од областа на докторската дисертација во домашни и меѓународни списанија и трудови презентирани на домашни и меѓународни конференции.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Многу реални проблеми на оптимизација вклучуваат во себе неодредености. Донесувањето на одлуки при услови на неодреденост може да прерасне во комплексен проблем, од моментот на формулирање на проблемот, изборот на методот и имплементација на самиот метод. Целта на стохастичкото програмирање е решавање на такви оптимизациони задачи, познати како задачи на стохастичко програмирање. Методите на стохастичка оптимизација кои се дизајнираат за решавање на задачи на стохастичко програмирање се во фаза на брз постојан развој, благодарение на сѐ поголемата потреба од нив, како и придонесите од многу сродни и несродни дисциплини.

Во оваа докторска дисертација се разгледуваат методи за решавање на задачата на минимизација на непрекинато диференцијабилна функција $f : D \subseteq R^n \to R$ која е ограничена од долу на $D$ и при тоа достапни се само

измерените со шум врeдности на функцијата на целта $f$ и градиентот $\nabla f = g$ во секој $x \in R^n$, а тоа се $F(x,w) = f(x) + \xi(x,w)$ и $G(x,w) = g(x) + \varepsilon(x,w)$ соодветно, каде што $\xi(x,w)$ и $\varepsilon(x,w)$ се набљудуваните шумови во $x \in R^n$ и $w$ е параметарот на неодреденоста (случаен вектор). Методите кои се користат за решавање на горенаведената задача со шум се приспособуваат и за решавање на задачата со математичко очекување, која подразбира минимизирање на функцијата $f(x) := E[F(x,\xi)]$, каде што $F$ е реално вредносна функција и $\xi$ е параметарот на неодреденоста (случаен вектор).

Најпознат и широко прифатен метод на стохастичка оптимизација е методот на стохастичка апроксимација (SA) предложен од Robbins и Monro во 1951 година. Овој метод генерира низа од итерации според формулата $x_{k+1} = x_k + a_k G_k$, каде што $G_k$ е измерената со шум вредност на градиентот во $x_k$ и $\{a_k\}$ е некоја предефинирана низа од должини на чекорот која задоволува одредени услови, најчесто $a_k > 0, \sum_{k=0}^{\infty} a_k = \infty, \sum_{k=0}^{\infty} a_k^2 < \infty$. Теориските резултати за конвергенцијата на SA - методот се задоволителни, покажана е скоро сигурната конвергенција, додека во практика овој метод може да биде многу бавен. Затоа, во текот на сите овие години направени се најразлични обиди за надминување на бавната конвергенција на SA - методот, кои подразбираат адаптација на изборот на должините на чекорот (Kesten 1958, Kushner и Gavin 1973, Delyon и Juditsky 1993), замена на должините на чекорот со матрица (Ruppert 1985, Wei 1987, Monnez 2006) и воведување на алтернативни правци (Zi Xu 2010).

Од друга страна, методите за детерминистичка оптимизација, заради својството на глобална конвергенција од практичен аспект (конвергенција од било која почетна точка) и нивното релативно брзо стремење кон решението, претставуваат инспирација за многу стохастички методи. Во класичната оптимизација, познато е дека кај методите од Њутнов тип, изведбата на методот значително може да се подобри ако се примени линиско пребарување при одредување на должината на чекорот. Но, при оптимизација на функција со шум, големите чекори добиени од линиското пребарување доведуваат до цик-цак однесување кога сме во близина на стационарната точка, а дури можат и да ја избијат итерацијата од околината.

Предложените методи на стохастичка оптимизација во оваа докторска дисертација се главно комбинирани методи (методите GSLS, DSLS и GSLSf) кои на почетокот ги одредуваат должините на чекорот според правилото на линиско пребарување базирано на условот на Армижо во стохастичка околина, односно должината на чекорот $\alpha_k$ треба да го задоволува условот $F_k(x_k - \alpha_k G_k) \le F_k - c_1 \alpha_k \| G_k \|^2$, каде што $F_k$ и $G_k$ се измерените со шум вредности на функцијата на целта и градиентот во $x_k$ соодветно (методот GSLSf во овој дел користи и стохастички филтер), а потоа се применува одредување на должините на чекорите според SA - методот. Така се обезбедува брза изведба на методот на почетокот на оптимизациониот процес и безбедно стремење кон решението со SA -

чекори кога итерациите ќе навлезат во некоја околина на решението. Методите GSLS и GSLSf користат градиентен правец на пребарување, додека методот DSLS користи опаѓачки правец на пребарување. Главниот проблем при креирањето на новите комбинирани методи е одредување на околината на премин од линиско пребарување на SA - чекори. Предложен е и стохастички метод со опаѓачки правец и SA - чекори (методот DdSA). Под одредени стандардни претпоставки покажана е скоро сигурната конвергенција на сите предложени стохастички методи. Направени се и сеопфатни нумерички тестирања на новите методи (GSLS, DdSA, DSLS) и нивна споредба со SA - методот на сет од оптимизациони задачи за тестирање на методи на безусловна оптимизација (More, Garbow, Hillstrom) кои ја демонстрираат ефикасноста на предложените комбинирани методи.

Во оваа докторска дисертација се разгледува и аспектот на додавање филтер кај методите на оптимизација. Филтер - методите кај детерминистичката оптимизација првично се предложени од Fletcher во 1996 година. Главната намена на филтрите е почесто користење на Њутновиот чекор и на тој начин добивање на глобално конвергентен метод (во теориска смисла, т.е. $\liminf_{k\to\infty} \| g(x_k) \| = 0$). Во оваа докторска дисертација успешно е додаден филтер на Гаус-Њутнов-базираниот BFGS - метод (GNbBFGS) од Li и Fukushima 1999 и на тој начин е формиран нов метод - Гаус-Њутнов-базираниот BFGS - метод со филтер (GNbBFGSf) за задачи на безусловна детерминистичка оптимизација. Новиот филтер GNbBFGSf - метод успешно ги избегнува малите чекори од линиското пребарување и го намалува бројот на процедури наназад. Покажана е глобална конвергенција на GNbBFGSf - методот и изложени се некои резултати за негова локална конвергенција. На некои од тест – задачите, филтер-методот покажува подобра изведба отколку методот без филтер, значително намалувајќи ги бројот на итерации потребни да се достигне бараната точност на решението.

Инспириран од филтерот кај GNbBFGSf - методот, во оваа докторска дисертација, дефиниран е стохастички филтер кој е додаден на GSLS - методот и на тој начин е формиран нов стохастички филтер - метод (методот GSLSf). Методот GSLSf го намалува бројот на мали должини на чекорот добиени со линиското пребарување и на тој начин обезбедува побрза конвергенција кон решението на почетокот од оптимизациониот процес. Воспоставена е скоро сигурна конвергенција на GSLSf - методот.

## 3. Анализа на трудот

Материјалот во оваа докторска дисертација е изложен во три дела со вкупно 10 поглавја и два прилога. Во првиот дел со наслов „Вовед во безусловно стохастичко програмирање“, даден е широк спектар од воведни поими и тврдења со кои е постигнато подобро доближување до предметот на докторската дисертација. Во Глава 1., „Основни поими и тврдења“, изложени се некои основни дефиниции од областите на линеарната алгебра, топологијата на $R^n$ и повеќедимензионалната анализа. Во Глава 2., „Елементи од теорија на веројатност и статистичко заклучување“, изложени

се одбрани делови од теоријата на веројатност, мартингали и теореми за конвергенција на мартингали, и делови од статистичкото заклучување, како што се точкести и интервални оценувачи на параметри. Во Глава 3., „Математичко и стохастичко програмирање", дефинирана е задачата на метематичко програмирање, дадени се условите за оптималност за задача на безусловна оптимизација, дефинирана е задачата на стохастичко програмирање со акцент на задача на оптимизација на функција со шум. Во Глава 4., „Методи за безусловна оптимизација", изложени се некои од методите за безусловна детерминистичка оптимизација, како Нутновиот метод, методите на линиско пребарување, квази-Њутновите методи и ставен е акцент на анализата на конвергенцијата на методите на линиско пребарување. На крајот од оваа глава е изложен GNbBFGSf - методот со неговиот алгоритам и резултатите за глобална и локална конвергенција (резултатите од нумеричките тестирања се дадени во третиот дел). Во Глава 5., „Методи за стохастичка оптимизација. Стохастичка апроксимација", направен е увид на разноликоста на методите на стохастичка оптимизација и акцентот е ставен на методот на стохастичка апроксимација (SA), методот на стохастичка апроксимација со конечни разлики (FDSA), методот на стохастичка апроксимација со симултани пертурбации (SPSA) и при тоа е изложена теоријата на конвергенција за овие методи. Изложени се и методите на случајно пребарување и методот на апроксимација со средина на примерокот (SAA) заради проширување на видикот за методите на стохастичка оптимизација надвор од областа на стохастичка апроксимација.

Во вториот дел со наслов „Некои модификации на Њутновиот метод за задачи на безусловно стохастичко програмирање", изложени се новите стохастички оптимизациони методи од дизајнирање на методот до анализа на конвергенцијата (резултатите од нумеричките експерименти се дадени во третиот дел). Во Глава 6., „Градиентен стохастички метод (GSLS)", изложен е новиот комбиниран стохастички метод GSLS кој користи градиентен правец и на почетокот од оптимизационата постапка користи линиско пребарување во стохастичка средина за одредување на должините на чекорот, а потоа преминува на SA - должини на чекорот. Основен проблем е дефинирањето на моментот на премин од чекори од линиско пребарување на SA - чекори, и тој проблем е решен и теориски и практично. Под одредени стандардни претпоставки покажана е скоро сигурната конвергенција која се базира на покажување на конечноста на чекорите од линиското пребарување, па скоро сигурната конвергенција е обезбедена од бесконечно многу последователни чекори на SA - методот. Во Глава 7., „Стохастички методи со опаѓачки правец (DdSA, DSLS)", изложени се новите методи за стохастичка оптимизација кои користат опаѓачки правец $d_k$ за правец на пребарување дефиниран како правец кој го задоволува условот $G_k^T d_k < 0$ a.s., каде што $G_k$ е достапната измерена со шум вредност на градиентот во $x_k$. Воспоставена е скоро сигурна конвергенција на DdSA - методот со опаѓачки правец $d_k$ и SA - должини на чекорот, како и скоро сигурна конвергенција на комбинираниот метод со опаѓачки правец DSLS кој на почетокот користи процедура на линиско пребарување за која е

покажано дека се повикува конечно многу пати, а потоа преминува на SA - чекори кои ја осигуруваат скоро сигурната конвергенција. И тука основниот проблем на дефинирање на моментот на премин од чекори на линиско пребарување на SA - чекори е решен и теориски и практично, на сличен начин како кај GSLS - методот. Во Глава 8., „Градиентен стохастички метод со филтер (GSLSf)", изложен е новиот стохастички филтер метод базиран на GSLS - методот каде што во делот на линиско пребарување е додаден стохастички филтер кој претходно е дефиниран. Стохастичкиот филтер кој е дефиниран тука се смета како дополнително правило за прифаќање на итерацијата и е дефиниран за случај кога градиентниот шум е присутен само кај некои од компонентите на градиентот. Главниот резултат е покажување на конечноста на бројот на точки додадени во филтерот, па скоро сигурната конвергенција е обезбедена од истата кај GSLS - методот.

Во третиот дел со наслов „Нумерички резултати", изложени се резултатите од нумеричките тестирања на повеќето од новите методи на одбрани задачи или познат сет од задачи за тестирање на оптимизациони методи. Така, во Глава 9., „Нумерички резултати (GNbBFGSf)", презентирани се резултатите од тестирањето на новиот детерминистички филтер - метод GNbBFGSf во споредба со GNbBGS - методот без филтер од Li и Fukushima. Тестирањето е направено на одбрани задачи, и при тоа новиот филтер метод кај некои од задачите покажува значителна побрза конвергенција кон решението. Во Глава 10., „Нумерички резултати (GSLS, DdSA, DSLS)", презентирани се сеопфатните нумерички резултати од тестирањето на новите стохастички методи GSLS, DdSA, DSLS во споредба со SA - методот на Robbins и Monro. За правец на пребарување при тестирањето на методите со опаѓачки правец е земен BFGS - опаѓачкиот правец дефиниран во стохастичка околина. Тестирањето е направено на познат сет од задачи за тестирање на методи на безусловна оптимизација од More, Garbow, Hillstrom и резултатите покажуваат поголема успешност на комбинираните методи (GSLS, DSLS) кои користат процедура на линиско пребарување на почетокот од оптимизациониот процес, отколку соодветните методи без линиско пребарување (SA, DdSA). Исто така, изборот на правецот (градиентен или опаѓачки) игра важна улога, имено иако методите со опаѓачки правец имаат помала успешност, сепак тие се доближуваат подобро до решението.

Во прилозите А и В изложени се тест-задачите користени при добивање на нумеричките резултати за детерминистичкиот GNbBFGSf - метод и стохастичките GSLS, DdSA, DSLS методи соодветно.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Некои од резултатите изложени во докторската дисертација се објавени или се во постапка на објавување.

[1] N. Krejić, Z. Lužanin, **I. Stojkovska,** *Gauss-Newton-based BFGS method with filter for unconstrained minimization,* Applied Mathematics and Computation, Vol.211, No.2 (2009), pp.354-362

[2] Z. Lužanin, **I. Stojkovska**, *One result for superlinear local convergence of Gauss-Newton-based BFGS method with filter*, submitted

[3] N. Krejić, Z. Lužanin, **I. Stojkovska**, *A gradient method and its descent direction extension for unconstrained optimization in noisy environment*, submitted

## 5. Оригинални придонеси на докторската дисертација

Оваа докторска дисертација има значаен теориски придонес во две области на нумеричката оптимизација - детерминистичка и стохастичка безусловна оптимизација. Детерминистичкиот филтер - метод GNbBFGSf, следејќи ги новите трендови во глобалната оптимизација - филтер - методите, дава еден начин на подобрување на познат оптимизационен метод со имплементирање на филтер. Стохастичките комбинирани оптимизациони методи GSLS и DSLS укажуваат на нов пристап кон дизајнирањето на стохастички оптимизациони методи кои од една страна би ги искористиле добрите особини од методите на линиско пребарување и стохастичката апроксимација, а од друга страна би биле погодни за имплементација на реални проблеми бидејќи може успешно да работат и со мали големини на примерокот. Исто така добиени се теориски резултати за конвергенција на новите комбинирани методи под стандардни претпоставки. Стохастичкиот филтер метод GSLSf отвора нови правци во креирањето на стохастички филтери и се очекува да даде добри резултати при решавање на оптимизационите задачи.

Исто така, направено е опсежно нумеричко тестирање на новите комбинирани стохастички оптимизациони методи со што е покажана нивната ефикасност при решавањето на повеќе видови оптимизациони задачи.

## 6. Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Модификации на Њутновиот метод за задачи на стохастичко програмирање“ е даден значаен придонес во областа на стохастичката оптимизација.

Кандидатката м-р Ирена Стојковска покажува широко и длабоко познавање на проблематиката, голема инвентивност и истражувачки дух, што резултира со извонреден научен придонес во откривање на нови поефикасни начини за решавање на добро познати проблеми. Некои од резултатите изложени во докторската дисертација се презентирани на домашни и меѓународни конференции и публикувани во домашни и меѓународни списанија.

Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и

Методиј", да го прифати извештајот и на кандидатката м-р Ирена Стојковска да и одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Модификации на Њутновиот метод за задачи на стохастичко програмирање".

**Комисија**

1. Проф. д-р Зорана Лужанин (ментор), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Нови Сад, Србија, с.р.

2. Проф. д-р Наташа Крејиќ (член), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Нови Сад, Србија, с.р.

3. Проф. д-р Марија Оровчанец (член), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија, с.р.

4. Проф. д-р Никита Шекутковски (член), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија, с.р.

5. Проф. д-р Верица Бакева (член), вонреден професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ АСТРОФИЗИКА И ОПШТА ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-2429/3 од 5.11.2010 година на седницата на Наставно-научниот совет на ПМФ одржана на 28.10.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања. На распишаниот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха" на 19.10.2010 година, се пријавила д-р Олгица Кузмановска Барандовска. По прегледувањето на доставениот материјал имаме чест на ННС да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Д-р Олгица Кузмановска Барандовска е родена во Куманово на 19.11.1974 година, каде што завршила основно и средно (математичка гимназија) образование. Студии по астрофизика завршила на Катедрата за астрономија при Математичкиот факултет во Белград, на 28.12.1998 година.

Постдипломски студии по астрофизика завршила на Катедрата за астрономија при Математичкиот факултет во Белград, со одбрана на магистерскиот труд на тема: *О преносу енергије кроз унутрашњост ротирајућих звезда*, и се стекнала со академски степен магистер по астрофизика на 6.6.2005 година. Докторска дисертација од областа на теориската астрофизика одбранила на Катедрата за астрономија при Математичкиот факултет на Белградскиот универзитет, на 1.6.2010 година, и се стекнала со звањето доктор по астрофизика.

Како студент-постдипломец во периодот јули - декември 1999 година работела во Народната опсерваторија во Белград на местото предавач во Планетариум, при што реализирала:

- планетариумски проекции, осмислување и изведување предавања од областа на астрофизиката и астрономијата;
- ракување со телескоп и организација на набљудувања на астрономски настани;
- техничко уредување на едицијата "Васиона".

Од 15.8.2001 до 2.9.2002 година работела како професор по физика во приватното средно училиште „Јахја Кемал" во Скопје. Наставата ја изведувала на англиски јазик.

За помлад асистент е избрана на 12.6.2002, а последниот избор во асистентско звање на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје е извршен на 23.9.2009 година. Изведува нумерички вежби по предметите астрономија со астрофизика, општа астрономија, општа астрофизика, теориска астрофизика, како и нумерички и лабораториски вежби по електромагнетизам, биофизика и општа физика (за студентите на фармација, аналитичка биохемија, математика и медицина).

Во изминатиот период има реализирано 14 престои на Катедрата за астрономија при Математичкиот факултет во Белград, во рамките на кои се изведени консултации и истражувања од областа на структура на ѕвезди и теориска астрофизика.

Престојувала во Интернационалниот центар за теориска физика „Абдус Салам" во Трст, Италија (9.10.2004-19.9.2004), како и во Обединетиот институт за нуклеарни истражувања, Франкова лабораторија за физика на неутрони (Joint Institute of Nuclear Research, Frank's laboratory of neutrons physics), Дубна, Русија (22.1-14.2.2006 г.). Била учесник и на Летната школа за космологија одржана во Abdus Salam International Centre for Theoretical Physics, Трст, Италија (19.7.2010-30.7.2010).

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Покрај ангажирањето околу својот научен кариерен развој, д-р Олгица Кузмановска Барандовска има и разновиден и обемен наставен ангажман, околу одржување на нумерички и лабораториски вежби како на матичниот така и на други веќе спомнувани факултети при

нејзините досегашни избори. Забележливо е нејзиното учество на бројни астрономски школи, семинари, школи за млади физичари и во подготовка на списанието „Астрономски алманах".

Освен интересни наслови на 12 одржани предавања цитирани во претходни рецензии за избор, д-р Олгица Кузмановска Барандовска приложува список на научно-популарни статии:

1. О. Кузмановска, Питања и одговори: Судари галаксија, *Васиона - Часопис за астрономију*, књига **XI**, број **4**, 1999г. 1-2стр. додатак, Београд, 1999;
2. О. Кузмановска, Питања и одговори: Сјај звезда, *Васиона - Часопис за астрономију*, књига **XI**, број **4**, 1999, 2стр. додатак, Београд, 1999;
3. О. Кузмановска, *За активната галаксија Centaurus A*, Импулс бр. 50, 7-8стр.,Скопје, 2002-03;
4. О. Кузмановска, *Галаксии и нивното формирање*, 4-та Зимска астрономска школа, 51-57 стр., Скопје, 2002;
5. О. Кузмановска, *Раѓањето и смртта на ѕвездите*, 5-та Зимска астрономска школа, 1-6 стр., Скопје и Битола, 2003;
6. О. Кузмановска, *Патување низ соѕвездијата*, 6-та Зимска астрономска школа, 34-42 стр., Скопје, 2004;
7. О. Кузмановска, *Неверојатните открития на вселенската опсерваторија „Чандра"*, Астрономски алманах, Скопје, 2005;
8. О. Кузмановска, *Ајнштајновата гравитација - основа на вселената*, 30-та Школа млади физичари, 18-26 стр., Скопје, 2005;
9. О. Кузмановска, *Дали Плутон е планета?*, Астрономски алманах 2007, 1-12 стр., Скопје, 2007;
10. О. Кузмановска-Барандовска, *Откритието на екстрасоларна планета ја предвидува иднината на Земјата*, Импулс бр. 54, 21-23стр.,Скопје, 2007;
11. О. Кузмановска-Барандовска, *Активните средишта на галаксиите -супермасивни црни јами*, Астрономски алманах 2008, 74-83 стр., Скопје, 2008;
12. О. Кузмановска-Барандовска, *Првите моменти од постоењето на Вселената*, 31-ва Школа млади физичари, 49-61 стр., Скопје, 2008;
13. О. Кузмановска-Барандовска, *Катаклизмичните настани во тесните двојни системи*, Астрономски алманах 2009, 25-34 стр., Скопје, 2009;
14. Гордана Апостоловска, Олгица Кузмановска, **„Одбрани делови од астрономија"**, издание на Институтот за физика, Природно-математички факултет, Скопје, 70 страници (2006), Темпус-проект CO16A05.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Научни трудови

1. О. Кузмановска-Барандовска, *Метод итерационих фактора у решавању проблема преноса зрачења атомима са више нивоа у звезданим атмосферама*, Катедра за астрономија, Математички факултет, Универзитет во Белград, 110 страници, 1.6.2010 г. докторска дисертација.

Во оваа дисертација е предложен нов пристап- метод на итерациони фактори - за решавање на проблемот на формирање на спектрални линии во ѕвездените атмосфери со атоми со повеќе нивоа. Решавањето на овој нелинеарен проблем исклучително брзо води кон точно решение, без потреба од дополнителни математички техники кои би ја забрзале итеративната процедура. Основната идеја на методот на итерациони фактори е во користењето на одредени квазиинваријантни функции, т.н. итерациони фактори, кои се дефинирани како односи на моментите на интензитетот на зрачење и се пресметуваат на почетокот на секоја итерација од тековното решение на проблемот, за потоа да се користат за пресметка на поправката на тоа решение. За да обезбедат брза и стабилна конвергенција, потребно е овие фактори многу малку да се менуваат од итерација во итерација, т.е. многу брзо да бидат точни коефициенти на равенките со чие решавање ќе се добие поправено решение. Методот е развиен за линеарниот проблем на пренос на зрачење со атоми со две енергетски нивоа, а во дисертацијата е

генерализиран на многу посложениот нелинеарен проблем на пренос на зрачење со атоми со повеќе нивоа, чие решавање бара поинаков математички пристап.

2. O. Kuzmanovska, T. Angelov , Stellar rotation and its influence on some structural parameters of young stars, *Physica Macedonica*, **55**, p.7-18 (2005). (Рецензиран при првиот избор за асистент)
3. O. Kuzmanovska, On the Convective Cores of MS rotating stars, *Serbian Astronomical Journal*, **№ 173**, p. 65-71 (2006). (Билтен 968, стр. 266, 15.6.2009)
4. O. Kuzmanovska-Barandovska , O. Atanackovic, The Use of Iteration factors in the Solution of the NLTE Line Transfer Problem – II. Multilevel Atom, *Journal of Quantitative Spectroscopy and Radiative Transfer*, **№ 111**, p.708-722 (2010) (IF=1,862). Методот на итерациони фактори развиен за проблемот на формирање на спектрални линии во услови на нелокална термодинамичка рамнотежа во ѕвездените атмосфери со атоми со две нивоа, во трудот е генерализиран за решавање на проблемот кај атоми со повеќе нивоа. На почетокот на секој чекор во итеративната процедура, за секој премин меѓу нивоата и за секоја оптичка длабочина дефинирани се итерациони фактори усреднети по агли (насоки на простирање на зрачењето) и фреквенции. Факторите се пресметуваат од формалното решение на равенката на пренос на зрачење и служат за затворање на системот на меѓусебно зависните равенки на моменти на пренос на зрачење и на статистичка рамнотежа. Нелинеарната меѓусебна поврзаност на населеностите на атомските нивоа и соодветните интензитети на зрачење во спектралните линии се третираат на два начини: со линеаризација на равенките на пренос на зрачење и статистичка рамнотежа по сите променливи и со користење на одредени модификации за равенките на статистичка рамнотежа да се трансформираат во линеарни. И во двата случаја користењето на итерационите фактори овозможува брза конвергенција на итеративната процедура кон точни решенија. Конвергентните својства на процедурата се детално испитани при нејзина примена на решавање на прототип - проблемот на Аврет и Лесер (Avrett & Loeser).
5. O.Kuzmanovska-Barandovska, Iteration factors in the line formation problem with frequency dependent source function, *Serbian Astronomical Journal*, **№ 180**, p. 81-89 (2010). Во трудот неколку претходно дефинирани фамилии на итерациони фактори, се искористени за решавање на проблемите за формирање на спектрални линии кога ќе се земе предвид континуумот на кои се суперпонирани линиите. Дискутирани се конвергентните својства на итеративната процедура применета на проблемот на пренос на зрачење во спектралните линии за модел на атом со две нивоа во средина со константни и променливи физички својства (за константен апсорпционен профил на линијата и за профил кој се менува со оптичката длабочина).

**Учество во научни/стручни собири со реферат:**

1. O. Kuzmanovska, *Influence of the stellar rotation on the structural parametres of rotating stars*, 27th International School for Young Astronomers, July 2-23, 2004, Ifrane, Morocco (усно соопштение).
2. О. Кузмановска, *Моделирање на структурата на ротирачка ѕвезда од Главната низа* (усно соопштение), 5-та Конференција на физичарите на Република Македонија (24-26.09.2004), Охрид, Македонија (усно соопштение).
3. O. Kuzmanovska, *Influence of the stellar rotation on mass and radius of the convective core on the Main Sequence*, XIV National conference of astronomers of Serbia and Montenegro, October 12-15,2005, Belgrade, Serbia and Montenegro (усно соопштение).
4. O. Kuzmanovska, *Influence of the stellar rotation on mass of the convective core on the Main Sequence*, International conference "Advances in Physics and Astrophysics of the 21st century", September 6-11,2005, Varna, Bulgaria (усно соопштение).

5. O. Kuzmanovska, *The Redistribution Of The Regions in Radiative And Convective Equilibrium Of The Stars Of The Main sequence With Rotation*, XXVI General Assembly of International Astronomical Union, August 14-25, 2006, Prague, Czech Republic (постер).
6. O. Kuzmanovska - Barandovska, *Multilevel line transfer with the iteration factors method*, XV National conference of astronomers of Serbia, October 2-5,2008, Belgrade, Serbia (усно соопштение).
7. O. Kuzmanovska – Barandovska, O. Atanackovic: *Iteration factors method for multilevel radiative transfer: Convergence properties*, 6th SREAC Meeting, Astrophysics and Astrodynamics in Balkan countries in the International year of Astronomy, September 28-30,2009, Belgrade, Serbia (усно соопштение).

**Предавања на научни семинари:**

1. *За преносот на енергија во внатрешноста на ротирачките ѕвезди*, 9 јуни 2005, Природно математички факултет, Институт за физика, Скопје.
2. *Методот на итерациони фактори во решавање на проблемот на пренос на зрачење со атоми со повеќе нивоа во ѕвездените атмосфери*, 9 јуни 2010, Природно - математички факултет, Институт за физика, Скопје.
3. *Преносот на зрачење во ѕвездените атмосфери и методот на итерационите фактори*, 4 мај 2010, Катедра за астрономија, Математички факултет, Белград, Србија.

**Учество во научни проекти:**

1. Учесник во национален научен проект: *Фотометриски и астрометриски изучувања на астероидниот појас*, финансиран од МОН, раководен од проф. д-р Олга Галбова (2001-2004).
2. Учесник во национален научен проект: *Фотометриски и астрометриски изучувања на астероиди и комети. Теориски истражувања на ѕвезди*, финансиран од МОН, раководен од проф. д-р Гордана Апостоловска (2006-2009).
3. Учесник во UNESCO – BRESCE – проект: „Collaboration in astronomical research in SEE countries and common activities during IAY 2009", раководен од SREAC (Sub-regional Europian Astronomical Committee) (2009-2010).

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

1. Учество во промотивни активности на Институтот за физика во 2006, 2007 и 2008 година.
2. Учество во организацијата и подготовката на државните натпревари по физика за учениците од средните училишта во Р. Македонија: 2003-2009 година.
3. Член на Комисијата за областа астрономија на државните смотри на младите истражувачи од Р. Македонија "Наука на млади" во 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 и претседател на истата комисија во 2008 и 2009 г.
4. Член на Комисијата за областа астрономија на смотрите на млади техничари и природници за ученици од петто до осмо одделение во годините 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 и претседател на истата комисија во 2008, 2009 и 2010.
5. Член на Комисијата на Републичкиот натпревар по астрономија организиран од Македонското астрономско друштво и Институтот за физика (2006, 2007, 2010).

**Дејности од поширок интерес:**

1. Член на организационен одбор на Зимската астрономска школа (2006, 2007, 2010)
2. Учество во меѓународен образовен проект: *"Web-based Learning Courses for Science Teachers"*, и *"Investigations in Market Needs of Various Physics Study Profiles: A New Supplement Diploma"* (Истражување на пазарот на трудот за потребите на различни профили на физичари) (Tempus CO16A05).
3. Учесник во подготовката и пријавувањето на научен национален проект со наслов: „Спектроскопија на двојни ѕвездени системи и решавање на проблемот на формирање на

спектрални линии во ѕвездени атмосфери. Комплексни (позициски, фотометриски, спектрометриски, теориски) истражувања на објектите на Сончевиот систем". Конкурс на МОН, јануари 2010 година.

4. Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание „Астрономски алманах": 2008, 2009 и 2010.
5. Секретар и член на Претседателството на Македонското астрономско друштво.
6. Член на Друштвото на физичари на Р. Македонија.
7. Експертска активност: учество во прилог (дел) од емисијата „*Научен спектар*" на МТВ (Нова дефиниција на планетите), 2006.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот и од образецот кон извештајот каде што во поени се регистрирани одделните активности може да се заклучи дека д-р Олгица Кузмановска Барандовска во целокупната нејзина досегашна работа покажува солидни резултати како во едукативниот така и во научноистражувачкиот дел, со посебни заслуги за популаризација на астрономијата и астрофизиката. Од самиот почеток таа успешно го гради својот кариерен развој, при што секој пат покажува коректност, исполнителност и принципиелност при реализацијата на своите обврски. Кандидатката е единствен доктор по астрофизика во Р. Македонија кој со својата научна и образовна дејност многу ќе придонесува при реализација како на првиот, така и на вториот циклус студии по физика.

Ценејќи ја вкупната активност, ни претставува задоволство да му препорачаме на Наставно-научниот совет на ПМФ, д-р Олгица Кузмановска Барандовска да биде избрана во звањето доцент по група предмети од областите астрофизика и општа физика на Институтот за физика при ПМФ.

Рецензентска комисија

1. Д-р Станоја Стоименов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Гордана Апостоловска, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Олгица Трајче Кузмановска-Барандовска
**Институција:** Природно-математички факултет, Институт за физика
**Научна област:** физика

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржани вежби:** | |
| | **2002/03 (зимски семестар)** | |
| 1. | Лабораториски вежби, 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по математика), 2 часа/нед., зимски семестар | 0,9 |
| 2. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Медицински факултет: биофизика (студии по медицина), 3 групи по 2 часа/нед. | 2,7 |
| 3. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 4. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2002/03 (летен семестар)** | |
| 5. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по математика), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| 6. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| 7. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| | **2003/04 (зимски семестар)** | |
| 8. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 5 групи по 3 часа/нед. | 6,75 |
| 9. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2003/04 (летен семестар)** | |
| 10. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед. | 1,35 |
| 11. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 12. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, наставна насока), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 13. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, насока геофизика), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 14. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед. | 0,9 |
| | **2004/05 (зимски семестар)** | |
| 15. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 5 групи по 3 часа/нед. | 6,75 |
| 16. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| 17. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед., летен семестар | 1,35 |
| 18. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| | **2004/05 (летен семестар)** | |
| 19. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика) 3, часа/нед., летен семестар | 1,35 |
| 20. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | (студии по физика), 2 часа/нед., летен семестар | |
| 21. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика-нова програма), 4 часа/нед., летен семестар | 1,8 |
| 22. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика-нова програма), 3 часа/нед., летен семестар | 1,35 |
| 23. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, наставна насока), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| 24. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| | **2005/06 (зимски семестар)** | |
| 25. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 5 групи по 3 часа/нед. | 6,75 |
| 26. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2005/06 (летен семестар)** | |
| 27. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 4 часа/нед. | 1,8 |
| 28. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед. | 1,35 |
| 29. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, наставна насока), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 30. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед. | 0,9 |
| | **2006/07 (зимски семестар)** | |
| 31. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 5 групи по 3 часа/нед. | 6,75 |
| 32. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2006/07 (летен семестар)** | |
| 33. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 4 часа/нед. | 1,8 |
| 34. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед. | 1,35 |
| 35. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, наставна насока), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 36. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед. | 0,9 |
| | **2007/08 (зимски семестар)** | |
| 37. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: општа астрономија (студии по физика, применета насока), 2 часа/нед., летен семестар | 0,9 |
| 38. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 3 групи по 3 часа/нед. | 4,05 |
| 39. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2007/08 (летен семестар)** | |
| 40. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика) 4 часа/нед. | 1,8 |
| 41. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед. | 1,35 |
| 42. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, наставна насока), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 43. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: општа астрофизика (студии по физика, применета насока), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 44. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед. | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | **2008/09 (зимски семестар)** | |
| 45. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: теориска астрофизика (студии по физика, применета насока), 3 часа/нед., летен семестар | 1,35 |
| 46. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 3 групи по 3 часа/нед. | 4,05 |
| 47. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2008/09 (летен семестар)** | |
| 48. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 4 часа/нед. | 1,8 |
| 49. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед. | 1,35 |
| 50. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед. | 0,9 |
| | **2009/10 (зимски семестар)** | |
| 51. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 3 групи по 2 часа/нед. | 2,7 |
| 52. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, Фармацевтски факултет: биофизика (студии по фармација), 2 групи по 1 час/нед. | 0,9 |
| | **2009/10 (летен семестар)** | |
| 53. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 4 часа/нед. | 1,8 |
| 54. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: електромагнетизам (студии по физика), 3 часа/нед. | 1,35 |
| 55. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: астрономија со астрофизика (студии по физика, наставна насока), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 56. | Лабораториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 групи по 2 часа/нед. | 1,8 |
| 57. | Аудиториски вежби 1 циклус студии, ПМФ: физика (студии по аналитичка биохемија), 2 часа/нед. | 0,9 |
| 58. | Консултации со студенти: 2002/03: 279 студенти; 2003/04: 296 студенти; 2004/05: 345 студенти; 2005/06: 331 студенти; 2006/07: 312 студенти; 2007/08: 305 студенти; 2008/09: 261 студенти; 2009/10: 333 студенти | 4,924 |
| | **Научно-популарни предавања на стручни школи:** | |
| 59. | „Галаксии и нивното формирање", 4-та Зимска астрономска школа, Скопје, 2002. | 1 |
| 60. | „Раѓањето и смртта на ѕвездите", 5-та Зимска астрономска школа, Скопје и Битола, 2003. | 1 |
| 61. | „Патување низ соѕвездијата", 6-та Зимска астрономска школа, Скопје, 2004. | 1 |
| 62. | „Еволуцијата на ѕвездите", научно-популарно предавање организирано од Скопското астрономско друштво, Скопје, 2004. | 1 |
| 63. | „Неверојатните откритија на вселенската опсерваторија Чандра", Астрономски алманах, 7-та Зимска астрономска школа, Скопје, 2005. | 1 |
| 64. | „Ајнштајновата гравитација - основа на вселената", 30-та Школа млади физичари, Скопје, 2005. | 1 |
| 65. | Предавање (настава) во работилница за наставници од средни училишта (како учесник на Темпус-проектот CO16A05): „Одбрани делови од астрономија", 19.6.2006, Природно-математички факултет, Скопје. | 1 |
| 66. | „Дали Плутон е планета?", научно-популарно предавање организирано од Скопското астрономско друштво, Скопје, 2006 | 1 |
| 67. | „Дали Плутон е планета?", 9-та Зимска астрономска школа, 2007. | 1 |
| 68. | „Активните средишта на галаксиите -супермасивни црни јами", | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10-та Зимска астрономска школа, 2008. | |
| 69. | „Првите моменти од постоењето на Вселената", 31-та Школа млади физичари, Скопје, 2008. | 1 |
| 70. | „Катаклизмичните настани во тесните двојни системи", 11-та Зимска астрономска школа, 2009 | 1 |
| | **Научно-популарни статии:** | |
| 71. | О. Кузмановска, Питања и одговори: „Судари галаксија„ Васиона - Часопис за астрономију, књига XI, број 4, 1999г. 1-2стр. додатак, Београд, 1999. О. Кузмановска, Питања и одговори: „Сјај звезда", Васиона - Часопис за астрономију, књига XI, број 4, 1999, 2стр. додатак, Београд, 1999. | 1 |
| 72. | О. Кузмановска, „За активната галаксија Centaurus A", Импулс бр. 50, 7-8 стр.,Скопје, 2002-03. | 1 |
| 73. | О. Кузмановска, „Галаксии и нивното формирање", 4-та Зимска астрономска школа, 51-57 стр., Скопје, 2002. | 1 |
| 74. | О. Кузмановска, „Раѓањето и смртта на ѕвездите", 5-та Зимска астрономска школа, 1-6 стр., Скопје и Битола, 2003. | 1 |
| 75. | О. Кузмановска, „Патување низ соѕвездијата", 6-та Зимска астрономска школа, 34-42 стр., Скопје, 2004. | 1 |
| 76. | О. Кузмановска, „Неверојатните откритија на вселенската опсерваторија Чандра", Астрономски алманах, Скопје, 2005. | 1 |
| 77. | О. Кузмановска, „Ајнштајновата гравитација - основа на вселената", 30-та Школа млади физичари, 18-26 стр., Скопје, 2005. | 1 |
| 78. | О. Кузмановска, Дали Плутон е планета?, Астрономски алманах 2007, 1-12 стр., Скопје, 2007. | 1 |
| 79. | О. Кузмановска- Барандовска, „Откритието на екстрасоларна планета ја предвидува иднината на Земјата", Импулс бр. 54, 21-23стр.,Скопје, 2007. | 1 |
| 80. | О. Кузмановска-Барандовска, „Активните средишта на галаксиите -супермасивни црни јами", Астрономски алманах 2008, 74-83 стр., Скопје, 2008. | 1 |
| 81. | О. Кузмановска-Барандовска, „Првите моменти од постоењето на Вселената", 31-та Школа млади физичари, 49-61 стр., Скопје, 2008. | 1 |
| 82. | О. Кузмановска-Барандовска, „Катаклизмичните настани во тесните двојни системи", Астрономски алманах 2009, 25-34 стр., Скопје, 2009. | 1 |
| | **Останато:** | |
| 83. | Научно-стручна книга: Гордана Апостоловска, Олгица Кузмановска, „Одбрани делови од астрономија", издание на Институтот за физика, Природно-математички факултет, Скопје, 70 страници (2006), Темпус-проект CO16A05. | 4 |
| 84. | Член на комисија за одбрана на 8 дипломски работи | 0,8 |
| | **Вкупно** | **129,12** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Р. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Магистерски труд: О.Кузмановска, „О преносу енергије кроз унутрашњост ротирајуќих звезда", Катедра за астрономија, Математички факултет, Белград, 56 страници + 18 страници (прилог), 6.6.2005 г. | 4 |
| 2. | Докторска дисертација: О.Кузмановска-Барандовска, „Метод итерационих фактора у решавању проблема преноса зрачења атомима са више нивоа у звезданим атмосферама" , Катедра за астрономија, Математички факултет, Белград, 110 страници, 1.6.2010 г. | 8 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: O. Kuzmanovska, T. Angelov , Stellar | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | rotation and its influence on some structural parameters of young stars, *Physica Macedonica*, 55, p.7-18 (2005). | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: O. Kuzmanovska, On the Convective Cores of MS rotating stars, *Serbian Astronomical Journal*, **№ 173**, p. 65-71 (2006). | 6 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: O. Kuzmanovska-Barandovska , O. Atanackovic, The Use of Iteration factors in the Solution of the NLTE Line Transfer Problem – II. Multilevel Atom, *Journal of Quantitative Spectroscopy and Radiative Transfer*, **№ 111**, p.708-722 (2010) (IF=1,862). | 7,262 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: O. Kuzmanovska-Barandovska, Iteration factors in the line formation problem with frequency dependent source function, *Serbian Astronomical Journal*, **№ 180**, p. 81-89 (2010). | 6 |
| | **Учество во научни/стручни собири со реферат:** | |
| 7. | O. Kuzmanovska, *Influence of the stellar rotation on the structural parametres of rotating stars*, 27th International School for Young Astronomers, July 2-23, 2004, Ifrane, Morocco (усно соопштение). | 1 |
| 8. | О. Кузмановска, *Моделирање на структурата на ротирачка ѕвезда од Главната низа* (усно соопштение), 5-та Конференција на физичарите на Република Македонија (24-26.09.2004), Охрид, Македонија (усно соопштение). | 1 |
| 9. | O.Kuzmanovska, *Influence of the stellar rotation on mass and radius of the convective core on the Main Sequence*, XIV National conference of astronomers of Serbia and Montenegro, October 12-15, 2005, Belgrade, Serbia and Montenegro (усно соопштение). | 1 |
| 10. | O.Kuzmanovska, *Influence of the stellar rotation on mass of the convective core on the Main Sequence*, International conference "Advances in Physics and Astrophysics of the 21st century", September 6-11, 2005, Varna, Bulgaria (усно соопштение). | 1 |
| 11. | O. Kuzmanovska, *The Redistribution Of The Regions in Radiative And Convective Equilibrium Of The Stars Of The Main sequence With Rotation*, XXVI General Assembly of International Astronomical Union, August 14-25, 2006, Prague, Czech Republic (постер). | 1 |
| 12. | O.Kuzmanovska - Barandovska, *Multilevel line transfer with the iteration factors method*, XV National conference of astronomers of Serbia, October 2-5,2008, Belgrade, Serbia (усно соопштение). | 1 |
| 13. | O.Kuzmanovska – Barandovska, O. Atanackovic; *Iteration factors method for multilevel radiative transfer: Convergence properties*, 6th SREAC Meeting, Astrophysics and Astrodynamics in Balkan countries in the International year of Astronomy, September 28-30,2009, Belgrade, Serbia (усно соопштение). | 1 |
| | **Учество во научни проекти:** | |
| 14. | Учесник во национален научен проект: „Фотометриски и астрометриски изучувања на астероидниот појас", финансиран од МОН (2001-2004) | 3 |
| 15. | Учесник во национален научен проект: „Фотометриски и астрометриски изучувања и астероиди и комети. Теориски истражувања на ѕвезди", финансиран од МОН (2006-2009). | 3 |
| 16. | Учесник во UNESCO – BRESCE – проект: "Collaboration in astronomical research in SEE countries and common activities during IAY 2009" раководен од SREAC (Sub-regional Europian Astronomical Committee) (2009-2010). | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Предавања на научни семинари:** | |
| 17. | *За преносот на енергија во внатрешноста на ротирачките ѕвезди*, 9 јуни 2005, Природно-математички факултет, Институт за физика, Скопје. | |
| 18. | *Методот на итерациони фактори во решавање на проблемот на пренос на зрачење со атоми со повеќе нивоа во ѕвездените атмосфери*, 9 јуни 2010, Природно - математички факултет, Институт за физика, Скопје. | |
| 19. | *Преносот на зрачење во ѕвездените атмосфери и методот на итерационите фактори*, 4 мај 2010, Катедра за астрономија, Математички факултет, Белград, Србија. | |
| | **Вкупно** | **52,86** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Р. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во организацијата и подготовката на државните натпревари по физика за учениците од средните училишта во Р. Македонија: 2003-2009 година. | 7 |
| 2. | Член на Комисијата за областа астрономија на државните смотри на младите истражувачи од Р. Македонија "Наука на млади" во 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 и претседател на истата комисија во 2008 и 2009 г.<br>Член на Комисијата за областа астрономија на смотрите на млади техничари и природници за ученици од петто до осмо одделение во годините 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 и претседател на истата комисија во 2008, 2009 и 2010. | 15 |
| 3. | Член на Комисијата на Републичкиот натпревар по астрономија организиран од Македонското астрономско друштво и Институтот за физика (2006, 2007, 2010) . | 3 |
| 4. | Експертска активност: учество во емисијата „*Научен спектар*" на МТВ (Нова дефиниција на планетите), 2006. | 1 |
| 5. | Учество во промотивни активности на Институтот за физика во 2006, 2007 и 2008 година. | 1,5 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 6. | Член на организационен одбор на Зимската астрономска школа (2006, 2007, 2010). | 1,5 |
| 7. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание Астрономски алманах: 2008, 2009 и 2010. | 1,5 |
| 8. | Учество во меѓународен образовен проект: „Web-based Learning Courses for Science Teachers", и "Investigations in Market Needs of Various Physics Study Profiles: A New Supplement Diploma" (Истражување на пазарот на трудот за потребите на различни профили на физичари) (Tempus CO16A05). | 0,5 |
| 9. | Учесник во подготовката и пријавувањето на научен национален проект со наслов: „Спектроскопија на двојни ѕвездени системи и решавање на проблемот на формирање на спектрални линии во ѕвездени атмосфери. Комплексни (позициски, фотометриски, спектрометриски, теориски) истражувања на објектите на Сончевиот систем". Конкурс на МОН, јануари 2010 година. | 1 |
| 10. | Член на факултетска комисија за пописи (6 мандати): 2004-2009 | 3 |
| 11. | Студиски престои во странство: 14 престои на Катедрата за астрономија при Математичкиот факултет во Белград во следниве термини: од 30 јуни до 11 јули 2003, 15-20 септември 2003, 25-31 декември 2003, од 17 јануари до 2 февруари 2005, од 23 јануари до 14 февруари 2006, 28-30 јуни 2006, 12-16 февруари 2007, 25-29 јуни 2007, 3-7 декември 2007, од 21 | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | јануари до 1 февруари 2008, 11-22 април 2008, 1-10 октомври 2008, од 26 јануари до 6 февруари 2009, 3-7 мај 2010. | |
| 12. | Студиски престој во странство: Интернационален центар за теориска физика "Абдус Салам" (Abdus Salam International Centre for Theoretical Physics), Трст, Италија (9.10.2004-19.9.2004). | 0,5 |
| 13. | Студиски престој во странство: Обединет институт за нуклеарни истражувања, Франкова лабораторија за физика на неутроните, (Joint Institute of Nuclear Research, Frank's laboratory of neutrons physics), Дубна, Русија (22. 1-14.2.2006 г.) | 0,5 |
| 14. | Студиски престој во странство: учесник на Летната школа за космологија одржана во Интернационалниот центар за теориска физика "Абдус Салам" (Abdus Salam International Centre for Theoretical Physics), Трст, Италија (19.7.2010-30.7.2010). | 0,5 |
| | **Вкупно** | **43,5** |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **129,12** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **52,86** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **43,5** |
| **Вкупно** | **225,48** |

Рецензентска комисија

1. Д-р Станоја Стоименов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Гордана Апостоловска, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈАТА, СОЦИОЛОГИЈА НА МОРАЛОТ, СОЦИОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕВИЈАЦИИ, СОЦИОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО СОЦИОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 17.XI 2010 година, нѐ избра за членови на Комисијата за оцена на научните, стручните и педагошките квалификации на м-р Татјана Стојаноска и м-р Маријан Младеновски кои се пријавиле на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 28.X 2010 година за избор на еден асистент по наведените предмети. Откако ги разгледавме пријавите, поднесената документација и приложените трудови, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во дневниот весник „Дневник" од 28.10.2010 година за еден асистент по предметите социологија на религијата, социологија на моралот, социологија на општествените девијации, социологија на образованието и методика на наставата по социологија се пријавиле м-р Татјана Стојаноска и м-р Маријан Младеновски .

Кандидатот м-р Маријан Младеновски од Куманово е дипломиран социјален работник на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет во Скопје. Има доставено уверение за завршени постдипломски-магистерски студии на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, како и друга потребна документација во врска со конкурсот.

Со оглед на фактот што кандидатот м-р Маријан Младеновски од формална гледна точка не ги исполнува условите на конкурсот ( тој не е дипломиран социолог и нема објавено ниту еден стручен и научен труд од областа на социолошките науки), во понатамошниот извештај ќе се задржиме на биографските, библиографските и научно-стручната оспособеност на ас. м-р Татјана Стојаноска, досегашен асистент на наведените предмети во конкурсот.

Кандидатката м-р Татјана Стојаноска е родена на 12.11.1975 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното гимназиско образование. Во јануари 1999 година дипломирала социологија на Филозофскиот факултет во Скопје со просечна оцена 9,90. За постигнатиот успех во 1998 година, од страна на Министерството за наука ја добила наградата за најдобар апсолвент на Филозофскиот факултет, а во 2000 година ја добила наградата за најдобар дипломиран студент од страна на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј". Завршила постдипломски студии по социологија, две насоки: социологија на општествените девијации и социологија на религијата со просечна оценка 9,60 и на 20.6.2007 година ја одбранила својата магистерска работа на тема: *Моралните аспекти на јудаизмот, христијанството и исламот како религиски системи*, со што се стекнала со степенот магистер по социолошки науки. Во септември 2008 година ја пријавила и ѝ е одобрена тезата за изработка на докторска дисертација на тема: *Верските заедници во Република Македонија и принципот на религиска толеранција*.

Во учебната 2002/2003 година е избрана за помлад асистент на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во учебната 2007/2008 година е избрана за асистент на Институтот за социологија. Од 2005 до 2008 година е секретар на постдипломските студии за европска интеграција, од 2009 година до денес е секретар на постдипломските студии за социологија, а од 2003 до 2007 година била секретар на Здружението на социолози на Република Македонија. Од 2006 до 2009 година е координатор за кредит-трансфер систем на Институтот за социологија, а денес е член на комисиите за соработка со јавноста и на Комисијата за јавни набавки на Филозофскиот факултет во Скопје.

## Наставно-научна и педагошка дејност

Од учебната 2002/2003 година, кога е и избрана за помлад асистент, а подоцна и како асистент на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет, работно била ангажирана во спроведување на вежбите, испитите и консултациите по предметите: социологија на моралот, социологија на религијата, социологија на образованието, социологија на културата, методика на наставата по социологија и основи на економијата. М-р Татјана Стојаноска има добар педагошки пристап со студентите, добро ги организира и ги реализира вежбите по соодветните предмети за кои е избрана, поседува организациски способности и знае да организира тимска научноистражувачка работа и методска единица во наставата, при што на соодветно добро ниво го одржува вниманието на студентите.

Кандидатката м-р Татјана Стојаноска во периодот од нејзиниот последен избор учествувала во работата на разни социолошки трибини, активно била вклучена во обука и усовршување на новите методи и методичко-дидактички техники во образованието. Учествувала и на голем број научни и стручни собири, во земјава и во странство и објавила статии и авторски прилози во списанијата и печатените медиуми. Од посочените научни и стручни собири ќе ги споменеме следниве: Меѓународен симпозиум во Линц-Австрија, април 2007, Меѓународен симпозиум во Краков-Полска, 2009 година, меѓународни симпозиуми во Скопје-Македонија, 2009 и 2010 година, како и други семинари, конференции, симпозиуми и научни советувања. Од 2008 година до денес е меѓународен координатор на проектот: „Знаењата на средношколската популација за граѓанско образование", проект-

координатор за Р. Македонија, проект под покровителство на CIVITAS-BIH.

Од последниот избор на кандидатката м-р Татјана Стојаноска, во натамошниот тек на извештајот ќе се осврнеме на три објавени и рецензирани научни трудови под наслов:

- **Моралните начела на исламската религија;**
- **Граѓанското образование во Република Македонија;**
- **Училиштето како значаен фактор во превенцијата и сузбивањето на зависноста од дрога кај младите.**

Во трудот „Моралните начела на исламската религија", објавен во Социолошката ревија број IX-X од 2010 година, се прикажани основните вредносни постулати и морални норми на исламската религија. На почетокот на трудот се укажува на значењето што го има за верниците исламот, како втора доминантна религија во Македонија која обединувајќи голем број на верници, ги учи нив да се придржуваат до неговите начела, вредности и норми, кои се и дел од светата книга на исламот - Куранот. Централното место во трудот е посветено на моралните принципи вткаени во сурињата - правилата во Куранот. Посебно во трудот се истакнува гледиштето дека ајетите и сурите во Куранот ги потенцираат значајните религиски вредности, кои всушност се општочовечки вредности и норми и кои придонесуваат за развој на општеството. Како значајни вредности и морални принципи кои произлегуваат од исламската религија се споменуваат напредокот, вистината, чесноста, праведноста, толеранцијата, а се осудуваат лагата, лошиот и лесен живот, непродуктивноста. Всушност, трудот укажува на оние вредности и норми со помош на кои се гради етичкиот кодекс, бидејќи монотеистичките религии се во принцип етички системи. Укажувајќи на темелните вредности кои се дел од исламската религија, се потенцира нивното значење како столб на моралниот општествен кодекс и двигатели на човековиот живот. Во заклучокот на трудот кандидатката истакнува дека од една страна, потенцирајќи ги праведноста, чесноста, човечноста, хуманоста, знаењето, правдољубието, умереноста, љубовта, а од друга страна критикувајќи ги неморалните дејанија како што се нечесноста, користољубието, прељубата, неверството, алчноста, исламот како религија придонесува за изградба на моралниот кодекс на верниците и нивен правилен вредносен и морален развој, бидејќи само со помош на вистинските вредности и морални норми верниците ќе станат подобри луѓе и подобри жители на општеството во коешто егзистираат.

Трудот „Граѓанското образование во Република Македонија" е презентиран на Вториот истражувачки семинар меѓу Австрија, Германија, Македонија и Полска, одржан во јуни 2009 година во Краков, на тема: „Социологија, образование и економија". Во трудот на почетокот се укажува на значењето што му се придава на образовниот систем во Македонија, истакнувајќи дека тој е насочен кон стекнување на знаења и вештини од страна на учениците, знаења и вештини кои се од примарно значење за вклучување на младите во општествениот живот и правилно

одигрување на општествено посакуваните улоги. Централното место во трудот е посветено на граѓанското образование и негово изучување како наставен предмет во средните училишта во Македонија. Говорејќи за граѓанското образование, во трудот се истакнува дека граѓанското образование е насочено кон објаснување и изучување на поимите како што се: демократија, човечки права и слободи, глобализација, меѓународни институции, граѓанство и граѓанственост, личноста и општеството и културата на живеење. Централниот дел на трудот е насочен кон појаснување на резултатите од истражувањето за граѓанското образование спроведено во Македонија меѓу средношколската популација. Како што се потенцира во трудот, средношколците во Македонија имаат солидно познавање за демократијата, човековите права и граѓанственоста, а тие знаења ги стекнале во рамките на предметот граѓанско образование. Во заклучокот се истакнува дека во рамките на предметот граѓанско образование, средношколците најмногу научиле за поимите: граѓанин, демократија, улогата на власта во демократското општество, злоупотребата на моќ од страна на власта, правата, слободите и одговорноста на граѓанинот, знаењето и почитувањето на законите, заштита на правата по демократски пат, улогата и вредностите на демократскиот лидер, партиципацијата на граѓанинот во демократијата, слободата на медиумите, заштита на правата на малцинствата и ненасилното решавање на конфликти.

Трудот „Училиштето како значаен фактор во превенцијата и сузбивањето на зависностите од дрога кај младите" е публикуван во рамките на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, во 2009 година, книга 62. Во овој труд кандидатката ја објаснила улогата на училиштето, како значаен фактор на социјализација, во превенирање на зависноста од дрога кај младите. Во трудот се потенцира значењето на училиштето во образованието и воспитанието на младите, укажувајќи дека училиштето е втор дом на младиот човек кој треба да придонесе кон нивна вредносна и морална надградба. Централниот дел е насочен кон укажувањето на штетите што ги предизвикуваат зависностите, посебно дрогата и психотропните супстанции кај личноста, како и значењето што го имаат училишните едукатори и стручните соработници во препознавање, превенирање и отстранување на зависностите. Посебно место во трудот се посветува на вредностите и моралните норми кои треба да бидат пренесувани од страна на наставникот кај ученикот, бидејќи, како што се истакнува во трудот, само вредносно и морално изградена личност ќе знае да ги препознае и да се огради од зависностите. Заклучокот се однесува на укажувањето за потребата од постоење и развивање на специјални едукативни програми кои ќе имаат значајни полезни информации за зависностите. Програми кои нема да бидат кампањски, туку ќе се реализираат долготрајно и чија крајна цел ќе биде целосна демистификација на зависностите и развивање на самосвесност кај младите за штетните последици од ова општествено зло.

## Заклучок и предлог

Со оглед на претходно изложеното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет за асистент по горенаведените предмети да ја избере кандидатката м-р Татјана Стојаноска и тоа поради следново:

Кандидатката м-р Татјана Стојаноска од учебната 2002/2003 работи прво како помлад асистент, а од 2008 како асистент на Инситутот за социологија на Филозофскиот факултет на посочените предмети. Таа досега има објавено десетина научни и стручни трудови, коавтор е на книга, учествувала со свои трудови на домашни и странски конференции, и автор е на голем број статии во стручни, неделни и месечни списанија. Повеќето објавени трудови ја обработуваат проблематиката на социологијата на религијата, социологијата на моралот, социологијата на општествените девијации и социологијата на образованието.

Кандидатката м-р Татјана Стојаноска во текот на својата досегашна работа се покажала и докажала со својот успешен педагошки пристап кон студентите, што ја квалификува за работа со студентската младина. Земајќи ја предвид нејзината целокупна педагошка, научно-стручна, организациона и општествена работа, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја избере м-р Татјана Стојаноска за асистент по предметите: социологија на религијата, социологија на моралот, социологија на општествените девијации, социологија на образованието и методика на наставата по социологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.
Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.
Проф. д-р Весна Димитриевска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА: „ПРОЦЕНКА НА КАРИОСТАТСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И БИОКОМПАТИБИЛНОСТА НА МАТЕРИЈАЛИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО РЕСТАВРАТИВНАТА СТОМАТОЛОГИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СЦИ. ВАСИЛКА РЕНЏОВА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 10. редовна седница одржана на 20. 10. 2010 година, по предлог на Научниот одбор, донесе одлука за избор на Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација, поднесена од м-р сци Василка Ренџова, со наслов „Проценка на кариостатскиот потенцијал и биокомпатибилноста на материјали кои се користат во реставративната стоматологија", во состав: проф. д-р Љупка Матовска, проф. д-р Миле Царчев, проф. д-р Ицко Ѓорговски, доц. д-р Трпе Ристески и проф. д-р Славјанка Оџаклиевска.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставениот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р. сци Василка Ренџова, со наслов „Проценка на кариостатскиот потенцијал и биокомпатибилноста на материјали кои се користат во реставративната стоматологија" е изнесена на 131 страница и содржи апстракт на македонски и англиски јазик, 7 табели, 38 графички прикази, 12 слики и 131 библиографска единица.

Содржински материјалот е презентиран во 8 поглавја, и тоа:

1. Вовед
2. Појдовни литературни информации
3. Цел и предмет на испитувањето
4. Материјал и метод на работа
5. Резулати
6. Дискусија
7. Заклучок
8. Библиографија

Во поглавјето „Вовед на докторската дисертација", кандидатката изнесува теоретски увид од областа на кариологијата и реставративната стоматологија, посочувајќи дека со примена на соодветни реставративни материјали може да се спречи повторната појава и ширење на кариозниот процес. Укажано е на фактот дека современите реставративни материјали, покрај тоа што треба да обезбедат добро рабно затворање и да поседуваат антимикробен ефект и

реминерализационен потенцијал. потребно е да демонстрираат и висока биокомпатибилност кон пулпното, но и кон околните забни ткива. Укажано е й на кариостатскиот потенцијал на флуорот, како и на неговото значење за иницирање и забрзување на процесот на реминерализација.

Поглавјето „Појдовни литературни информации" содржи сознанија и резултати од еминентни домашни и странски автори кои се од интерес за оваа дисертација. Направен е посебен осврт на влијанието на флуорот ослободен од реставративните материјали врз кариогените микроорганизми. Податоците од литературата укажуваат дека дел од флуорот ослободен од реставративните материјали се инкорпорира во соседните забни структури и ги прави порезистентни на дејствувањето на кариогените нокси. Она што е уште позначајно е податокот дека присуството на јони на флуор во оралната средина може да го иницира и забрза процесот на реминерализација на делумно деминерализиран дентин. Литературните податоци покажуваат дека покрај флуоридите, нискиот пХ на некои мономери како и адицијата на антибактериски компоненти во составот на реставративните материјали можат да продуцираат антибактериски ефект. Посебен акцент во литературниот преглед е ставен на биокомпатибилноста на реставративните материјали. Според истражувањата на повеќе автори, постојат две причини за појавата на инфламација на пулпното ткиво по реставративните процедури, а тоа се токсичноста на одредени компоненти во реставративниот материјал и бактериската инфекција. Д-р Ренцова преку литературниот преглед покажува дека покрај дебелината на преостанатиот дентин, и техниката на апликација на атхезивниот систем влијае на јачината на реакцијата на пулпното ткиво.

Потребата од изнаоѓање на материјал кој ќе обезбеди добро рабно затворање, ќе поседува антибактериски, реминерализационен ефект, а нема да дејствува штетно на пулпното ткиво ги одредува и целите прикажани во поглавјето „Цел и предмет на трудот". Авторката си поставила за цел да го процени влијанието на различни материјали за реставрација врз пулпното ткиво, врз тврдите забни ткива, но и нивниот ефект врз одделни кариогени бактерии како најзначајни во етиологијата на кариозното заболување. Посебни цели кои се предмет на испитување во оваа теза се: да се одреди концентрацијата на флуор во дентинот по апликација на различни флуор ослободувачки материјали; да се одреди влијанието на јоните на флуор- ослободени од реставративните материјали на инкорпорирањето на калциум во деминерализиран дентин во р-р збогатен со јони на калциум и фосфати; да се испита антибактерискиот ефект на денталните материјали аплицирани директно на култури од кариогени бактерии и индиректно преку дентин и хистопатолошки да се евалуира одговорот на пулпното ткиво на испитуваните материјали седум и триесет дена по нивната апликација.

Поглавјето „Материјал и метод на работаг е поделено на три дела. Во првиот дел од испитувањето на 80 екстрахирани трети молари, кај кои се испрепарирани кавитети прва класа аплициран е раствор за декалцинација на дентинот во времетраење од седум дена. По декалцинацијата забните коронки биле поделени во четири еднакви групи од по 20 коронки. Коронките од секоја група биле сепарирани вертикално на половина при што од секоја група биле добиени две подгрупи - А и Б. На половинките од А- подгрупите биле аплицирани

демонстрираат и висока биокомпатибилност кон пулпното, но и кон околните забни ткива. Укажано е и на кариостатскиот потенцијал на флуорот, како и на наеговото значење за иницирање и забрзување на процесот на реминерализација.

Поглавјето ,,Појдовни литературни информации содржиг сознанија и резултати од еминентни домашни и странски автори кои се од интерес за оваа дисертација. Направен е посебен осврт на влијанието на флуорот ослободен од реставративните материјали врз кариогените микроорганизми. Податоците од литературата укажуваат дека дел од флуорот ослободен од реставративните материјали се инкорпорира во соседните забни структури и ги прави порезистентни на дејствувањето на кариогените нокси. Она што е уште позначајно е податокот дека присуството на јони на флуор во оралната средина може да го иницира и забрза процесот на реминерализација на делумно деминерализиран дентин. Литературните податоци покажуваат дека покрај флуоридите, нискиот пХ на некои мономери како и адицијата на антибактериски компоненти во составот на реставративните материјали можат да продуцираат антибактериски ефект. Посебен акцент во литературниот преглед е ставен на биокомпатибилноста на реставративните материјали. Според истражувањата на повеќе автори, постојат две причини за појавата на инфламација на пулпното ткиво по реставративните процедури, а тоа се токсичноста на одредени компоненти во реставративниот материјал и бактериската инфекција. Д-р Ренџова преку литературниот преглед покажува дека покрај дебелината на преостанатиот дентин, и техниката на апликација на атхезивниот систем влијае на јачината на реакцијата на пулпното ткиво.

Потребата од изнаоѓање на материјал кој ќе обезбеди добро рабно затворање, ќе поседува антибактериски, реминерализационен ефект, а нема да дејствува штетно на пулпното ткиво ги одредува и целите прикажани во поглавјето ,,Цел и предмет на трудот". Авторката си поставила за цел да го процени влијанието на различни материјали за реставрација врз пулпното ткиво, врз тврдите забни ткива, но и нивниот ефект врз одделни кариогени бактерии како најзначајни во етиологијата на кариозното заболување. Посебни цели кои се предмет на испитување во оваа теза се: да се одреди концентрацијата на флуор во дентинот по апликација на различни флуор ослободувачки материјали; да се одреди влијанието на јоните на флуор-ослободени од реставративните материјали на инкорпорирањето на калциум во деминерализиран дентин во р-р зборатен со јони на калциум и фосфати; да се испита антибактерискиот ефект на денталните материјали аплицирани директно на култури од кариогени бактерии и индиректно преку дентин и хистопатолошки да се евалуира одговорот на пулпното ткиво на испитуваните материјали седум и триесет дена по нивната апликација.

Поглавјето ,,Материјал и метод на работа" е поделено на три дела. Во првиот дел од испитувањето на 80 екстрахирани трети молари, кај кои се испрепарирани кавитети прва класа аплициран е раствор за декалцинација на дентинот во времетраење од седум дена. По декалцинацијата забните коронки биле поделени во четири еднакви групи од по 20 коронки. Коронките од секоја група биле сепарирани вертикално на половина при што од секоја група биле добиени две подгрупи - А и Б. На половинките од А-подгрупите биле аплицирани материјалите кои ги испитувавме (Fiji IX, Fuji

инфламаторни клетки и промени во слојот на одонтобласти. Најсилен воспалителен одговор бил забележан кај забите реставрирани со Prime&Bond, додека кај примероците од групата на Fuji Lining LC и примероците од групата на Fuji IX била забележана само блага инфламаторна реакција. За период од 30 дена од поставување на реставративното полнење кај сите испитувани примероци од четирите групи може да се забележи дека настанала репарација на пулпното ткиво без присуство на инфламаторна клеточна инфилтрација, со исклучок на групата реставрирана со P&B каде што кај еден од примероците била забележана перзистентна блага воспалителна реакција. Резултатите од микробиолошките испитувања покажуваат дека три од испитуваните материјали (Fuji LLC, Fuji IX и G Bond) го спречуваат растот на S mutans кога се аплицираат директно на инокулирани соеви, додека P&B не покажал антимикробно дејствување кон испитуваните соеви микроорганизми. При индиректна апликација на испитуваните материјали преку дентински дискови, кај ниеден примерок немало формирано зона на инхибиција на растот на S mutans за период од 24 часа.

Добиените резултати кандидатката ги толкува во поглавјето ‚Дискусија", воедно компарирајќи ги со резултатите прикажани од други автори кои вршеле слични испитувања користејќи исти или слични методи на работа. Исцрпно се анализирани процесите на инкорпорирање на флуор и калциум во дентин по апликација на различни реставративни материјали, за период од три и десет недели и нивната корелација. Поглавјето ,,Дискусија" содржи темелно толкување за влијанието на испитуваните реставративни материјали врз пулпното ткиво, причините за појавата на соодветна воспалителна реакција на пулпата 7 дена по апликацијата на реставративниот материјал, како и за причините за отсуство на воспалителна реакција за период од 30 дена. Анализирајќи ги добиените резултати авторката укажува на податокот дека испитуваните материјали иницијално по апликацијата предизвикуваат воспалителна реакција која е од реверзибилен карактер. Во третиот дел од ова поглавје е анализирано влијанието на испитуваните материјали врз С мутанс аплицирани директно на инокулирани петриеви плочи или индиректно преку дентински дискови со дебелина од 5 мм.

Научниот и теоретски придонес на докторската дисертација е заокружен во поглавјето ,,Заклучок". Извлечените заклучоци кореспондираат со поставените цели на истражувањето и се врз основа на добиените резултати од извршените испитувања, спроведени според наведената методологија. Заклучоците се поделени на 12 точки, дефинирани според видот на испитувањето, во кои д-р Ренџова концизно ги систематизира добиените резултати од испитувањата за инкорпорирање на флуор и калциум во дентин, од хистолошките испитувања за влијанието на испитуваните материјали врз пулпното ткиво, како и од микробиолошките испитувања.

Поглавјето ,,Библиографија" содржи 131 цитирана библиографска единица од домашни и од странски автори.

# ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија по целосно разгледување и анализа на докторската дисертација под наслов: „ Проценка на кариостатскиот потенцијал и биокомпатибилноста на материјали кои се користат во ресторативната стоматологијаг , од ас. д-р Василка Ренџова, заклучи дека таа ги исполнува како основните така и суштинските услови за валов вид на труд. Поставените цели се во целост реализирани, соодветно елаборирани и презентирани во одделните поглавја. Дискусијата со анализата на добиените резултати и нивната компарација со другите автори е формирана во една целина, што на докторската дисертација и дава комплетен научен и стручен придонес. Прилог кон тоа е и богатата и уредно цитирана биографија, што истовремено покажува дека обработеното подрачје претставува исто така и актуелна проблематика.

Сумирајќи ги сите согледувања, Рецензентската комисија смета дека докторската дисертација во целост ги исполнува потребните критериуми за овој вид на труд и затоа позитивно го оцени, а на Наставно-научниот совет му предлага да го усвои рецензентскиот извештај и да овозможи понатамошен тек на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љупка Матовска с.р.
2. Проф. д-р Миле Царчев с.р.
3. Доц. д-р Трпе Ристески с.р.
4. Проф. д-р Ицко Ѓорговски с.р.
5. Проф. д-р Славјанка Оџаклиевска с.р

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница од 27.10.2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 7.10.2010 година, се пријави кандидатот Димитар Трајанов, доктор на технички науки, вработен како доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Димитар Ристо Трајанов е роден на 8.9.1972 година во Радовиш. Основно и средно образование завршил во Радовиш со континуиран одличен успех. Во текот на школувањето учествувал на регионални и републички натпревари по математика, физика и информатика, на кои освоил неколку награди и признанија. Во учебната 1991/92 се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, каде што бил редовен студент на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика. Дипломирал на 26.6.1996, а магистрирал на 3.9.1998 година со темата „Методологија за развој на интранет системи". Докторирал во јануари 2006 година на тема „Нови модели за толерантноста на откази кај мобилните Ad Hoc-мрежи". Од април 1999 година е во работен однос на Електротехничкиот факултет во Скопје како помлад асистент по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика, а во ноември 2001 е избран за асистент. Во март 2006 година е избран за доцент по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика. Член е на IEEE Computer society, IEEE Reliability society како и на ACM.

### 2. Наставна дејност

Во досегашниот период доц. д-р Димитар Трајанов одржувал предавања по предметите: мрежно програмирање, веб базирани системи, системски софтвер, компјутерски архитектури, формални јазици, електронска и мобилна комерција, јавни мобилни мрежи, безжични компјутерски мрежи. Исто така држел предавања на магистерските студии по предметите: е-бизнис, е-маркетинг, веб сервиси и XML, надлежност на системи, паралелно програмирање, безжични и ad hoc-мрежи, менаџмент на ИКТ-проекти и CASE-методологии. Наставната дејност ја извршува совесно, професионално, со коректно однесување спрема студентите.

Кандидатот бил ментор на една докторска дисертација, три магистерски работи како и на 76 дипломски работи. Димитар Трајанов моментално е координатор на студиската програма компјутерски мрежи и е-технологии, како и раководител на лабораторијата за компјутерска техника и информатика.

### 3. Научна и стручна дејност

Кандидатот од изборот за доцент во март 2006 година има објавено 46 научни труда (досега има објавено вкупно 73 научни труда). Од објавените трудови, од

последниот избор, два се објавени во научни списанија со импакт-фактор а пет труда се поглавја од книги. За трудот „Performances of Clustered Ad Hoc Networks on 3D Terrains", на конференцијата SIMUTools'09, добитник е на наградата за најдобар труд на конференцијата. Исто така, кандидатот е коавтор на 3 книги. Во продолжение се дадени кратки рецензии на објавените трудови по изборот за доцент (дадени во точките 5,6,7 и 8 во Анекс 2):

Во трудот [1] е презентирано проширување на NS-2 симулаторот, со кое се овозможува симулација на ad hoc-мрежи во реални 3Д-терени. Исто така, направена е валидација на предложениот модул со други референтни софтверски решенија од оваа област и добиени се задоволителни резултати.

Во [2] е презентиран концепт за ранливоста кај модел со случајни, динамички интеракции во мрежа. Ранливоста е третирана аналитички и нумерички за повеќе мрежи со различни тополошки структури, како и за две реални мрежи.

Во трудот [3] е презентирана реализација на Дуркинсов пропагациски модел во NS-2 симулаторот на 3Д-терен кој се моделира со мрежа од нерегуларлни триаголници.

Во трудот [4] презентирани се искуствата, анализирани се перформансите и се дадени препораки за извршување на симулации со NS-2 симулаторот во GRID околина.

Во [5] е даден нов паралелен алгоритам во OpenCL за пресметка на коефициент на кластерирање во мрежи.

Во трудот [6] се презентирани метрики кои можат да се користат за анализа на различни типови организациски мрежи. Исто така, направени се генератори кои овозможуваат генерирање на најпознатите типови организациски мрежи. Дадени се и неколку анализи на организациските мрежи.

Во [7] е презентиран систем за семантичко пребарување на IP-јадра напишани во VHDL. Системот овозможува процес на автоматизација на семантичко анотирање на хардверските компоненти.

Целта на трудот [8] е да се одредат перформансите на ad hoc-мрежи со групирани јазли во услови кога просторот на симулација е опишан со датотека во која се дадени теренските карактеристики.

Трудот [9] дава илустрација на новопредложен модел на социјална мрежа кој ги вклучува сите карактеристики кои се најдени кај социјалните мрежи од реалниот свет. Предложениот модел се користи за генерирање на социјална мрежа со даден број на јазли и број на заедници од јазли.

Во трудот [10] е дадена анализа на влијанието на структурата на заедниците на перформансите на ad hoc-мрежите.

Во трудот [11] е даден систем за проценка на ранливоста врз основа на мерења на оптималните текови во мрежа.

Во [12] дадено е веб-решение кое овозможува анализа и оценување на говорните способности на говорниците од неанглиски говорни подрачја во зборувањето на англискиот јазик.

Во [13] се разгледува соработката во смисла на станување на дел од еден GRID, како и останување на член на GRID-от преку теоријата на игри.

Трудот [14] дава предлог на систем базиран на семантички веб-технологии за управување со состаноци.

Во трудот [15] е даден преглед на влијанието на мрежната топологија врз ширењето на влијанието во мрежите.

Во трудот [16] е предложен нов модел за откривање на најранливите линкови во комплекси мрежи со користење на методологиите и концептите од теоријата на игри.

Трудот [17] изложува нов модел за пресметка на достапноста на врска во рамките на една ad hoc-мрежа, при што предвид е земена и потрошувачката на батеријата на мобилните јазли.

Во [18] е предложен нов модел за имплементација на GRID-пресметките кај ad hoc-мрежите.

Во [19] е анализирана поврзаноста на ad hoc-мрежите и карактеристиките на small world-социјалните мрежи во комбинација со соодветно групно движење на јазлите на физичко ниво.

Во [20] се презентирани искуствата од мобилноста на професорите и студентите во рамките на SoCD TEMPUS-проектот и се дадени препораки за подобрување на нивниот квалитет.

Во [21] е презентиран едитор на база на знаење кој се потпира на семантички веб-технологии.

Во трудот [22] е даден систем кој овозможува полуавтоматска семантичка анотација на веб-сервиси.

Во трудот [23] се дадени можностите и предностите за користење на семантичките веб-технологии во системи за управување со знаењето.

Во [24] се презентирани модели и се дадени компјутерски симулации за управување со реален прототип на Quadrotor-хеликоптер.

Трудот [25] презентира нова алатка која треба да помогне во поттикнувањето на креативноста на корисниците.

Во трудот [26] е даден модел за ширење на влијание во хетерогени комплексни мрежи.

Во [27] е презентиран модел кој овозможува анализа на влијанието на различните шаблони на комуникација врз перформансите на ad hoc-мрежите.

Во трудот [28] се дадени искуствата и резултатите од креирањето на хармонизирани студии по Дизајнирање на систем во чип во рамките на проектот ТЕМПУС SoCD.

Во [29] е дадена анализа на влијанието на обликот на теренот врз перформансите на ad hoc-мрежите.

Во трудот [30] е даден модел на дистрибуиран систем кој би требало да овозможи креирање на ГРИД во веб-околина во која пресметувањата би се одвивале во рамките на веб-прегледниците.

Трудот [31] дава преглед на проектите кои се занимаваат со семантички веб-технологии.

Во трудот [32] е презентиран преглед на потребите од "soft" вештини кои треба да ги имаат компјутерските инженери за да можат да бидат успешни во нивната работа.

Во трудот [33] е дадена нова алатка која треба да помогне во поттикнувањето на креативноста на корисниците.

Во [34] е презентиран систем за автоматско вчитување на нов софтвер во роботски систем преку CAN.

Во трудот [35] е дадена анализа на перформансите на ad hoc-мрежите врз различни идеални 3Д-терени.

Во [36] се презентирани искуствата, можностите и размислувањата за креирање на докторски студии за дизајнирање на систем на чип во рамките на проектот TEMPUS SoCD.

Трудот [37] дава анализа на влијанието на групирањето на корисниците во ad hoc-мрежите врз максималните перформанси на мрежата.

Во трудот [38] е даден модел кој овозможува анализа на дистрибуирани компјутерски системи со користење на теоријата на игри.

Во трудот [39] е даден преглед на моделирањето на апликациското ниво кај ad hoc-мрежите со помош на хибриден унифициран модел на социјални мрежи.

Во трудот [40] е даден модел и анализирано е ширењето на влијанијата во различни видови комплексни мрежи.

Во [41] е предложен метод за подобрување на перформансите на мобилните апликации кои користат веб сервиси преку автоматска компресија на податоците кои се разменуваат по мрежа.

Трудот [42] претставува преглед на начините на моделирање на социјалните мрежи и нивните главни карактеристики.

Во [43] е презентирана перформансна анализа на различните видови програмски технологии за паралелно програмирање при нивно извршување на процесори кои имаат повеќе јадра.

Во [44] е дадена анализа на состојбата со електронската комерција во Македонија и се дадени препораки за нејзино подобрување.

Во трудот [45] е предложен нов апликациски слој за корисници на ad hoc-мрежите кој се базира врз појавата на „scale free" карактеристиките во комплексните мрежи.

Трудот [46] ја разгледува темата на изработка на пореалистични симулации на ad hoc-мрежи со помош на вметнување на реален тродимензионален терен.

**Учество во научноистражувачки и стручни проекти**

Кандидатот раководел со ТЕМПУС-проектот System on Chip Design, Tempus JEP-41107-2006, а исто така учествувал и во Diagnosing vulnerability, emergent phenomena and volatility in man-made networks FP6-проектот.

Кандидатот раководел со 4 и учествувал во поголем број стручни проекти, како што се: Систем за електронско поднесување на придонеси за здравствено, пензиско, вработување и персонален данок на плата, финансиран од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, 2008; Дизајн и имплементација на безжична сензорска мрежа за мониторирање на температурата и влажноста во Реплек, Македонија, 2008; FEITle: Веб систем за поддршка на учењето на ФЕИТ, 2006-2008; Систем за електронска достава на придонесот за пензиско осигурување, финансиран од Светска банка, 2006.

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно изложеното може да се заклучи дека кандидатот доц. д-р Димитар Трајанов од својот избор за доцент покажал забележителен успех во наставно-педагошката, научната и стручната активност. Од приложениот образец може да се забележи дека кандидатот остварил многу поголем број на поени од минималните потребни за остварување на избор во звањето вонреден професор во сите три дејности.

Врз основа на изнесените податоци, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет, кандидатот д-р Димитар Трајанов да биде избран во наставно-научното звање вонреден професор, по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љупчо Коцарев, претседател, с.р.

Проф. д-р Данчо Давчев, член, с.р.

Вонр. проф. д-р Владо Трајковиќ, член, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ____Димитар Ристо Трајанов______________________________
(име, татково име и презиме)

**Институција:** _Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје__
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** __компјутерска техника и информатика ______________

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | Компјутерски архитектури (сем. лет.05/06; ч. предавања=3; студенти=110) | 1,8 |
| | Организација на компјутерски системи (сем. лет.05/06; ч. предавања= 3; студенти=142) | 1,8 |
| | Формални јазици (сем. зим.06/07; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=39) | 1,2 |
| | Формални јазици (сем. зим.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=48) | 1,2 |
| | Формални јазици (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=56) | 1,2 |
| | Електронска и мобилна комерција (сем. лет.06/07; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=42) | 1,2 |
| | Електронска и мобилна комерција (сем. лет.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=108) | 1,2 |
| | Електронска и мобилна комерција (сем. лет.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=114) | 1,2 |
| | Електронска и мобилна комерција (сем. лет.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=93) | 1,2 |
| | Јавни мобилни мрежи (сем. лет.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=65) | 1,2 |
| | Јавни мобилни мрежи (сем. лет.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=40) | 1,2 |
| | Мрежно програмирање (сем. зим.06/07; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=93) | 1,2 |
| | Мрежно програмирање (сем. зим.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=147) | 1,2 |
| | Мрежно програмирање (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=161) | 1,2 |
| | Мрежно програмирање (сем. зим.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=148) | 1,2 |
| | Надежност на системи (сем. лет.05/06; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=14) | 1,2 |
| | Надежност на системи (сем. лет.06/07; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=65) | 1,2 |
| | Надежност на системи (сем. лет.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=59) | 1,2 |
| | Надежност на системи (сем. лет.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=151) | 1,2 |
| | Безжични компјутерски мрежи (сем. лет.06/07; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=54) | 1,2 |
| | Безжични компјутерски мрежи (сем. лет.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=50) | 1,2 |
| | Системски софтвер (сем. зим.06/07; ч. предавања= 2; студенти=150) | 1,2 |
| | Системски софтвер (сем. лет.06/07; ч. предавања= 2; студенти=150) | 1,2 |
| | Системски софтвер (сем. лет.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=205) | 1,2 |
| | Системски софтвер (сем. лет.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=284) | 1,2 |
| | Системски софтвер (сем. лет.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=291) | 1,2 |
| | Веб-базирани системи (сем. зим.07/08; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=40) | 1,2 |
| | Веб-базирани системи (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=98) | 1,2 |
| | Веб-базирани системи (сем. зим.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=1; студенти=100) | 1,2 |
| 2 | **Одржување настава од втор циклус студии** | |
| | Е-бизнис (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=32) | 1,5 |
| | Е-бизнис (сем. зим.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=98) | 1,5 |
| | Менаџмент на ИКТ-проекти и CASE-методологии (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=4; студенти=15) | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Менаџмент на ИКТ-проекти и CASE-методологии (сем. зим.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=4; студенти=30) | **1,5** |
| | Безжични и ад хок компјутерски мрежи (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=9) | **1,5** |
| | Паралелно програмирање (сем. зим.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=2; студенти=5) | **1,5** |
| | Е-маркетинг (сем. лет.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=16) | **1,5** |
| | Е-маркетинг (сем. лет.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=14) | **1,5** |
| | Веб-сервиси и XML (сем. лет.08/09; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=16) | **1,5** |
| | Веб-сервиси и XML (сем. лет.09/10; ч. предавања= 2; ч.семинарски=3; студенти=41) | **1,5** |
| **3** | **Одржување на вежби (изработка на семинарски труд)** | |
| | Информациите за одржаните часови за изработка на семинарски труд се дадени во претходните ставки. Одржани се вкупно 56 часа(56*0,03=25,2 поени) | **25,2** |
| **4** | **Консултации со студенти** | |
| | Во дадениот период работел со вкупно 3393 студенти (деталите за број на студенти по предмет се дадени во точките 1 и 2) (3393*0,002=6,786 поени) | **6,786** |
| **5** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Ментор на вкупно 76 дипломски работи и тоа: во 2006 год (5 од КТИА) = 5; 2007 год (5 од КТИА) = 5; 2008 год (17 од ИКИ + 14 од КТИА) = 31; 2008 год (10 од ИКИ + 8 од КТИА) = 18; 2008 год (15 од ИКИ + 2 од КТИА) = 17 (76*0,2=15,2 поени) | **15,2** |
| **6** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | |
| | Член на комисија за кандидатот Иван Чорбев (1*0,5=0,5 поени) | **0,5** |
| **7** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | Член на комисија на кандидатите: Ангелова Михаела; Трајановски Стојан; Ибраимовски Ајет; Мирчев Мирослав; Доне Стојанов; Ивановски Иван; Мишковски Игор; Граматиков Сашо; Џамбаски Александар; Чилку Беким; Џеков Ангел (11*0,3=3,3 поени) | **3,3** |
| **8** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на вкупно 80 комисии за одбрана на дипломска работа, и тоа: 2006 год (5 од КТИА) = 5; 2007 год. (5 од КТИА) = 5; 2008 год. (7 од ИКИ + 8 од КТИА) = 15; 2009 год. (28 од ИКИ + 3 од КТИА) = 31; 2010 год. (19 од ИКИ + 5 од КТИА) = 24 **(Вкупно 80*0,1=8)** | **8** |
| **9** | **Превод на учебник** | |
| | Превод на: M. Morris Mano, Michael D. Ciletti, Digital Design (4th Edition) | **3** |
| | Превод на: Marty Hall, Larry Brown, Core Web Programming, Second Edition | **3** |
| | Превод на: John C. Mitchell, Concepts in programming languages | **3** |
| **10** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Подготвено пакет материјали за вкупно 15 предмети и тоа: мрежно програмирање, веб-базирани системи, системски софтвер, компјутерски архитектури, формални јазици, електронска и мобилна комерција, јавни мобилни мрежи, безжични компјутерски мрежи , е-бизнис, е-маркетинг, веб сервиси и XML, надежност на системи, паралелно програмирање, безжични и ад хок-мрежи, менаџмент на ИКТ-проекти и CASE-методологии (15*1=15 поени) | **15** |
| | **Вкупно** | **133,986** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Ментор на докторска дисертација** | |
| | Ментор на докторска дисертација со наслов „Примена на теоријата на комплексни мрежи за моделирање и анализа на перформансите на компјутерските мрежи" од кандидатката м-р Соња Филипоска | **3** |
| **2** | **Ментор на магистерска работа** | |
| | „Автоматска композиција на семантички веб сервиси" од кандидатот Милош Јовановиќ | **1** |
| | „Анализа на организациски мрежи со теорија на комплексни мрежи" од кандидатката Тодорка Банова | **1** |
| | „Дизајнирање на паралелни алгоритами за операции со матрици со користење на програмскиот јазик OpenCL во хетерогени процесорски системи" на кандидатот Леноид Џиневски | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Раководител на меѓународен научен проект** | |
| | System on Chip Design, financed by: Tempųs JEP-41107-2006, start date: 2007, end date: 2010. | 9 |
| 4 | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Diagnosing vulnerability, emergent phenomena and volatility in man-made networks, financed by: FP6 STREP EU, 2007-2010 (project leader prof. Ljupco Kocarev) | 5 |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | [1] Sonja Filiposka, Dimitar Trajanov, Terrain Aware 3D Radio Propagation Model Extension for NS-2, Transactions of the Society for Modeling and Simulation International, 2010 (2008 Impact Factor: 0,783) **(6+0,783)*90%** | 6,105 |
| | [2] Ljupco Kocarev, Nikola Zlatanov, Dimitar Trajanov, Vulnerability of networks of interacting Markov chains, Philosophical Transactions A of the Royal Society, 13 May 2010 vol. 368 no. 1918 2205-2219, 2010 (5-Year Journal Impact Factor: 2,459) **(6+2,459)*80%** | 6,839 |
| 6 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | [3] Marija Vuckovik, Dimitar Trajanov, Sonja Filiposka, Durkin's Propagation Model Based on Triangular Irregular Network Terrain, ICT Innovations 2010- Springer (Book), 2010. | 2,4 |
| | [4] Sonja Filiposka and Dimitar Trajanov, 3D Simulations for Wireless Ad Hoc Networks in Grid Environment, Small Systems Simulation Simposium 2010, Nis Srebia, 2010. | 2,7 |
| | [5] Leonid Djinevski, Igor Mishkovski and Dimitar Trajanov, Accelerating Clustering Coefficient Calculations on a GPU Using OPENCL, ICT Innovations 2010-Springer (Book), 2010. | 2,4 |
| | [6] Todorka Banova, Igor Mishkovski, Dimitar Trajanov and Ljupco Kocarev, Organizations analysis with complex network theory, ICT Innovations 2010-Springer (Book), 2010. | 1,8 |
| | [7] Vladimir Zdraveski, Milos Jovanovik, Riste Stojanov and Dimitar Trajanov, HDL IP Cores Search Engine based on Semantic Web Technologies, ICT Innovations 2010-Springer (Book), 2010. | 1,8 |
| | [8] Sonja Filiposka, Dimitar Trajanov and Marija Vuckovik. Performances of Clustered Ad Hoc Networks on 3D Terrains, SIMUTools'09, Rome, Mart 2009, (Best paper award). | 2,4 |
| | [9] Sonja Filiposka, Dimitar Trajanov, Aksenti Grnarov, Performance analysis of scale-free communities in ad hoc networks, Wireless VITAE'09, Aalborg, Denmark, May, 2009. | 2,4 |
| | [10] S. Filiposka, D. Trajanov, Impact of Community Structures on Ad Hoc Networks Performances, ICT Innovations 2009-Springer (Book), Ohrid Macedonia, Sep 2009. | 2,7 |
| | [11] I. Mishkovski, R.Kojchev, D.Trajanov, L.Kocarev, Vulnerability Assessment of Complex Networks based on Optimal Flow Measurements under Intentional Node and Edge Attacks,ICT Innovations 2009-Springer (Book), Ohrid Macedonia, Sep 2009. | 1,8 |
| | [12] A. Kirkova-Naskova, G.Bakraceski, V.Apostolski, D.Trajanov, Phonetic Experiment Web Application, ICT Innovations 2009-Springer (Book), Ohrid Macedonia, Sep 2009. | 1,8 |
| | [13] Mishkovski Igor, Sonja Filiposka, Sasho Gramatikov, Dimitar Trajanov and Ljupco Kocarev, Game Theoretic Approach for Discovering Vulnerable Links in Complex Networks, Novel Algorithms and Techniques in Telecommunications and Networking, , Book chapter, Springer, 2010. | 1,8 |
| | [14] A. Nikov, M. Jovanovik, R. Stojanov, M. Petkovski, D.Trajanov, Use of Semantic Web Technologies for Meeting Management Software Development, ICT Innovations 2009, Ohrid Macedonia, Sep 2009. | 1,8 |
| 7 | **Дел од монографија објавен во странство** | |
| | [15] S. Gramatikov, D. Trajanov, L. Kocarev, A. Grnarov, Network Topology Impact on Influence Spreading, Novel Algorithms and Techniques in Telecommunications and Networking, Book chapter: Pages 379-384, Springer, 2010. | 3,6 |
| | [16] Igor Mishkovski, Dimitar Trajanov, Sonja Filiposka and Ljupco Kocarev, A Game Theoretic Approach for User Participation in Grid Projects, International Symposium on Nonlinear Theory and its Applications, ealth Spa Resort Helia, Budapest, Republic of Hungary, 2008. | 3,6 |
| | [17] D. Trajanov, S. Gramatikov, S. Filiposka, A. Grnarov, Energy Dependent Connection Availability Model for Ad Hoc Networks, Novel Algorithms and Techniques In Telecommunications, Automation and Industrial Electronics, Book chapter, Springer,2008. | 3,6 |
| | [18] A. Grnarov, B. Cilku, I. Miskovski, S. Filiposka, D. Trajanov, Grid Computing Implementation in Ad Hoc Networks, Advances in Computer and Information Sciences and Engineering, Book chapter, Springer, 2008. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | [41] Ivanovski Ivan, Gramatikov Saso, Trajanov Dimitar: Enhancing Performance of Web Services in Mobile Applications by SOAP Compression, Telfor2008, Nov. 2008. | 1,6 |
| | [42] S. Filiposka, D. Trajanov, A. Grnarov, Survey of Social Networking and Applications in Ad Hoc Networks, ETAI 2007, Ohrid, Macedonia, 2007. | 1,6 |
| | [43] I. Miskovski, D. Trajanov, A. Grnarov, Performance Comparison of Multicore Processors Using Various Software Platforms, ETAI 2007, Ohrid, Macedonia, 2007. | 1,6 |
| | [44] D. Trajanov, M. Jovanovik, V. Kardalev, E-commerce in Macedonia, , ETAI 2007, Ohrid, Macedonia, 2007. | 1,6 |
| | [45] S. Filiposka, D. Trajanov, S. Gramatikov, A. Grnarov, Scale-free application layer implementation for ad hoc networks, XIV Telekomunikacioni forum TELFOR, Belgrade, Serbia, 2007. | 1,2 |
| | [46] A. Dzambaski, D. Trajanov, S. Filiposka, A. Grnarov, Ad hoc networks simulations with real 3D terrains, XIV Telekomunikacioni forum TELFOR, Belgrade, Serbia, 2007. | 1,6 |
| | **Вкупно** | **117,444** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Книга од стручна област (коавтор)** | |
| | [1] Д.Трајанов, И.Мишковски, М. Ефнушева, А. Тентов, А. Грнаров, Основи на интернет, IIZ/DVV, Skopje, Macedonia, 2006. | 7 |
| | [2] С. Граматиков, И. Мишковски, Д. Трајанов, А. Грнаров, Дизајнирање на систем на чип со VHDL, TEMPUS SoCD, 2009. | 7 |
| | [3] И. Мишковски, С. Филипоска, Д. Трајанов, А. Грнаров, Дизајнирање на систем на чип со SystemC, TEMPUS SoCD, 2010. | 7 |
| **2** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| | [1] Учесник како експерт на јавната расправа по повод Европскиот ден на безбеден интернет во Собранието на РМ, 2010. | 1 |
| | [2] Учесник во Комисија за евалуација на мобилни апликации на VIP Android-натпреварот, 2010. | 1 |
| | [3] Организирана и изведена обука за основи на ASP.NET 2.0 за Seavus, 2008. | 1 |
| | [4] Организирана и изведена обука за напредно ASP.NET 2.0 за Seavus, 2008. | 1 |
| | [5] Организирана и изведена обука за ASP.NET 3.5 за Seavus, 2009. | 1 |
| **3** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | |
| | [1] CodeFU-натпревар во програмирање во 2007 година. | 1 |
| | [2] CodeFU-натпревар во програмирање во 2008 година. | 1 |
| | [3] CodeFU-натпревар во програмирање во 2009 година. | 1 |
| | [4] CodeFU-натпревар во програмирање во 2010 година. | 1 |
| | [5] ACM-International Collegiate Programming Contest 2009. | 1 |
| **4** | **Студија** | |
| | [1] Физибилити-студија за ИКТ-систем за интегрирано гранично управување. Влада на РМ, 2008. | 1 |
| | [2] Физибилити-студија за екстекстерно електронско тестирање, Државен испитен центар, 2010. | 1 |
| **6** | **Главен (основен) проект (одговорен проектант)** | |
| | [1] Систем за електронско поднесување на придонеси за здравствено, пензиско, вработување и персонален данок на плата, финансиран од Фондот за оензиско и инвалидско осигурување на РМ, 2008. | 4 |
| | [2] Дизајн и имплементација на безжична сензорска мрежа за мониторирање на температурата и влажноста во Реплек, Македонија, 2008. | 4 |
| | [3] FEITle: Веб систем за поддршка на учењето на ФЕИТ, финансиран од Факултетот за електротехника и информациски технологии, 2006-2008. | 4 |
| | [4] Систем за електронска достава на придонесот за пензиско осигурување, финансиран од Светска банка, 2006. | 4 |
| **7** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| | [1] Член на програмски одбор на ЕТАИ 2007. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | [19] S. Filiposka, D. Trajanov, A. Grnarov, Analysis of small world phenomena and group mobility in ad hoc networks, Innovative Algorithms and Techniques in Automation, Industrial Electronics and Telecommunications, Book chapter, Springer Netherlands,2007. | 4,8 |
| 8 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | [20] Dimitar Trajanov, Sonja Filiposka, Aksenti Grnarov, Academic Staff And Student Mobility Benefits And Problems, Experiences From Tempus SoCD Project, , TREND 2010, Kopaonik, Srbija, Mart 2010. | 1,6 |
| | [21] Goran Bakraceski, Riste Stojanov, Milos Jovanovik, Dimitar Trajanov: A Knowledgebase Editor Using Semantic Web Technologies, 7th International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, 2010. | 1,2 |
| | [22] Koste Budinoski, Milos Jovanovik, Riste Stojanov, Dimitar Trajanov: An Application for Semantic Annotation of Web Services, 7th International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, 2010. | 1,2 |
| | [23] Vladimir Apostolski, Riste Stojanov, Milos Jovanovik, Dimitar Trajanov: Use of Semantic Web Technologies in Knowledge Management, , 7th International Conference for Informatics and Information Technology, Bitola, 2010. | 1,2 |
| | [24] Leonid Djinevski, Dimitar Trajanov, Modeling And Simulation Of A Quadrotor Helicopter, ETAI 2009 Conference, Ohird, Macedonia, 2009. | 1,8 |
| | [25] Vane Spasov, Dejan Ristevski, Dimitar Trajanov, Creativity Support Tool – Concept Fan With Google Services, ETAI 2009 Conference, Ohird, Macedonia, 2009. | 1,6 |
| | [26] Sasho Gramatikov, Dimitar Trajanov, Ljupco Kocarev, Heterogeneous Epidemiologic Influence Spreading Models In Complex Networks, ETAI 2009 Conference, Ohird, Macedonia, 2009. | 1,6 |
| | [27] Miroslav Mirchev, Sonja Filiposka, Nikola Trajkovski, Dimitar Trajanov, Network Utility Maximization In Ad Hoc Networks With Different Communication Patterns, ETAI 2009 Conference, Ohird, Macedonia, 2009. | 1,2 |
| | [28] Predrag Petković, Dimitar Trajanov, Aksenti Grnarov, Vančo Litovski, System On Chip Design: New Harmonized Master Studies Curriculum In Macedonia And Serbia, ETAI 2009 Conference, Ohird, Macedonia, 2009. | 1,2 |
| | [29] Marija Vuckovik, Sonja Filiposka , Dimitar Trajanov, Analysis Of The Terrain Shape Impact On The Performances Of Clustered Ad Hoc Networks, ETAI 2009 Conference, Ohird, Macedonia, 2009. | 1,6 |
| | [30] R. Stojanov, Z. Dimov, D. Trajanov, Rich Client Grid System Architecture Using Web Technologies, ETAI 2009, Ohrid. | 1,6 |
| | [31] Milos Jovanovik, Dimitar Trajanov, "Survey of Semantic Web Technologies and Projects", "Proceedings, ETAI 2009", Ohird, Macedonia, 2009. | 1,8 |
| | [32] Vojdan Kardalev, Milos Jovanovik, Dimitar Trajanov "A Survey Of The Need For Soft Skills In Engineering Education And In The Workplace" – "Proceedings, ETAI 2009", Ohird, Macedonia, 2009. | 1,6 |
| | [33] Dejan Ristevski, Vane Spasov, Milan Petkovski, Dimitar Trajanov, Web Tool For Brainstorming - Software Tool For Generating Ideas, YU INFO 2009, Kopaonik, Srbija, Mart 2009. | 1,2 |
| | [34] Leonid Dzinevski, Dimitar Trajanov, Boot Loading Avr Microcontrollers Through CAN, YU INFO 2009, Kopaonik, Srbija, Mart 2009. | 1,8 |
| | [35] Aleksandar Džambaski, Dimitar Trajanov, Toni Janevski, Sonja Filiposka, Ad-Hoc Networks Simulations With Geometrically Ideal Terrains, Infoteh, Jahorina Republika Srpska, April 2009. | 1,2 |
| | [36] Dimitar Trajanov, Sonja Filiposka, Marija Lazarevska, Aksenti Grnarov, System On Chip Design: Master Studies Experience And Prospective For Phd Studies In Macedonia, TREND 2009, Kopaonik, Srbija, Mart 2009. | 1,2 |
| | [37] M. Mirchev, S. Filiposka, D. Trajanov, "Effects of Clustering in Ad Hoc Networks from Network Utility Maximization Aspect", Telfor2008, Nov. 2008. | 1,6 |
| | [38] Igor Mishkovski, Sonja Filiposka, Dimitar Trajanov, and Ljupco Kocarev, Using Game Theory to Analyze Distributed Computing Systems, XVI Telekomunikacioni forum TELFOR, Belgrade, Serbia, 2008. | 1,2 |
| | [39] Filiposka Sonja, Trajanov Dimitar: Ad Hoc Network Performances for Hybrid Social Networks, Telfor2008, Nov. 2008. | 1,8 |
| | [40] Gramatikov Sasho, Trajanov Dimitar, Kocarev Ljupco, Grnarov Aksenti: Influence Spreading in Complex Networks, Telfor2008, Nov. 2008. | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | [2] Член на организационен и програмски одбор на ЕТАИ 2009. | 1 |
| 8 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собер** | |
| | [1] ICT Innovations, 2009. | 1 |
| | [2] ICT Innovations, 2010. | 1 |
| | [3] Small System Simulation Symposium, Nis 2010. | 1 |
| 9 | **Студиски престој во странство (до три месеци)** | |
| | [1] Престој од 9,12,2009 до 13,12,2009 на Universidad Politécnica de Madrid, Spain. | 0,5 |
| | [2] Престој од 23,11,2007 до 28,11,2007 и од 19,03,2010 до 29,03,2010 на University of Southampton, UK. | 0,5 |
| 10 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| | [1] Развојно-истражувачки проект: Програмска рамка за развој на апликации за семантички веб, 2009 (**носител**) | 1 |
| | [2] Научно-истражувачки проект: Развој на алатки за поддршка на креативното размислување со користење на интернет сервиси, 2009 (**носител**). | 1 |
| 11 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| | [1] TEMPUS Joint Project 2009: Development and Realization of Educational Models of University/Industry Collaboration (**носител**). | 2 |
| | [2] TEMPUS Joint Project 2010: Development and Realization of Educational Models of University/Industry Collaboration (**носител**). | 2 |
| | [3] ERAZMUS Mundus- Partnership 2010: EUROWEB : EUropean Research and educatiOn collaboration with WEstern Balkans (**носител**). | 2 |
| 12 | **Член на факултетска комисија** | |
| | [1] Комисија за прием на студенти на ФЕИТ, 2006. | 0,5 |
| | [2] Комисија за прием на студенти на ФЕИТ, 2007. | 0,5 |
| | [3] Комисија за прием на студенти на ФЕИТ, 2008. | 0,5 |
| | [4] Комисија за прием на студенти на ФЕИТ, 2009. | 0,5 |
| | [5] Комисија за прием на студенти на ФЕИТ, 2010. | 0,5 |
| | [6] Комисија за прием на магистерски студии, 2008. | 0,5 |
| | [7] Комисија за модернизација на студиските програми (од 2007 год.). | 0,5 |
| 13 | **Координатор на студиска програма**<br>• Компјутерски мрежи и е-технологии. | 1 |
| 14 | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**<br>• Национална стратегија за развој на електронски содржини во образованието, Министерство за информатичко општество, 2010. | 2 |
| | **Вкупно** | 69,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 133,986 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 117,444 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 69,500 |
| **Вкупно** | 320,930 |

**Членови на Комисијата**

1. Академик проф. д-р Љупчо Коцарев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Данчо Давчев, член, с.р.
3. Вонр. проф. Владо Трајковиќ, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЕКОЛОШКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ И ИНДУСТРИСКИ ПОСТРОЈКИ ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЗЛАТКО СОВРЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата одржана на 27.X 2010 година, одредени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Златко В. Соврески, со наслов „Модел за евалуација на еколошките критериуми за енергетски и индустриски постројки".

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Модел за евалуација на еколошките критериуми за енергетски и индустриски постројки" од м-р Златко В. Соврески е изложена во 7 поглавја, при што заедно со воведот, заклучокот и библиографијата, дисертацијата содржи 135 страници. Покрај листата на користена литература, во дисертацијата е приложен и список на референци на кои кандидатот се јавува како автор.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Енергетските регулативи во светот сè повеќе ги опфаќаат и се фокусираат на влијанијата на технологиите врз животната средина, а посебно се ригорозни кон технологиите на согорување на фосилни горива кај термоенергетски постројки. Тема и проблематика третирана во докторската дисертација е еколошкото влијание од работата на термоелектрични централи (ТЕЦ) на фосилни горива, со посебен осврт на моделот за економско вреднување на инвестициите за вградување чисти енергетски технологии.

Како резултат од истражувањето добиена е методологија за економска евалуација на еколошките ефекти од работата на ТЕЦ. Направен е модел за имплементирање на влијанието од загадувањето на човековата околина во планирањето како на нови производни капацитети, така и во можноста на додатни инвестиции кај веќе постојни објекти. Развиениот модел е применет на конкретни примери кај термоенергетски постројки на јаглен. Апликацијата на моделот овозможува добивање варијанти и насоки на решенија на термоенергетски постројки за производство на почиста енергија. Анализите од моделот можат да се искористат како насока за оправданоста на инвестициите во чисти технологии за производство на енергија, како и споредба на

производната цена со и без земање предвид на влијанијата врз околината каде што се соодветно економски валоризирани.

## 3. Анализа на трудот

Материјалот е поделен во седум поглавја, при што секое поглавје обработува посебно тематско подрачје. Во првиот дел се дадени влијанијата од разни технологии врз животната средина, состав на атмосферата и систематизација на полутантите. Во вториот дел накратко се претставени технологиите за производство на електрична енергија, а во третиот дел е даден преглед на енергетските постројки за производство на електрична енергија во Македонија.

Во четвртиот дел се дадени теоретски подлоги за пресметка на емисијата на гасовите како продукт од согорувањето на фосилните горива, а како апликација во петтиот дел се претставени резултатите од соодветните пресметки кај термоенергетските постројки во Македонија: Битола, Осломеј, Неготино и ТЕ-ТО Скопје. По пресметките следува анализа на резултатите од аспект на еколошките последици и емисиите на полутантите, во зависност од технологијата на производство на електрична енергија во постројката и фосилното гориво кое согорува.

Во шестото поглавје е претставена состојбата кај термоенергетските постројки во Македонија од аспект на загадување на животната средина, односно кои технологии за почисто производство на енергија се вградени во термоенергетските производни капацитети.

Посебен акцент на докторската дисертација е ставен на седмото поглавје, каде што е презентиран економскиот модел за евалуација на еколошките последици од согорување на фосилните горива кај термоенергетските постројки за производство на електрична енергија. Во моделот се земени предвид техничките и економските карактеристики на производните постројки, како: инвестиции во основната опрема, трошоци за одржување и оперативна работа (O&M), цена на гориво, животен век на електраната, инвестиции во технологии за чисто производство, пенални коефициенти за емисија на полутанти (€/ton $CO_2$ eq), дисконтни стапки и др. Врз основа на моделот, анализирани се повеќе сценарија на термоенергетска постројка врз реални параметри:

- ТЕЦ со/без пенални коефициенти без ЕКО технологии за чисто производство,
- ТЕЦ со/без пенални коефициенти со ЕКО технологии за чисто производство.

Резултатите од истражувањата даваат економски показатели од оперативниот живот на постројката за целиот работен век.

Земајќи ги предвид резултатите од пресметките со моделот за економско вреднување од еколошките аспекти кај ТЕЦ со/без чисти технологии и сценаријата со/без плаќање на дополнителни пенали за емисија на полутанти можат да се добијат сознанија за разни варијанти на решенија на термоенергетски постројки. Анализите со моделот можат да помогнат при донесувањето на одлуките на компаниите или инвеститорите, како што се следниве:

- како влијаат дополнителните инвестиции за вградување на чисти технологиии за производство врз одлуката за градба на термоенергетска постројка;
- какво е влијанието на пеналните коефициенти врз економските показатели на оперативното работење на ТЕЦ, кое решение е економски прифатливо: да се инвестира во нова технологија или да се плаќаат пенални коефициенти;
- која цена на електричната енергија за MWh е економски прифатлива, со и без земање предвид на пеналните еколошки коефициенти.

Анализите од дисертацијата елаборирани како финансиски показатели за работата на ТЕЦ во четирите случаи ја ставаат цената на електричната енергија како флексибилен параметар кој секако зависи од сите фактори и чинители на производството. Моделот може да се користи и за други и различни студии и анализи за влијанието на параметрите и индикаторите (како флексибилни) на финансиските ефекти од работењето на ТЕЦ, како што се: цената на горивото, времето на живот на постројката, дисконтната стапка, инвестиционите трошоци за основната опрема и инвестициите за екотехнологиите.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Како резултат од истражувањата поврзани со докторската дисертација, м-р Златко Совրески објавил пет труда на меѓународни и домашни конференции. Во врска со дисертацијата објавени се следниве трудови:

[1] Антон Чаушевски, Златко Совրески, Софија Николова: Споредба на пресметковните и мерените резултати на емисија на полутанти за ТЕЦ Битола, Меѓународна конференција МАКО CIGRE, Охрид, 4-6 октомври 2009.

[2] Causevski, A., Sovreski, Z., Nikolova, S., Minovski, D.; Economical Analysis of Ecological Impacts From Thermal Power Plants, 9th International Conference ENERGETIKA – EKOLÓGIA – EKONÓMIA 2010, 18. – 20. may 2010 Tatranske Matliare, Slovakia.

[3] Златко Соврески, Антон Чаушевски, Софија Николова; Економско вреднување на еколошките влијанија од термоенергетски постројки, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2010, ЗЕМАК, 7 –9 октомври 2010, Охрид.

[4] Sovreski Z., Tasevski A. Solar cars technology and energy efficient management system, International Congress – Machines, Technologies, Materials, 26-28 May 2010, Sofia, Bulgaria.

[5] Z. Sovreski, J. First and J. Kovanda: Life-cycle analysis of greenhouse gas emmission and energy eficiency of hydrogen fuel cell scooters – Faculty of Transportation Sciences, Chech Technical University in Prague, Czech republic, 10/2010.

## 5. Оригинални придонеси на дисертацијата

Главните придонеси од докторската дисертација се во економското моделирање на целокупниот технолошки систем за производство на енергија кај постројка на фосилно гориво со земање на техничките, економските и еколошките параметри.

Докторскиот труд третира метода за еколошка евалуација на енергетски и индустриски постројки, со соодветни примери на апликација на термоенергетска постројка на фосилно гориво. Преку анализите направени со моделот треба да се донесе заклучок за економската исплатливост на работата на производната термоенергетска постројка во зависност од параметрите. Со моделот се добива економска евалуација на секој чинител на производната цена на kWh електрична енергија кај термоцентралите, како што се инвестициите, цената на горивото, дополнителните технологии за чисто производство, замената на застарената технологија, оперативните трошоци, еколошките бенефиции за чиста технологија и еколошките пенали за емитирани штетни продукти врз околината, и др.

Посебно важен третман во анализите каде што моделот може да се примени е при детални истражувања во насока на следниве прашања:

- Инвестиции на технолошко решение на интегрирана постројка. Овде моделот може да даде компетитивност на повеќе солуции за градба на нова постројка, сѐ со цел да се даде економски поволна цена на готовиот производ, а истовремено да се исполнат и еколошките критериуми.
- Инвестиции на решение на чисти технологии кај веќе изградена постројка (тука секако треба да се води сметка за староста на постројката и ефектот од воведување нова технологија за еколошко подобрување на процесот). Посебно може да се евалуираат технологиите што се вградуваат пред или во текот на согорувањето (Pre-combustion technology), како и технологиите кои се вградуваат во процесот по согорувањето на горивото (Post-combustion technology). Со моделот може да се направи анализа која технологија и во кој временски период од животниот век на постројката е економски исплатливо да се вгради.
- Кредити за трансфер на емисии и бенефиции за воведување на чиста технологија. Моделот по ова стапка може да помогне во наоѓање компромис помеѓу бенефициите од воведување на чиста технологија од една страна како инвестирање во еколошки прифатливи технологии, во однос на плаќање пенали за емисија на гасни полутанти во атмосферата или цврсти и течни материи во околината.

Целта на истражувањето е да се добијат правци со одредени чекори што треба да се направат кај веќе постојни енергетско производни објекти, посебно кај ТЕЦ на фосилни горива, сѐ со цел за намалување на емисиите на штетни материи. Моделот е направен како резултат од истражувањата на зависноста на економската цена на излезниот продукт од постројката во функција од влезните параметри, еколошките критериумите и стандарди кои се наметнуваат и технолошките можности за одредено решение.

## Заклучок и предлог

Во докторската дисертација „Модел за евалуација на еколошките критериуми за енергетски и индустриски постројки “, кандидатот м-р Златко В. Совревски разработува актуелна и сложена проблематика од областа на енергетиката. Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација е даден значаен научен придонес во областа на еколошките влијанија на енергетски објекти, а посебно во делот на економската евалуација на разни технички решенија на термоенергетски производни капацитети кои користат фосилно гориво. Со постигнатите резултати, кандидатот м-р Златко В. Совревски покажал длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на енергетиката и екологијата. Резултатите од работата на докторската дисертација се публикувани во научни трудови и соодветно презентирани на конференции.

Врз основа на изложената анализа и оцена, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Златко В. Совревски да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Модел за евалуација на еколошките критериуми за енергетски и индустриски постројки “.

**К о м и с и ј а**

1. Проф. д-р Мито Златаноски, претседател с.р.
2. Вонр. проф. д-р Антон Чаушевски, ментор с.р.
3. Проф. д-р Арсен Арсенов, член с.р.
4. Вонр. проф. д-р Атанас Илиев, член с.р.
5. Доц. д-р Драган Ѓорѓевиќ, ПМФ Ниш, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ОБРАСЦИ НА АФЕКТИВНО ВРЗУВАЊЕ И ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ И РОДИТЕЛИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЌУФЛИ ОСМАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 15 октомври 2010 година, формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Обрасци на афективно врзување и вредносни ориентации кај адолесценти и родители", поднесена од м-р Ќуфли Османи. Комисијата ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Ќуфли Османи, под наслов „Обрасци на афективно врзување и вредносни ориентации кај адолесценти и родители", претставува самостоен труд во кој се истражува природата на поврзаноста меѓу партнерските и семејните обрасци на афективно врзување како и односот меѓу обрасците на афективно врзување и вредносните ориентации кај младите возрасни и нивните родители.

Докторскиот труд е изложен на 312 страници и се состои од вовед и пет дела, литература, содржи 108 табели, 54 слики и 5 прилози.

Во воведот е образложена потребата во Република Македонија да се направи, за прв пат, продлабочено истражување на афективното партнерско и семејно врзување, како и на генерациското пренесување на обрасците на афективно врзување од родителите на нивните деца кои се во развојниот период на млади возрасни. Нагласена е и потребата да се испита кај истите испитаници, од кои подеднакво се застапени етнички Македонци и етнички Албанци, односот меѓу обрасците на афективно врзување и вредносните ориентации. Истражувањето има цел да даде теоретски и емпириски придонес во областа на применетата развојна психологија и тоа како за емоционалното врзување, како една од најважните примарни потреби, така и за вредносните ориентации поврзани со нив.

Во првиот дел од трудот е изнесена теоретската рамка на истражувањето. Најнапред се издвоени основните теории за афективното врзување, концепцијата за партнерските љубовни врски, односот меѓу обрасците на љубовните врски и обрасците на афективното врзување, внатрешниот работен модел за себе и моделот на значајни други. Направен е и преглед на развојот на афективното врзување во различни возрасни периоди и е укажано на некои сознанија за трансгенерациски пренос на обрасците на афективно врзување. Прикажани се три модели на афективно врзување, а даден е и критички осврт на теориите за афективно врзување. Посебно внимание во првиот дел им е дадено на

релевантните емпириски истражувања на партнерските и на семејните обрасци на афективно врзување.

Во првиот дел од трудот се изнесени и теории за вредносните ориентации колективизам и индивидуализам, како и за вредносната ориентација религиозност. Направен е и приказ на релевантни емпириски истражувања во однос на вредносните ориентации.

Методолошката рамка на истражувањето е образложена во вториот дел од трудот. Проблемот на истражувањето е конкретизиран преку седум прашања и во врска со нив се формулирани седум основни хипотези кои се проверувани преку повеќе потхипотези изведени од нив. За нив повеќе ќе стане збор кога ќе ги изнесеме некои од значајните резултати и дискусијата поврзана со нив.

Основни варијабли во истражувањето се четири обрасци на афективно врзување спрема членовите на семејството и спрема партнерот кои се дефинирани и кои се операционализирани преку добро избрани мерни инструменти како што се Прашалникот за проценка на обрасците на афективните партнерски врски и Прашалникот за проценка на семејните афективни врски. Дефинирани се и варијаблите на вредносните ориентации колективизам, индивидуализам и религиозност, а нивната операционализација е направена преку определување на скорот постигнат на скалите со кои тие се мерат. Мерните инструменти се преведени на македонски и на албански јазик. Во истражувањето се вклучени уште неколку релевантни варијабли како што се возраста, полот, времетраењето на партнерската врска, етничката припадност и местото на живеење.

Примерокот испитаници го сочинуваат вкупно 379 лица. Од нив 197 се млади возрасни на возраст од 18 до 25 години (со просечна возраст 21 година). Станува збор за студенти кои имаат партнерска врска со најмалку тримесечно траење, а студираат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Универзитетот Југоисточна Европа и на Државниот универзитет во Тетово. Во примерокот испитаници се вклучени и нивните два родитела кои сочинуваат комплетно семејство (вкупно 182), кои се во периодот на средна зрелост, а чија возраст се движи од 40 до 65 години (со просечна возраст 48,5 години). Се водело сметка да има приближно ист број испитаници во зависност од возраста, полот, местото на живеење (село и град) и етничката припадност (Македонци и Албанци). Теренското истражување е направено во текот на месеците март, април и мај 2009 година. На крајот од вториот дел е опишана статистичката обработка на добиените резултати од испитувањето.

Во третиот дел од трудот се прикажани резултатите од истражувањето и тоа во 108 табели и 54 слики. Изобилството на податоци нема да го прикажиме целосно овде. За овој извештај направивме само избор на некои од резултатите со кои се проверени хипотезите и воедно ги прикажуваме заедно со дел од дискусиите поврзани со нив, а кои се дадени во четвртиот дел од трудот.

Испитувањето покажа дека постои трансгенерациски пренос на одделни обрасци на партнерско афективно врзување од постарите генерации, односно од родителите на нивните деца. Имено, родителите со образец на сигурност во афективното врзување имаат деца кои се млади возрасни со ист образец на сигурност, или родителите со образец

на отфрленост имаат деца кои покажуваат, исто така, образец на отфрленост во афективното врзување итн. Радува што во контекстот на генерациска трансмисија доминира образецот на сигурност во афективното врзување (84%), додека образецот бојазливост се сретнува кај 8% од испитаниците, образецот преокупираност кај 6% и образецот отфрленост само кај 2%. Најголем дел од младите возрасни своето сигурно партнерско врзување го прифатиле како модел од двата родитела, а само кај 4% од нив тој е својство само кај едниот родител.

Резултатите потврдуваат дека постои значајна поврзаност меѓу обрасците на афективно врзување кон семејството со обрасците на партнерското афективно врзување. Ова се потврдува во поглед на пренос на образецот на сигурност во семејното врзување кон појава на, исто така, образец на сигурност во партнерското афективно врзување. Со други зборови, врз основа на познавање на квалитетот (образецот) на семејното врзување, може да се предвиди какво ќе биде партнерското врзување. Стекнатите модели за себе и за други во детството се пренесуваат во следните развојни периоди. Поинаку кажано, индивидуалните разлики идентификувани во односот родители-млади возрасни се слични на индивидуалните разлики идентификувани во партнерските врски. Нема сомнение дека партнерските врски претставуваат облик на афективно врзување кој е сличен на врската дете-грижител. Произлегува и дека афективното врзување на возрасните е како облик на афктивно врзување дете-грижител.

Истражувањето покажа дека 72,4% од испитаниците кои кон членовите на семејството развиле образец на сигурност, кон партнерот развиваат, исто така, образец на сигурност на афективно врзување. Тоа значи дека постои двонасочен пренос на ист квалитет на интеракција од семејно кон партнерско афективно врзување, т.е. постои вертикален пренос на квалитетите на образецот на сигурност на афективно врзување од семејството кон хоризонтален пренос насочен кон партнерот.

Развојно пожелна е тенденцијата младите возрасни со изразен образец на бојазливост на семејно врзување да развиваат поинаков образец во партнерското афективно врзување кој во најголем број случаи (44,4%) прераснува во образец на сигурност, или се менува во образец на преокупираност (22,2%) и во образец на отфрленост (11,1%).

Во споредба со младите возрасни, родителите покажуваат повисока поврзаност меѓу сигурната основа на семејно и на партнерско афективно врзување. Тоа се објаснува со податокот дека партнерската врска меѓу родителите трае подолго време и тие имаат поголемо социјално и емоционално искуство.

Во поглед на резултатите од испитувањата на индивидуалистичката и колективистичката вредносна ориентација кај испитаниците млади возрасни се добиени следниве резултати: не се утврдени полови разлики; албанската заедница и култура во Р. Македонија во поголема мера го негува колективистичкиот дух и колективистичките вредности, а во однос на индивидуалистичките вредносни ориентации не се утврдени разлики меѓу нив. Испитаниците со понагласена вредносна ориентација индивидуализам имаат позастапена димензија на избегнување, додека колективистичката вредносна ориентација значајно е поврзана со димензијата анксиозност во образецот на сигурност на партнерско врзување.

Вредносната ориентација религиозност е поизразена од очекуваниот просек кај сите испитаници. Младите етнички Албанци имаат статистички значајно поизразена религиозност како во однос на очекуваниот просек, така и во однос на соврсниците етнички Македонци. Испитувањето покажа дека лицата со поизразена религиозност имаат и почесто образец на сигурност во партнерското афективно врзување.

Истражувањето покажува дека обрасците на партнерско и на семејно врзување не се разликуваат меѓу припадниците од двата пола. Единствена разлика меѓу половите има во поизразената тенденција на димензијата избегнување на семејно врзување кај машките млади возрасни.

Профилот на испитаниците етнички Македонци и етнички Албанци во однос на обрасците на афективно врзување и вредносните ориентации покажува дека етничките Македонци имаат поизразена димензија на избегнување на семејно врзување и поизразена димензија на избегнување на партнерско врзување. Етничките Албанци имаат поголема застапеност на вредносните ориентации колективизам и религиозност, понагласен образец на сигурност во партнерското врзување, понагласен образец на отфрленост на семејно врзување и поизразена димензија на анксиозност во семејното врзување. Меѓу припадниците од двете етнички заедници не се забележани разлики како во преокупирачкото, бојазливото и отфрлувачкото партнерско врзување, така и во сигурното, преокупирачкото, бојазливото и отфрлувачкото семејно врзување. Нема етнички разлики ни во вредносната ориентација индивидуализам.

Односот меѓу различните вредносни ориентации и степенот на изразеност на различните обрасци на партнерско врзување кај испитаните млади возрасни изгледа вака: понагласен образец на сигурност, низок индивидуализам, а висок колективизам и религиозност; изразен образец на бојазливост и изразен индивидуализам, а колективизам и религиозност во рамките на просекот; изразен образец на преокупираност и изразени колективизам и религиозност, а индивидуализам во рамките на просекот; изразен образец на отфрленост и највисок индивидуализам, а најниска религиозност.

Дискусијата на разновидните резултати од истражувањето е направена преку повеќенасочна споредбена анализа меѓу нив, како и со оние добиени од други автори во проучувањата во други средини. Се настојува тие секогаш да се поврзат и осмислат во рамките на теоретските сознанија за афективното врзување и за вредносните ориентации, како и со развојните тенденции својствени за развојните карактеристики на возрасниот период во кој се наоѓаат испитаниците. Во рамките на дискусијата, м-р Ќуфли Османи покажува дека стекнал поширока познавања од областа на развојната психологија и продлабочени осмислувања и поврзувања на изнесените богати информации за афективното врзување и за вредносните ориентации.

Во заклучните согледувања авторот истакнува дека проучувањето на природата на развојноста на сложените психички појави, како што се афективното врзување и вредносните ориентации, наметна во истражувањето да се вклучат голем број варијабли.

Испитаните млади возрасни и нивните родители потврдија постоење на четири обрасци на партнерско и на семејно афективно врзување (сигурност, преокупираност, отфрленост и бојазливост). Образецот на сигурност во афективното врзување е значително повеќе застапен во однос на останатите три обрасци. Испитувањето покажа дека постои позитивна поврзаност меѓу обрасците на афективно врзување формирани врз основа на односот со родителите и обрасците на афективно врзување изразени во партнерските односи. Добиените корелации укажуваат на постоење функционални механизми во семејната структура преку кои се пренесуваат обрасците на партнерското врзување: квалитетот на врските меѓу членовите на семејството, негување и почитување на семејните норми и вредности (изразен колективизам наспроти индивидуализам), почитување на светоста на бракот и семејството (висока религиозност и значајна корелација со сигурната основа на врзување). Развојно оптимистичен е податокот според кој најголем процент од младите возрасни со несигурна основа на семејно врзување (преокупиранист, отфрленост и бојазливост) прибегнуваат кон сигурно врзување.

Споредбената анализа потврдува дека младите возрасни со поизразена религиозна вредносна ориентација, во ситуации на афективно врзување, имаат поизразена тенденција кон сигурно врзување.

Корелационата анализа, преку мултипла регресиона анализа, покажува дека вредносните ориентации се јавуваат како подобри предиктори за обрасците на семејното отколку за партнерското афективно врзување.

За разлика од досегашните истражувања на афективното врзување, кои повеќе се насочени кон зачестеноста на одделни обрасци на афективно врзување во одредена популација, истражувањето на м-р Ќуфлим Османи е едно од ретките кои го испитуваат трансгенерациskиот пренос на афективното врзување, а вклучува и два вида врзување како што се семејното и партнерското. Од теориска и практична гледна страна, значајно е што во ова проучување на обрасците на афективно врзување едновремено се застапени категоријалниот и димензионалниот пристап.

Овој докторски труд обилува со истражувачки податоци и е добра основа за споредба со други постојни истражувања, но е и добра основа за правење други истражувања во рамки на развојната психологија. Резултатите се добра основа за насочување на социјализацијата и развојот како на младите возрасни, така и на нивните родители. Сознанијата од оваа докторска дисертација се корисни за работата во брачните советувалишта, можат да се користат во психотерапевтски цели, а на различен начин можат да ги користат психолозите, психијатрите, педагозите или социолозите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Ќуфли Османи под наслов „Обрасци на афективно врзување и вредносни ориентации кај адолесценти и родители" се одликува со добро поставена теориска рамка на истражувањето и со коректен методолошки приод. Обилството на

податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани во повеќе табели и слики. Кандидатот успешно ги поврзува и ги осмислува добиените резултати кај испитаници од различни возрасти, пол, етничка припадност итн., како меѓу себе така и со оние на други истражувачи, а покажува и умешност да ги разгледува од аспект на различните теории. Кандидатот покажува способност теориски да мисли и успешно да го насочува развојот на афективното врзување од аспект на развојнопсихолошкиот приод. Во мошне сложената област на развојната психологија, како што се обрасците на афективно врзување и вредносните ориентации, кандидатот во докторската дисертација успеа да ги обедини теоретскиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски добро поставен и самостоен труд.

Врз основа на анализата и на оцената на докторската дисертација, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија, да го усвои овој извештај за докторската дисертација на м-р Ќуфли Османи и да ја одобри нејзината усна одбрана.

Скопје, 21 ноември 2010

Членови на Комисијата

Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, с.р.
Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.
Проф. д-р Михајло Поповски, с.р.
Проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска, с.р.
Доц. д-р Николина Кениг, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА БЕТОНСКИТЕ И ДРВЕНИТЕ КОНСТРУКЦИИ, НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 367. седница одржана на 21. X 2010 година, нè избра за рецензенти за избор на наставник од областа на бетонските и дрвените конструкции.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" од 22. IX 2010 година, и во весникот „Koha E Re" од 22. IX 2010 година, се пријави д-р Тони Аранѓеловски, дипл.град.инж., досегашен асистент на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, на Градежниот факултет во Скопје. Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатот, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Тони Аранѓеловски е роден на 1. VI 1966 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со одличен успех. На Градежниот факултет во Скопје се запишал во учебната 1984/85 година на конструктивната насока по што заминал на отслужување на воениот рок и со студирањето започнал во учебната 1985/86 година. Дипломирал во јули 1990 година.

Дипломската работа под наслов „Главен проект на монтажна индустриска хала" ја одбранил со највисока оценка 10 (десет) на 23. VII 1990 година.

По дипломирањето, во ноември 1991 година се вработил во ДГ„Бетон" а.д. – Скопје, на работното место инженер-истражувач во лабораторијата за бетон, каде што работел сè до октомври 1998 година.

Во учебната 1994/95 година се запишал на постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока, а на 21. V 1998 го одбранил магистерскиот труд под наслов „Технологија на бетон со висококвалитетни својства" и се здобил со научно звање - магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Стекнал долгогодишно работно искуство во градежништвото, вработувајќи се во повеќе градежни компании. Од октомври 1998 до септември 1999 работел во „Леснина инженеринг" – Скопје, на работното место претставник на компанијата „МАРЕІ" S.p.A Милано-Италија за специјални производи и адитиви во градежништвото. Потоа, од декември 1999 до септември 2003 година работел во Фабриката „Карпош" а.д. - Скопје на работното место проектант во секторот за проектирање и развој.

На 12. VII 2002 година, на 290. седница на Наставно-научниот совет, избран е за асистент по групата предмети кои ги покрива Катедрата за бетонски и дрвени конструкции: градежни конструкции, технологија на бетон, армиран бетон, бетонски конструкции, основи на дрвени конструкции, претходно-напрегнат бетон, армиранобетонски мостови и армиранобетонски конструкции. На 1. X 2003 година

се вработил на Градежниот факултет во Скопје, на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции.

Во звањето асистент е преизбран на 328. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 12. IX 2006 година на истата Катедра.

На 12. VII 2010 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Однесување на армиранобетонски елементи од високојакосен бетон под дејство на променливи товари во тек на време“ и се здобил со научно звање - доктор на технички науки. Докторската дисертација е изработена во рамките на Меѓународниот центар за докторски студии од областа на инженерството (SEEFORM) формиран од Пактот за стабилност на Југоисточна Европа и Рурскиот универзитет во Бохум-Германија, а финансиски поддржана од Германската агенција за академска размена DAAD.

Активностите од областа на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност до неговиот избор во звањето асистент, а потоа и преизборот во асистент, се претставени во рефератите објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 806, објавен на 14. VI 2002 година и број 900, објавен на 30. VI 2006 година.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

### 2.1 НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од преизборот во звањето асистент до сега, кандидатот наставната дејност ја остварува преку водење на вежби, консултации, изработка на семинарски работи, писмени испити и друго. Во споменатиот временски период држи вежби на додипломските и постдипломските студии, односно на студиите од првиот и вториот циклус на студии. На додипломските студии ги покривал часовите за вежби по предметите: технологија на бетон, армиран бетон, бетонски конструкции, основи на дрвени конструкции, претходнонапрегнат бетон, армиранобетонски мостови и армиранобетонски конструкции. На постдипломските студии ги покривал часовите за вежби по предметите современи дрвени конструкции и одбрани поглавија од технологија на бетон.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се сите негови активности од областа во наставно-образовната дејност од преизборот во звањето асистент до сега.

### 2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Посебен интерес во научноистражувачката дејност му претставува однесувањето на армиранобетонските конструкции во тек на време, посебно изучувајќи го проблемот на елементите изработени од високојакосен бетон и бетон со висококвалитетни својства.

Во изминатиот период од преизборот во звањето асистент до сега, неговата научно-истражувачка дејност се одвива во рамките на изработката на докторската дисертација, учество како соработник и истражувач во рамките на изработка на

научноистражувачки проекти ( меѓународни) и учество со реферати на домашни и меѓународни симпозиуми и конференции.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се сите негови активности од областа на научноистражувачката дејност од преизборот во звањето асистент до денес.

## 2.3. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Стручната дејност на кандидатот е од областа на армиранобетонските конструкции. Како носител или соработник учествувал при изработката на голем број студии, идејни, основни и изведбени проекти, надзор над изведба на градежни објекти, консултантски надзор и друго.

Списокот на стручни трудови до неговиот избор во звањето асистент и преизбор во истото звање се објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 806 од 12. VII 2002 година и број 900 од 12. IX 2006 година. Од нив се забележува дека до неговиот преизбор во звањето асистент има преку 100 стручни труда.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, наведени се неговите активности од областа на стручно-апликативната дејност од преизборот во звање асистент до денес.

## 3.ОПШТЕСТВЕНА АКТИВНОСТ

Кандидатот е член на Друштвото на градежните конструктори на Македонија.

Моментално е член во повеќе комитети при Институтот за стандардизација на Република Македонија, и тоа: Технички комитет ТК-24 Бетон и производи од бетон, Технички комитет ТК-25 Ѕидарство, Технички комитет ТК-26 Дрво-производи од дрво и мебел и во работната група РГ1 Основи за пресметување на конструкции и дејства на конструкциите при Техничкиот комитет ТК-30 Еврокодови.

Член е на телото за сертификација на сообразност на градежните производи, контрола на производството и негов надзор, формирано од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје".

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната работа, може да се заклучи дека сите активности на д-р Тони Аранѓеловски, асистент на Градежниот факултет во Скопје, се во нагорна линија и дека кандидатот е афирмиран наставно-образовен, научен и стручно-апликативен работник од областа за која конкурира.

Од преизборот во звањето асистент до денес, кандидатот активно учествува во реализацијата на вежбите на прв и втор циклус на студии. Во изминатиот период, кандидатот покажува забележителна активност и во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, со што се стекнал со драгоцено теоретско и практично искуство, што се гледа од бројните научни и стручни трудови објавени во зборниците на трудови на научни собири одржани во земјата и во странство.

Врз основа на целокупниот ангажман кој ги задоволува критериумите дадени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и од личното познавање на кандидатот, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот д-р Тони Аранѓеловски, дипл.град.инж., да биде избран во звањето доцент во областа на бетонските и дрвените конструкции.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.

2. Проф. д-р Зоран Десовски с.р.

3. Проф. д-р Горан Марковски с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Тони Петре Аранѓеловски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Градежен факултет**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **бетонски и дрвени конструкции**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби - прв циклус студии** | |
| | **Учебна 2006/2007 година** | |
| 1 | Армиран бетон (3+4), зимски 2006/2007 | 1,8 |
| 2 | Дрвени конструкции (2+2), зимски 2006/2007 | 0,9 |
| 3 | Армиранобетонски мостови (2+4), зимски 2006/2007 | 1,8 |
| 4 | Армиранобетонски конструкции 2 (3+3), зимски 2006/2007 | 1,35 |
| 5 | Дрвени конструкции (2+1), летен 2006/2007 | 0,45 |
| 6 | Основи на дрвени конструкции (3+3), летен 2006/2007 | 1,35 |
| 7 | Технологија на бетон (2+2), летен 2006/2007 | 0,9 |
| 8 | Претходнонапрегнат бетон (3+4), летен 2006/2007 | 1,8 |
| | **Учебна 2007/2008 година** | |
| 9 | Армиран бетон (4+3), зимски 2007/2008 | 1,35 |
| 10 | Бетонски конструкции (4+3), зимски 2007/2008 | 1,35 |
| 11 | Претходнонапрегнат бетон (3+2), зимски 2007/2008 | 0,9 |
| 12 | Армиранобетонски конструкции 2 (3+3), зимски 2007/2008 | 1,35 |
| 13 | Армиранобетонски мостови (3+4), зимски 2007/2008 | 1,8 |
| 14 | Армиранобетонски конструкции (3+2), летен 2007/2008 | 0,9 |
| 15 | Основи на дрвени конструкции (3+3), летен 2007/2008-2 групи | 2,7 |
| 16 | Технологија на бетон (2+2), летен 2007/2008 | 0,9 |
| | **Учебна 2008/2009 година** | |
| 17 | Армиран бетон (4+3), зимски 2008/2009 | 1,35 |
| 18 | Претходнонапрегнат бетон (3+2), зимски 2008/2009 | 0,9 |
| 19 | Армиранобетонски мостови (3+4), зимски 2008/2009 | 1,8 |
| 20 | Технологија на бетон (2+2), летен 2008/2009 | 0,9 |
| 21 | Основи на дрвени конструкции (3+3), летен 2008/2009 | 1,35 |
| 22 | Армиранобетонски конструкции (3+2), летен 2008/2009 | 0,9 |
| 23 | Бетон и железобетон (2+2), летен 2008/2009-3 групи | 2,7 |
| | **Учебна 2009/2010 година** | |
| 24 | Армиран бетон (4+3), зимски 2009/2010-2 групи | 2,7 |
| 25 | Претходнонапрегнат бетон (3+2), зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 26 | Армиранобетонски мостови (3+4), зимски 2009/2010 | 1,8 |
| 27 | Конструкции од лепено лам. дрво (2+2), зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 28 | Технологија на бетон (2+2), летен 2009/2010-2 групи | 1,8 |
| 29 | Армиранобетонски конструкции (3+2), летен 2009/2010 | 0,9 |
| 30 | Основи на дрвени конструкции (3+3), летен 2009/2010 | 1,35 |
| | **Одржување на вежби – втор циклус на студии** | |
| 31 | Современи дрвени конструкции (2+2), зимски 2008/2009 | 0,9 |
| | | |

| | Консултации со студенти | |
|---|---|---|
| 32 | Учебна 2006/2007 година, зимски семестар-64 студенти | 0,128 |
| 33 | Учебна 2006/2007 година, летен семестар-82 студенти | 0,164 |
| 34 | Учебна 2007/2008 година, зимски семестар-79 студенти | 0,158 |
| 35 | Учебна 2007/2008 година, летен семестар-66 студенти | 0,132 |
| 36 | Учебна 2008/2009 година, зимски семестар-54 студенти | 0,108 |
| 37 | Учебна 2008/2009 година, летен семестар-69 студенти | 0,138 |
| 38 | Учебна 2009/2010 година, зимски семестар-54 студенти | 0,108 |
| 39 | Учебна 2009/2010 година, летен семестар-57 студенти | 0,114 |
| | **Вкупно** | 43,8 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Докторска дисертација: „Однесување на армиранобетонски елементи од високојакосен бетон под дејство на променливи товари во тек на време", одбранета на 12. VII 2010. | 8,0 |
| 2 | FP-6 programme,Earthquake Protection of Historical Buildings by Reversible Mixed Tehnologies PROHITECH, WP-7 Experimental analysis,Leader: prof. K. Gramatikov, 2004-2007 (меѓународен проект)-учесник. | 5,0 |
| 3 | Благој Атанасов, Милован Кнежевиќ, Глигор Коцев, Тони Арангеловски, Кирил Граматиков, Станислав Миловановиќ и Цветанка Поповска, „Проектирање и изградба на преливниот орган на ХС Лисиче", Втор конгрес за брани, Македонски комитет за големи брани, Струга, 7-9 мај 2009, стр.201-212. | 1,2 |
| 4 | Благој Атанасов, Никола Богданов, Благој Георгиев, Милован Кнежевиќ, Глигор Коцев, Тони Арангеловски, Кирил Граматиков и Станислав Миловановиќ „Проектирање и изградба на водозафатна кула и експлоатациони цевоводи на ХС Лисиче", Втор конгрес за брани, Македонски комитет за големи брани, Струга, 7-9 мај 2009, стр.213-224. | 1,2 |
| 5 | T.Arangelovski, K.Gramatikov, J.Josifovski and Milorad Jovanovski, „Minimum reqirements to test properties of equivalent materials for building large-scale model", Proceedings of the International Conference on Protection of Historical Buildings, PROHITECH 09, Rome, Italy, 21-24 June 2009, editor Federico M.Mazzolani, CRC Press, Taylor & Francis Group, 2009, pp.1573-1578. | 1,8 |
| 6 | G.Markovski, S.Atanasovski, Z.Desovski, T.Arangelovski, O. Kolevski and D. Nakov, „Design for strengthening and repair of the bridges in Republic of Macedonia", Proceedings of the International Conference on Protection of Historical Buildings, PROHITECH 09, Rome, Italy, 21-24 June 2009, editor Federico M.Mazzolani, CRC Press, Taylor & Francis Group, 2009, pp.1573-1578. | 1,8 |
| 7 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Арангеловски, О.Колевски, К.Тодоров и Д.Наков, „Проект за зајакнување и поправка на мостовите во Република Македонија-Фаза LOT2", 13 Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид, Р.Македонија, 14-17 октомври 2009, стр.13-24. | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Арангеловски, О.Колевски, Д.Наков и А.Богоевски, „Реализација на вонгабаритен транспорт", 13 Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид, Р.Македонија, 14-17 ктомври 2009, стр.131-136. | 1,2 |
| 9 | К.Граматиков, М.Константинидис, Т.Аранѓеловски и Ѓ.Кокаланов, „Однесување на крстато-арм.бет. плочи армирани со заварени мрежи со стандарден и нестандарден квалитет на варовите", 13 Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид, Р.Македонија, 14-17 октомври 2009, стр.157-162. | 1,2 |
| 10 | Ѓ.Кокаланов, К.Граматиков и Т.Аранѓеловски, „Нумеричка анализа на армирано бетонски крстато армирани плочи со заварени арматурни мрежи", 13 Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид, Р.Македонија, 14-17 октомври 2009, стр.225-230. | 1,6 |
| 11 | Toni Arangjelovski, Sande Atanasovski, „Time-dependent behaviour of reinforced high-strength concrete elements under variable loads", Proceedings 8th fib International PhD Symposium in Civil Engineering, June 20-23, 2010, Technical University of Denmark, Department of Civil Engineering Kgs.Lyngby, Denmark, p. 219-224. | 2,7 |
| | **Вкупно** | 26,9 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Аранѓеловски Т., Проект на бетон за објект: Магацин за бела техника, товарна железничка станица Ѓорче Петров, ноември 2006 год. | 4,0 |
| 2 | Атанасовски С., Аранѓеловски Т., Главен проект на фарма заноеви, февруари 2007. | 2,0 |
| 3 | Аранѓеловски Т., Извештај за претходни испитувања на модулот на еластичност за МБ-40 за објект: Силос за клинкер , Беочин-Lafarge, април 2007. | 2,0 |
| 4 | Аранѓеловски Т., Главен проект за Магацин со администрација Технодом, Визбегово-Скопје, јуни 2007. | 4,0 |
| 5 | Атанасовски С., Миловановиќ С., Аранѓеловски Т., Главен проект за арм.бет. пешачки мост на р.Отиња во Штип, јули 2007. | 2,0 |
| 6 | Аранѓеловски Т., Главен проект за објектот Индивидуална станбена куќа подрум+приземје+1+поткровје на ул. Владимир Каваев 2б Скопје, јули 2007. | 4,0 |
| 7 | Аранѓеловски Т., Извештај за контролни испитувања на модулот на еластичност за МБ-40 за објект: Силос за клинкер , Беочин-Лафарге, јули 2007. | 2,0 |
| 8 | Аранѓеловски Т., Проект на бетон за објект: "Станбено-деловен објект" на ул. Иван Милутиновиќ бр.27-Скопје, октомври 2007. | 4,0 |
| 9 | Аранѓеловски Т., Завршен извештај за квалитетот на вградениот бетон со статистичка обработка на податоците за објект"Станбено-деловен објект" на ул. Иван Милутиновиќ бр.27-Скопје, октомври 2007. | 2,0 |
| 10 | Атанасовски С., Аранѓеловски Т., Основен и изведбен проект за зајакнување на дел од конструкцијата на објектот: "Доградба на управна зграда на Стопанска банка"-Скопје, декември 2007. | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Атанасовски С., Аранѓеловски Т., Основен и изведбен проект за санација на трибините на спортската сала за мали спортови во Демир Хисар, февруари 2008 година. | 2,0 |
| 12 | Аранѓеловски Т., Главен проект за објектот Семејна куќа П+1, јуни 2008. | 4,0 |
| 13 | Марковски Г., Аранѓеловски Т., Колевски О., Основен и изведбен проект за објект: Основно училиште во с.Врапчиште, Гостивар, јуни 2008. | 2,0 |
| 14 | Марковски Г., Аранѓеловски Т., Колевски О., Основен и изведбен проект за објект: Индивидуална семејна куќа П+2 во Маврово, јули 2008. | 2,0 |
| 15 | Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Колевски О., Наков Д., Студија за бројот и состојбата на мостовите на патниот правец Дојран-Струмица-Радовиш-Штип-Велес-Скопје, јули 2008. | 1,0 |
| 16 | Марковски Г., Аранѓеловски Т., Главен проект за Амбасада на Република Македонија во Анкара, Турција, јули-октомври 2008. | 2,0 |
| 17 | Атанасовски С., Аранѓеловски Т., Студија за зајакнување на конструкцијата на магацинот на "Македонија Табак", Тетово, Скопје, февруари 2009. | 1,0 |
| 18 | Atanasovski S., Deosvski Z., Markovski G., Arangelovski T., Nakov D., Kolevski O., Bogoevski A., NATO Project for the repair and improvement of bridges and carriageway structures on NATO route "Bottle" LOT3, May 2009. | 2,0 |
| 19 | Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Наков Д., Колевски О., Богоевски А., Студија за бројот и состојбата на мостовите на патниот правец Скопје-Тетово-Јажинце, јуни 2009. | 1,0 |
| 20 | Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Студија за утврдување на стабилноста на објектите ламели: А, Б3 и Б4 на локацијата „Подкошљун" во Будва, Црна Гора, за гравитациони и сеизмички влијанија, Скопје, јуни 2009. | 1,0 |
| 21 | Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Студија за утврдување на стабилноста на објектите ламели: А, Б3 и Б4 на локацијата „Подкошљун" во Будва, Црна Гора, за гравитациони и сеизмички влијанија со линеарна анализа, Скопје, јуни 2009. | 1,0 |
| 22 | Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., ИЗИИС: проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска и проф. д-р Роберта Апостолска, Студија за утврдување на стабилноста на објектите ламели: А, Б3 и Б4 на локацијата „Подкошљун" во Будва, Црна Гора, за гравитациони и сеизмички влијанија со нелинеарна спектрална анализа за различни нивоа на сеизмички сили, Скопје, јуни 2009. | 1,0 |
| 23 | Атанасовски С., Десовски З., Марковски Г., Аранѓеловски Т., Наков Д., Колевски О., Студија за бројот и состојбата на мостовите на патниот правец Богородица-Богданци-Валандово-Удово-Демир Капија-Неготино-Велес-Скопје за реализација на вон габаритен транспорт, Скопје, јули 2009. | 1,0 |
| 24 | Граматиков К., Аранѓеловски Т., Кокаланов Ѓ., Студија за теоретски и експериментални испитувања на носивоста на арм.бет. крстато армирани плочи армирани со заварени | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | арматурни мрежи со стандарден и нестандарден вар, книга 1, 2 и 3, Скопје, август 2009. | |
| 25 | Атанасовски С., Аранѓеловски Т., Стручни мислења за изградба на брана Св.Петка, Скопје, во текот на 2009 и 2010 година. | 1,0 |
| | | **51,0** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на Техничкиот комитет ТК24 Бетон и производи од бетон при Институтот за стандардизација на Р. Македонија - од 2005 до 2010 година. | 1,0 |
| 2 | Член на Техничкиот комитет ТК25 Ѕидарство при Институтот за стандардизација на Р. Македонија – од 2006 до 2010 година. | 1,0 |
| 3 | Член на Техничкиот комитет ТК26 Дрво-производи од дрво и мебел при Институтот за стандардизација на Р. Македонија – од 2009 до 2010 година. | 1,0 |
| 4 | Член на Работна група ИСРМ ТК30/РГ1-Основи за пресметување на конструкции и дејствија на конструкциите од ТК30Еврокодови при Институтот за стандардизација на Р.Македонија - од 2007 до 2010 година. | 1,0 |
| 5 | Член на телото за сертификација на сообразност, контрола при производството и негов надзор при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје" – Скопје, од 2010 година. | 1,0 |
| | | **5,0** |
| | **Вкупно** | **56,0** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 43,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 26,9 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 56,0 |
| **Вкупно** | 126,7 |

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.

2. Проф. д-р Зоран Десовски с.р.

3. Проф. д-р Горан Марковски с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-2673/3 од 26.XI 2010 год., донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, одржана на 25.XI 2010 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден помлад асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 11.XI 2010 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Јасмина Петреска. Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката Јасмина Петреска е родена на 30. VII 1984 год. во Прилеп. Основно и средно училиште, ДСУ Гимназија „Мирче Ацев", завршила во Прилеп. Во учебната 2003/2004 се запишала на студиите по хемија на Природно – математичкиот факултет во Скопје, аналитичко-структурна насока. Студиите ги завршила во јули 2007 година како најдобар студент во својата генерација (со среден успех 9,82) и се стекнала со звање дипломиран инженер по хемија. Во учебната 2007/2008 година се запишала на постдипломските студии на Природно – математичкиот факултет, кои ги завршила со просечен успех 10,00 на 8. XI 2010 со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Студија на хидратацијата на хидроксидниот јон во водни раствори со хибриден статистичко-физички – квантномеханички пристап" и се стекнала со звањето магистер на хемиски науки.

Од зимскиот семестар, во учебната 2007/2008 година, е ангажирана како демонстратор на Институтот за хемија. Учествувала во изведување на вежбите по предметите аналитичка хемија и инструментални аналитички методи за студентите на хемија и биологија, како и по предметите хроматографија и форензичка хемија за студентите од постдипломските студии по хемија и форензика.

Покрај ангажманот во практичната настава, Јасмина Петреска од септември 2009 година па до денес е вклучена како млад истражувач во научноистражувачкиот проект „Засилување на истражувачкиот капацитет на земјите од Западен Балкан за карактеризација на квалитет на храна", под раководство на проф. д-р Марина Стефова. Во периодот од 1. X до 17. XII 2009 година престојувала во лабораторијата на Group on Quality, Safety and Bioactivity of Plant Foods при CSIC-CEBAS во Мурсија, Шпанија, со цел да се оспособи за работа со масен спектрометар врзан за течен хроматограф. Во периодот од 28. V до 11.VI 2010 учествувала на курсот организиран од страна на „Организацијата за забрана на хемиско оружје" (OPCW) на Универзитетот во Хелсинки, Финска, каде што стекнала знаења за анализа на хемиски оружја користејќи гасна хроматографија врзана со масена спектрометрија. Досега учествувала на повеќе научни конгреси со 15 соопштенија и објавила 3 научни труда, кои се наброени подолу.

<u>Објавени научни трудови:</u>

1. K. Alipieva, **J. Petreska**, A. G. Izquierdo, M. Stefova, Lj. Evstatieva, V. Bankova, Influence of the Extraction Method on the Yield of Flavonoids and Phenolics from *Sideritis* spp. (Pirin Mountain tea). *Natural Product Communications*, 2010 (5), 51-54.

2. **J. Petreska**, M. Stefova, F. Ferreres; D.A. Moreno; F.A. Tomás-Barberán; G. Stefkov, S. Kulevanova, A. Gil-Izquierdo, Potential bioactive phenolics of Macedonian *Sideritis* species used for medicinal "Mountain Tea". *Food Chemistry*, 2011 (125), 13-20.
3. **J. Petreska,** Lj. Pejov, Comparison of methods for solving the vibrational schrödinger equation in the course of sequential monte-carlo-quantum mechanical treatment of hydroxide ion hydration. Maced. J. Chem. Chem. Eng 2010 (29), in press.

Презентирани научни трудови:

1. **J. Petreska**, Lj. Pejov, A study of pyrrole in carbon tetrachloride by a combined Monte Carlo – quantum mechanical methodology. VII congress of pure and applied chemistry for the students of Macedonia, Skopje, 2007, pp 61.
2. F. Trajkovic. L. Andreeva, **J. Petreska**, Investigation of the vibrational spectra of some partially deuterated $Cd(NH_3)_2Cl_2$, $Hg(NH_3)_2Cl_2$, and $Pd(NH_3)_4Cl_2$ complexes, XXIX EUCMOS, Croatia, Opatija, 2008.
3. **J. Petreska**; M. Stefova; F. Ferreres; D.A. Moreno; F.A. Tomás-Barberán; A. Gil-Izquierdo, Characterization of phenolic compounds in *Sideritis* species from Macedonia by liquid chromatography-UV diode-array detection-electrospray ionization mass spectrometry. Future Trends in Phytochemistry in the global era of agri-food and health: A Young Scientists Meeting, Los Alcázares, Murcia, Spain, 2009, pp. 82.
4. **J. Petreska**; M. Stefova; F. Ferreres; D.A. Moreno; F.A. Tomás-Barberán; A. Gil-Izquierdo, Dietary burden of phenolics per serving of *Sidertitis* species from Macedonia and correlation to antioxidant activity. Future Trends in Phytochemistry in the global era of agri-food and health: A Young Scientists Meeting, Los Alcázares, Murcia, Spain, 2009, pp. 94.
5. **J. Petreska**, Lj. Pejov, K. Coutinho, K. Hermansson, Raman Spectrum of Aqueous $OH^-$ Ion: A Sequential Monte Carlo -Quantum Mechanical Study. Second Humboldt conference on noncovalent interactions, Vršac, Serbia, 2009, pp. 64.
6. B. Milenkovska, **J. Petreska**, M. Stefova, Optimization of conditions for acid hydrolysis of flavonoids. VIII Congress of pure and applied Chemistry of Students from Macedonia, Skopje, Macedonia, 2009, pp. 53.
7. A. Pupinoska, **J. Petreska**, M. Stefova, Characterization of phenolic compounds in *Sideritis scardica* by liquid chromatography-UV diode-array detection-electrospray ionization mass spectrometry. VIII Congress of pure and applied Chemistry of Students from Macedonia, Skopje, Macedonia, 2009, pp. 67.
8. G. Stefkov, **J. Petreska,** M. Stefova, S. Kulevanova, Flavonoids in representatives of the Genus Teucrium in Macedonian flora. 4th Croatian congress on Pharmacy, 2010, pp. 158
9. **J. Petreska**, M. Stefova, Liquid chromatography and mass spectrometry in flavonoids characterization. 10$^{th}$ International symposium and summer school on bioanalysis, Zagreb, Croatia, 2010, pp. 41.
10. **J. Petreska**, M. Stefova, F. Ferreres; D.A. Moreno; F.A. Tomás-Barberán; A. Gil-Izquierdo, Potencial bioactive phenolics of Macedonian *Sideritis* species used for Medical "Mountain Tea". XXV International conference on Polyphenols, Montpellier, France, *Polyphenols Communications*, 2010, pp. 131-132.
11. **J. Petreska**, M. Stefova, F. Ferreres; D.A. Moreno; F.A. Tomás-Barberán; A. Gil-Izquierdo, Phytochemical evaluation and relation to antioxidant activity and dietary burden of phenolics per serving of "Mountain tea" (*Sideritis*) from Macedonia. XXV International conference on Polyphenols, Montpellier, France, *Polyphenols Communications*, 2010, pp. 133-134.

12. **J. Petreska**, G. Stefkov, S. Kulevanova, K. Alipieva, V. Bankova, M. Stefova, Characterization of the phenolic profile of *Sideritis* species from the Balkan Peninsula by LC-UV DAD-ESIMS. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2010, pp. 74.
13. A. Pupinoska, **J. Petreska**, G. Stefkov, S. Kulevanova, M. Stefova, Characterization of phenolic compounds in *Crataegus* species from Macedonia by liquid chromatography-UV diode-array detection-electrospray ionization mass spectrometry. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2010, pp. 75.
14. A. Gil-Izquierdo, C. D. Mellisho,; R. González-Barrio; F. Ferreres, M. F. Ortuño, W. Conejero; A. Torrecillas, J. M. García-Mina, S. Medina, **J. Petreska**, Iron deficiency enhances bioactive phenolics in lemon juice. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2010, pp. 144.
15. A. Gil-Izquierdo, **J. Petreska**, M. Stefova, F. Ferreres; D.A. Moreno; F.A. Tomás-Barberán; G. Stefkov, S. Kulevanova, S. Medina, Antioxidant phenolics content in a cup of Macedonian "Mountain tea" (*Sideritis*). XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2010, pp. 152.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го превид сето погоре кажано, може да се констатира дека кандидатката м-р Јасмина Петреска во целост ги задоволува условите предвидени со Законот за високото образование на Република Македонија за избор во звањето помлад асистент. Покрај формалното задоволување на условите, таа веќе покажала и значителна активност во практичната настава на додипломските и постдипломските студии, но уште повеќе навлегла во научноистражувачката работа покажувајќи способност за работа во повеќе области од хемијата, како и за соработка со колеги од различни истражувачки групи од земјата и од странство, што говори дека се работи за одличен потенцијален млад научен работник.

Од тие причини, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја избере м-р Јасмина Петреска за помлад асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Љупчо Пејов, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Марина Стефова, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 11-та редовна седница одржана на 18.11.2010 година, по предлог на Кадровиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на 2 асистента по група предмети од областа ортодонција на Катедрата за ортодонција, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистенти по предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф.д-р Јулијана Ѓоргова и проф. д-р Снежана Ињовска.

На конкурсот објавен во весникот „Вечер" на 16.10.2010 година се пријавија: д-р Билјана Џипунова, д-р Габриела Ќурчиева - Чучкова, д-р Марија Манева и д-р Јасна Петровска.
Врз основа на пријавената и поднесена документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Д-р Билјана Џипунова**, д-р сци, е родена на 14.I 1968 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1985/86 година, а дипломирала на 20.XI 1990 година, со среден успех 9,54, за што е наградена со Пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за највисок среден успех во утврдениот рок на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во текот на студиите била активен член на клубот за научно-истражувачка работа „Стомаско". Се занимавала со научноистражувачка работа и изработила два самостојни труда со кои учествувала на студентските конгреси во Охрид во 1989 и во Теслиќ во 1990 година.

Задолжителниот лекарски стаж во траење од една година го поминала на Стоматолошкиот факултет во Скопје во текот на 1991/92 година. Стручниот испит го положила на 20.IV.1992 година.

Вработена е на Клиниката за ортодонција при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје, како клинички лекар, од 1.III 1992 година.

Од 20.X 1993 година започнала со изведување на специјалистички стаж, а специјалистичкиот испит го положила на 24.XII 1996 година со што се здобила со звањето специјалист-ортодонт.

По завршувањето на студиите се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот ортодонција, во учебната 1990/91 година. Пријава за изработка на магистерски труд под наслов "Морфолошки карактеристики на малоклузија втора класа прво одделение" доставила до Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје на 8.X 1993 година, кога и е одобрена негова изработка под менторство на проф. д-р Тодор Бојаџиев, д-р сци. Магистерскиот труд го одбранила на 19.V 2000 година, со што се стекнала со звањето магистер на стоматолошки науки.

На 25.IV 1997 година е избрана во звањето помлад асистент на Клиниката за ортодонција, а на 17.XI 2000 година е реизбрана во истото звање. Во звањето асистент на Клиниката за ортодонција е избрана на 14.V 2003 година, а реизбрана е во истото звање на 29.III 2006 година.

Пријавата за изработка на докторската дисертација под наслов „Тераписки ефекти при малоклузија втора класа прво оделение" и е прифатена на 12.V 2004

година и за ментор и е одредена проф. д-р Јулијана Ѓоргова, д-р сци. Докторската дисертација ја одбранила на 26.XI 2008 година, со што се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки.

Добитник е на Благодарница од Македонското лекарско друштво во 1995 година и на Диплома од Македонското лекарско друштво во 2001 година. По повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје, добитник е на Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Повеќе пати била ментор во изработка на студентски теми од областа на ортодонцијата. Учествувала во подготовката на прашањата за кредит- трансфер системот по предметот ортодонција. Со свои трудови активно учествувала на повеќе семинари и конгреси.

Учествувала со свое предавање по повод Денот на здравјето, во април 2005 година.

Во 1999 година го завршила семинарот за MS WINDOWS 95, MS WORD.

Учествувала на следниве курсеви и предавања:

„Мулипова техника и Делаиреова маска", под раководство на проф. д-р Piere Verdon од Нант, Франција, во 2001 година;

- ✓ „Лечење на малоклузии со Herbst-ов апарат", под раководство на проф. д-р Hans Pancherz од Берлин, Германија, во Белград, 2002 година;
- ✓ „SWA, техника на прав лак, II дел", под раководство на проф. д-р Мирослав Милачиќ од Сион, Швајцарија, во Белград, 2003 година;
- ✓ „Divide метода во терапија на бимаксиларна протрузија, со екстракција" под раководство на проф. д-р Il Bong Kim од Јужна Кореја, во Скопје, 2003 година;
- ✓ едукативен курс „Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа", под раководство на проф. д-р Papadopulos од Солун, Грција, во Скопје, 2007 година;
- ✓ семинар „За хроничната орофацијална болка" во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2007 година;
- ✓ симпозиум „Клиничка ортодонција", со предавач: проф. д-р Мирјана Шашиќ од Белград, Србија и доц. д-р Мартина Древенсек од Љубљана, Словенија, во Охрид 2007 година;
- ✓ симпозиум на тема „Актуелности во стоматологијата во 21 век", под покровителство на Био Технологија, во 2007 година;
- ✓ „Mini screws as absolute anchorage in orthodontics" во организација на Centrum Dentale Communikation, под раководство на д-р. мед. Thomas Lietz од Германија, во Скопје, 2008 година;
- ✓ едукативен курс „Миофункционалното влијание на развитокот на лицевите структури врз забите", под раководство на д-р Niels Hulsink од Холандија, во Скопје, 2008 година;
- ✓ семинар „Алергии во стоматологијата" во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2008 година;
- ✓ едукативен курс „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите", под раководство на проф. д-р Ram Nanda од САД, во Охрид, 2009 година;
- ✓ Course on Damon$_{TM}$ system, во организација на д.о.о. Ormco Team, под раководство на д-р. Rafael Garcia Espejo во Белград, во 2009 година;
- ✓ симпозиум „Фацијални асиметрии" : ортодонтско-хируршки аспект" со предавачи од Македонија и Србија, во Скопје, 2010 година

Активно се служи со англискиот јазик и има презентирано и објавено 47 труда во домашни и странски списнија. Со усни презентации учествувала на Балканските конгреси на стоматолозите во Солун во 2000 година, во Букурешт во 2001 година, во Кушадаси во 2002 година и во Охрид во 2004 година.

Како асистент, со голем ентузијазам и успех ја извршува претклиничката и клиничката настава, со добро подготвени и методолошко издржани предавања. Нејзината наставна дејност се одликува со сериозност, педантност и совесност.

Во текот на досегашната работа покажала перманентен стремеж за збогатување на својата стручна и научна активност. Забележителен е нејзиниот интерес за научноистражувачка работа, за што сведочат приложените трудови во домашни и странски списанија.

Изработените и пријавени трудови до изборот во звањето асистент се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" бр. 630, 656, 667, 675, 758, 763, 802, 826, 846 и 892.

За овој избор ги пријави следниве стручно-научни трудови:

36. Ципунова Б, Ѓоргова Ј..: Soft tissue facial profile in Macedonian subjects. Balkan Journal of Stomatology 2005; 9 (2): 115-120.

Авторите преземале опсежно истражување на 30 преадолесценти и 30 адолесценти од обата пола, со нормална оклузија и добро балансиран фацијален профил, за да ги дефинираат нормите за неколку профилни варијабли кај македонската популација. Мерените параметри се агол на скелетален конвекситет, агол на мекоткивен конвекситет без носот, агол на тотален фацијален конвекситет, назолабијален агол, ментолабијален агол, растојанија на горна и долна усна до естетската линија и должини на горната и долната усна. Анализата на резултатите и компарацијата на вредностите меѓу двете возрасни групи, индицираат дека лицето кај возрасните сигнификантно се разликува од детското. Авторите заклучуваат дека фацијалниот раст не е само волуменски, туку се менуваат правецот и динамиката на раст, со што профилот кај адолесцентите се разликува од оној во детската возраст.

Трудот има научно значење.

37. Dzipunova B., Radojkova V., Gjorgova J., Simljanovska Lj.:Multidisciplinary approach in adult patient: a case report. Balkan Journal of Stomatology 2006; 10 (1): 66-70.

Целта на трудот е да се прикаже можноста за третман кај возрасен пациент кај кој се присутни повеќе аномалии: малоклузија класа II/2, нагласена бимаксиларна збиеност, импакција на максиларен канин со неповолна хоризонтална позиција и сериозно пародонтално заболување влошено со значајна рецесија. Третманскиот план вклучувал повеќесеансна периодонтална терапија на меките и тврдите периодонтални ткива, хируршко отстранување на импактираниот канин, екстракција на забите 14, 34 и 45, и фиксна ортодонтска терапија во двата дентални лака. Авторите во заклучокот наведуваат дека и кај возрасните пациенти е возможно постигнување на солидни естетски и функционални резултати, доколку постои кооперација меѓу ортодонтот, периодонтологот и оралниот хирург.

Трудот има практично значење.

38. Dzipunova B., Gjorgova J.:Terapija na malokluzijata vtora klasa prvo oddelenie: prikaz na slusai.Maked Stom Pregl 2005, XXIX (3-4): 141-4.

Во трудот е прикажана терапија спроведена кај два пациента со перманентна дентиција и малоклузија класа II/2. Врз основа на клиничкиот екстра- и интраорален преглед, гнатометриската анализа на студиските модели и анализата на ортопантомографските снимки, потврдена е дијагнозата и направен е планот на терапијата. Кај едниот пациент преземената терапија е екстракција на првите премолари и фиксен ортодонтски апарат, а кај другиот пациент спроведената терапија е без екстракција само со фиксен ортодонтски апарат. Авторите заклучуваат дека малоклузијата втора класа второ одделение заслужува длабока, сеопфатна анализа и сериозен индивидуален пристап во терапевтските постапки.

Трудот има практично значење.

39. Ципунова Б., Ѓоргова Ј., Димова Ц., Ренџова В., Радојкова В.Ортодонтско-хируршки пристап во третманот на импактираните максиларни и мандибуларни канини: приказ на случај. Макед стом прегл. 2007; XXXI (3-4): 112-8.

Целта на трудот е да се даде преглед на денталните импакции, особено на канините, со осврт на етиологијата, дефинициите, фреквенцијата на јавување, дијагностичките процедури и терапевтскиот пристап. Воедно е прикажан редок случај на истовремена импакција на сите четири перманентни максиларни и мандибуларни канини. Заклучокот на авторите е дека е неопходно да се воспостават дијагностичко-терапевтски протокол и комплетна соработка меѓу повеќе специјалности за успешно рехабилитирање на пациентите со тешки ортодонтски аномалии.

Трудот има практично значење.

40. Ципунова Б., Ѓоргова Ј., Кануркова Л., Мишевска Ц.Облик на симфизата кај пациенти со дистооклузија. Зборник на апстракти, 4ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, стр. 31 .

Истражувањето е преземено со цел да се утврдат големината и обликот на симфизната коска кај испитаници со дистооклузија. Извршено е на 40 профилни телерендгенографски снимки на пациенти со малоклузија II/1 со перманентна дентиција, компарирано со исто толку испитаници со нормална оклузија. Мерени се аглите на позиција и проминенција на брадата, височина на симфизата, внатрешно испапчување на брадата, надворешна проминенција на брадата и вкупна широчина на брадата. Утврдена е значајноста на разликите меѓу групите за одредени параметри, како и степените на корелација, со што се утврдени спецификите во обликот на симфизата при дистооклузијата.

Трудот има научно значење.

41. Кануркова Л., ТоШеска Н., ѓоргова Ј., Ципунова Б.Ортодонтски третман со Edgewise техника за постигнување на добри резултати. Зборник на апстракти, 4ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, стр. 31 .

Трудот ги прикажува критериумите за коригирање на ортодонтските аномалии. Прикажани се два пациента на различна возраст со збиеност во денталните лакови, третирани со и без екстракција на заби, и со Edgewise фиксна ортодонтска техника. Авторите заклучуваат дека возраста на пациентот не е од примарна важност за ортодонтскиот третман, туку особено внимание треба да се посвети на состојбата на пародонталното ткиво и темпоромандибуларниот зглоб, како на потребните движења на забите, за да се постигнат добри естетски и функционални резултати.

Трудот има практично значење.

42. Тошеска-Спасова Н., Мишевска Ц., Ципунова Б., Спасов З. Ортодонтски третман на дентална збиеност преку екстракција на поединечен долен инцизив. Зборник на апстракти, 4ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, стр. 33 .

Во трудот е разгледана можноста за ортодонтска корекција на мандибуларна збиеност со екстракција на мандибуларен инцизив, наместо екстракција на премолари. Авторите заклучуваат дека ова може да биде интересно решение за одредени случаи, и тоа: кога има нагласена мандибуларна збиеност, максиларен дентален лак без значителни проблеми, добра оскина инклинација на максиларните и мандибуларните инцизиви, I класа меѓувиличен соодnос и Болтонов (денто-дентален) индекс кој дозволува поединечна

мандибуларна екстракција. Оваа техника овозможува постигнување на добра функција, периодонтално здравје, стабилност и прифатлива естетска насмевка.

Трудот има практично значење.

43. Dimova C., Georgiev Z., Dzipunova B., Markovska M., Andonovska B.
Impacted maxillar incisors in decidues and permanent teeth - a case report.
Book of Abstracts, p.18; First Macedonian Congress on maxillofacial and neck surgery. Mas 25-27, 2006, Ohrid, RM .

Целта на трудот е да се презентира редок случај на импакција на млечни и перманентни инцизиви кај 10-годишно девојче со благо забавен психосоматски раст и развој. Првата инспекција е направена на 4 години и рендгенографијата демонстрирала импакција и ектопија на 51, 61 и 62, кои се екстрахирани под тотална анестезија. Пациентката е со дентитио тарда, класа III малоклузија и максиларна хипоплазија. Поради немање ретенција за интраорален апарат, препорачана е само брадова држалка, со план за максиларна протракција, кога ќе еруптираат перманентните први молари за да се вклучат во анхоражната унија.

Трудот има практично значење.

44. Ципунова Б., Ѓоргова Ј.Мотивација на пациентите за ортодонтски третман.
Макед. стом. прегл. 2007; XXXI (3-4): 106-111.

Испитувањето е преземено за да се утврди мотивацијата за започнување на ортодонтскиот третман, соработката на пациентите и сатисфакцијата од третманските резултати. Извршени се евалуирање на прашалници и клинички прегледи на 90 ортодонтски пациенти на почетокот на третманот и 6 месеци подоцна. Резултатите покажале дека најчеста причина за јавување на ортодонт се инструкциите и сугестиите од страна на други доктори; желбата на родителите е втор значаен фактор, а најретко пациентите се јавуваат поради разочараност од фацијалниот изглед. Предвидувањето на соработката на пациентите е корисна за да се избегнат евентуалните проблеми во третманот, како и за навремено справување со нив пред него да го компромитираат.

Трудот има научно значење.

45. Ципунова Б., Ѓоргова Ј., Тошеска-Спасова Н., Кануркова Л. Тераписки ефекти кај малоклузија втора класа, прво одделение. Книга на Апстракти, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Охрид, 2009 година.

Целта на студијата е да се анализираат и споредат денталните и скелеталните линеарни и ангуларни параметри кај пациенти со малоклузија II/1 и збиеност, пред и по терапија со екстракција и фиксни апарати во двете вилици; да се утврдат тераписките ефекти и квантумот на сагитални и вертикални промени. На стартот и на крајот од третманот, анализирани се следниве параметри: аглите SNA, SNB, ANB, SNPg, 11/44 и должините 11->APg, 41->APg, Sna-Snp, Go-Gn, Oj. Анализата на добиените резултати укажува дека преземената терапија со екстракција на премолари и фиксни апарати кај пациентите со малоклузија класа II/1 и збиеност е метод на избор за постигнување на одлични естетски и функционални резултати.

Трудот има научно значење.

46. Кануркова Л., Ципунова Б., Бундевска Ј., Капушевска Б., Кануркова А. Проследување на дентоскелетални кефалометриски вредности при одредување на третманот на втора класа прво одделение.Книга на Аапстракти, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Охрид, 2009 година.

Студијата е преземена за да се прикажат дентоскелеталните морфолошки промени кај пациенти со малоклузија втора класа прво одделение. За таа цел анализирани се 30 пациенти на возраст од 17-20 години и споредени се со 20

испитаници со нормална оклузија. Извршени се анализи по методот на Стеинер и Рицкеттс. Вредностите на испитуваната група споредени со вредностите на испитаниците со нормална оклузија покажале висока статистичка сигнификантност, што е препорака и смерница за внимателно одредување на целите и можностите за терапија.

Трудот има научно значење.

47. Тошеска-Спасова Н., Ѓоргова Ј., Мишевска Ц., Ципунова Б., Спасов З. Фактори кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност кај рана мешовита дентиција. Книга на апстракти, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Охрид, 2009 година.

Целта на трудот е да се откријат факторите кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност во раната мешовите дентиција. Анализирани се дентални модели на 60 пациенти од двата пола, поделени во две групи според степенот на изразеност, а потоа споредени со иста возрасна група без збиеност. Резултатите покажале дека млечната интерканина ширина, млечната интермоларна ширина, интералвеоларната ширина, потребниот простор за перманентните инцизиви и вкупната должина на лакот, се сигнификантно поголеми во групата без збиеност. Сигнификантни инверзни корелации се пронајдени помеѓу збиеноста и следниве параметри: потребен простор за инцизивите и интерканина млечна ширина.

Трудот има научно значење.

48. Ципунова Б.: Тераписки ефекти кај малоклузија втора класа прво одделение (докторска дисертација), Стоматолошки факултет во Скопје, 2008 година.

Докторската дисертација е рецензирана во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 948, во 2008 година.

**Д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова,** д-р сци, е родена на 20.12.1965 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје се запишала во учебната 1984/85 година, а дипломирала во 1989 година, со среден успех 8,51.

Во текот на студиите, како активен член на научноистражувачкиот клуб „Стомаско",во Охрид, 1989 година. По завршувањето на студиите престојувала на едномесечна студентска размена на Клиниката за орална хирургија во Цирих, Швајцарија.

Од 15.1.1990 до 1.9.1992 година волонтирала на Клиниката за ортодонција, а задолжителниот лекарски стаж во траење од една година го завршила на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во текот на 1991/1992 година. Стручниот испит го положила на 8.6.1992 год.

На Клиниката за ортодонција при Ј.З.У. „Универзитетски стоматолошки клинички центар" во Скопје се вработила 1992 год., каде што и денес работи. Специјализирала на истата Клиника од 15.11.1993 год., а специјалистичкиот испит го положила на 23.12.1996 год., со што се здобила со звањето специјалист-ортодонт.

По завршувањето на студиите се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, по предметот ортодонција во учебната 1990/1991 год. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,71. Пријавата за изработка на магистерскиот труд под наслов „Морфологија на дентоалвеоларните лакови кај деца кои дишат на уста", под менторство на проф. д-р Надежда Барјактарова-Ѓорчулоска го доставила до Советот на Стоматолошкиот факултет на 10.11.1992. Магистерскиот труд со успех го

одбранила на 25.12.1995 год., со што е промовирана во звањето магистер на стоматолошки науки.

Во звањето помлад асистент на Катедрата за ортодонција е избрана на 25.4.1997 год., во звањето асистент на истата Катедра е избрана на 17.11.2000 година, а реизбрана на 24.3. 2004 година. Во звањето насловен доцент на Катедрата за ортодонција е избрана на 6.10.2008 година.

До Советот на Стоматолошкиот факултет доставила пријава за изработка на докторска дисертација под наслов „Кранио-фацијалната морфологија и начинот на дишење", а позитивната рецензија е усвоена на 26.12.2001 год. и за ментор е одреден проф. д-р Тодор Бојаџиев. По усвојувањето на позитивната рецензија за докторскиот труд во Билтенот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", во ноември 2004 број 863, докторската дисертација ја одбранила на 31.1.2005 година, со што е промовирана во звањето доктор на стоматолошки науки.

Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет во 1999 год., и на Благодарница од Македонското лекарско друштво во 2000 год. По повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет, доделена и е Пофалница за учество во работата и развојот на Стоматолошкиот факултет во 2009 год. Член е на уредувачкиот одбор на Монографија издадена по повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет.

Во рамките на акредитираната програма за обука на клучни тренери организирана од страна на Министерството за здравство на Република Македонија и Стоматолошката комора на Македонија, одржана во декември 2006 и февруари 2007 год., се стекнала со сертификат за клучен тренер - испитувач.

Потпретседател е на Македонското стоматолошко друштво (МСД), потпретседател е на Здружението на ортодонти на Македонија (ЗОМ), член е на Европското ортодонтско друштво (ЕОС), Балканското стоматолошко друштво (BaSS) и Здружението на ортодонти на Србија.

Активно учествува во ЗОМ (Здружение на ортодонтите на Македонија), со усни презентации на семинарите во Велес, април 2005, и Струмица, ноември 2005. На нејзина лична покана, д-р. Niels Hulsink од Амстердам, Холандија, одржа курс „Миофункционалното влијание на развојот на лицевите структури во млечна, мешовита и перманентна дентиција" на 30 октомври 2008 година. Исто така на личната покана се одзваа и проф. Д-р Мирјана Јаношевиќ и проф. Д-р Драган Петровиќ, како поканети предавачи на симпозиумот „Фацијални асиметрии: ортодонтски и максилофацијален аспект", одржан на 26 март 2010 година. Активно учествувала како член на организациониот одбор и член на научниот одбор во подготовките на I конгрес на ортодонтите на Македонија, одржан 21-24 мај 2009 год. во Охрид. На истиот Конгрес, на нејзина лична покана се одзваа како поканети предавачи проф. д-р Мирјана Шашиќ (Белград,), проф. д-р Маја Овсеник (Љубљана), доц. д-р Мартина Древеншек (Љубљана), проф. д-р Младен Шлај (Загреб), проф. д-р Васка Вандевска-РадуновиЌ (Осло, Норвешка), проф. д-р Медиха Филиповиќ (Сараево), проф. д-р Предраг Николиќ (Белград), д-р. Мирослав Милачиќ ( Сион, Швајцарија), д-р. Niels Hulsink (Амстердам, Холандија). Во актуелното Претседателство на ЗОМ (Здружение на ортодонти на Македонија) е на функција потпретседател на ЗОМ, како и потпретседател на МСД (Македонско стоматолошко друштво).

Во периодот 27.6 - 8.7.2005 престојувала на Клиниката за ортопедија на вилици и заби, при Медицинскиот факултет во Љубљана, Словенија, на стручно усовршување под раководство на проф. д-р Франц Фарчник и доц. д-р Маја Овсеник.

Присуствувала на 20 курсеви, семинари и симпозиуми од областа на ортодонцијата:

- „Mulin-ова техника и Delaire-ова маска” под раководство на проф. др Piere Verdon од Нант, Франција, во 2001 год.;
- „Лечење на малоклузии со Herbst-ов апарат”, под раководство на проф. д-р Hans Pancherz од Берлин, Германија, одржан во Белград, април 2002 год;
- I курс „Техника на прав лак (SWA) “ под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Белград во ноември 2002 год;
- II курс „Техника на прав лак (SWA)“, под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Белград во март 2003 год.;
- „Divide метода во терапија на бимаксиларна протрузија со екстракција” под раководство на проф. д-р Il Bong Kim од Јужна Кореа, одржан во Скопје, октомври 2003 год;
- III курс „Техника на прав лак ( SWA)” под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Љубљана, 1-2.7. 2005 год.;
- курс „Ортодонтско финиширање: насоки во терапијата на интердисциплинарен пациент” – проф. д-р Vincent Kokich, одржан во Белград на 27.9.2005 год.;
- Typodont kurs III: Ортодонтски третман на импактирани канини, употреба на Headgear и Lip-bumper кај неекстракциона терапија, под раководство на д-р Wolfgang Gruner, одржан во Скопје, 16-18.11.2006 год.;
- курс „Примена на non-complience апарати во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа”, под раководство на проф. др Moschos Papadopoulos од Солун, Грција, одржан во Скопје на 14.5.2007 год.;
- семинар „За хроничната орофацијална болка” во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2007 година;
- симпозиум „Клиничка ортодонција” со предавачи: проф. д-р Мирјана Шашиќ од Белград, Србија и доц. д-р Мартина Древеншек од Љубљана, Словенија, одржан 20-21 октомври 2007 во Охрид;
- симпозиум „Актуелности во стоматологијата во 21 век”, под покровителство на БioTehnology, одржан во декември 2007 год. во Скопје;
- курс „Томас-пинс мини шрафови за ортодонтска анкаража”, под раководство на д-р. мед. Thomas Lietz од Германија, одржан во Скопје на 15.3.2008 год.;
- курс „Миофункционалното влијание на развојот на лицевите структури во млечна, мешовита и перманентна дентиција”, под раководство на д-р. Niels Hulsink од Амстердам, Холандија, одржан на 30.10.2008 во Скопје;
- семинар „Алергии во стоматологијата”, во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во март 2008 год.;
- курс: „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите”, под раководство на проф. д-р. Ram Nanda од САД, одржан на 21.5.2009 во Охрид;
- курс „Систем на самолигирачки бракети - пасивен наспроти активен” под раковотство на проф. д-р Mladen Kuftinec, одржан во Солун на 23.9.2009 год.;
- курс „ Damon -пасивен самолигирачки систем”, во организација на Ormco Team, под раководство на д-р Rafael Garcia Espejo, одржан во Белград од 5 до 7.10.2009 год.
- симпозиум „Фацијални асиметрии: ортодонтски и максилофацијален аспект”, одржан во Скопје, 26.3.2010 год.

Активно учествувала со усни презентации на I имунолошки конгрес во Охрид, 1996 и на VI интернационален ортодонтски конгрес во Истанбул, 1998 год. Активно учествува во работата на ЗОМ, со усни презентации на семинарите во

Велес, април 2005 год., и Струмица, ноември 2005 год.. Со постер-презентации активно учествувала на конгресите на Европското ортодонтско друштво (78. Конгрес на ЕОС во Соренто, Италија, 2002 год.; 79. Конгрес на ЕОС во Прага,Чешка, 2003 год.; 80. Конгрес на ЕОС во Аархус, Данска, 2004 год.; 81. Конгрес на ЕОС во Амстердам, Холандија 2005 год.; 82. Конгрес на ЕОС во Виена, Австрија 2006 год.; 83. Конгрес на ЕОС во Берлин, Германија, 2007 год.; 84. Конгрес на ЕОС во Лисабон, Португалија, 2008.; 85. Конгрес на ЕОС во Хелсинки, Финска, 2009); на конгресите на Балканското здружение на стоматолози (Белград, Србија, 1998 год.; Истанбул, Турција, 1999 год.; Охрид, Македонија, 2004 год.); на II интернационален ортодонтски конгрес на СЦГ , Белград, 2005 год., каде што во конкуренција од 86 постери освоила I награда за постер-презентација; на конгресите на стоматолозите на Македонија (1994, 1998, 2002, 2006 и 2009 год.); трансфери на наука на стоматолозите од Македонија (Дојран, 1993, 1996 и 1997).

Како ментор на седум студентски теми од областа на ортодонцијата активно учествувала во работата на студентските конгреси (1997, 1998, 2002,2003, 2007, 2009 и 2010 год.). Добитник е на I награда за постер на II интернационален ортодонтски конгрес на СЦГ , Белград , Србија, 2005.

Од изборот за помлад асистент во 1997 година, активно е вклучена во реализација на практичната настава за студентите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а од 2008 година, по изборот во звањето насловен доцент активно се вклучува, освен во практичната настава, и во теоретската настава како за студентите на стоматологија, и во едукација на студентите од Високата школа за забни техничари и Високата школа ба стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Учествувала и во изработката на план и програма за студентите на стоматологија, како и план и програма за студентите на докторските студии при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Активно се служи со англискиот јазик, и пасивно со германскиот јазик.

Како автор и коавтор има објавено 70 стручни и научни трудови во домашни и странски списанија.

До првиот избор за помлад асистент објавила 7 труда кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.677. Трудовите приложени при изборот за асистент од број 8 до број 17 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.759 од 15.6.2000 год., а трудовите од број 18 до број 27 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.846 од 1.3.2004 год. Трудовите приложени при изборот за наставник во сите звања од број 25 до број 48 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ бр.945.

За оваа изборна постапка ги пријавува следниве трудови:

49. Curcieva Cuckova G., PopStefanova-Trposka M, Maneva M. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.74, постер

Со цел да ја истражат врската помеѓу положбата на главата и правецот на краниофацијалниот раст афектирани од опструкција на дишните патишта кај деца со нарушена назореспираторна функција, авторите извршиле телерендгенграфска анализа кај 100 испитаници, деца на возраст од 8 до 15 години. Податоците кои ги добиле покажуваат екстремно зголемување на кранио-цервикалните агли и екстендирана положба на главата кај децата со назофарингеална опструкција, со зголемена инклинација на оклузалната рамнина кое индицира хипердивергентен, односно вертикален тип на раст со постериорна ротација. Авторите предлагаат користење на Индикаторот на длабочина на инцизивен преклоп, како и

денталната рамковна анализа како дополнителна метода за генералните трендови на раст кај младите пациенти, што е значајно за дефинитивна терапевтска и прогностичка евалуација.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

50. Pop Stefanova-Trposka M, Curcieva Cuckova G. : Vertical morphology, head posture, and facial height in patients. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.77, постер.

За да се одреди постоење на корелација помеѓу вертикалните димензии на првиот и вториот вратен прешлен со положбата на главата и антериорната и постериорна лицева висина, авторите извршиле анализа на телерендгенграми кај 100 испитаници на возраст 10-15 години (50 со нормална оклузија, скелетна класа I и назален тип на дишење; и 50 со скелетна класа II и орален тип на дишење). Утврдено е дека децата кои дишат на уста имаат задна мандибуларна ротација и вертикален тип на раст, а дорзалната висина на атлас и аџис биле сигнификантно помали од истите кај децата со назален тип на дишење.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

51. Maneva M, Zuzelova M, Curcieva Cuckova G. Fixed orthodontic appliances and periodontal health. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.190, постер.

Цел на трудот е да се процени состојбата на периодонциумот за време на ортодонтски третман со фиксни апарати. За таа намена, авторите одредувале индекс на гингивални крварења, крварење при сондирање, периодонтална длабочина при сондирање и плак-индекс и нашле високо сигнификантно повисоки вредности за овие параметри кај пациентите со фиксни апарати во однос на контролната група испитаници. Повисоки вредности на плак-индексот и индексот на крварење забележале кај машките пациенти споредено со женските пациенти. Бидејќи оралната хигиена е отежната кај пациентите со фиксни ортодонтски апарати, авторите препорачуваат и дополнителни процедури за задржување на добрата орална хигиена.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

52. Curcieva Cuckova G., PopStefanova-Trposka M., Maneva M., Popovski S, Dimovska R. Nasopharyngeal obstruction and its role on facial growth pattern and dentofacial morphology. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.24.

Преку компаративни мерења на студио модели и телерендген-анализа извршена кај вкупно 100 деца на возраст 8-14 години (50 деца со назофарингеална опструкција и 50 деца со назален тип на дишење), користејќи го Индексот на фацијален раст, авторите вршат евалуација како и во кој степен типот на респирација влијае на растот и развојот на денто-фацијалните структури. Резултатите покажуваат високо сигнификантно зголемување на тоталната антериорна и долнолицева висина, а соодносот помеѓу антериорната и постериорната лицева висина дефиниран како Индекс на фацијална висина (ИФВ) покажал дека децата со нарушена респираторна функција имаат вертикален тип на фацијален раст. Отаму вклучувањето на ИФВ како дополнителна кефалометриска метода е важно за евалуација на општиот тренд на раст кај младата популација.

Трудот има научен и апликативен карактер.

53 Curcieva Cuckova G.„ Maneva M, Simjanovska Lj, Kirovski I, Jolevski Lj. Radiographic evaluation of dental age determine the ectopic position of maxillary canines. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.20.

Цел на трудот е процена на степенот на матурација и одредување на положбата на нееруптираните канини на ортопантомографии кај пациенти на возраст од 8-14 години, кај кои клиничкото испитување сигнализирало нарушување во ерупцијата. Резултатите од истражувањето покажуваат јасна корелација меѓу задоцнетата дентиција и палатинално поставени и/или импактирани канини, од каде што авторите ја поткрепуваат тезата дека денталната старост проценета на ортопантомографска снимка може да се употреби за предвидување на положбата на нееруптираните канини, а букалната наспроти палатинална ектопија на максиларните канини имаат различна етиологија.
Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

54. Pop Stefanova-Trposka M. Curcieva Cuckova G. Vertical cervical vertebra morphology, head posture and facial height in patients with nose breathing and mouth breathing mode. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.23

Анализирајќи 100 латерални кефалометриски радиографии на пациенти од 8 до15-годишна возраст (50 со нормална оклузија, скелетна класа I и назален тип на дишење; и 50 со скелетна класа II и орален тип на дишење), авторите ги споредувале вертикалните димензии на првиот и вториот цервикален прешлен, положбата на главата и антериорната и постериорната лицева висина кај деца кои дишат на уста и/или нос. Резултатите укажуваат дека децата кои дишат на уста имаат задна мандибуларна ротација и вертикален тип на раст, а висините на дорзалниот лак на првиот и вториот цервикален прешлен биле сигнификантно помали. Децата кои дишат на уста имале и поекстендирана положба на главата.

Трудот има научно-стручен карактер.

55. Popovski S., Curcieva Cuckova G., Dimovska R., Iliev I. Determine the vertical disproportion Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, maj 21-24, 2009, Abstract p.41.

Во овој труд авторите ги одредуваат нормалните вредности на вертикалните димензии на фацијалниот комплекс преку телерендгенска анализа кај деца со нормална оклузија на возраст од 10 до 16 години. Оваа студија ги прикажува податоците за соодносот меѓу горните и долните инцизиви, горните и долните први перманентни молари, антериорните и постериорните сегменти на максилата и мандибулата. Одредувањето и локализирањето на причината за ортодонтска аномалија е основниот принцип при поставување на ортодонтска дијагноза, а тоа овозможува брз, ефикасен и правилен ортодонтски третман.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

56. Popovski S Curcieva Cuckova G., Dimovska R., Iliev I., Димитријоски Б. Invisible treatment – visible results. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.42.

Поради се поголемиот број на возрасни пациенти и нивните желби и потребата што помалку да е видлив текот на третманот, авторите во овој труд ги претставуваат новите трендови во ортодонтскиот третман. Прикажан е третман со лингвална техника, и е направена споредба меѓу класичниот фиксен третман и лингвалната техника, со сите предности и недостатоци кај обата. Најголема потреба за секој ортодонт е потрагата за естетски решенија.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

57. Popovski S., Curcieva Cuckova G., Dimovska C., Iliev I, Dimitrijoski, B. Management of impacted maxillary canine. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.17.

Авторите во овој труд прикажуваат случај на пациент на 17-годишна возраст со импактиран лев максиларен канин, кај кој радиографското испитување потврдило девијација на палатиналниот корен на првиот премолар во еруптивниот простор на канинот. Мултидисциплинарниот пристап кон овие состојби го олеснува третманот со успешен краен резултат.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

58. Maneva M., Simjanovska Lj., Curcieva Cuckova G., Manev I., Kovacevska G. Treatment of impacted maxillary central incisors-case reports Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.6.

Авторите со овој труд даваат приказ на ортодонтско-хируршки третман на импактирани максиларни централни инцизиви кај два пациента, момче и девојче на 9-годишна возраст со присуство на прекубројни заби од двете страни на медијалната линија. Едниот случај е третиран со отворена метода, односно по хируршката интервенција на отстранување на хипердонтичните заби перманентните инцизиви се експонирани, а на нив се поставени атачмени. Додека вториот случај е третиран по затворена метода поради високата позиција на максиларниот инцизив под базата на носот. Ортодонтската терапија траела просечно 18 месеци. Авторите посебно ја нагласуваат важноста на ортопантомограмот за рано детектирање и превенирање на овие случаи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

59. Jolevski Lj., Maneva M., Curcieva Cuckova G., Complete transposition of maxillary canine-first premolar – case raport Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.7.

Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12-годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци, како и финалните резултати од овој третман.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

60. Dimovska R., Naumovski S., Curcieva Cuckova G., Popovski S., Kirovski I. Epidemiology of cleft lip and palate in the republic of macedonia Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.44.

Цел на оваа епидемиолошка студија е одредување на бројот на пациентите со расцепи на усна и/или непце во Република Македонија, и тоа според формата, полот и географскиот предел. Трудот претставува ретроспективна студија, а податоците се добиени од Клиниката за максилофацијална хирургија во Скопје и Републичкиот институт за здравствена заштита, во периодот од 1996 до 2006 година. Добиената бројка 1:1000 е доста ниска, но со оглед на фактот дека недостасуваат многу податоци и мацуелното собирање на податоците, авторите сугерираат основање на национален тим за грижа на пациенти со расцепи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

61. Kirovski I.,. Parcanov Gj., Curcieva Cuckova G., Dimovska R., Popovski S. Individually adjusted aesthetic orthodontic device for adult treatment. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.35.

Разгледувајќи ги дополнителните цели или субјективни ситуации при ортодонтскиот третман на возрасни пациенти, авторите прикажуваат случај на пациентка на 39-годишна возраст со отсуство на неколку заби во бочната регија (екстрахирани премолари и молари). Таквата состојба била предизвик да се изработи специјално дизајниран апарат со цел успешно да се изведе ортодонтскиот третман кај оваа пациентка.

Трудот има стручен карактер.

62. Kirovski I., Zdraveska E., Gerasimovska D,. Curcieva Cuckova G., Iliev I. Multiple alimentary re-infection by acrylic orthodontic device as a vector. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.13.

Трудот прикажува случај на млада ортодонтска пациентка на 11-годишна возраст кај која се јавиле неколку рекурентни алиментарни инфекции. Медицинските истражувања потврдиле присуство на бактеријата псеудомонас аеругиноса, но по третманот со антибиотска терапија и повторно егзацербирање на инфекцијата се укажала потреба да се провери мобилниот ортодонтски апарат. Испитувањето потврдило присуство на истата бактерија и на ортодонтскиот акрилатен апарат, поради што е ортодонтската терапија со него стопирана. Поради тоа, иако ортодонтските проблеми се од примарен интерес за ортодонтот, нужно е проширување на податоци од аспект на здравствената состојба и навиките кај ортодонтските пациенти.

Трудот има стручен аспект.

63.Simjanovska Q., Maneva M., Curcieva Cuckova G .,Simjanovski S. Follicular cyst of mandible premolar-case report. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.5

Презентиран е случај со фоликуларна циста кај перманентен долен премолар и негова перзистенција. Бидејќи растот и развојот на цистите се придружени со сиромашна симптоматологија, дијагноза може да се одреди само со ретроалвеоларна рендгенграфија или ортопантомограм. Терапевтскиот пристап кој го препорачуваат авторите е отстранување на цистата и екстракција на забот.

Трудот има стручен аспект.

64. Curcieva Cuckova G., Maneva M., Joleski Lj. Effects of rapid maxillary expansion on nasopharyngeal airway dimensions and head posture in children with impaired nasal breathing. 85th Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.53, poster.

За процена на ефектите од брзата максиларна експанзија врз положбата на главата, кранио-цервикалната ангулација, како и проширување на назофарингеалните дишни патишта, извршена е кефалометриска анализа кај 30 деца на возраст од 8 до14 години со назофарингеална опструкција. Испитаниците биле поделени во две групи: првата група од 15 испитаници била третирана со методот за брза максиларна експанзија, а втората група од 15 испитаници била следена 18 месеци пред започнувањето со истоветниот третман. Резултатите од кефалометриската анализа покажале сигнификантно зголемување на назофарингеалниот дишен пат, особено на ниво на велум паллати и увулата, со истовремено намалување на краниоцервикалната ангулација и исправање на положбата на главата кај пациентите. Коментирајќи ги овие сигнификантни промени, авторите предлагаат методата на брза максиларна експанзија да се применува во третманот на малоклузиите кај пациенти со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

65. Maneva M, Curcieva Cuckova G . , Manev I, Jolevski Lj, Zuzelova M. Determination of growth pattern with different craniofacial parameters. 85th Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.49, poster.

Со цел да се испита влијанието на различни фактори и варијабли врз растот на лицевите структури извршена е рендгенкефалометриска анализа кај 120 деца на возраст од 8 до 14 години, поделени според аномалиите (30 деца со класа I, 30 испитаници со класа II/1, 30 со класа II/2 и 30 деца со малоклузија класа III). Резултатите покажале дека 63% од децата со класа I имаат хоризонтален тип на

раст, додека со малоклузија класа III тој процент е многу повисок. Најдена е високо позитивна корелација помеѓу сумата агли со инклинацијата на мандибуларната рамнина кај сите испитувани групи, а високо негативна корелација помеѓу типот на фацијална ротација и лицевата оска кај сите испитувани групи, со исклучок на класа I испитаниците. Авторите ја потенцираат важноста од предвидувањето на растежниот потенцијал во дијагностички и третмански цели.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

66. Jolevski Lj.,Pavlovska D, Maneva M, Curcieva-Cuckova G. Maxillary canine-first premolar transposition- a case report. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009, Abstract p.173, poster.

Цел на авторите во овој труд е да ја прикажат и опишат состојбата на комплетна транспозиција на максиларен канин, која се среќава многу ретко, но претставува предизвик за ортодонтски третман. Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12-годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци, како и финалните резултати од овој третман.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

67. Ќурчиева-Чучкова Г, Поповски С. Влијанието на назофарингеалната опструкција врз краниофацијалната морфологија и лицевиот раст. Македонски стоматолошки преглед, 2009; 33 ( 1-2): 70-77

Поаѓајќи од фактот дека назофарингеалната опструкција е еден од најчестите ентитети во хуманата патологија, целта на ова испитување било да се утврди колкаво е нејзиното влијание врз краниофацијалната морфологија, а истовремено да се направи и анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст, користејќи го Индексот на фацијален раст (ФХИ). За реализација на поставената цел, авторката извршила гнатометриско и телерендгенско испитување кај 100 деца (50 испитаници со назофарингеална опструкција, и 50 испитаници со физиолошки назален тип на дишење, која послужила како контролен примерок), на возраст од 8 до 14 години. За процена на типот на лицевиот раст го користела Индексот на фацијален раст (ФХИ).
Резултатите од истражувањето укажуваат на фактите дека децата со назофарингеална опструкција ги карактеризира изразена компресија на максиларниот дентален лак со високо готско непце и зголемена должина на максиларниот, а намалена должина на мандибуларниот дентален лак. Сигнификантно зголемените вредности на гонијалниот и меѓувиличниот агол, инклинацијата на мандибуларната и оклузалната рамнина укажуваат на хипердивергентен тип на раст со постериорна ротација. Анализата на соодносот на антериорната и постериорна лицева висина, како и Индексот на фацијална висина, покажале вертикален тип на раст кај пациентите со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

68. Ќурчиева-Чучкова Г. Влијанието на типот на респирација врз кранио-цервикалната инклинација и димензиите на фарингеалниот дишен пат. Стоматолошки дострели, Стоматолошки факултет, Скопје, 2009: 185-196.

Цел на трудот е, преку анализа на 200 латерални кефалограмски снимки на деца со редуцирана респираторна функција, на возраст од 8 до 14 години, да се изврши процена на антеро-постериорните дијаметри на фарингеалниот дишен пат и позицијата на хиоидната коска и јазикот, како и да се истражи постоењето на корелација меѓу големината на горните дишни патишта и положбата на главата и

вратот. Мерејќи ги димензиите на фарингеалниот дишен пат на седум нивоа, авторката забележува најголемо стеснување на ниво на коренот на јазикот и валецула епиглотис. Авторката регистрирала пониска положба на хиоидната коска и јазикот, како и зголемување на кранио-цервикалната инклинација. Евидентирано е постоење на позитивна корелација помеѓу овие три групи на варијабли, односно дека со екстензија на главата се зголемува фарингеалниот дишен пат и инфрахиоидниот простор.

Трудот има научно-стручен и апликативен карактер.

69. Симјановска Љ., Миновска А., Симјановски С., Поповска М., Ќурчиева-Чучкова Г. Употреба на ФОТОНА ЛАСЕР-от во стоматологијата. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество,Охрид, Р. Македонија, 10-13 септември 2009, Зборник на апстракти стр.59 (постер).

Цел на трудот е да се укаже на придобивките од апликација на кохерентното светло при изведување на хируршките интервенции на мекото ткиво и неговото комплексно антиинфламаторно дејство. Прикажани се неколку случаи каде што е користен ФОТОНА ЛАСЕР-от при третман на френулум лингуе, а од резултатите произлегуваат заклучоците дека ласерот го скратува времето на интервенција, го зголемува комодитетот на пациентот, го намалува неизбежниот страв од интервенција и потребата од анестетичко средство.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

70. Curcieva-Cuckova G. Effects and consequences of nasopharyngeal obstruction on dentofacial morphology and facial growth pattern. Journal Ortodontija – Orthodontics (official journal of Slovenian orthodontic society),2010 (во печат).

Поаѓајќи од идејата да утврди како и во кој степен назофарингеалната опструкција влијае на правецот на мандибуларниот раст, вертикалните фацијални димензии и положбата на главата, авторката изведува 15 ангуларни и линеарни мерења на латерални телерентгенограми кај 100 пациенти снимани во природна положба на главата по методот на Solow и Tallgren. Резултатите јасно укажуваат дека децата со назофарингеална опструкција кои дишат на уста имаат екстремно високи вредности на вертикалните фацијални димензии, постериорен тип на раст на мандибулата, кои се во позитивна корелација со екстендираната положба на главата.

Трудот има научно-стручен и апликативен карактер.

**Д-р Марија Манева** е родена во Скопје на 14.11.1969 година, каде што го завршила основното и средно образование (забен техничар) со одличен успех. Како член на биолошката секција, во мај 1985 година учествувала на градскиот и регионален натпревар „Млади истражувачи", со тема „Орални промени кај акутни и хронични леукози".

На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1988/89 година и дипломирала на 24.11.1993 година, со среден успех 9,27. Во текот на судиите учествувала на 17. Конгрес на студентите по медицина на Македонија со меѓународно учество. Стручниот испит го положила по задолжителниот едногодишен стаж на 22.12.1994 година.

Се запишала на постдипломски студии по предметот ортодонција и по положените испити добила позитивна рецензија за изработка на магистерски труд под наслов „Морфологија на синфизата како предиктор на мандибуларниот раст".

Во 1995 година ја започнала специјализацијата по предметот ортодонција, кој со успех го положила на 24.2.1997.

Во периодот од 1.11. - 20.11.1995 година била на стручен престој во Германија. На Клиниката за ортодонција е вработена од 28.5.1997 година. Автор и коавтор е на 50 труда, од кои 11 се објавени во домашни и 39 во странски списанија. Активно учествувала на II конгрес на стоматолозите на Македонија во Охрид (1998), IV конгрес на лекарите на Македонија во Охрид (1999 ), II собир на ортодонтите на Македонија во Маврово (2000), III конгрес на стоматолозите од Македонија Охрид (2002), како и на 5,6,9. и 15. Балкански конгрес на стоматолозите одржан во Солун (2000 и 2005), Букурешт (2001) и во Охрид (2004). Во април 2002 година го завршила и курсот „Лекување на малоклузии со Herbst-ov aparat" одржан од prof. Hans Pancherz од Giessen, Германија, курсот "Streight wire appliance 2", одржан од проф. Мирослав Милачиќ од Швајцарија во Белград (2003), како и на курсот од проф. Vincent Kokich под наслов "Orthodontic finishing:Guidelines for managing of the interdisciplinary patient", Белград (2007).
Во 2003, 2005, 2006, 2008 и 2009 година активно учествувала на 79.81.82.84 и 85. Конгрес на Европското ортодонтско здружение со постер-презентации.
Активно учествувала и на 2 интернационални ортодонтски конгреси во Србија и Црна Гора (2007).
Во периодот од 2005 до 2010 година учествувала на повеќе стручно-научни собири и предавања: во научен одбор на IV меѓународен симпозиум во Скопје, 2005 примена на ласер во оралната патологија; IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; VI меѓународен стоматолошки симпозиум со меѓународно учество, мај, 2007; меѓународен симпозиум, Крушево, 2006; присуство на Семинар „Дентални фокални инфекции - профилакса и менаџмент", април 2007; семинар „Хронична орофацијална болка" ноември 2007; симпозиум со меѓународно учество „Клиничка ортодонција", октомври 2007; симпозиум „Ургентни состојби во стоматологијата", ноември 2009, повеќе едукативни семинари - април 2008, за естетските реставрации; „Алергии во стоматологијата"-октомври 2008; „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата"- март 2010; пролетниот симпозиум на ортодонтите на Македонија под наслов „Фацијални асиметрии-ортодонтско –хируршки аспекти", март 2010.

Во мај 2007 година присуствувала на едукативниот курс „Нови хоризонти во ортодонтски третман на малоклузија II класа "; март 2008 го посетувала курсот "Mini screws as absolute ancharage in orthodontics" од d-r. Thomas Lietz; октомври 2008 на „Миофункционално влијание на развиток на лицеви структури врз забите, октомври 2009, Дејмон курс за самолигирачки брикети под наслов " You can do it" од d-r Rafael Garcia Espejo.

Од првиот избор за асистент во 2005 активно беше вклучена во работата со студентите на нивното усовршување и надградба, како и ментор на 4 студентски теми од кои две усни (2006 и 2008) и две постер-презентации (2007 и 2010), при што на последниот конгрес беше наградена со трето место.

Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со германскиот јазик.
Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет по повод 50-годишнината на неговото постоење (2009) и од Македонското лекарско друштво во април 2003, како и на признаница од ЈЗУ Стоматолошки клинички центар за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година.

Трудовите кои биле пријавени за избор и реизбор заклучно со реден број 34, се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" со број 667 од 1996 год., 757 од 2000 год., 761 од 2000 год., 826 од 2003 год., 878 од 2005 год., 945 и 947 од 2008 год.

Трудови за рецензија

35. Maneva M, Zuzelova M,Curcieva-Cuckova G. Fixed orthodontic appliances and periodontal health. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.190, постер.

Цел на трудот е да се процени состојбата на периодонциумот за време на ортодонтски третман со фиксни апарати. За таа намена авторите одредувале индекс на гингивални крварења, крварење при сондирање, периодонтална длабочина при сондирање и плак - индекс и нашле високо сигнификантно повисоки вредности за овие параметри кај пациентите со фиксни апарати во однос на контролната група испитаници. Повисоки вредности на плак - индексот и индексот на крварење забележале кај машките пациенти споредено со женските пациенти. Бидејќи оралната хигиена е отежната кај пациентите со фиксни ортодонтски апарати авторите препорачуваат и дополнителни процедури за задржување на добрата орална хигиена.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

36.Petrova E.Zuzelova M.,Maneva M. Anteroposterior dental occlusion with a jaw base relationship. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society,Lisabon10-14 June,2008.

Авторите во овој труд прикажале компаративна анализа помеѓу антеропостериорната дентална оклузија и базата на вилиците. Вклучиле 230 рендгенкраниограми на главата кај деца на возраст 10-12 години. Преку извршените рендгенкраниометриски анализи докажале дека постои корелација кај 61% coWits - анализата и 60% со аголот ANB.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

37.Jolevski Lj.,Maneva M.,Pavlovska V. Multidisciplinary treatment of impacted teeth and anodontia. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.598, постер.

Импактираните заби честопати се со задоцнета ерупција или можат комплетно да не еруптираат. Во овој труд е прикажан случај на момче од 17 годишна возраст со перманентна дентиција и палатинална и хоризонтална поставеност на 13 и анодонција на 12 и 22. По хируршката интервенција е поставен фиксен апарат за извлекување на канинот и чување на простор за отсутните заби. По извршената ортодонтска терапија поставена е протетска рехабилитација.

Трудот има практичен карактер.

38. Curcieva-Cuckova G, Pop Stefanova-Trposka M, Maneva M. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.74, постер.

Со цел да ја истражат врската помеѓу положбата на главата и правецот на краниофацијалниот раст афектирани од опструкција на дишните патишта кај деца со нарушена назореспираторна функција, авторите извршиле телерендгенграфска анализа кај 100 испитаници, деца на 8-15 - годишна возраст. Податоците кои ги добиле покажуваат екстремно зголемување на кранио-цервикалните агли и екстендирана положба на главата кај децата со назофарингеална опструкција, со зголемена инклинација на оклузалната рамнина кое индицира хипердивергентен, односно вертикален тип на раст со постериорна ротација. Авторите предлагаат користење на индикаторот на длабочина на инцизивен преклоп, како и на денталната рамковна анализа како дополнителна метода за генералните трендови на раст кај младите пациенти, што е значајно за дефинитивна терапевтска и прогностичка евалуација.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

39.Kovaceva G., Zuzelova M., Smileva-Nacevska M., Kovacevski A., Maneva M. Combined physiotherapeutic spa and mouth breathers. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.91, постер.

Во трудот е прикажано комбинираната психотерапевтска спа и ортодонтски третман кај индивидуа со асиметрија на лицето. Пациентката била на 6-годишна возраст со забележана фацијална асиметрија во левата мандибуларна регија. Медицинската и фамилијарната анамнеза не покажала позитивен наод. Биле направени следниве испитувања: радиографија на глава и врат (панорама, компјутерска томографија, испитувања на мускулната активност и анализа на студио модели). Преземана е миофункционална терапија со пелота на афектираната страна и биостимулација со биоласер. Резултатите покажале намалување на асиметријата.

Трудот има научно значење.

40. Манева М., Симјановска Лј., Ќурчиева-Чучкова Г, Манев И., Ковачевска Г. Treatment of impacted maxillary central incisors-case reports Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.6.

Авторите со овој труд даваат приказ на ортодонтско-хируршки третман на импактирани максиларни централни инцизиви кај два пациента, момче и девојче на 9-годишна возраст со присуство на прекубројни заби од двете страни на медијалната линија. Едниот случај е третиран со отворена метода, односно по хируршката интервенција на отстранување на хипердонтичните заби, перманентните инцизиви се експонирани, а на нив се поставени атачмени. Додека вториот случај е третиран по затворена метода поради високата позиција на максиларниот инцизив под базата на носот. Ортодонтската терапија траела просечно 18 месеци. Авторите посебно ја нагласуваат важноста на ортопантомограмот за рано детектирање и превенирање на овие случаи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

41.Манева М.,Симјановска Љ., Ќурчиева-Чучкова Г., Манев И., Ковачевска Г. Третман на импактирани максиларни централни инцизиви- приказ на случаи. I конгрес на здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.
Рецензиран во Билтен број 896.

42.Симјановска Љ., Манева М., Ќурчиева-Чучкова Г, Симјановски С. Follicular cyst of mandible premolar-case report. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.5

Презентиран е случај со фоликуларна циста кај перманентен долен премолар и негова перзистенција. Бидејќи растот и развојот на цистите се придружени со сиромашна симптоматологија, дијагнозата може да се одреди само со ретроалвеоларна рендгенграфија или ортопантомограм. Терапевтскиот пристап кој го препорачува авторот е отстранување на цистата и екстракција на забот.

Трудот има стручен аспект.

43. Димова Ц.,Манева М.,Кануркова Л.,Јанев Е., Стефановски С. Импактиран долен прв молар - приказ на случај. I конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.

Авторите прикажале импактиран прв молар со атипична форма кај момче од девет години. Во епипатогенезата на овој заб се наведува пад на 2,5- годишна возраст. Никнувањето на вториот перманентен молар било отежнато и направена била Ртг - снимка, со што се утврдила прелиминарната дијагноза. Извршена била оперативна екстракција на импактираниот прв молар со сепарација.По оперативната интервенција бил поставен мобилен ортодонтски апарат и по 8 месеци е сместен вториот молар.

Трудот има важност од стручен аспект.

44.Ковачевска Г. Зужелова М., Ковачевски А., Манева М., Петковски М. Ортодонтски третман на импактирани трети молари. I конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.

Прикажан е случај на млада личност од 24,4 години, со парцијална беззабост во двете вилици и присуство на импакција на трети перманентни молари. Како метод на терапија користеле хируршко отворање на импактираните трети молари и поставување на брикети со интермаксиларни гумици на импактираните заби. Ваквиот случај на авторите им бил предизвик за тимска соработка помеѓу ортдонтот и оралниот хирург, за во следната фаза да се изработи фиксно протетска рехабилитација во замена на мобилниот надоместок.

Трудот има важност од стручен аспект.

45. Ќурчиева-Чучкова Г, Манева М, Симјановска Љ, Кировски И, Јолевски Љ. Radiographic evaluation of dental age determine the ectopic position of maxillary canines. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.20

Цел на трудот е процена на степенот на матурација и одредување на положбата на нееруптираните канини на ортопантомографии кај пациенти на возраст од 8-14 години, кај кои клиничкото испитување сигнализирало нарушување во ерупцијата. Резултатите од истражувањето покажуваат јасна корелација меѓу задоцнетата дентиција и палатинално поставени и/или импактирани канини, од каде што авторите ја поткрепуваат тезата дека денталната старост проценета на ортопантомографска снимка може да се употреби за предвидување на положбата на нееруптираните канини, а букалната наспроти палатинална ектопија на максиларните канини имаат различна етиологија.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

46. Ќурчиева - Чучкова, М. Поп Стефанова-Трпоска, М. Манева, С.Поповски, Р.Димовска. Влијанието на назофарингеалната опструкција врз типот на лицевиот раст и дентофацијалната морфологија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Со цел да се утврди влијанието на назофарингеалната опструкција врз дентофацијалната морфологија, а и да се направи анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст со користење на индексот на фацијалниот раст, извршена е гнатометриско и телерентген испитување на 100 деца на возраст од 8 до 14 години. 50 испитаници биле со анамнестичко и клинички потврдена назофарингеална опструкција, а 50 со физиолошки назален тип на дишење. Резулатите и заклучоците укажуваат дека децата со назофарингеална опструкција ги карактеризира изразена компресија на максиларниот дентален лак со високо непце, зголемена должина на максиларниот и намалена должина на мандибуларниот дентален лак, хипердивергентен тип на раст со постериорна ротација. Индексот на фацијалната висина покажа вертикален тип на раст кај пациентите со назофарингелана опструкција. Авторите сугерираат дека индексот на фацијалната висина е важно дијагностичко средство за планирање и остварување на успешен ортодонтски третман.

Трудот има научно-практично значење.

47.Илиев И.,Поповски С.,Димитриоски Б.,Кировски И. Манева М.Рецидиви во ортодонцијата при примена на компромисни решенија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Прикажани се два пациента кај кои фиксен ортодонтски апарат е поставени само во горниот дентален лак како активна компромисна метода во ортодонтскиот третман. Пациентот е следен по отстранувањето на фиксниот

апарат во период од шест години со документирање на тенденција за релапс и објаснување за причините на нејзиното појавување. Во заклучокот авторите укажуваат дека правењето на компромисно решение во ортодонцијата го зголемува ризикот за рецидив, а со тоа и неуспех во ортодонтското лекување.

Трудот има стручно-научен аспект.

48. Јолевски Љ., Манева М., Ќурчиева-Чучкова Г. Complete transposition of maxillary canine-first premolar – case raport Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.7

Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12 - годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци како и финалните резултати од него.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

49. Манева М, Ќурчиева-Чучкова Г., Манев И, Јолевски Лј, Зужелова М. Determination of growth pattern with different craniofacial parameters. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.49, poster

Со цел да се испита влијанието на различни фактори и варијабли врз растот на лицевите структури, извршена е рендгенкефалометриска анализа кај 120 деца на возраст 8-14 години, поделени според аномалиите (30 деца со класа I, 30 испитаници со класа II/1, 30 со класа II/2 и 30 деца со малоклузија класа III). Резултатите покажале дека 63% од децата со класа I имаат хоризонтален тип на раст, додека со малоклузија класа III тој процент е многу повисок. Најдена е високо позитивна корелација помеѓу сумата агли со инклинацијата на мандибуларната рамнина кај сите испитувани групи, а високо негативна корелација помеѓу типот на фацијална ротација и лицевата оска кај сите испитувани групи, со исклучок на класа I испитаниците. Авторите ја потенцираат важноста од предвидувањето на растежниот потенцијал во дијагностички и третмански цели.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

50 Curcieva-Cuckova G., Maneva M., Joleski Lj. Effects of rapid maxillary expansion on nasopharyngeal airway dimensions and head posture in children with impaired nasal breathing. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.53, poster.

За процена на ефектите од брзата максиларна експанзија врз положбата на главата, кранио-цервикалната ангулација како и проширување на назофарингеалните дишни патишта извршена е кефалометриска анализа кај 30 деца на возраст 8-14 години со назофарингеална опструкција. Испитаниците биле поделени во две групи: првата група од 15 испитаници биле третирани со методот за брза максиларна експанзија, а втората група од 15 испитаници биле следени 18 месеци пред започнување со истоветниот третман. Резултатите од кефалометриската анализа покажале сигнификантно зголемување на назофарингеалниот дишен пат, особено на ниво на velum pallati и увулата, со истовремено намалување на краниоцервикалната ангулација и исправање на положбата на главата кај пациентите. Коментирајќи ги овие сигнификантни промени авторите предлагаат методата на брза максиларна експанзија да се применува во третманот на малоклузиите кај пациенти со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

51. Jolevski Lj.,Pavlovska D, Maneva M, Curcieva-Cuckova G. Maxillary canine-first premolar transposition- a case report. $85^{th}$ Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009, Abstract p.173, poster.

Цел на авторите во овој труд е да ја прикажат и опишат состојбата на комплетна транспозиција на максиларен канин, која се среќава многу ретко, но претставува предизвик за ортодонтски третман. Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12 - годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци како и финалните резултати од него.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

52.Maneva M.,Zuzelova M.,Manev I., Dimitrovski V. Occurrence of malocclusion and dental anomalies in primary dentition. 15 Congress of the Bass 2010, 22-25 Paril 2010, Thessaloniki, Greece.

Авторите во овој труд ја прикажуваат застапеноста на оклузалните и дентални аномалии кај деца со мелчна дентиција. Биле испитувани 171 дете (83 момчиња и 88 девојчиња), на возраст од 2 до 6 години. Резултатите покажале присуство на генинација кај едно дете (0,58%), фузија (0,58%), дијастема медијана 5,26%, микродонција ), 58 и вкрстен загриз 2,33%. Во однос на класите со II класа 1 одделение (12,68%), III класа 1,75% и длабок загриз 22,8%. Во заклучокот авторите укажуваат за рано откривање и следење на аномалиите во млечна дентиција.

Трудот има стручна и апликативна вредност.

**Д-р Јасна Петровска** е родена во Скопје, на 30.1.1972. Основното образование го завршила во основното училиште „Кочо Рацин" во Скопје (1986) со одличен успех. Во 1986 година се запишала во УСО „Никола Карев", кадешто го завршила средното образование во 1990 година, со одличен успех.

Во учебната 1990/91 година се запишала на студиите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како редовен студент. На 29.3.1996 година дипломирала со среден успех 9,71, како најдобар студент во генерацијата. За тоа била наградена со признание за најдобар студент во учебната година 1993/94 од Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", пофалница за највисок среден успех на дипломиран студент на Стоматолошкиот факултет од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" и признание за најдобар студент на стоматологија од Македонското лекарско друштво. Среден успех од предметот на кој конкурира и работи постигнала 10 .

Стажот го завршила при Здравствениот дом-Скопје, и на 24.5.1997 го положила стручниот испит.

На 1.10.1997 ја започнала специјализацијата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Зужелова. На 25.5.2001 успешно го положила специјалистичкиот испит, стекнувајќи се со стручниот назив специјалист по ортодонција.

Во периодот од 1.7.1996 до 10.9.1998 била вработена во П.З.О. „Толовски". Од 2.11.1998 е вработена во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, на Клиниката за ортодонција.

Се запишала на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, и на 9.9.2009 е усвоен позитивниот рецензентски извештај на пријавата за магистерски труд со наслов „Проценка на поставеноста на импактираните максиларни канини на ортопантомограм по метода на Ериксон и Курол".

На 24.3.2004 е избрана во звањето помлад асистент по ортодонција. На 10.4.2007 повторно е избрана за помлад асистент по ортодонција.

Активно се служи со англискиот јазик.

За време од вработувањето во ЈЗО Стоматолошки клиники и за време на специјалистичкиот турнус, д-р Петровска беше доста активна во практичната работа со пациентите и во стручната работа. Односот спрема колегите, вработените и пациентите секогаш ѝ е коректен и на завидно ниво. Активно учествувала на 78. Европски ортодонтски конгрес во Соренто, Италија, во 2002 година, како и на стручните состаноци на Клиниката и на Ортодонтската секција. На тие состаноци има презентирано труд во соработка со поискусни колеги. Добитник е на Пофалница од Македонското лекарско друштво во 2002.

За овој период е коавтор на шест стручно-научни труда, и тоа:

1. Bogdanovska B., Daskalova B., Gavrilovik I., Petrovska J., Carceva-Shalja S., Shape of the simphysis and mandibular dentoalveolar anterior height associated with V, 84th Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Вертикалните нарушувања во ортодонцијата даваат своевидни сигнатури во телерендгенограмите. Во овој труд авторите вршеле испитувања врз 60 телерентгенограми со цел да одредат поврзаност помеѓу предната мандибуларна дентоалвеоларна висина и обликот на симфизата. Авторите истакнуваат дека предната мандибуларна дентоалвеоларна висина е зголемена кај пациентите со отворен загриз, споредено со длабок и нормален загриз. Кај пациентите со отворен загриз била констатирана долга и тесна симфиза, а кај пациентите со нормален или длабок загриз симфизата била кратка и широка.
Трудот има научен карактер.

2. Gavrilovik I., Bogdanovska B., Petrovska J., Carceva-Shalja S., Daskalova B., Changes in the dentoalveolar complex related to class II division 1 and 2 malocclusions, 84th Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Малоклузиите, кои се резултат на скелетални структурни промени, влијаат врз меките ткива, како и на функцијата и естетиката. Во оваа студија авторите сакале да идентификуваат дентоалвеоларни и линеарни параметри кај класите II/1 и II/2, па испитувале по 35 телерендгенограми кај соодветните класи, како и 25 кај контролната група. Кај класа II/1 била утврдена протрудираност на инцизивите, а кај класа II/2 ретрудираност, но позицијата на долните инцизиви спрема мандибуларната рамнина има прогностичко значење.
Трудот има научен карактер.

3. Petrovska J., Janev R., Petrova E., Petrovski D., Association between tongue thrust, dental anomalies and articulation disorders, 11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Тискањето на јазикот претставува лоша навика која доведува до фронтално отворен загриз и нарушувања во изговорот. Токму поврзаноста помеѓу говорните проблеми, ортодонтските аномалии и лошата навика е и предмет на изучување на авторите на оваа тема, при што испитувале 80 пациенти. Авторите заклучуваат дека говорот е важен составен дел на секојдневниот живот и соодветните пречки треба да се третираат уште во раното детство.
Трудот има стручно-практичен карактер.

4. Petrovski D. Petkov M., Petrovska J., Experimental and Didactical use of transparent silicone and impression trays, 11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Во секојдневната практика честопати се соочуваме со фактот дека и најпрецизните отпечаточни маси можат да бидат непрецизни, што доведува до несакани последици во изработката на индиректните реставрации. За тоа има

разни објаснувања, но на оваа тема авторите вршеле опити со транспарентни отпечаточни материјали и лажици со цел да визуелизираат што точно се случува во текот на апликацијата на материјалот врз фантом- модел. Авторите заклучуваат дека оваа постапка може да се користи во наставата на студентите по стоматологија со цел да воочат што се случува со силиконот при притисок, но експерименталната вредност е ограничена.
Трудот има стручно-експериментален карактер.

5. Petrovski D., Petkov M., **Petrovska J.**, Clinical observations in various impression techniques, 12th Congress of the BaSS, Istanbul, 12-14 April 2007.

Првиот чекор кон прецизно приспособената фиксопротетска реставрација е отпечатокот, но во литературата можат да се сретнат бројни предложени техники на отпечатување, кои имаат одредени предности и недостатоци. Целта на авторите во овој преглед е да евалуират некои вообичаено применети техники од практичен аспект. Резултатите од тестираните техники на отпечатување покажале разновидни практични карактеристики. Авторите укажуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот кога при отпечатување треба да се регистрираат и најситните детали во влажна средина.
Трудот има стручно-практичен карактер.

6. Петровски Д., Петровска Ј., Интердисциплинарен третман на хиподонција на латерални инцизиви - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Интердисциплинарната соработка е клучниот збор кога се говори за хиподонција на латералните инцизиви. Во овој приказ на случај авторите покажуваат како оралната хиругија, ортодонцијата и протетиката соработувале за решавањето на оваа фреквентна ортодонтска аномалија. Тимското претретманско планирање е клучно за успех во вакви случаи.
Трудот има стручно-практичен карактер.

7. Димова Ц., Петровска Ј., Андоновска Б., Петровски Д., Стојаноска С., Прекубројни заби како механичка пречка и причина за полуимпактиран горен централен инцизив - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Во овој приказ на случај авторите покажуваат како прекубројните заби можат да ја попречат нормалната смена на забите. Кај овие специфични случаи авторите покажуваат како се наметнува потребата од интердисциплинарна соработка.
Трудот има стручно-практичен карактер.

8. Петровска Ј., Петровски Д., Отстранување на брекети и следователно кондиционирање на забната површина, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Фиксните ортодонтски направи ефикасно решаваат разни ортодонтски аномалии, но по третманот на местата каде што биле залепени брекетите остануваат остатоци од лепилото и оштетувања на забната површина. По извршеното пребарување во литературата, авторите предлагаат процедура на третирање на забната површина, користејќи повеќе средства за таа цел. Одредено оштетување на забната површина по отстранувањето на брекетите е неизбежно, но по мазнењето на забната површина последиците исчезнуваат.
Трудот има стручно-практичен карактер.

9. Богдановска Б., Зужелова М., Богдановски С., Петровска Ј.,Стојменова-Муфишовска П., Карактеристики на максиларната морфологија поврзани со вертикални нарушувања, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.

Отворениот и длабокиот загриз претставуваат вертикални нарушувања. Во оваа студија авторите сакале да ја проценат максиларната морфологија кај индивидуи со вертикални нарушувања и нормална оклузија. По обработката на 60 телерендгенограми, авторите заклучиле дека максиларната дентоалвеоларна височина е покачена во групата со отворен загриз, споредено со групите со длабок и нормален загриз.

Трудот има научен карактер.

10. Јанев Р., Петровска Ј., Лазарева Б., Даскалова Б., Колку простор се создава од максиларната експанзија или од екстракција на премолари, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25-јуни 2006, Охрид.

Создавањето на простор за ортодонтски третман е неопходно за корекцијата на многу малоклузии. Во оваа студија авторите сакале да го истражат соодносот помеѓу експанзијата на максиларниот лак и промените во длабочината на лакот и да се квантифицира редукцијата на максиларната длабочина на лакот по екстракција на премоларите со комплетно затворање на просторот. Испитувањата се вршени на типодонт. Авторите заклучуваат дека отстранувањето на премоларите доведува до поголема редукција во длабочината на лакот во однос на мезио-дисталната широчина на премоларите.

Трудот има стручно-научен карактер.

11. Петровска Ј., Зужелова М., Подолешова А., Богдановска Б., Физиологија на терапијата со сплинт во третманот на темпоромандибулани нарушувања; IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.

Мултикаузалноста на нарушувањата на ТМЗ се причина за разни терапевтски пристапи кон оваа проблематика, но оклузалните сплинтови се најупотребувани. Во овој преглед на литературата авторите сакале да ги опишат разните видови на ортодонтски сплинтови кои се користат, како да дадат есенција на можните физиолошки механизми преку кои тие дејствуваат.

Трудот има стручно-практичен карактер.

12. Зужелова М., Смилева-Нацевска М., Трајковски Ѓ., Петровска Ј., Ковачевска Г., Ортодонтско-хируршко-протетска соработка при решавање на разни видови малоклузии, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Малоклузиите можат да се јават во разни градации на комплицираност, па понекогаш само ортодонтскиот третман не е доволен за воспоставување на нормалната функција и естетика. Во такви ситуации е потребен тимски пристап, што преку бројни примери е прикажано во овој труд на авторите.

Трудот има стручно-практичен карактер.

13. Zuzelova M., Maneva M., Lazarevska B., Petrovska J., Atypical unerupted dentition-case report, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Процесот на ерупција на забите е долг и сложен, и честопати е подложен на биолошки или механички влијанија, кои можат да го попречат. Наследноста може да игра важна улога, како што покажуваат авторите во овој приказ на

случај, кадешто нетипичната нееруптирана дентиција се појавува кај татко, син и ќерка.
Трудот има практично-научен карактер.

14. Zuzelova M., Bogdanovski S., Petrovska J., Bogdanovska B., Gonial angle differences associated with vertical d., 11$^{th}$ Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Литературата кажува за два лицеви типа - хипердивергенти и хиподивергентни. Во овој труд авторите ја истражувале поврзаноста на овие лицеви типови со гонијалниот агол, користејќи 60 телерендгенограми. Гонијалниот агол имал најголема вредност кај групата со отворен загриз.
Трудот има научен карактер.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставените материјали за четирите кандидати за избор за асистент по предметот ортодонција, Комисијата им дава предност на д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова и д-р Билјана Ципунова.

Д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, во својата досегашна стручна и научностражувачка кариера, забележливо е дека има вложено многу труд, за што се доказ нејзините бројни учества на конгреси, симпозиуми, семинари и курсеви со сопствени и оригинални трудови во земјава и надвор од неа. Нејзината сериозност и пристап кон научната и педагошката работа како и поврзаноста со одделни професори и познати светски имиња од областа на ортодонцијата и даваат за право на Рецензентската комисија д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова да ја предложи до Наставно - научниот совет за избор за асистент по предметот ортодонција.

Исто така, од изнесените податоци за д-р Билјана Ципунова се гледа дека кандидатката покажала континуиран напредок во нејзината стручна, научна и наставна работа. Со нејзината одлична стручна подготвеност, со педагошките и научноистражувачките квалитети ги исполнува сите услови за избор во звањето асистент по предметот ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје, што и дава за право на Рецензентската комисија д-р Билјана Ципунова да ја предложи до Наставно - научниот совет за избор за асистент по предметот ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Марија Зужелова с.р.

2. Проф. д-р Јулијана Ѓоргова с.р.

3. Проф. д-р Снежана Ијовска с.р.

УБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 09-15/ст
25-11-2010 год.
СКОПЈЕ



# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Кочковска Катерина | Вршење на родителското право по повод развод на брак | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Валентина Димитровска | Приватизацијата на градежното земјиште во државна сопственост во правниот систем на Република Македонија | проф.д-р Родна Живковска |
| Весна Ташковска | Даночната основа на персоналниот данок од доход во македонското и компаративното право | проф.д-р Веска Пендовска |
| Марко Стефановски | Потреба од асиметрична фискална децентрализација во мултиетнички општества | доц.д-р Александра Максимовска Велјановски |
| Илина Димовска | Преземање на акционерски друштва | проф.д-р Димитар Гелев |
| Марина Давиткова | Правна регулација на депозитарите | проф.д-р Димитар Гелев |
| Горјан Славковски | Лондонска берза-организационо правни аспекти и тргување | проф.д-р Димитар Гелев |
| Тамара Ѓорѓиевска | Потрошувачите како консументи на реклами-режимот на рекламирање на производи и услуги во правото на Република Македонија и во компаративното право | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Игор Стрезовски | Договор за вработување-основ за засновање на работен однос | проф.д-р Тодор Каламатиев |
| Викторија Митева | Забрана на употреба на детскиот труд | проф.д-р Тодор Каламатиев |
| Христијан Николески | Колективните преговори и социјалниот дијалог во | проф.д-р Тодор Каламатиев |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Македонија | |
| Ивана Сердјук | Правна регулација на урбанистичкото планирање | проф.д-р Димитар Гелев |
| Ирена Димитријевиќ | Правно регулирање на дистрибуција на електрична енергија | проф.д-р Димитар Гелев |
| Софија Цинева | Кризата на ,,American International group-AIG,, и нејзината санација | проф.д-р Тито Беличанец |
| Никола Стојановски | Реорганизација на стечајниот должник во теоријата и практиката | проф.д-р Тито Беличанец |
| Елена Ивановска | Невработеноста во Република Македонија | проф.д-р Тодор Каламатиев |
| Милка Ракочевиќ | Суштина на начелото на сослушување на странките во парничната постапка | проф.д-р Арсен Јаневски |
| Никола Дацев | Развиеност на пазарот на осигурување на Република Македонија | проф.д-р Тито Беличанец |

ДЕКАН

---------------------------

Проф.д-р Борче Давитковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 09-15/ a
25-11-2010 год.
СКОПЈЕ

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Љубиша Грздановски | Политичката пропаганда и новите медиуми | доц.д-р Јасна Бачовска |
| Ана Климовска | Внатрешна организација на парламентот | д-р Марика Ристовска |
| Борче Маневски | „Мобилната телевизија како носач на реклами-форми и фактори за успех на огласувањето преку мобилната телевизија„ | д-р Томе Груевски |
| Един Рамадановиќ | Економски импликации на јавниот долг | д-рТомислав Гроздановски |
| Катерина Јакимовска | „Глобализацијата како комуникациски процес„ што ја предложи | д-р Љубомир Јакимовски |
| Перо Мартиновски | „Изборна реформа-случајот со Република Македонија | д-р Марика Ристовска |
| Арлинда Зимери | Римската реторика како основа на новата реторика | д-р Мирјана Поленак Аќимовска |
| Андријана Коровешовска | Култура на печатените медиуми поврзани со теми за ЛГБТ (LGBT) лица во Република Македонија | д-р Антонела Петковска |
| Бојан Блажевски | Влијането на глобалните новински агенции врз надворешно-политичките рубрики на македонските дневни весници | д-р Љубомир Јакимовски |
| Елизабета Гроздноска | Имунитет на пратениците во претставничкото тело | д-р Марика Ристовска |

| | | |
|---|---|---|
| Зоран Василески | Влијанието на глобализацијата врз начелата на еднаквост, солидарност и правда | д-р Гордана Силјановска |
| Сали Салиевски | Пратенички мандат, стекнување, остварување и престанок на пратеничкиот мандат | д-р Марика Ристовска |
| Сашка Ефремовска | Права на детето | д-р Рената Дескоска |
| Синиша Ивановски | Буџетски дефицит и јавен долг со посебен осврт на Република Македонија | д-р Томислав Грозданоски |
| Томе Гушев | Креирањето политики во постсоцијалистичките системи | д-рГордана Силјановска Давкова |

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" * Скопје * Република Македонија

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 22.11.2010 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Андријана Антулевска | Противзаконско посредување | Д-р Никола Тупанчески |
| Кристина Велјановска | Сузбивање на организираниот криминал со посебен осврт на некои случаи од домашната практика | Д-р НиколаТупанчески |
| Јово Батковски | Даночно затајување | Д-р Никола Тупанчески |
| Емилија Ристовска | Улогата на алтернативните мерки при санкционирање на малолетните сторители на казниви дела | Д-р Никола Тупанчески |
| Валентина Ристовска | Улогата на јавниот обвинител според новиот концепт на кривичната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Кристина Наќеска | Културните заедници во Република Македонија, меѓусебни предрасуди и стереотипи | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Рената Богеска | Имплементација на актите за заштита на правата на припадниците на националните малцинства на Советот на Европа во правниот поредок на Република Македонија | Д-р ТатјанаПетрушевска |
| Зоран Јорданоски | Влијанието на превентивното распоредување на сили на Организацијата на Обединетите Нации врз развојот на превентивната дипломатија | Д-р Татјана Петрушевска |
| Ерина Андонова | Мултилатералната спогодба за основање на европска заедничка воздухопловна област (ЕЗВО) и правата на | Д-р Тони Дескоски |

| | | |
|---|---|---|
| | патниците во меѓународниот воздушен сообраќај | |
| Зоран Јанов | Постапка за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки | Д-р Тони Дескоски |
| Катерина Лазареска | Взаемно признавање и извршување на странски судски одлуки во Европската унија | Д-р Тони Дескоски |
| Марјан Стојановски | Задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија | Д-р Ана Павловска Данева |
| Ангелчо Ристов | Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам како административен инструмент за финансиско разузнавање | Д-р Никола Тупанчески |
| Ружица Насковска | Управен инспекциски надзор | Д-р Борче Давитковски |
| Елена Таховска | Сериски убиства | Д-р Методија Каневчев |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 22.11.2010 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Крсте Маљановски | Судската психологија во казненоправниот систем | Д-р Љупчо Арнаудовски<br>Д-р Никола Матовски<br>Д-р Гордан Калајџиев |
| | | |
| | | |
| | | |

03-1-631
26-11-2010 год.
Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "УЛОГАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ ПО 11 СЕПТЕМВРИ 2001 ГОДИНА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИВИЦА СИМОНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 22.11.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов "Улогата на Република Македонија во справувањето со меѓународниот тероризам по 11 септември 2001 година", од кандидатот м-р Ивица Симоновски, во состав: проф. д-р Сашо Горгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Никола Тупанчевски, проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Тони Десковски. Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I.

## ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### Актуелност на проблематиката и научен придонес на истражувањето

Тероризмот како глобален и транснационален деструктивен феномен на насилниот криминалитет се манифестира во најразлични форми и појави, мотивирани од политички, верски и идеолошки причини. Современиот тероризам има карактеристики на висок степен на организираност, глобализам, професионализам и финансиска моќ стекната преку „црниот профит". Во светски рамки, поврзаноста на тероризмот со екстремизмот, религиозниот милитантен фундаментализам и организираниот транснационален криминал, користењето на софистицирани технологии на оружје, не исклучувајќи ги и средствата за масовно уништување (биолошко и хемиско оружје), претставува една од најсериозните закани. Во регионални рамки, Европа и Балканот пред се заради геостратешката положба и специфичните етнички, социјални и политички карактеристики претставуваат погоден

терен за стационирање и егзистирање на екстремни и радикални групи и поединци. Заради криминалната компонента на тероризмот може да се очекува зголемена соработка со криминалните банди, што ќе овозможи поголема флексибилност и зголемена логистичка и финансиска поддршка.

Особено е битно да се истакне дека иако Р.Македонија засега не се соочува со директни закани од тероризмот, поради придонесот кој го дава во рамките на меѓународната антитерористичка коалиција, учеството во меѓународните мисии во Босна и Херцеговина, Ирак и Авганистан би можела да биде цел на терористички напади. Согледувајќи ја опасноста од меѓународниот карактер на тероризмот како безбедносен ризик, Р.Македонија презема широк спектар на координирани и комплексни активности, преку примена на средства и методи, мерки и постапки од соодветните органи и институции во државата, во насока на обезбедување соодветен ефикасен пристап за негово навремено откривање и спречување. Стратешка цел на нашата државн во борбата и превенцијата против тероризмот, покрај националната правна регулатива, е и спремноста за соработка и формирање заеднички правни основи и организациони облици за негово спречување и со други држави. Со цел приближување кон евроатлантските структури, Р.Македонија континуирано врши стандардизација и хармонизација на македонското законодавство со европското и меѓународното чии одредби се имплементирани во Кривичниот законик на Р.Македонија, Законот за кривична постапка, Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и други законски норми. Во услови на актуелна и зголемена опасност од тероризмот се налага потреба од анализа на сите правни и демократски принципи и вредности за воспоставување ефикасен систем на мерки за превенција и борба против тероризмот. Согледувајќи ја интернационалната димензија на терористичките активности и неопходноста од заедничко постапување за нивно попречување, Владата на Р.Македонија преземањето на неопходните мерки за превенирање на корените на екстремизмот од секаков вид и унапредување на формите и методите за спротивставување на тероризмот, меѓу другото, треба да го темели и на соработката со други држави, меѓународни организации и институции. Наш приоритет е зајакнување на регионалната и поширокта меѓународна соработка во размената на податоци за пролиферација на средствата за масовно уништување, поради можноста од употреба на неконвенционалното, биолошко и хемиско оружје во терористички цели, чии карактеристики се релативно слабата воочливост и релативно лесната

дистрибуција. Зголемената употреба и можната злоупотреба на електронските системи и интернет-мрежи од страна на терористичките субјекти, ја налага потребата од размена на информации за терористичките методи заради изнаоѓање на ефикасен систем на безбедносна заштита на електронските мрежи. Воспоставување на безбедносен комуникациски систем меѓу државите е императив на нашата Влада кој ќе овозможи благовремена размена на безбедносни податоци и информации, во правец на ефикасно решавање на безбедносните проблеми и феномени со кои се соочуваат нашите држави.

Унапредувањето на билатералната и мултилатералната соработка, размената на податоците меѓу странските безбедносни служби за формите и методите на дејствување, изворите на финансирање, начинот на регрутирање, обуката и целите на евентуален терористички напад, се едни од приоритетите за успешно спротивставување на овој феномен. Соочувајќи се со последиците од терористички акти во изминатите години Р.Македонија е чувствителна на терористички закани и е загрижена за овој феномен, поради што позицијата на македонската Влада е безусловна осуда и борба против тероризмот без оглед на неговите извори или мотиви.

## Предмет, цели и хипотези на истражувањето

Предмет на истражувањето е придонесот на Република Македонија во справувањето со меѓународниот тероризам како глобална и транснационална закана за безбедноста. Самото истражување е и осврт на досега сработеното, но и препорака за идните чекори кои Република Македонија треба да ги презсме во детекцијата и ефикасна превенција од тероризмот како меѓународно зло.

Со самото членство во антитерористичката коалиција, целта е, Република Македонија со самото учеството во меѓународните мисии во Ирак, Авганистан и Босна и Херцеговина, и со широк спектар на координирани и комплексни активности, преку примена на средства и методи, мерки и постапки од соодветните органи и институции во државата, да придонесе за соодветен ефикасен пристап за навремено откривање и спречување на тероризмот.

Бидејќи нашата стратешка цел се евроатлантските интеграции во ЕУ и НАТО, Р. Македонија, покрај националната правна регулатива и спремноста за соработка и формирање заеднички правни основи и организациони облици за негово спречување и со други држави, мора континуирано да врши стандардизација и хармонизација на македонското законодавство со европското и меѓународното чии одредби се имплементирани во Кривичниот законик, Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Овие подрачја како што е Балканот, во некои времиња ги ценевме како можни транзитни зони, на транзитирање на терористичките групи, кои се обучени да извршуваат акции. Со самото членство во антитерористичката коалиција, мора добро да се размисли дека и ние би можеле да бидеме потенцијална цел. Самото членство во антитерористичката коалиција носи закана.

Со оглед на вака поставената игра на меѓународната сцена, Република Македонија пред се за да ја зачува својата безбедност, а со тоа и да придонесе за стабилен регион и меѓународен мир, ќе мора да одговори на предизвиците и хипотезите на феноменот наречен тероризам, и тоа преку:

1. континуирано вршење на стандардизација и хармонизација на законодавството, согласно со европската регулатива;
2. преземањето на неопходните мерки за превенирање на корените на екстремизмот од секаков вид и унапредување на формите и методите за спротивставување на тероризмот, меѓу другото, треба да се темели и на соработката со други држави, меѓународни организации и институции;
3. приоритет е зајакнување на регионалната и пошироката меѓународна соработката во размената на податоци за пролиферација на средствата за масовно уништување, поради можноста од употреба на неконвенционалното, биолошко и хемиско оружје во терористички цели, чии карактеристики се релативно слабата воочливост и релативно лесната дистрибуција;
4. изнаоѓање на ефикасен систем на безбедносна заштита на електронските мрежи;
5. воспоставување на безбедносен комуникациски систем меѓу државите;

6. ефикасна борба против организираниот криминал како еден од начините за финансирање на тероризам;
7. развивање на системот за рана детекција и спречување на користење на банкарскиот систем за финансирање на тероризам;
8. подобрување на царинската контрола за откривање на пренос на парични средства преку царинската линија;
9. зголемен надзор над невладините организации како можни финансиери на терористичките организации;
10. континуирана обука на лицата кои земаат активно учество во борбата против тероризмот.

**Методолошка рамка**

Сложеноста на темата и целта на истражувањето наложува комплексен методолошки инструментариум, така што е применета комбинација на квантитативни и квалитативни методи.

Фактот што истражувањата во Европа кои поаѓаат од нормативистичкиот приод сé повеќе од нивото на чисто теоретската расправа преминуваат на полето на емпириски истражувања овозможува истражувањето да се базира на веќе истестирани постапки, кои се оспособени на поставената хипотетичка рамка и расположливите податоци во Република Македонија.

Од квантитативните методи се предвидува користење на статистичките анализи на податоци за тоа колку Р. Македонија ги исполнила зададените критериуми и нормативи за ефикасна борба против тероризмот, и во колкав процент дала свој придонес кон превенцијата од тероризмот. Како основен индикатор за квалитетот на преземените активности во ефикасната борба против тероризмот се земени, пред се, оценките на Европската комисија и НАТО содржани во редовните извештаи за напредокот.

Во истражувањето се применети следниве квалитативни методи: интервју, анализа на содржината, студија на случај, компаративно-правниот метод и историско-

правниот метод. Овие методи се применети со цел да се даде комплетна слика на досега сработеното во ефикасната борба против тероризмот од страна на Р. Македонија активна членка на антитерористичката коалиција, како и идни препораки кои треба да се преземат за успешно справување против ова зло.

Со цел да се добијат што е можно повеќе релевантни податоци, спроведен е методот на интервју на повеќе експерти, професори, лица кои директно биле инволвирани и дале свој придонес во борбата против тероризмот.

Консултирана е бројна стручна литература и законска регулатива чија содржина е обработена во овој труд.

Компаративно-правниот и историско-правниот метод овозможува споредба на придонесот и улогата на меѓународните организации во превенцијата од тероризмот, како и споредба колку Р. Македонија ги имплементирала законските регулативи и препораки во својата домашна законска регулатива.

## Структура на дисертацијата

Докторскиот труд "Улогата на Република Македонија во справувањето со меѓународниот тероризам по 11 септември 2001 година" се состои од вовед, четири дела и заклучок.

Во **воведниот дел** се разработува актуелноста на предметот на истражувањето, предизвиците кои ги наметнува, како и доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес.

Во **првиот дел** насловен како: "Теориско – хипотетичка рамка на трудот", презентирана е еволуцијата на тероризмот започнувајќи од вековите пред нашата ера до денес. При тоа, посебно се разгледува проблемот со дефинирањето на поимот "тероризам", како и поделбите и видовите тероризам. Од посебно значење е да се истакне утврдувањето на фазите на тероризмот, вклучувајќи ги мотивите за започнување на терористички акти.

Во **вториот дел** од докторската дисертација кандидатот ги опишува причините за појавата на современиот тероризам. Од особено значење е да се истакне еволуцијата на

заканите пред се од терористичката организација Ал каеда која ја одбележа првата деценија од овој век. Исто така, кандидатот се осврнал и на поврзаноста на организираниот криминал и тероризмот. Иако двете појави немаат заедничка цел, сепак испреплетеноста и поврзаноста на двете појави дава до значење дека против овие зла се бори со заедничка борба на сите држави. Утврдувајќи ги фазите на тероризмот, кандидатот се задржува на финансирањето на тероризмот како фаза во која може превентивно да се делува, прекинувајќи ги финансиските трансакции, и преку воспоставувањето на ефикасен систем превентивно да се дејствува. Исто така, детално и прецизно се објаснети начините на финансирање на тероризмот, како и изворите од каде се финансираат терористичките организации.

Во **третиот дел** насловен како: "Пристапот кон меѓународниот тероризам по 11 септември 2001 година од страна на меѓународната заедница", кандидатот се осврнува на мерките и активностите кои беа преземени од страна на меѓународните организации, пред се ООН, ЕУ, НАТО. Пристапот кон тероризмот со примена на воена сила не го даде очекуваниот ефект, па оттука, кандидатот прави компарација на стратегискиот пристап кон тероризмот од американска и европска гледна точка, утврдувајќи го начинот на кој треба превентивно да се дејствува.

Во **четвртиот дел** насловен како: "Улогата на Република Македонија во справувањето со меѓународниот тероризам по 11 септември 2001 година" е главен дел во оваа докторска дисертација во кој се опишани мерките и активностите кои Република Македонија ги презема на ова поле. Тргнувајќи од географската местоположба на Република Македонија, како попатна станица на терористичката санта мраз која тргна од Блискиот Исток и се движи кон Западот, кандидатот ги опишува факторите кои влијаат за долгорочното вмрежување на терористите во Република Македонија. Исто така, кандидатот дава осврт на македонско – албанскиот меѓуетнички конфликт како еден од главните фактори за појавата на одредени верски и етнички радикални движења во Република Македонија. Мултидимензионалноста на проблемот со тероризмот и неговото финансирање нужно претпоставува и мултидимензионален пристап во неговото решавање. Во таа смисла, Република Македонија ја насочува својата активност на две полиња: преземање на легислативни мерки кои одговараат на променетите околности и преземање мерки и активности на државните органи во рамките на утврдените надлежности. Од тој аспект, во 2000 година, со потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација, Република

Македонија се обврза да ги имплементира директивите на ЕУ во своето законодавство. Како член на ООН и на Советот на Европа, а паралелно и како држава-кандидат за членство во ЕУ и НАТО, Република Македонија според Договорот за стаблизација и асоцијација има дополнителни обврски по однос на имплементирањето на мерките предвидени со директивите на ЕУ.

Од особен интерес на разгледување е спроведување на системот за спречување на финансирање тероризам како механизам за превентивно дејствување и рано откривање на финансирање на тероризмот. Исто така, кандидатот обрнал внимание и на спроведувањето на Законот за меѓународните рестриктивни мерки, каде што утврдува низа недостатоци во практичното спроведување, и дава предлог-решение како да се измени постојниот Закон за да може поефикасно да се спроведува.

Во рамките на размената на информации како битен елемент во превенцијата од тероризмот, кандидатот ја објаснува потребата од имплементацијата на Националната разузнавачка база на податоци, со предлог, формирање на Национален координативен центар на нивото на Република Македонија во кој ќе партиципираат претставници од институциите за прогон на сторители на кривични дела, како ефикасно решение на сегашната бавна постапка на координација и размена на информации помеѓу органите на прогон во раното детектирање на терористички движења.

Но, борбата против тероризмот не е возможна само со легислативни мерки. Од тој аспект, Република Македонија активно учествува во широката коалиција за борба против тероризмот, преку контингенти на војници во мировните мисии во Авганистан, Босна, Либан, а претходно и преку значаен придонес во Ирак, за што голем дел од македонските војници беа и одликувани за посебни заслуги во колективната борба против тероризмот.

Во **последниот дел**, односно во заклучокот на докторската дисертација презентирани се на синтетизиран начин наодите од истражувањето, придонесот на Република Македонија кон борбата против меѓународниот тероризам, функционирањето на, условно кажано, системот за борба против тероризмот како и потребата од измена на одредена легислативна рамка и формирање на функционални органи за ефикасна борба против тероризмот.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Улогата на Република Македонија во справувањето со меѓународниот тероризам по 11 септември 2001 година“, од кандидатот м-р Ивица Симоновски, обработува многу значајна тема за Република Македонија, која е актуелна и во пошироки европски и светски рамки. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатот за систематско аналитичко користење на стручна литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатот пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатот изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатот дава сопствен придонес за натамошното развивање на пристапот на Република Македонија кон поефикасно справување против меѓународниот тероризам. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да му овозможи на кандидатот м-р Ивица Симоновски да пристапи кон јавна одбрана на неговиот докторски труд.

Комисија

1. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.
2. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.
3. Проф. д-р Никола Тупанчевски с.р.
4. Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.
5. Проф. д-р Тони Дesковски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 10-та редовна седница одржана на 20. 10. 2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на двајца асистенти по група предмети од областа ортодонција на Катедрата за ортодонција, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистенти во предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф. д-р Јулијана Ѓоргова и проф. д-р Александар Грчев.

На конкурсот објавен во весникот „Вечер" од 15.9.2010 година се пријавија: д-р Александра Подолешова, д-р Јасна Петровска, д-р Цветанка Мишевска, д-р Наташа Тошеска Спасова и д-р Марија Манева.
Врз основа на пријавата и поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Д-р Александра Подолешова** е родена во Скопје на 9.11.1975 година каде што го завршила основното образование во ОУ " Глигор Прличев" во Скопје. Се запишала во МУЦ " Д-р Панче Караѓозов" во 1990 година. Во текот на средното образование има освоено неколку награди од областа на медицината на републичко ниво. Добитник е на 13-ноемвриската награда во 1992 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1994/95 година. Во текот на студирањето активно била вклучена во работата на Студентскиот сојуз како член на научниот одбор. Учествувала на 2., на 4. и на 6. конгрес на студентите по стоматологија, а учествувала и на Интернационалниот конгрес на студентите по стоматологија во Гетеборг во 1996 година. Дипломирала на 28.3.2001 година со просек 9,65. Државен испит полагала на 2.4.2002 година и се стекнала со лиценца за работа. Од 15.5.2002 година работи како клинички лекар на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар.

На постдипломски студии од областа на ортодонцијата се запишала во учебната 2003/04 година. Предвидените испити ги положила во предвидениот рок со среден успех 10.00. Во 2007 година до Комисијата за постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет поднесува пријава за изработка на магистерски труд под наслов: "Перспективи во клиничката апликација по Arnett за процена на фациолабиоденталните структури кај II/1". На 8.10.2009 година успешно го одбранила магистерскиот труд и се здобила со назив магистер на стоматолошки науки.

Со специјализација по предметот ортодонција започнала на 1.11.2006 година и специјалистичкиот испит го положила на 2.6.2010 година и се здобила со звањето специјалист по ортодонција.

Во текот на досегашниот стаж, активно учествувала на повеќе регионални и интернационални конгреси како автор и коавтор, на BASS, Охрид(2004), BASS, Белград(2005),Меѓународен симпозиум на ортодонтите, Крушево (2006), 4. Конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, (2006), Балкански ортодонтски симпозиум,

Софија (2007), како и учество на Soros international house во Скопје од 9 до 15 март 1996 година.
Присуствувала на повеќе курсеви и тоа: I курс за „Техника на прав лак ( SWA)" под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Скопје во март 2005 година, II курс за „Техника на прав лак ( SWA)", под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Скопје во јуни 2005 година, Typodont Cours III, Скопје, април 2006. Selfligation with discavery sl, Скопје 2010 година и Scuzzo-Takemoto Bracket & Light lingual system, Zlatibor, 2010. Од едукативните курсеви присуствувала на: Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа, Скопје, 2007 година, Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите, Скопје, октомври 2008, Релевантни концепти во третманот на малоклузиите, Охрид, 2009 година.
Активно се служи со англискиот јазик и има познавање од германскиот јазик.

Список на трудови кои се доставени за рецензија

1. Подолешова А., Зужелова М. Disconfort during orthodontics treatment. BASS, Ohrid (2004).

Целта на овој труд е да ја евалуира неудобноста на пациентите при носење на ортодонтски апарати во првите недели од нивното поставување. За таа цел биле проследени 40 пациенти со подвижни плочести апарати и 40 пациенти со фиксни ортодонтски апарати на возраст од 14 до 18 години. По поставувањето на апаратот пациентите се жалеле на отежнато голтање и говор, како и на зголемена саливација. Сигнификантно намалување на овие симптоми кај сите испитаници се забележани помеѓу 2. и 7. ден, по кој период симтомите исчезнале.

Трудот има практично значење.

2. Подолешова А., Зужелова М. Evaluation of the patient knowlege about the care of fixed orthodontic appliance. BASS, Beograd (2005).

Целта на оваа студија била да го евалуира целото познавање на пациентите околу грижата на фукциниет ортодонтски апарати и последиците од негрижата. Резултатите покажале дека лекарите треба да им даваат подолготрајна едукација на пациентите во текот на целиот третман и по него.

Трудот има практично значење.

3. Подолешова А., Јанев Р., Зужелова М. Подолешов Н. Ортодонтско протетска рехабилитација на случај со инпактиран мандибуларен трет молар. IV congress of the dentists of Macedonia with international participation . (abstract book) Охрид, 2006,32.

Во адултната ортодонција често се среќаваме со случаи каде што е потребен претпротетски ортодонтски третман, а се со цел да се обезбедат услови за адекватна естетика и функционална реконструкција. Во овој труд авторите прикажале претпротетска постапка кај пациентка на возраст од 33 години кај која имало присуство на мостови конструкции во мандибуларниот дентален лак во двете бочни регии. По направената ортопантомографска снимка се утврдило присуство на мандибуларен лев трет молар, со добра поставеност и со вертикална положба. Со согласност на пациентката извршената е хируршка интервенција на импактираниот трет молар и поставен е фиксен апарат на расположливите заби

во долната вилица. По 15-месечен третман, апаратот бил изваден и поставена била мостова конструкција.

Трудот има стручно и научно значење.

4. Петровска Ј., Зужелова М., Подолешова А., Богдановска Б. Физиологија на терапија со сплинт во третман на темпоромандибуларни нарушувања. IV congress of the dentists of Macedonia with international participation. (abstract book) Охрид, 2006,33.

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 986 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.

5. Подолешова А., Зужелова М. Evaluation of the perioral area in subjects with normal and class II maloclussion in natural head position.I Congres of the orthodontic sociaty, (abstract book) Охрид, 2009,37.

Авторите во трудот ја анализирале периоралната регија кај индивидуи со нормална оклузија и малоклузија II класа. Испитувањето било извршено на телерендгенски снимки при нормално поставена глава кај 50 пациенти, (20) со нормална оклузија и (30) со малоклузија II класа. Резултатите покажале сигнификантно зголемување на испитуваните параметри кај пациентите со малоклузија II класа во однос на нормалната оклузија.

Трудот има научно-практично значење.

6.Подолешова А. Перспективи во клиничката апликација на анализата по Arnett за процена на фациолабијалните структури кај пациенти со II/1. магистерски труд, 8.10.2009.

Д-р Јасна Петровска е родена во Скопје, на 30.1.1972.

Основното образование го завршила во основното училиште „Кочо Рацин" во Скопје (1986) со одличен успех.

Во 1986 година се запишала во УСО „Никола Карев", каде што го завршила средното образование во 1990 година, со одличен успех.

Во учебната 1990/91 година се запишала на студиите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како редовен студент. На 29.3.1996 година дипломирала со среден успех 9,71, како најдобар студент во генерацијата. За тоа била наградена со признание за најдобар студент во учебната година 1993/94 од Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", пофалница за највисок среден успех на дипломиран студент на Стоматолошкиот факултет од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" и признание за најдобар студент на стоматологија од Македонското лекарско друштво. Среден успех од предметот на кој конкурира и работи постигнала 10.

Стажот го завршила при Здравствениот дом-Скопје, и на 24.5.1997 го положила стручниот испит.

На 1.10.1997 ја започнала специјализацијата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Зужелова. На 25.5.2001 успешно го положила специјалистичкиот испит, стекнувајќи се со стручниот назив специјалист по ортодонција.

Во периодот од 1.7.1996 до 10.9.1998 била вработена во П.З.О. „Тоновски". Од 2.11.1998 е вработена во ЈЗО Стоматолошки клинички центар, на Клиниката за ортодонција.

Се запишала на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, и на 9.9.2009 е усвоен позитивниот рецензентски извештај на пријавата за магистерски труд со наслов „Проценка на поставеноста на импактираните максиларни канини на ортопантомограм по метода на Ериксон и Курол".

На 24.3.2004 е избрана во звањето помлад асистент по ортодонција.

На 10.4.2007 повторно е избрана за помлад асистент по ортодонција.

Активно се служи со англискиот јазик.

За време од вработувањето во ЈЗО Стоматолошки клиники и за време на специјалистичкиот турнус, д-р Петровска беше доста активна во практичната работа со пациентите и во стручната работа. Односот спрема колегите, вработените и пациентите секогаш & е коректен и на завидно ниво. Активно учествувала на 78. Европски ортодонтски конгрес во Соренто, Италија, во 2002 година, како и на стручните состаноци на Клиниката и на Ортодонтската секција. На тие состаноци има презентирано труд во соработка со поискусни колеги. Добитник е на Пофалница од Македонското лекарско друштво во 2002.

За овој период е коавтор на шест стручно-научни труда, и тоа:

1. Bogdanovska B., Daskalova B., Gavrilovik I., **Petrovska J.**, Carceva-Shalja S., Shape of the simphysis and mandibular dentoalveolar anterior height associated with V, 84th Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Вертикалните нарушувања во ортодонцијата даваат своевидни сигнатури во телерендгенограмите. Во овој труд авторите вршеле испитувања врз 60 телерентгенограми со цел да одредат поврзаност помеѓу предната мандибуларна дентоалвеоларна висина и обликот на симфизата. Авторите истакнуваат дека предната мандибуларна дентоалвеоларна висина е зголемена кај пациентите со отворен загриз, споредено со длабок и нормален загриз. Кај пациентите со отворен загриз била констатирана долга и тесна симфиза, а кај пациентите со нормален или длабок загриз симфизата била кратка и широка.

Трудот има научен карактер.

2. Gavrilovik I., Bogdanovska B., **Petrovska J.**, Carceva-Shalja S., Daskalova B., Changes in the dentoalveolar complex related to class II division 1 and 2 malocclusions, 84th Congress of the European Orthodontic Society, Lisbon 10-14 June 2008.

Малоклузиите, кои се резултат на скелетални структурни промени, влијаат врз меките ткива, како и на функцијата и естетиката. Во оваа студија авторите сакале да идентификуваат дентоалвеоларни и линеарни параметри кај класите II/1 и II/2, па испитувале по 35 телерендгенограми кај соодветните класи, како и 25 кај контролната група. Кај класа II/1 била утврдена протрудираност на инцизивите, а кај класа II/2 ретрудираност, но позицијата на долните инцизиви спрема мандибуларната рамнина има прогностичко значење.

Трудот има научен карактер.

3. **Petrovska J.**, Janev R., Petrova E., Petrovski D., Association between tongue thrust, dental anomalies and articulation disorders, 11th Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Тискањето на јазикот претставува лоша навика која доведува до фронтално отворен загриз и нарушувања во изговорот. Токму поврзаноста помеѓу говорните проблеми,

ортодонтските аномалии и лошата навика е и предмет на изучување на авторите на оваа тема, при што испитувале 80 пациенти. Авторите заклучуваат дека говорот е важен составен дел на секојдневниот живот и соодветните пречки треба да се третираат уште во раното детство.
Трудот има стручно-практичен карактер.

4. Petrovski D. Petkov M., **Petrovska J.**, Experimental and Didactical use of transparent silicone and impression trays, 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Во секојдневната практика честопати се соочуваме со фактот дека и најпрецизните отпечаточни маси можат да бидат непрецизни, што доведува до несакани последици во изработката на индиректните реставрации. За тоа има разни објаснувања, но на оваа тема авторите вршеле опити со транспарентни отпечаточни материјали и лажици со цел да визуелизираат што точно се случува во текот на апликацијата на материјалот врз фантом- модел. Авторите заклучуваат дека оваа постапка може да се користи во наставата на студентите по стоматологија со цел да воочат што се случува со силиконот при притисок, но експерименталната вредност е ограничена.
Трудот има стручно-експериментален карактер.

5. Petrovski D., Petkov M., **Petrovska J.**, Clinical observations in various impression techniques, 12[th] Congress of the BaSS, Istanbul, 12-14 April 2007.

Правиот чекор кон прецизно приспособената фиксно протетска реставрација е отпечатокот, но во литературата можат да се сретнат бројни предложени техники на отпечатување, кои имаат одредени предности и недостатоци. Целта на авторите во овој преглед е да евалуират некои вообичаено применети техники од практичен аспект. Резултатите од тестираните техники на отпечатување покажале разновидни практични карактеристики. Авторите укажуваат дека усната празнина поседува многу предизвици за терапевтот кога при отпечатување треба да се регистрираат и најситните детали во влажна средина.
Трудот има стручно-практичен карактер.

6. Петровски Д., **Петровска Ј.**, Интердисциплинарен третман на хиподонција на латерални инцизиви - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Интердисциплинарната соработка е клучниот збор кога се говори за хиподонција на латералните инцизиви. Во овој приказ на случај авторите покажуваат како оралната хиругија, ортодонцијата и протетиката соработувале за решавањето на оваа фреквентна ортодонтска аномалија. Тимското преттретманско планирање е клучно за успех во вакви случаи.
Трудот има стручно-практичен карактер.

7. Димова Ц., **Петровска Ј.**, Андоновска Б., Петровски Д., Стојаноска С., Прекубројни заби како механичка пречка и причина за полуимпактиран горен централен инцизив - приказ на случај, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Во овој приказ на случај авторите покажуваат како прекубројните заби можат да ја попречат нормалната смена на забите. Кај овие специфични случаи авторите покажуваат како се наметнува потребата од интердисциплинарна соработка.
Трудот има стручно-практичен карактер.

8. Петровска Ј., Петровски Д., Отстранување на брекети и следователно кондиционирање на забната површина, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Фиксните ортодонтски направи ефикасно решаваат разни ортодонтски аномалии, но по третманот на местата кадешто биле залепени брекетите остануваат остатоци од лепилото и оштетувања на забната површина. По извршеното пребарување во литературата, авторите предлагаат процедура на третирање на забната површина, користејќи повеќе средства за таа цел. Одредено оштетување на забната површина по отстранувањето на брекетите е неизбежно, но по мазнењето на забната површина последиците исчезнуваат.

Трудот има стручно-практичен карактер.

9. Богдановска Б., Зужелова М., Богдановски С., **Петровска Ј.**,Стојменова-Муфишовска П., Карактеристики на максиларната морфологија поврзани со вертикални нарушувања, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.

Отворениот и длабокиот загриз претставуваат вертикални нарушувања. Во оваа студија авторите сакале да ја проценат максиларната морфологија кај индивидуи со вертикални нарушувања и нормална оклузија. По обработката на 60 телерендгенограми, авторите заклучиле дека максиларната дентоалвеоларна височина е покачена во групата со отворен загриз, споредено со групите со длабок и нормален загриз.

Трудот има научен карактер.

10. Јанев Р., **Петровска Ј.**, Лазарева Б., Даскалова Б., Колку простор се создава од максиларната експанзија или од екстракција на премолари, IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25-јуни 2006, Охрид.

Создавањето на простор за ортодонтски третман е неопходно за корекцијата на многу малоклузии. Во оваа студија авторите сакале да го истражат соодносот помеѓу експанзијата на максиларниот лак и промените во длабочината на лакот и да се квантифицира редукцијата на максиларната длабочина на лакот по екстракција на премоларите со комплетно затворање на просторот. Испитувањата се вршени на типодонт. Авторите заклучуваат дека отстранувањето на премоларите доведува до поголема редукција во длабочината на лакот во однос на мезио-дисталната широчина на премоларите.

Трудот има стручно-научен карактер.

11. **Петровска Ј.**, Зужелова М., Пополешова А., Богдановска Б., Физиологија на терапијата со сплинт во третманот на темпоромандибулани нарушувања; IV конгрес на стоматолозите од Македонија, 22-25 јуни 2006, Охрид.

Мултикаузалноста на нарушувањата на ТМЗ се причина за разни терапевтски пристапи кон оваа проблематика, но оклузалните сплинтови се најупотребувани. Во овој преглед на литературата авторите сакале да ги опишат разните видови на ортодонтски сплинтови кои се користат, како да дадат есенција на можните физиолошки механизми преку кои тие дејствуваат.

Трудот има стручно-практичен карактер.

12. Зужелова М., Смилева-Нацевска М., Трајковски Ѓ., **Петровска Ј.**, Ковачевска Г., Ортодонтско-хируршко-протетска соработка при решавање на разни видови малоклузии, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, 21-24 мај 2009, Охрид.

Малоклузиите можат да се јават во разни градации на комплицираност, па понекогаш само ортодонтскиот третман не е доволен за воспоставување на нормалната функција и естетика. Во такви ситуации е потребен тимски пристап, што преку бројни примери е прикажано во овој труд на авторите.
Трудот има стручно-практичен карактер.

13. Zuzelova M., Maneva M., Lazarevska B., **Petrovska J.**, Atypical unerupted dentition-case report. 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Процесот на ерупција на забите е долг и сложен, и честопати е подложен на биолошки или механички влијанија, кои можат да го попречат. Наследноста може да игра важна улога, како што покажуваат авторите во овој приказ на случај, кадешто нетипичната нееруптирана дентиција се појавува кај татко, син и ќерка.
Трудот има практично-научен карактер.

14. Zuzelova M., Bogdanovski S., **Petrovska J.**, Bogdanovska B., Gonial angle differences associated with vertical d., 11[th] Congress of the BaSS, Sarajevo, May 2006.

Литературата кажува за два лицеви типа - хипердивергенти и хиподивергентни. Во овој труд авторите ја истражувале поврзаноста на овие лицеви типови со гонијалниот агол, користејќи 60 телерендгенограми. Гонијалниот агол имал најголема вредност кај групата со отворен загриз.
Трудот има научен карактер.

**Д-р Цветанка Минчевска** е родена во Скопје на 28.7.1971 година. ОсновДото образование го завршила во ОУ „Браќа Рибар" во Скопје, а средното образование при Медицинскиот училиштен центар „Д-р Панче Караѓозов", отсек: забни техничари, со континуиран одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1989/90 година, а дипломирала на 18.10.1994 година со просечен успех 9,28. Стручен испит положила во 1995 година.

Во 1994 година се вработила при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар, во почетокот на Клиниката за дентална патологија, а од 1996 година на Клиниката за ортодонција. Во март 2004 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција.

Во 1997 година го започнала специјалистичкиот стаж по специјалноста ортодонција. Специјалистичкиот испит го положила во 2000 година и се здобила со звањето специјалист по ортодонција. Постдипломските студии од областа на ортодонцијата ги завршила со просечна оценка 10.00. Магистерскиот труд под наслов „Дентофацијална морфологија кај индивидуи со агенеза на заби" го одбранила на 6.4.2004 година.

Поднесената пријава за изработка на докторска дисертација со наслов „Морфолошки карактеристики на краниофацијалниот комплекс кај индивидуи со Turner-ов синдром" била усвоена на 39. редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, одржана на 18.10.2006 година.

Со научноистражувачка работа започнала да се занимава уште од студентските денови (активно учество на два студентски конгреса). Автор и коавтор е на 31 стручно-научен труд, објавени во земјата и во странство, и активно учествувала во повеќе меѓународни ортодонтски едукативни курсеви.

Соработник е во одделни поглавја на книгите: „Трајна дентиција-ембриологија и анатомохистоморфологија" (2000) и „Дентална трауматологија", Скенпоинт (2006) и коавтор е на скриптата „Аномалии на забите", Скопје (2008). Активно учествувала на: Европскиот ортодонтски конгрес (Соренто, 2002; Прага, 2003; Берлин, 2007; Лисабон, 2009), Балканскиот стоматолошки конгрес (Охрид, 2004) и на Македонскиот стоматолошки конгрес (Охрид, 2006). Била ментор на студентски труд на Студентски конгрес, 2006.

Ас.д-р Цветанка Мишевска, м-р сци, успешно ја реализира практичната настава по предметот ортодонција, запознавајќи ги студентите со проблематиката од овој домен.

Во 2008 година (септември-октомври) ја завршила стручната обука-Менаџмент и лидерство во здравството, и се стекнала со стручно звање од областа на здравствениот менаџмент, а на 30.11.2008 година го положила испитот за директор на јавна здравствена установа.

Активно го владее англискиот јазик. Има солидно познавање на работата со компјутери и Microsoft offise.

Добитник е на благодарница од Македонското лекарско друштво во 2000 година и на Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2009 година, по повод јубилејот 50 години постоење.

Трудови објавени до изборот за постар асистент рецензирани во билтените на Универзитетот:

Трудот под реден број 1 и 2 се рецензирани во Билтен бр. 731 од април 1999 година.
Трудот под реден број 3 и 4 се рецензирани во Билтен бр.5831 од мај 2000 година.
Трудот под реден број 5 е рецензиран во Билтен бр. 761 од јули 2000 година.
Трудовите под реден број 6 до 18 се рецензирани во Билтен бр. 846 од март 2004 година.
Трудот под реден број 19 е рецензиран во Билтен бр. 863 од декември 2004 година.
Трудот под реден број 20 е рецензиран во Билтен бр.878 од ноември 2005 година.
Трудовите под реден број 21 и 22 се рецензирани во Билтен бр. 908 од декември 2006 година.
Трудовите под реден број 23 до 25 се рецензирани во Билтен бр. 912 од февруари 2007 година.

Трудови за рецензија објавени по изборот за асистент:

26. Misevska C., Gjorgova J.,Sukarova Angelovska E.,Charasteristics of the craniofacial complex in patients with Turner syndrome. Bal.J.Stom 11:21-24,2007.

Целта на трудот била да се детерминираат карактеристиките на краниофацијалниот комплекс кај пациентите со Turner-ов синдром. За таа цел, извршена е анализа на 8 телерендгенски снимки на пациенти со Turner-ов синдром, компарирано со ист број на испитаници-здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантни разлики во големината и морфологијата на краниофацијалниот комплекс кај двете испитувани групи.

Трудот има научно значење.

27. Misevska C., Gjorgova J., Misevska T.,Tosevska N.,Bajraktarova E. Dental arches and palatal morphology in patients with Turner's syndrome. 83 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Берлин, 2007:131.

Целта на испитувањето била да се утврди големината на денталните лакови и висината на палатумот кај пациенти со Turner -ов синдром. Извршена била анализа на 15 студиски модели на пациенти со Turner -ов синдром, компарирано со ист број испитаници-здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантни разлики во димензиите на денталните лакови и морфологијата на палатумот меѓу двете испитувани групи.
Трудот има научно значење.

28.Gjorgova J.,Misevska C.,Spasovska N.:Effects of maxillary incisor protrusion on facial aesthetics. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Лисабон, 2008:185.

Целта на трудот била да се одреди односот помеѓу протрузијата на максиларните инцизиви и мекоткивниот фацијален профил. Извршена е анализа на 70 телерендгенски снимки на пациенти од двата пола со I класа и протрузија на максиларните инцизиви, компарирано со ист број испитаници со нормална положна на максиларните инцизиви, како контролна група. Резултатите покажале сигнификантно зголемување на линеарните параметри кај машките испитаници, а со тоа се докажало и влијанието на инклинацијата на максиларните инцизиви на фацијалната хармонија и естетика.

Трудот има практично значење.

29.Misevska C.,Valjakova E.,Tosevska N.,Gjorgova J.,Mi[evski T.:Caries prevalence and periodontal status in patiens with Turner' s syndrome. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Лисабон, 2008:190

Целта на трудот била да се утврди КЕП-индексот и периодонталниот статус кај пациенти со Turner -ов синдром. За таа цел, извршена е анализа на 21 пациент со синдром, компарирано со ист број испитаници -здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантно пониски вредности за КЕП - индекспот и сигнификантно повисоки вредности за гингивалниот и плак -индекс кај пациентите со синдром, компарирано со контролната група.

Трудот има научно значење.

30. Tosevska Spasova N.,Gjorgova J.,Mi[evska C.,Spasov Z.Topographic relationship between the mandibular canal and impacted third molars. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Лисабон, 2008:197.
Целта на трудот била да се утврди топографскиот однос меѓу мандибуларниот канал и инпактираните трети молари. Извршена е анализа на панорамикс снимки на 70 трети молари чии корени имаат контракт со мандибуларниот канал. Резултатите покажале дека 36 заби имаат зголемена радиолуценција, 12 -суперинпозиции, а 7 заби имале диверзија на каналот.

Трудот има стручно и практично значење

31. Георгиев З.Мишевска Ц.Димова Ц.Ковачевска И.,Стошиќ В, Георгиев К.: Интерцептивни постапки и дилеми. Аполонија 10(20):101-108, 2008.

Целта на трудот била да се покажат значењето и важноста на интерцептивните постапки во секојдневната стоматолошка практика на секој

стоматолог кој работи со деца, без разлика дали е тоа матичен стоматолог, педонтолог или ортодонт. Постапките од типот на коса рамнина, брадова држалка, мобилни чувари на простор, како и екстракција на заби, треба да бидат во корелација со правилно планиран ортодонтски третман.

Трудот има практично значење.

**Д-р Наташа (Пасе) Тошеска-Спасова** е родена на 8 март 1970 год. во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1988/89 година, а дипломирала во 1993 год.со среден успех 9,76. Во текот на студиите учествувала на два студентски конгреса (1992 и 1993 год.) Во 1993 год. се вработила на Клиниката за ортодонција при ООЗТ Стоматолошки клиники.

Стручен испит положила на 22. XII. 1994 година.

На постдипломски студии од областа на ортодонцијата се запишала во учебната 1993/94 година. Предвидените испити ги положила во утврдениот рок со среден успех 10,00.

Во 1995 год., до Деканатот на Стоматолошкиот факултет во Скопје поднела пријава за изработка на магистерскиот труд под наслов „Морфолошки особености на неправилноста збиеност во денталните лакови". Со одбраната на магистерскиот труд, на 28.VI, 2001 година се здобила со научниот степен магистер на стоматолошки науки од областа на ортодонцијата.

Во 2004 год., до Деканатот на Стоматолошкиот факултет во Скопје поднела пријава за изработка на докторска дисертација под наслов „Проценка и влијанието на збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција на краниофацијалната морфологија".

Со одбраната на докторската дисертација на 26.VI, 2009 година се здобила со научниот степен доктор на стоматолошки науки.

На 25.IV,1997 год. е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а на 17.XI, 2000 година е реизбрана во истото звање.

На 14.V, 2003 година е избрана за асистент на Катедрата за ортодонција, а е реизбрана во истото звање на 29.III, 2006 година.

Специјалистичкиот испит по предметот ортодонција го положила на 24.XII,1998 год. со што се здобила со звањето специјалист по ортодонција.

Била ментор на неколку студентски теми од областа на ортодонцијата.

Во текот на досегашниот работен стаж, активно учествувала на повеќе регионални и интернационални конгреси како автор и коавтор на повеќе стручно-научни трудови.

Во периодот по реизборот за асистент по предметот ортодонција, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова активно учествувала на следниве конгреси: IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, во Охрид (22-25.VI,2006 год.), на 82. Европски ортодонтски конгрес -ЕОС во Виена, Австрија (4-8.VII,2006), на 12. Конгрес на балканското стоматолошко здружение-BaSS во Истанбул, Турција (12-14.IV,2007), на 84. Европски ортодонтски конгрес во Лисабон, Португалија (10-14,VI.2008), на Првиот конгрес на ортодонтите на Република Македонија во Охрид (21-24.V,2009), и на V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество во Охрид (10-13.IX.2009).

Учествувала и на повеќе регионални и меѓународни едукативни и постедукативни курсеви, семинари и симпозиуми од областа на ортодонцијата и стоматологијата.

Во периодот по реизборот за асистент по предметот ортодонција, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова учествувала на: меѓународниот симпозиум од областа на ортодонцијата во Крушево (3-4.XI.2006 год.), на семинарот за дентални фокални инфекции во Скопје(30.III.2007), на едукативниот курс „Нови хоризонти во ортодонтски третман на малоклузија II класа" во Скопје (14.V.2007), на меѓународниот симпозиум „Клиничка ортодонција" во Охрид (19.X.2007), на семинарот за хроничната орофацијална болка во Скопје (2.XI.2007), на симпозиумот „Актуелности во стоматологијата" во Скопје (14.XII.2007), на курсот „tomas-pins Mini screws as absolute anchorage in orthodontics", под раководство на д-р. мед Thomas Lietz. во Скопје(15.III.2008), на семинарот „Алергии во стоматологијата" во Скопје (24.X.2008), на едукативниот курс „Миофункционалното влијание на развитокот на лицевите структури врз забите" во Скопје (31.X.2008), на едукативниот курс „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите" во Охрид (21.V.2009), на курсот за самолигирачки брекети - Damon system под раководство на Dr.Rafael Garsija Espejo во Белград (4.X.2009), и на пролетниот симпозиум на ортодонтите на Република Македонија „Фацијални асиметрии ортодонтско-хируршки аспект" во Скопје (26.III.2010).

Ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова е добитник на Пофалница по повод одбележувањето на 40-годишнината од формирањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје (1999), Благодарница од Македонското лекарско друштво (2000), како и Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје по повод јубилејот на 50 години постоење во 2009 година.

Ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова покажува особен интерес за стручна работа, активно и самостојно учествува во изведувањето на практичната настава со студентите, каде што ги покажува своите педагошки квалитети.

Активно се служи со англискиот јазик.

Покажува и интерес кон научноистражувачката работа, која е изразена преку изработка на 40 труда, од кои трудовите со реден број 1-4 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.677 од 21.II.1997 при изборот за помлад асистент. Трудовите со реден број 5-13 се рецензирани во билтените бр.758 мај 2000, 759 јуни 2000 и 761 јули 2000 год. при реизборот за помлад асистент. Трудовите со реден број 14-19 се рецензирани во Билтенот бр.826 од 11.IV.2003 год. при изборот за асистент. При повторниот избор за асистент во Билтенот бр.846 од 1.III.2004 год. се рецензирани трудовите со реден број 20-23 и трудот со реден број 24 кој е рецензиран во Билтенот бр.878 од 1.IX.2005 год.

За овој избор ги пријавила следниве стручно-научни трудови:

25 Gjorgova J ,Toseska N.,Mehmeti H.,Kanurkova L.: Esthetical analysis of facial profile. Меѓународен конгрес на Аполонија „Стоматологијата денес", Струга, 14-16.IV.2006. Книга на апстракти, стр.123,(постер-презентација).

Успехот од ортодонтскиот третман најдобро се гледа на лицевиот меко-ткивен профил. Целта на трудот е да се одредат и проценат кефалометриските анализи на лицевиот профил направени на профилен кафалограм и мерени со протрактор. Анализата била направена на 30 пациенти, со малоклузија I класа, кај кои главата беше поставена во натурална позиција. Анализата обезбедува објективна евалуација и го потенцира значењето на долната третина од лицето при анализата на мекоткивниот профил.

Трудот има научно-стручно значење.

26. Gjorgova J.,Mehmeti B.,Mehmeti H.,Toseska N., Redzepi A.: Facial balance at Class II Division I malocclusion 11-th Congress of the BaSS.Сарајево,мај 2006.
Абстракт Бook. п.96,(постер-презентација).

Целта на овој труд е да се проценат лицевиот профил и фацијалната рамнотежа кај 52 пациента со малоклузија II класа, прво одделение. Прикажани се 5 различни екстраорални премерувања: профилната линија, кривината на горната усна, лицевите третини, проминенцијата на брадата и позицијата на долната усна. Анализата е извршена на фотографии од пациентите во анфас и профил.Авторите заклучиле дека кај пациентите со оваа малоклузија постои конвексен профил, хипотонија на горната усна, намалена долна лицева третина во однос на горната, наназад поставена брада и задна позиција на долната усна.

Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

27. Тошеска-Спасова Н., Мишевска Ц., Ципунова Б.,Спасов З.: Ортодонтски третман на дентална збиеност преку екстракција на поединечен долен инцизив. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.Охрид, 22-25.VI,2006. Зборник на апстракти, стр.33 (постер-презентација).

Целта на овој труд е да се предложи кај пациентите со изразена мандибуларна збиеност на забите, екстракција на еден долен инцизив, наместо вообичаената екстракција на четири премолари и да се сугерираат прецизни индикации и лимити на оваа техника.Авторите прецизно ги објаснуваат неопходните услови за овој избор на корекција: 1)изразена инцизална мандибуларна збиеност; 2)добра оскина инклинација на горните и долни инцизиви: 3) горниот лак да е без значителни проблеми; 4) I класа интердентален однос; 5) адекватен Болтонов индекс кој дозволува поединечна долна екстракција и 6)внимателно финиширање на ортодонтската терапија.
Оваа техника во добро избрани случаи овозможува постигнување на добра функција, добро периодонтално здравје, стабилност и прифатлива естетска насмевка.

Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

28. Кануркова Л., Тошеска Н., Ѓоргова Ј., Ципунова Б.: Ортодонтски третман со edgwise техника за постигнување на добри резултати. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.Охрид, 22-25.VI,2006.
Зборник на апстракти,стр.31 (постер-презентација).

Целта на трудот е да се прикажат критериумите кои се потребни за корекција на ортодонтските неправилности кај пациентите со збиеност во денталните лакови, со цел да се обезбеди правилна поставеност на забите, правилна функција во орофацијалната регија и хармонични односи во темпоромандибуларниот зглоб. Прикажан е фиксен ортодонтски третман со edgwise техника со и без екстракција на заби, кај два пациента со збиеност во денталните лакови.Планот на третманот и примената на екстракцијата на заби треба да биде добро испланирана при коригирањето на овие малоклузии.

Трудот има практично значење.

29. Мишевска Ц., Ѓоргова Ј., Канурковa Л., Тошеска Н.,Бајрактарова Е.:
Анализа на сагиталните меѓувилични односи кај индивидуи со агенеза на заби. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, 22-25.VI,2006. Зборник на апстракти, стр.34 (постер-презентација).

Целта на ова испитување е да се утврди преваленцијата на малоклузиите во антеропостериорна насока (I,II и III класа по Angle), кај индивидуи со агенеза на различен број на заби. Испитувањето е извршено на профилни телерендгенограми на 50 испитаници со конгенитално отсуство на повеќе трајни заби, на возраст 9-16 години, од обата пола. Резултатите од испитувањето укажуваат на нарушување во сагиталните меѓувилични односи кај индивидуите со агенеза на заби. Од тоа произлегува потребата од рано детектирање и соодветен ортодонтски пристап во третманот на ваквите случаи.

Трудот има научно-стручно значење.

30. Toseska-Spasova N., Kanurkova L., Rexepi A., Mi[evska C.: Correlations between lower incisor crowding and incisor position. 82-and Congress of the Europian Orthodontic Society Vienna, july 4-8,2006. Abstract Book, p.132 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се одреди дали постои корелација помеѓу збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција со вертикалната скелетна краниофацијална конфигурација. Испитувањето е извршено на дентални модели и профилни телерендгенограми на 50 деца, на возраст 9-12 години, со инцизална мандибуларна збиеност.Резултатите од испитувањето покажале дека не постои корелација помеѓу инцизалната мандибуларна збиеност и вертикалната скелетна краниофацијална конфигурација. Резултатите исто така покажале дека не постои корелација помеѓу инцизалната мандибуларна збиеност и позицијата на инцизивите во сагитален правец. Инцизалната мандибуларна збиеност е локална независна генетски детерминирана дискрепанца помеѓу големината на забите и големината на потпорната коскена структура.

Трудот има научно-стручно значење.

31. Kanurkova L, Toseska N, Simonovski N., Carceva S., Redzepi A: Craniofacial morphology in children with transverse discrepancy. 82-and Congress of the Europian Orthodontic Society Vienna, july 4-8,2006.Abstract Book, p.131 (постер-презентација).

Целта на трудот е да се процени морфолошкиот сооднос на краниофацијалните структури, позицијата на кондилот и косината на оклузалната рамнина, движењата на зглобот и фацијалната асиметрија кај пациентите со трансверзална дискрепанца. Извршено е испитување кај 70 пациенти, на возраст 13-18 години, со примена на ПА кефалометриски анализи по Ricketts. Авторите заклучиле дека кај пациентите со трансверзална дискрепанца постои намалување на максиларниот корпус со скелетален лингвален вкрстен загриз, фацијална асиметрија, лингвална инклинација на максиларните букални заби и дивергенција на оклузалната рамнина.

Трудот има научно-стручно значење.

32. Toseska-Spasova N., Kanurkova L., Gjorgova J., Spasov Z.Prevalence and treatment of eruption disturbances of permanent second molars 12-th Congress of the BaSS, Istanbul,12-14 april 2007. Abstrakt Book, p.150 (постер-презентација).

Во трудот е прикажана преваленцијата на импакцијата, ектопичната, закаснетата ерупција и агенезата на перманентните втори молари. Анализирани се радиографски слики од 750 пациенти на возраст 10-16 години. Презентирани се статистичките податоци за преваленцијата на секоја поединечна ерупциска дистурбанција на перманентните втори молари. Авторите заклучиле дека ерупциското нарушување на перманентните втори молари, е релативно често и во најголем број случаи не е потребен третман, бидејќи доаѓа до спонтана корекција.

Трудот има практично значење.

33. Kanurkova L.,Gjorgova J. Toseska N., Kanurkova L Sceletal and occlusal chenges in patient with Class II division 1 malocclusion – a case report. 12-th Congress of the BaSS. Истанбул.12-14 април 2007. Abstrakt Book. п.143 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се одреди краниофацијалната морфологија и денталниот соодност кај пациентите со малоклузија II класа, прво одделение. Презентиран е случај на 22-годишен пациент со малоклузија II класа, прво одделение, пред и по терапија со фиксен ортодонтски апарат -edgewese техника и употреба на гумици за II класа. Извршени се кефалометриските анализи по Tweed и Steiner, пред и по терапијата на кои се забележува корекција на скелеталните и оклузалните параметри.

Трудот има практично значење.

34. Misevska C, Gjorgova J, Misevski T, Toseska N.,Bajraktarova E.:Dental arches and palatal morphology in patients with Turner's syndrome 83-rd Congress of the European Orthodontic Society. Берлин, јуни 20-24.2007.Abstrakt Book, п.131 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се изврши анализа на големината на денталните лакови и висината на палатиналниот свод кај пациентите со Tarnerov sindrom.Авторите ја извршиле анализата на гипсени модели добиени од 15 пациенти со Тарнеров синдром на возраст 8-17 години, и ја спoредиле со анализата на 15 здрави девојчиња. Резултатите покажуваат дека кај испитуваната група постои потесен максиларен дентален лак, поширок и пократок мандибуларен дентален лак и повисок палатинален свод во однос со контролната група.

Трудот има научен-стручен придонес.

35. Toseska-Spasova T., Gjorgova J.,Mi[evska C., Spasov Z.: Topographic relationship between the mandibular canal and impacted third molars 84-th Congress of the Europian Orthodontic Society. Лисабон, 10-14 јуни 2008. Abstrakt Book, п.197 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се детерминира соодносот помеѓу мандибуларниот канал и импактираните трети молари, преку проценката на предиктивните вредности на пет радиографски маркери на ортопантомографски снимки. Авторите извршиле анализа на 70 трети молари чии корени покажуваат очигледен контакт со мандибуларниот канал. Презентирана е дистрибуцијата на петте радиографски маркери (радиолуценција-36 заби; суперимпозиција-12; интеррупција -15; стеснување на каналот-15 и диверзија на каналот-7).Ортодонтското испитување на импактираните трети молари на ортопантомографски снимки, претставува насока за оралните хирурзи за понатамошни испитувања и третман.

Трудот има научно-стручно и практично значење.

36. Misevska C., Vajlakova E., Tosevska N., Gjorgova J.,Misevski C.:Caries prevalence and periodontal status in patients with Turner's syndrome 84-th Congress of the Europian Orthodontic Society, Лисабон, 10-14 јуни 2008 Abstrakt Book, п.190 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се процени преваленцата на кариесот, екстрахираните и пломбираните заби-(ДМФТ) индекс и периодонталната состојба кај пациентите со Тарнеров синдром. Испитувани се 21 ТС пациенти на возраст од 8-17 години и споредувани со 21 здраво девојче. Резултатите покажале сигнификантно пониски ДМФТ средни вредности кај испитуваната група. Кариес-преваленцата и пломбираните заби се пониски кај ТС пациентите во споредба со контролната група. Не се пронајдени екстрахирани заби кај пациентите со ТС, и гингивалниот и плак-индекс се сигнификантно повисоки кај испитуваната група.

Трудот има практичен придонес.

37. Gjorgova J., Misevska C., TosevskaSpasovska N.: Effects of maxillary incisor protrusion on facial aesthetics 84-th Congress of the Europian Orthodontic Society
Lisabon, 10-14 juni 2008 Abstrakt Book, p.185 (постер-презентација).

Инклинацијата на максиларните инцизиви има големо влијание на лицевата хармонија и естетика. Цел на трудот е да се одреди соодносот помеѓу протрузијата на максиларните инцизиви и мекоткивниот лицев профил. Извршена е анализа на латерални кефалограми од 70 пациенти на возраст 10-16 години со малоклузија I класа и протрузија на максиларните инцизиви и споредба со контролна група. Резултатите покажуваат дека растојанието помеѓу Is-y оска е сигнификантно поголемо кај машките пациенти, а женските пациенти покажуваат просечна сигнификантност. Аголот ANB и n-na-pg кај машките пациенти покажуваат помала сигнификантност, а истите параметри кај женските пациенти покажуваат висока сигнификантност.

Трудот има научно-стручно значење.

38. Тошеска-Спасова Н., Ѓоргова Ј., Мишевска М., Џипунова. Б., Спасов З:
Factor contributing to mandibular anterior crowding in the early mixed dentition. Прв конгрес на здружението на ортодонтите на Република Македонија.Охрид 21-24 мај 2009. Книга на апстракти, п 30 (постер-презентација).

Во трудот се презентирани факторите кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност кај раната мешовита дентиција. Извршена е анализа и споредба на мандибуларни гипсени модели од 60 деца во рана мешовита дентиција, поделени во две групи според степенот на збиеност, и е испитана коралацијата помеѓу наведените параметри со збиеноста. Извршените премерувања се: потребен простор за мандибуларните перманентни инцизиви, вкупна ширина на инцизивите, интерканина млечна ширина, интермоларна млечна ширина, интермоларна перманентна ширина, интералвеоларна ширина и вкупна должина на мандибуларниот лак.
Резултатите покажале дека со исклучок на вкупната ширина на инцизивите, сите останати параметри се главни фактори кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност кај раната мешовита дентиција, кои се сигнификантно помали кај пациентите со збиеност на забите.

Трудот има практично значење.

39. Dzipunova B., J.Gjorgova, Toseska-Spasova N..Kanurkova L.:Therapeutic effects in malocclusion Class II Division 1. Прв конгрес на здружението на ортодонтите на Република Македонија. Охрид, 21-24 мај 2009. Книга на апстракти, п 27 (постер-презентација).

Целта на овој труд е да се анализираат и споредат денталните и скелеталните линеарни и ангуларни параметри кај пациентите со малоклузија II/1 и збиеност, пред и после терапија со екстракција на премолари и фиксни апарати во двете вилици; да се утврдат тераписките ефекти; квантумот на сагитални и вертикални промени и евентуалниот полов диморфизам. Испитувањето е направено на 30 пациенти од обата пола.На почетокот и крајот на третманот анализирани се следниве параметри: SNA, SNB, ANB, SNPg, 11/41, oj, 11-Apg, 41-Apg, Sna-Snp,Go-Pg.Резултатите покажале дека по преземената терапија со екстракција на премолари и фиксни апарати кај пациентите со малоклузија II/1 и збиеност, доаѓа до корекција на скелеталните

параметри со што се демонстрира успешноста од третманот, кој е метод на избор за постигнување на естетска и функционална рамнотежа.

Трудот има научно-стручно значење.

40. Тошеска-Спасова Н.: „ Проценка и влијанието на збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција на краниофацијалната морфологија",докторска дисертација, Стоматолошки факултет, Скопје, 26.VI,2009 год.

Трудот е рецензиран во Билтен бр.962.

**Д-р Марија Манева** е родена во Скопје на 14.11.1969 година, каде што го завршила основното и средно образование (забен техничар) со одличен успех. Како член на биолошката секција, во мај 1985 година учествувала на градскиот и регионален натпревар „Млади истражувачи", со тема „Орални промени кај акутни и хронични леукози".

На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1988/89 година и дипломирала на 24.11.1993 година, со среден успех 9,27. Во текот на судиите учествувала на 17. Конгрес на студентите по медицина на Македонија со меѓународно учество. Стручниот испит го положила по задолжителниот едногодишен стаж на 22.12.1994 година.

Се запишала на постдипломски студии по предметот ортодонција и по положените испити добила позитивна рецензија за изработка на магистерски труд под наслов „Морфологија на синфизата како предиктор на мандибуларниот раст".

Во 1995 година ја започнала специјализацијата по предметот ортодонција, кој со успех го положила на 24.2.1997.

Во периодот од 1.11. - 20.11.1995 година била на стручен престој во Германија. На Клиниката за ортодонција е вработена од 28.5.1997 година. Автор и коавтор е на 50 труда, од кои 11 се објавени во домашни и 39 во странски списанија. Активно учествувала на II конгрес на стоматолозите на Македонија во Охрид (1998), IV конгрес на лекарите на Македонија во Охрид (1999 ), II собир на ортодонтите на Македонија во Маврово (2000), III конгрес на стоматолозите од Македонија Охрид (2002), како и на 5,6,9. и 15. Балкански конгрес на стоматолозите одржан во Солун (2000 и 2005), Букурешт (2001) и во Охрид (2004). Во април 2002 година го завршила и курсот „Лекување на малоклузии со Herbst-ov aparat" одржан од prof. Hans Pancherz од Giessen, Германија, курсот "Streight wire appliance 2", одржан од проф. Мирослав Милачиќ од Швајцарија во Белград (2003), како и на курсот од проф. Vincent Kokich под наслов "Orthodontic finishing:Guidelines for managing of the interdisciplinary patient", Белград (2007).

Во 2003, 2005, 2006, 2008 и 2009 година активно учествувала на 79.81.82.84 и 85. Конгрес на Европското ортодонтско здружение со постер-презентации.

Активно учествувала и на 2 интернационални ортодонтски конгреси во Србија и Црна Гора (2007).

Во периодот од 2005 до 2010 година учествувала на повеќе стручно-научни собири и предавања: во научен одбор на IV меѓународен симпозиум во Скопје, 2005 примена на ласер во оралната патологија; IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; VI меѓународен стоматолошки симпозиум со меѓународно учество, мај, 2007; меѓународен симпозиум, Крушево, 2006; присуство на Семинар „Дентални фокални инфекции - профилакса и менаџмент", април 2007; семинар „Хронична орофацијална болка" ноември 2007; симпозиум со меѓународно учество „Клиничка ортодонција", октомври 2007; симпозиум „Ургентни состојби во

стоматологијата", ноември 2009, повеќе едукативни семинари - април 2008, за естетските реставрации; „Алергии во стоматологијата"-октомври 2008; „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата"- март 2010; пролетниот симпозиум на ортодонтите на Македонија под наслов „Фацијални асиметрии-ортодонтско – хируршки аспекти", март 2010.

Во мај 2007 година присуствувала на едукативниот курс „Нови хоризонти во ортодонтски третман на малоклузија II класа "; март 2008 го посетувала курсот "Mini screws as absolute ancharage in orthodontics" од d-r. Thomas Lietz; октомври 2008 на „Миофункционално влијание на развиток на лицеви структури врз забите, октомври 2009, Дејмон курс за самолигирачки брикети под наслов " You can do it" од d-r Rafael Garcia Espejo.

Од првиот избор за асистент во 2005 активно беше вклучена во работата со студентите на нивното усовршување и надградба, како и ментор на 4 студентски теми од кои две усни (2006 и 2008) и две постер-презентации (2007 и 2010), при што на последниот конгрес беше наградена со трето место.

Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со германскиот јазик.
Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет по повод 50-годишнината на неговото постоење (2009) и од Македонското лекарско друштво во април 2003, како и на признаница од ЈЗУ Стоматолошки клинички центар за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година.

Трудовите кои биле пријавени за избор и реизбор заклучно со реден број 34, се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" со број 667 од 1996 год., 757 од 2000 год., 761 од 2000 год., 826 од 2003 год., 878 од 2005 год., 945 и 947 од 2008 год.

Трудови за рецензија

35. Maneva M. Zuzelova M,Curcieva-Cuckova G. Fixed orthodontic appliances and periodontal health. 84th Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.190, постер.

Цел на трудот е да се процени состојбата на периодонциумот за време на ортодонтски третман со фиксни апарати. За таа намена авторите одредувале индекс на гингивални крварења, крварење при сондирање, периодонтална длабочина при сондирање и плак - индекс и нашле високо сигнификантно повисоки вредности за овие параметри кај пациентите со фиксни апарати во однос на контролната група испитаници. Повисоки вредности на плак - индексот и индексот на крварење забележале кај машките пациенти споредено со женските пациенти. Бидејќи оралната хигиена е отежната кај пациентите со фиксни ортодонтски апарати авторите препорачуваат и дополнителни процедури за задржување на добрата орална хигиена.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

36.Petrova E.Zuzelova M.,Maneva M. Anteroposterior dental occlusion with a jaw base relationship. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society,Lisabon10-14 June,2008.

Авторите во овој труд прикажале компаративна анализа помеѓу антеропостериорната дентална оклузија и базата на вилиците. Вклучиле 230 рендгенкраниограми на главата кај деца на возраст 10-12 години. Преку извршените рендгенкраниометриски анализи докажале дека постои корелација кај 61% соWits - анализата и 60% со аголот ANB.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

37.Jolevski Lj.,Maneva M.,Pavlovska V. Multidisciplinary treatment of impacted teeth and anodontia. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.598, постер.

Импактираните заби честопати се со задоцнета ерупција или можат комплетно да не ерупираат. Во овој труд е прикажан случај на момче од 17 годишна возраст со перманентна дентиција и палатинална и хоризонтална поставеност на 13 и анодонција на 12 и 22. По хируршката интервенција е поставен фиксен апарат за извлекување на канинот и чување на простор за отсутните заби. По извршената ортодонтска терапија поставена е протетска рехабилитација.

Трудот има практичен карактер.

38. Curcieva-Cuckova G, Pop Stefanova-Trposka M, Maneva M. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.74, постер.

Со цел да ја истражат врската помеѓу положбата на главата и правецот на краниофацијалниот раст афектирани од опструкција на дишните патишта кај деца со нарушена назореспираторна функција, авторите извршиле телерендгенграфска анализа кај 100 испитаници, деца на 8-15 - годишна возраст. Податоците кои ги добиле покажуваат екстремно зголемување на кранио-цервикалните агли и екстендирана положба на главата кај децата со назофарингеална опструкција, со зголемена инклинација на оклузалната рамнина кое индицира хиперцивергентен, односно вертикален тип на раст со постериорна ротација. Авторите предлагаат користење на индикаторот на длабочина на инцизивен преклоп, како и на денталната рамковна анализа како дополнителна метода за генералните трендови на раст кај младите пациенти, што е значајно за дефинитивна терапевтска и прогностичка евалуација.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

39.Kovaceva G., Zuzelova M., Smileva-Nacevska M., Kovacevski A., Maneva M. Combined physiotherapeutic spa and mouth breathers. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.91, постер.

Во трудот е прикажано комбинираната психотерапевтска спа и ортодонтски третман кај индивидуа со асиметрија на лицето. Пациентката била на 6-годишна возраст со забележана фацијална асиметрија во левата мандибуларна регија. Медицинската и фамилијарната анамнеза не покажала позитивен наод. Биле направени следниве испитувања: радиографија на глава и врат (панорама, компјутерска томографија, испитувања на мускулната активност и анализа на студио модели). Преземана е миофункционална терапија со пелота на афектираната страна и биостимулација со биоласер. Резултатите покажале намалување на асиметријата.

Трудот има научно значење.

40. Манева М., Симјановска Лј., Ќурчиева-Чучкова Г. Манев И., Ковачевска Г. Treatment of impacted maxillary central incisors-case reports 1st Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.6.

Авторите со овој труд даваат приказ на ортодонтско-хируршки третман на импактирани максиларни централни инцизиви кај два пациента, момче и девојче на 9-годишна возраст со присуство на прекубројни заби од двете страни на медијалната линија. Едниот случај е третиран со отворена метода, односно по хируршката интервенција на отстранување на хипердонтичните заби, перманентните инцизиви се експонирани, а на нив се поставени атачмени. Додека вториот случај е третиран по затворена метода поради високата позиција на максиларниот инцизив под базата на носот. Ортодонтската терапија траела просечно 18 месеци. Авторите посебно ја

нагласуваат важноста на ортопантомограмот за рано детектирање и превенирање на овие случаи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

41.Манева М.,Симјановска Љ., Ќурчиева-Чучкова Г., Манев И., Ковачевска Г. Третман на импактирани максиларни централни инцизиви- приказ на случаи. I конгрес на здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.
Рецензиран во Билтен број 896.

42.Симјановска Љ., Манева М., Ќурчиева-Чучкова Г, Симјановски С. Follicular cyst of mandible premolar-case report. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.5

Презентиран е случај со фоликуларна циста кај перманентен долен премолар и негова перзистенција. Бидејќи растот и развојот на цистите се придружени со сиромашна симптоматологија, дијагнозата може да се одреди само со ретроалвеоларна рендгенграфија или ортопантомограм. Терапевтскиот пристап кој го препорачува авторот е отстранување на цистата и екстракција на забот.

Трудот има стручен аспект.

43. Димова Ц.,Манева М.,Карчуркова Л.,Јанев Е., Стефановски С. Импактиран долен прв молар - приказ на случај. I конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.

Авторите прикажале импактиран прв молар со атипична форма кај момче од девет години. Во епипатогенезата на овој заб се наведува пад на 2,5- годишна возраст. Никнувањето на вториот перманентен молар било отежнато и направена била Ртг - снимка, со што се утврдила прелиминарната дијагноза. Извршена била оперативна екстракција на импактираниот прв молар со сепарација.По оперативната интервенција бил поставен мобилен ортодонтски апарат и по 8 месеци е сместен вториот молар.

Трудот има важност од стручен аспект.

44.Ковачевска Г. Зужелова М., Ковачевски А., Манева М., Петковски М. Ортодонтски третман на импактирани трети молари. I конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.

Прикажан е случај на млада личност од 24,4 години, со парцијална беззабост во двете вилици и присуство на импакција на трети перманентни молари. Како метод на терапија користеле хируршко отворање на импактираните трети молари и поставување на брикети со интермаксиларни гумици на инпактираните заби. Ваквиот случај на авторите им бил предизвик за тимска соработка помеѓу ортдонтот и оралниот хирург, за во следната фаза да се изработи фиксно протетска рехабилитација во замена на мобилниот надоместок.

Трудот има важност од стручен аспект.

45. Ќурчиева-Чучкова Г, Манева М, Симјановска Љ, Кировски И, Јолевски Љ. Radiographic evaluation of dental age determine the ectopic position of maxillary canines. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.20

Цел на трудот е процена на степенот на матурација и одредување на положбата на неерупираните канини на ортопантомографии кај пациенти на возраст од 8-14 години, кај кои клиничкото испитување сигнализирало нарушување во ерупцијата. Резултатите од истражувањето покажуваат јасна корелација меѓу

задоцнетата дентиција и палатинално поставени и/или импактирани канини, од каде што авторите ја поткрепуваат тезата дека денталната старост проценета на ортопантомографска снимка може да се употреби за предвидување на положбата на неерупираните канини, а букалната наспроти палатинална ектопија на максиларните канини имаат различна етиологија.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

46. Ќурчиева - Чучкова, М. Поп Стефанова-Трпоска, М. Манева, С.Поповски. Р.Димовска. Влијанието на назофарингеалната опструкција врз типот на лицевиот раст и дентофацијалната морфологија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Со цел да се утврди влијанието на назофарингеалната опструкција врз дентофацијалната морфологија, а и да се направи анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст со користење на индексот на фацијалниот раст, извршена е гнатометриско и телерентген испитување на 100 деца на возраст од 8 до 14 години. 50 испитаници биле со анамнестичко и клинички потврдена назофарингеална опструкција, а 50 со физиолошки назален тип на дишење. Резулатите и заклучоците укажуваат дека децата со назофарингеална опструкција ги карактеризира изразена компресија на максиларниот дентален лак со високо непце, зголемена должина на максиларниот и намалена должина на мандибуларниот дентален лак, хипердивергентен тип на раст со постериорна ротација. Индексот на фацијалната висина покажа вертикален тип на раст кај пациентите со назофарингелана опструкција. Авторите сугерираат дека индексот на фацијалната висина е важно дијагностичко средство за планирање и остварување на успешен ортодонтски третман.

Трудот има научно-практично значење.

47.Илиев И.,Поповска С.,Димитриоски Б.,Кировски И. Манева М.Рецидиви во ортодонцијата при примена на компромисни решенија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Прикажани се два пациента кај кои фиксен ортодонтски апарат е поставени само во горниот дентален лак како активна компромисна метода во ортодонтскиот третман. Пациентот е следен по отстранувањето на фиксниот апарат во период од шест години со документирање на тенденција за релапс и објаснување за причините на нејзиното појавување. Во заклучокот авторите укажуваат дека правењето на компромисно решение во ортодонцијата го зголемува ризикот за рецидив, а со тоа и неуспех во ортодонтското лекување.

Трудот има стручно-научен аспект.

48. Јолевски Љ., Манева М., Ќурчиева-Чучкова Г. Complete transposition of maxillary canine-first premolar – case raport Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.7

Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12 - годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци како и финалните резултати од него.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

Авторите во овој труд ја покажуваат застапеноста на оклузалните и дентални аномалии кај деца со млечна дентиција. Биле испитувани 171 дете (83 момчиња и 88 девојчиња), на возраст од 2 до 6 години. Резултатите покажале присуство на геминација кај 1 дете (0,58%), фузија (0,58%), дијастема медијана 5,26%, микродонција 58% и вкрстен загриз 2,33%. Во однос на класите II класа 1 одделение (12,68%), III класа 1,75% и длабок загриз 22,8%. Во заклучокот авторите укажуваат за рано откривање и следење на аномалии во млечна дентиција.

Трудот има стручна и апликативна вредност.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставените материјали за избор во звањето асистент по предметот ортодонција, петте кандидати ги задоволуваат сите услови за избор во звањето асистент по предметот ортодонција, но сепак, Комисијата им дава предност на д-р Наташа Тошеска-Спасова и д-р Цветанка Мишевска.

Д-р Наташа Тошеска-Спасова во својата стручна и научна досегашна кариера забележливо е дека има вложено многу труд, за што се доказ нејзините бројни учества на конгреси, симпозиуми, семинари и курсеви, со сопствени и оригинални трудови во земјава и надвор од неа. Нејзиниот контакт со студентите и специјализантите е педагошки, непосреден и спонтан.

Врз основа на сето горенизнесено за кандидатката д-р Цветанка Мишевска, таа ги исполнува сите поставени критериуми за избор во звањето асистент.

Резимирајќи ги заклучоците и следејќи го досегашниот развој на кандидатите, Рецензентската комисија смета дека д-р Наташа Тошеска-Спасова и д-р Цветанка Мишевска, од педагошки и стручен аспект, ги поседуваат суштинските квалитети да бидат избрани во звањето и му предлага на Наставно-научниот совет за избор на кандидатите д-р Наташа Тошеска-Спасова и д-р Цветанка Мишевска во звањето асистент по предметот ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Марија Зужелова, с.р.

2. Проф. д-р Јулијана Ѓоргова, с.р.

3. Проф. д-р Александар Грчев, с.р.

49. Манева М. Ќурчиева-Чучкова Г., Манев И. Јолевски Љ. Зужелова М. Determination of growth pattern with different craniofacial parameters. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.49, poster

Со цел да се испита влијанието на различни фактори и варијабли врз растот на лицевите структури, извршена е рендгенкефалометриска анализа кај 120 деца на возраст 8-14 години, поделени според аномалиите (30 деца со класа I, 30 испитаници со класа II/1, 30 со класа II/2 и 30 деца со малоклузија класа III). Резултатите покажале дека 63% од децата со класа I имаат хоризонтален тип на раст, додека со малоклузија класа III тој процент е многу повисок. Најдена е високо позитивна корелација помеѓу сумата агли со инклинацијата на мандибуларната рамнина кај сите испитувани групи, а високо негативна корелација помеѓу типот на фацијална ротација и лицевата оска кај сите испитувани групи, со исклучок на класа I испитаниците. Авторите ја потенцираат важноста од предвидувањето на растежниот потенцијал во дијагностички и третмански цели.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

50 Curcieva-Cuckova G., Maneva M., Joleski Lj. Effects of rapid maxillary expansion on nasopharyngeal airway dimensions and head posture in children with impaired nasal breathing. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.53, poster.

За процена на ефектите од брзата максиларна експанзија врз положбата на главата, кранио-цервикалната ангулација како и проширување на назофарингеалните дишни патишта извршена е кефалометриска анализа кај 30 деца на возраст 8-14 години со назофарингеална опструкција. Испитаниците биле поделени во две групи: првата група од 15 испитаници биле третирани со методот за брза максиларна експанзија, а втората група од 15 испитаници биле следени 18 месеци пред започнување со истоветниот третман. Резултатите од кефалометриската анализа покажале сигнификантно зголемување на назофарингеалниот дишен пат, особено на ниво на velum pallati и увулата, со истовремено намалување на краниоцервикалната ангулација и исправање на положбата на главата кај пациентите. Коментирајќи ги овие сигнификантни промени авторите предлагаат методата на брза максиларна експанзија да се применува во третманот на малоклузиите кај пациенти со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

51. Jolevski Lj.,Pavlovska D, Maneva M, Curcieva-Cuckova G. Maxillary canine-first premolar transposition- a case report. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14. 2009, Abstract p.173, poster.

Цел на авторите во овој труд е да ја прикажат и опишат состојбата на комплетна транспозиција на максиларен канин, која се среќава многу ретко, но претставува предизвик за ортодонтски третман. Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12 - годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци како и финалните резултати од него.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

52.Maneva M.,Zuzelova M.,Manev I., Dimitrovski V. Occurrence of malocclusion and dental anomalies in primary dentition. 15 Congress of the Bass 2010, 22-25 Paril 2010, Thessaloniki, Greece.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "КОМБИНАЦИЈА НА ХЕМОТЕРАПИЈАТА И КОНФОРМАЛНАТА РАДИОТЕРАПИЈА ВО ТРЕТМАНОТ НА ЛОКАЛНО-НАПРЕДНАТ НЕМИКРОЦЕЛУЛАРЕН БЕЛОДРОБЕН КАРЦИНОМ , ИЗРАБОТЕНА ОД" М-Р. Д-Р. СИМОНИДА ЦРВЕНКОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје на својата VII редовна седница одржана на 18.11.2010 година, по предлог на Научниот одбор определи Комисија за оцена на докторската дисертација изработена од м-р. д-р Симонида Црвенкова под наслов "**Комбинација на хемотерапијата и конформалната радиотерапија во третманот на локално-напреднат немикроцелуларен белодробен карцином**" и донесе решение за формирање на Комисија во следниов состав: проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Лилија Анастасова Николова и проф. д-р Горан Кондов.

По разгледувањето на доставената докторска дисертација, Рецензентската комисија го изготви следниов.

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Композиција на докторската дисертација

Докторската дисертација на д-р Симонида Црвенкова претставува самостоен оригинален труд, напишан на 179 страници, поделен во 8 поглавја (вовед, предмет и цел, методологија, материјал, резултати, дискусија, заклучоци и литература). Содржината на текстот има логичен тек и е дополнет со 39 табели, 16 графикони, 11 слики и статистички лист. Во литературата се цитирани 163 референци.
Дисертацијата е изработена на Институтот за радиотерапија и онкологија (ИРО), под менторство на проф. д-р. Цвета Толевска.

## 2. Преглед на содржината

### Вовед

**Воведот** е структуриран во 8 поглавја, во кои се прикажани инциденцата, епидемиологијата, скринингот, хистологијата, TNM - класификацијата и тераписката стратегија кај локално-напреднат (иноперабилен) немикроцелуларен белодробен карцином, прогностичките фактори и мотивот за изработка на докторската дисертација. Авторката го истакнува значењето на белодробниот карцином, како сериозен онколошки проблем, кој предизвикува голем интерес меѓу онколозите и епидемиолозите. Тоа произлегува од сознанието дека белодробниот карцином пред 150 години практично бил непознат, меѓутоа денес е најчесто малигно заболување кај мажите и жените во Америка и е главна причина за смрт од малигни заболувања кај двата пола. Понатаму, авторката истакнува дека, покрај големите напори што се направени и се прават, сосема малку се подобрени резултатите од лекувањето, што произлегува од доцното откривање на болеста, неефикасниот скрининг, како и од тенденцијата на болеста за рано метастазирање по крвен и лимфен пат. Во воведниот дел, изнесена е вредноста на комбинацијата на радиотерапијата и хемотерапијата како стратегија во третманот на иноперабилниот локално-напреднат немикроцелуларен белодробен карцином и постигнатите резултати во зависност од начинот на комбинирање на овие два модалитета. Исто така, потенцирана е улогата на конформалната тродимензионална радиотерапија како нова метода која овозможува добро покривање на туморскиот волумен, а притоа заштитувајќи ги здравите структури. Ваков принцип на ирадијација нуди можност за безбедна употреба на хемотерапијата истовремено со радиотерапијата. Со комбинација на хемотерапијата и радиотерапијата се нуди можност за подобрување на преживувањето кај болните со локално-напреднат иноперабилен немикроцелуларниот белодробен карцином. Самата комбинација на овие два модалитета на лекување, кои дејствуваат преку различен механизам на дејство, води до подобрување на локалната туморска контрола, но и превенирање на далечното метастазирање на болеста. Воедно е прикажано значењето на прогностичките фактори како есенцијални во претскажувањето на крајниот исход на болеста, притоа истакнувајќи го нивното значење во планирањето и креирањето на клиничките студии. Мотивот за изработката на оваа дисертација е поврзан со модернизирање на ИРО во Скопје, со нова акцелераторска опрема и создавање на услови за спроведување на конформална радиотерапија.

## Цели на дисертацијата

Тие се правилно поставени, јасно дефинирани и опфаќаат:

1. утврдување на вредноста на конкурентната и секвенционата радиохемотерапија во однос на локалниот одговор на туморот и преживувањето;
2. утврдување кои прогностички фактори влијаат врз локалниот одговор и преживувањето;
3. оценување дали локалниот одговор има влијание врз преживувањето;
4. утврдување и оценување на токсичните ефекти од употребените комбинирани модалитети на лекување.

## Методологија

*Обем и генерален план*

Студијата е дизајнирана како рандомизирано, проспективно истражување, во кое се вклучени болни лекувани на ИРО во периодот од 1 октомври 2005, до 31 март 2008 година, со период на вклучување (2 години и 6 месеци). Времето на следење на пациентите по затворањето на студијата изнесувало две години.

*Критериуми за селекција*

Изборот на болните е вршен според следниве критериуми: претходно нелекувани болни, со хистолошки или цитолошки докажан немикроцелуларен белодробен карцином; локално напредната иноперабилна болест (стадиум IIIA или стадиум IIIB), без плеврален излив; болни на возраст меѓу 18 и 70 години; болни со почетен работен капацитет 0 или 1 по ECOG (Eastern Cooperative Oncology Group); болни со загуба на телесната тежина ≤ 10% во последните 3 месеци; болни со неутрофили ≥ $3x10^3$/l; болни со тромбоцити ≥ 200x10/l; со AST, ALT, LDH ≤ 2 пати од референтните граници и со креатинин ≤ 120 μmol/l.

*Рандомизација*

Избраните болни според времето на аплицираната хемотерапија во однос на радиотерапијата се рандомизирани во две групи:

I КХРТ (конкурентна група, каде што радиотерапијата и хемотерапијата се аплицирани истовремено). Кај оваа група, по завршувањето на

радиохемотерапијата се аплицирани дополнителни два циклуса на консолидирачка хемотерапија.

II СХРТ (секвенциона група, каде што хемотерапијата е аплицирана првично со 4 циклуси, а по нејзиното завршување е вклучена радиотерапија).

*Стратификација*

Испитуваните болни се распределени во групи според анализираните прогностички фактори. Во студијата се анализирани следниве фактори:

1. пол (мажи, жени);
2. возраст (18-43, 44-55, 56-70);
3. хистолошки тип (планоцелуларен, аденокарцином, макроцелуларен и неспецифициран);
4. почетен работен капацитет по ECOG (0, 1);
5. почетна загуба на телесната тежина (< 5%, 5-10%);
6. времетраење на симптомите пред лекувањето (<3 месеци, 3-6 месеци, > 6 месеци);
7. големина на туморот (≤5 см, >5 см и немерлив тумор поради ателектаза, пнеумонит);
8. медијастинално нодално зафаќање (N1-хиларни лимфни јазли, N2-ипсилатерални медијастинални лимфни јазли, N3-контралатерални медијастинални и супраклавикуларни лимфни јазли); и
9. почетна вредност на хемоглобинот (<120 g/l, ≥ 120 g/l).

*Параметри на радиотерапијата*

Болните вклучени во студијата се зрачени со конформална зрачна терапија со линеарен акцелератор на Институтот за радиотерапија и онкологија во Скопје. Разликата меѓу двете групи е во времето на започнување на радиотерапијата (РТ). Имено, кај секвенционата група, РТ започнувала по спроведени 4 курса на хемотерапија, додека кај конкурентаната група, РТ започнувала истовремено со хемотерапијата. Кај двете групи е спроведувано конвенционално фракционирање, што претставува една фракција од 2 Gy дневно, 5 пати во неделата, до постигнување на вкупна туморска доза од 60 Gy. Конформалната зрачна терапија е спроведувана во неколку фази, кои детално се опишани во дискусијата.

*Параметри на хемотерапијата*

Сите болни се лекувани со хемотерапија. Начинот на комбинирање на хемотераписките циклуси со конформална радиотерапија е детално објаснет:

I. Во конкурентната група (КХРТ), конформалната РТ е спроведувана истовремено со хемотерапијата. Првиот циклус со cisplatin 30

$mg/m^2$ и etoposide 100 $mg/m^2$, е аплициран од 1-3 ден на зрачењето, а вториот (истоветен циклус) на 28-30 ден од почетокот на зрачната терапија. Во оваа група болни, 4 недели по завршувањето на зрачната терапија се аплицирани дополнителни два циклуса на консолидирачка хемотерапија со etoposide и carboplatin, во истоветни дози како кај секвенционата група (etoposide 100 $mg/m^2$ и carboplatin AUC 6)

II. Во секвенционата група (CXPT), лекувањето започнувало со 4 циклуси на хемотерапија. Секој циклус кај оваа група, се состоел од: etoposide 100 $mg/m^2$ (1-3 ден) и carboplatin AUC 6 (1 ден). Циклусите се повторувани на 3 недели. Четири недели по завршувањето на хемотерапијата се започнувало со конформална РТ, до реализирање на вкупна туморска доза од 60 Gy.

*Локален одговор на туморот*

За евалуација на одговорот се користени RECIST (Response Evaluation Criteria in Solid Tumors) критериуми и тоа: **комплетен одговор (CR)**-непостоење на мерлива маса на примарниот тумор, на метастатските лимфни јазли и без појава на нови лезии, во траење од најмалку еден месец; **парцијален одговор (PR)**-намалување на туморската маса за најмалку 30%, во траење од најмалку еден месец; **стабилна болест (SD)**-нема ниту PR, ниту прогресија на болеста; **без одговор (PD)**, или прогресија на болеста, дефиниран како зголемување на туморската маса за 20% или појава на една или повеќе нови лезии; **објективен одговор (OR)**-збир од комплетниот и парцијалниот одговор. Период без болест или времетраење на објективниот одговор, се определувал од моментот на почетокот на лекувањето до појавата на локален прогрес и/или далечно метастазирање на болеста. Субјективниот одговор е дефиниран како подобрување, без подобрување и влошување.

*Преживување*

Најкраткиот период на следење на болните бил 24 месеци, а најдолгиот бил 46 месеци. Времето на преживување е пресметувано од денот на започнување со лекувањето до смртта или последната контрола. Пресметано е средното, едногодишното и двегодишното преживување за сите болни опфатени со студијата, како и преживувањето во зависност од употребената метода на лекување и прогностичките фактори, според Kaplan Meier. Воедно, пресметувано е времетраењето на објективниот одговор означено како вкупно преживување без болест, едногодишно и двегодишно преживување без болест.

*Несакани ефекти од применетата терапија*

Токсичноста од спроведената терапија на нормалните ткива е оценувана според стандардните критериуми на RTOG/EORTC (Radiation Therapy Oncology Group and European Organisation for Research and Treatment of Cancer).

## Материјал

Во ова поглавје детално и статистички е обработен клиничкиот материјал. Во студијата се селектирани 110 болни со локално напреднат, хистолошки и/или цитолошки докажан немикроцелуларен белодробен карцином, за куративна радиохемотерапија. Од избраните 110 болни анализирани се само 85, додека останатите се исклучени поради следниве причини: стадиум IV на болеста-7 болни, ненадејно влошување на општата состојба-7 болни, губење на податоците или губење на секаков контакт со пациентот-3 пациенти, плеврален излив-3 болни и заради остварување на туморска доза помала од 60 Gy-5 болни.

Болните се поделени според времето на започнување на радиотерапијата на две групи и тоа: 45 болни се третирани со секвенциона хеморадиотерапија и 40 болни со конкурентна хеморадиотерапија по која следеле два циклуса на консолидирачка хемотерапија. Анализата на дистрибуцијата на испитуваните параметри во двете групи болни покажува дека нема статистички сигнификантна разлика меѓу двете групи болни, што би можела да влијае врз резултатите. Анализираните групи се хомогени и погодни за статистичка анализа.

## Резултати

Во ова поглавје се прикажани резултатите обработени со софтверската програма **Stats Direct** верзија 11.2.1, по претходно групирање, сумирање и компарирање на податоците, што е мошне значајно за одговор на поставените цели на дисертацијата. Резултатите се прикажани табеларно и графички за двете групи болни, според применетата хеморадиотераписка метода и за сите 85 болни.

Објективна регресија (комплетна+парцијална) е постигната кај 58 (68%) од 85-те испитувани болни, и тоа: комплетна регресија е постигната кај 19 (22%) болни, а парцијална кај 39 (46%). Комплетна регресија е постигната кај 33 (83%) болни, лечени со конкурентна хеморадиотераписка метода (КХРТ) и кај 25 (56%) од болните лечени со секвенциона хеморадиотераписка метода (СХРТ). Утврдена е статистички сигнификантна разлика ($p<0,05$) во процентот на постигнатите комплетни и парцијални регресии меѓу двете групи болни.

Средното траење на одговорот за болните со комплетна ремисија изнесува 33 месеци (95% CI 21 месец до 35 месеци) и е сигнификантно подолго во споредба со средното време на траење на одговорот од 14 месеци (95% CI 11,7 месеци до 16,2 месеци), постигнат кај болните со парцијална регресија. Одговорот на туморот на применетата хеморадиотераписка метода е споредeн со испитуваните прогностички фактори со цел да се утврди нивното потенцијално влијание врз локорегионалната туморска контрола. Со локалната туморска контрола се во заемна зависност следниве фактори: возраста, почетниот работен статус, губењето на телесната тежина, големината на туморот и нодалното зафаќање (зафатеноста на лимфните јазли).

Средното време на преживување за сите испитувани болни изнесува 15 месеци. Едногодишно преживување е постигнато кај 62% од болните, двегодишно кај 24,6% и тригодишно кај 15,9%. Утврдена е статистички значајна разлика во средното време на преживување кај болните лечени со КХРТ, во однос на болните лечени со СХРТ. Средното време на преживување кај болните третирани со КХРТ изнесува 19 месеци и е статистички подолго во споредба со средното време на преживување од 13 месеци постигнато кај болните третирани со СХРТ - метода. Стапката на едногодишно, двегодишно и тригодишно преживување кај КХРТ - групата е: 74,5%, 36,6% и 26,6%, последователно, додека кај СХРТ - групата стапката на преживување е 52,6%, 14,3% и 7,1%. Болните третирани со КХРТ имале сигнификантно подобро преживување без болест (16 месеци) во споредба со болните третирани со СХРТ (9 месеци), како и сигнификантно подобра стапка на едногодишно и двегодишно преживување.

Внимание привлекува утврдената корелација помеѓу времето на преживување и степенот на локалната туморска контрола. Болните со објективна регресија имаат значително подолго средно време на преживување со поголем процент на болни со едно, две и тригодишно преживување. Средното време на преживување кај болните со комплетна регресија е 33 месеци и е значително подолго во споредба со 16 месеци средно време на преживување постигнато кај болните со парцијална регресија и 6 месеци кај болните без одговор на терапијата. Двегодишно и тригодишно преживување е добиено кај 34% и 22% болни со објективна регресија, додека кај болните без одговор нема постигнато едногодишно преживување. Статистичката анализа покажа сигнификантна разлика во средното време на преживување меѓу болните со комплетна регресија и парцијална регресија ($p<0,001$), како и меѓу болните со парцијална регресија и без одговор на спроведената терапија ($p<0,001$). Статистички се анализирани одделно, групата болни третирани со КХРТ метода и групата болни третирани со СХРТ - метода, при што е утврдена идентична зависност меѓу преживувањето и степенот на локалната туморска контрола, како и анализираната група во целина.

*Несакани ефекти од применетата терапија*

Процентот на компликациите е сличен во двете групи на болни. Појавата на акутен радијационен пнеумонит (РП) и радијационен езофагит (РЕ), е почеста во конкурентната хеморадиотераписка група (КХРТ) на болни и таа е со градус 2 според критериумите користени во студијата за оцена на токсичните ефекти, освен кај тројца болни каде што е прикажан градус 3 на РЕ. Кај еден болен оваа состојба била причина за прекин на РТ, но во дозволениот период од 1 недела, по кое следело негово опоравување, со што го продолжил лекувањето. Појавата на анемија е почеста во СХРТ - групата, додека неутропенијата почесто се појавувала кај КХРТ - групата на болни. Останатите несакани ефекти, означени како наузеа, вомитус и периферна неуропатија, предизвикани од применетата хемотерапија, биле мошне благи (градус 1).

## Дискусија

Во ова поглавје кое се состои од 6 дела, на 50 страници, се сумирани и коментирани добиените резултати. Обработени се сите значајни аспекти поврзани со конзервативното лекување на болните со белодробен карцином. Посебно внимание е посветено на оцена на практичната примена на шестата верзија на TNM - класификацијата (AJCC/UICC), потоа оцена на избраната терапевска стратегија, ефектот од применетата хеморадиотерапија (компарација на двете методиконкурентна и секвенциона), влијанието на прогностичките фактори врз преживувањето, акутната и доцната токсичност од применетиот хеморадиотераписки модалитет и се изнесени новите перспективи во третманот на иноперабилниот белодробен карцином. Интерпретацијата и коментарите на резултатите се дадени низ критична и споредбена анализа со резултатите од други автори, при што се изнесуваат најновите податоци од светската литература.

## Заклучоци

Во ова поглавје авторката концизно и прецизно ги изнесува заклучоците во 11 точки, кои се изведени врз основа на направената анализа на сопствените резултати:

-болните третирани со конкурентна хеморадиотерапија имале

сигнификантно подобро средно преживување (19 месеци), во споредба со болните третирани со секвенциона хеморадиотераписка метода (13 месеци) **($p<0{,}001$);**

-болните третирани со КХРТ имале сигнификантно подобро преживување без болест (16 месеци) во споредба со болните третирани со СХРТ (9 месеци) **($p<0{,}001$);**

-болните третирани со КХРТ имале подобра стапка на едногодишно, двегодишно и тригодишно преживување од 74,5%, 36,6%, 26,6%, во споредба со стапката на едногодишно, двегодишно и тригодишно преживување кај болните третирани со СХРТ од 52,6%, 14,3%, 7,1%, последователно **($p<0{,}001$);**

-објективниот одговор постигнат кај КХРТ групата на болни бил статистички сигнификантно поголем, во споредба со објективниот одговор кај СХРТ група на болни **($p<0{,}05$);**

-утврдена била статистички сигнификантна корелација меѓу туморскиот одговор и преживувањето. Болните со комплетна ремисија имале значително подолго средно време на преживување (33 месеци) во споредба со болните со парцијална регресија (16 месеци), болните со стабилна болест (9 месеци) и болните без одговор на терапијата (6 месеци); **($p<0.001$);**

-споредбата на добиените резултати со резултатите публикувани во литературата покажува дека постигнатото преживување кај болните третирани со КХРТ е едно од подобрите и може да биде споредливо само со оние студии, каде што се употребува дополнителна консолидирачка хемотерапија;

-сите погоре наведени резултати упатуваат дека конкурентната хеморадиотераписка метода е супериорна во однос на секвенционата хеморадиотераписка метода и се препорачува кај болните со добра општа состојба (ECOG 0,1)

-утврдено било дека следниве прогностички фактори статистички сигнификантно влијаат врз прогнозата и преживувањето: возраст, почетен работен статус, губење на телесната тежина, големина на туморот, нодално зафаќање (зафатеност на лимфните јазли);

-несаканите ефекти од применетите две комбинации на хемотерапијата и радиотерапијата биле лесни до средно тешки, така што може да се заклучи дека и двете методи безбедно можат да се спроведат кај болните со немикроцелуларен белодробен карцином.

Во осмото поглавје е дадена **Литературата** со која се служела авторката.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на деталната анализа на докторската дисертација "**Комбинација на хемотерапијата и конформалната радиотерапија во третманот на локално-напреднат немикроцелуларен белодробен карцином,**" поднесена од м-р д-р Симонида Црвенкова, Рецензентската комисија заклучува дека дисертацијата обработува материјал собран во текот на две и пол години, добро систематизиран, стручно и научно обработен, со современа методологија и базиран врз богато клиничко искуство на кандидатката. Студијата претставува оригинален и самостоен научноистражувачки труд, изработен на Институтот за радиотерапија и онкологија во Скопје, и обработува еден актуелен проблемконзервативното лекување на иноперабилниот локално напреднат немикроцелуларен белодробен карцином. Целите на трудот имаат значајна клиничка и истражувачка тежина. Материјалот и методологијата се рационално применети, што овозможило постигнување релевантни резултати. Постигнатите резултати се прикажани јасно, објективно, сумирани во табели и графикони и имаат практична апликација. Дискусијата во трудот е сеопфатна, суштински опфаќајќи го обработениот проблем. Студијата е работена на доволно голема серија на болни, која овозможува донесување јасни, критички и објективни заклучоци. Цитираната литература е комплетна, а авторите компетентни за проблематиката.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените заклучоци, Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација „**Комбинација на хемотерапијата и конформалната радиотерапија во третманот на локално-напреднат немикроцелуларен белодробен карцином**" од м-р д-р. Симонида Црвенкова, и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја прифати и да донесе одлука за јавна одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

25.11.2010 год.

Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.

Проф. д-р Лилија Анастасова Николова, с.р.

Проф. д-р Горан Кондов, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ***ГЛАГОЛОТ ВО ПРЕВЕДЕНИТЕ РОМАНИ НА ИСМАИЛ КАДАРЕ ОД АЛБАНСКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК*** ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р **ЛУЛЗИМ АЛИУ**, ПРЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата десетта редовна седница одржана на 13. 10. 2010 год., нè избра за членови на Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов: ***Глаголот во преведените романи на Исмаил Кадаре од албански на македонски јазик,*** изработена од м-р **Лулзим Алиу.**

Рецензентската комисија, изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Глаголот во преведените романи на Исмаил Кадаре од албански на македонски јазик*, изработена од м-р Лулзим Алиу, претставува педантно обработен и технички опремен текст во 186 страници, пишувани според стандардите за научна работа, со фонт Times New Roman со македонска поддршка, со големина на буквите 12, со маргини 2,5 мм и со простор меѓу редовите 1,5.

Кандидатот во овој труд главно се придржувал до темата и со тоа дал значаен придонес во јазичното компаративно проучување на морфолошките категории на глаголот. Оваа студија како нејзин објект на изучување го има глаголот гледано низ делата на познатиот албански писател Исмаил Кадаре, во оригиналната форма на албански јазик споредени со нивните соодветни форми во романите преведени на македонски јазик. Во конкретниот случај, за изработка на оваа докторска дисертација, кандидатот м-р Лулзим Алиу ги користел следниве дела: *"Gjenerali i ushtrisë së vdekur"* (алб.) - *"Генералот на мртвата војска"* (мак.); *"Pasardhësi"* (алб) -*"Наследникот"* (мак.); *"Vajza e Agatemnonit"* (алб.) - *"Ќерката на Агамемнон"* (мак.); *"Pallati i ëndrrave"* (алб.) - *"Палатата на соништата"* (мак.). Трудот го започнува со давање и објаснување на кратенките кои се употребени во текот на обработката на дисертацијата. Целиот труд е поделен на тринаесет поглавја, меѓу кои и предговорот и заклучокот, кој воедно е преведен и на англиски јазик. Другите поглавја се *II - Исмаил Кадаре, III - Согледување на граматичките глаголски категории гледано низ романите на Исмаил Кадаре преведени од албански на македонски јази, IV- Исказен начин, V - Адмиратив, VI - Конјунктив, VII - Кондиционал, VIII - Оптатив, IX - Императив, X - Неменливите глаголски форми, XI - Аналитичките форми на глаголот, XII - Начин на образување на глаголите во делата на Кадаре, XIII - Заклучок.* Во истите поглавја се содржани бројни теми и поттеми и на крајот е дадена и библиографија на користената литература.

Во предговорот кандидатот м-р Лулзим Алиу во општи црти ја опишува материјата и целта на оваа докторска дисертација, т.е. суштината на овој труд, што всушност е согледување на граматичките категории на глаголот во албанскиот и македонскиот јазик споредени преку конкретни примери од делата на Исмаил Кадаре. Воочувањето на оние граматички форми на глаголот кои се идентични, слични или пак различни форми за изразување на истата содржина на реченицата во двата јазика, како и нивното несогласување на глаголски форми за изразување на соодветни граматички времиња или глаголски начини.

Второто поглавје главно содржи биографски податоци за авторот на романите, Исмаил Кадаре, целосната библиографија на издадени дела од него, како и романите кои се преведени на македонски јазик. Во ова поглавје е направено и еден краток осврт кон јазичната, книжевната и стилската вредност на делата на Кадаре. Особено кандидатот се задржал врз јазичната вредност на делата на Кадаре и значењето што тој самиот и ја дава на јазикот како основно битие за изразување и постоење на самата нација. Кандидатот го истакнува и тоа дека Кадаре го изедначува јазикот со народот, тие се два неразделиви елемента, изнебитувањето на едниот елемент автоматски го изнебитува и другиот, едниот не може да постои без другиот.

Со третото поглавје, може да се каже дека од тука кандидатот веќе влегува во срцта на темата, т.е. во јазичната анализа кадешто ги споредува граматичките категории на глаголот употребени во романите на албански јазик и истите примери употребени во преведените романи на македонски јазик. Познато е дека како во албанскиот, така и во македонскиот јазик за означување на ставот на говорителот кон дејството се употребуваат глаголски форми кои се викаат начин. Имено, во македонскиот јазик јасно се разликуваат три типични начински форми: исказен начин, заповеден начин и можеп начин. Покрај овие типични начински форми се разликуваат и други начини или начински значења, но тие не се искажуваат со посебни форми на глаголот, туку со други средства. Албанскиот јазик има шест глаголски начини: исказен, адмиратвен, конјунктивен, кондиционал, оптатив и императив, при што кандидатот м-р Алиу, секој начин одделно го обработува во посебно поглавје со осврт кон тоа со кои форми се изразуваат во македонскиот јазик.

Во поглавјето за исказниот начин најпрвин го дава основното значење и што изразува исказниот начин. Преку конкретни примери извадени од делата на Кадаре, се споредуваат сите граматички времиња на глаголот што ги има исказниот начин во албанскиот јазик. Во посебни теми се обработени трите основни времиња: *сегашно*, *минато* и *идно време* и за нивните под делби како што минатото време разликува: *имперфект, аорист, перфект, плусквамперфект* и *предминато време*, додека идното време разликува: *пред идно време, минато идно време* и *предминато идно време*. Како за основните времиња на исказниот начин, така и за нивните поделби на соодветни времиња, се дадени основни објаснувања за нивното значење и начин на образување, т.е. формирање. Кандитатот најмногу се задржува во конкретните примери и нивното образложување како се користени и во некои случаи како би требало да се користат. Често пати се случува за одредена форма на некој глагол, авторот на преводот да користи некоја форма за која тој мисли дека е најадекватна. Во четвртото поглавје кандидатот се осврнува и на начинот на образување на идното време не само во албанскиот и македонскиот јазик, туку дава и корисни податоци за начинот на формирањето и во некои други балкански јазици. Исто така се

прават паралели на сличности или разлики при користењето и изразувањето на формите за идното време. На крајот на оваа тема кандидатот дава конкретни црти / особини што треба да се имаат предвид во решавањето на проблемот околу употребата на формите за идно време.

Во петтото поглавје кандитатот зборува за адмиративниот начин во албанскиот јазик, неговото значење и начин на изразување. Адмиративот се изразува преку сегашното време и некои минати времиња, како што се *имперфектот, перфектот* и *плусквамперфектот.* Врз основа на направената јазична анализа, кандидатот доаѓа до заклучок дека во определените романи за јазично истражување не можат да се најдат примери на адмиративниот начин кои се употребени во сегашно време или, пак, во имперфект. Но, наоѓа и дава примери на глаголи кои се употребени во перфект и плусквамперфект. Во ова поглавје исто така се задржува врз сличностите на граматичките форми за изразување на овој начин во албанскиот јазик со глаголските форми преку кои се изразува во македонскиот јазик. Од дадените аргументи, кандидатот м-р Лулзим Алиу доаѓа до заклучок дека може да се развива теоријата дека основното значење на адмиративот во албанскиот јазик е значењето *непотврденост,* а во македонскиот јазик *потврденост*, како основно значење.

Конјунктивниот начин е претставен во шестото поглавје. И за овој начин кандитатот ги дава основните значење и основните времиња преку кои се изразува конјунктивниот начин во албанскиот јазик. Посебно се задржува врз сите времиња на овој начин: *сегашно време, минато време (имперфект, перфект, плусквамперфект)* и за истите глаголски времиња наоѓа и дава конкретни примери извлечени од романите на Исмаил Кадаре, преведени од албански на македонски јазик. И во ова поглавје како посебна тема е обработена *употребата на честичката (të / да) во албанскиот, македонскиот и другите балкански јазици.* Овде кандитатот зборува за употребата на оваа честичка како идентична појава која се наоѓа во сите јазици на овој регион.

Во седмото поглавје кандитатот го разработува условниот начин, т.е. кондиционалот. Ги дава основните значења на овој глаголски начин и начинот преку кои форми се изразува. Условниот начин во албанскиот јазик разликува *сегашно време* и *перфект,* кои истовремено се изработени и како посебни теми на ова поглавје. Но, од направената анализа на јазикот на преведените романи на Кадаре не резултираат примери со глаголското време перфект на условниот начин, затоа и во овој труд се дадени само примери од сегашното време.

Карактеристичен глаголски начин изразен преку посебни глаголски форми, присутен само за албанскиот јазик е оптативот, кој е претставен во осмото поглавје на оваа докторска дисертација на кандидатот м-р Лулзим Алиу. Карактеристично за овој начин е дека исто како и за кондиционалот во конкретните дела на Кадаре се наоѓаат примери само во сегашно време, иако овој глаголски начин го разликува и перфектот како глаголско време во албанскиот јазик, кои истовремено се обработени како посебни теми на оваа поглавје.

Во двата јазика заповедот се искажува со посебни заповедни (императивни) форми на глаголот. Токму овој начин зазема место во деветтото поглавје на овој труд. Имено, овде кандидатот ги истакнува сличностите на оваа граматичка категорија и начинот на изразување кој е сличен и во двата јазика. Овој начин има свои граматички форми само за второ лице еднина и множина, која е заедничка особеност и во двата јазика (албанскиот и македонскиот).

Во десеттото поглавје се опфатени неменливите глаголски форми, кои се обработени низ посебни теми како што се: *партицип, неменливи форми градени врз основа на партиципот, одречни неменливи форми, герундив, значенските и граматичките разлики на герундивот од партиципот, инфинитив* или *неменливи форми од типот per të larë, отпаѓање на инфинитивот* и др. За сите основни неменливи глаголски форми се даваат конкретни примери исцрпени од романите на Кадаре, со осврт на општи заеднички особености на неменливите глаголски форми во албанскиот и македонскиот јазик.

На табеларен приказ се дадени само аналитичките форми на глаголот што се користени во романот на Кадаре, *"Vajza e Agamemnonit"- "Ќерката на Агамемнон"*, во единаесеттото поглавје. На 40 страници се напишани сите аналитички форми на глаголи што се користени во овој роман од страна на Кадаре. Во табеларниот приказ е содржано глаголската форма на албански јазик, граматичката анализа (лице, број, време, начин и дијатеза), соодветната форма на македонски јазик и нејзината граматичка анализа. Во ова поглавје навистина е вложен голем труд од страна на кандидатот м-р Алиу, давајќи јасна претстава на мноштвото форми на глаголите во изворниот јазик на Кадаре и соодветните форми на преводот на истите дела на македонски јазик.

Посебно место во дванаесеттото поглавје зазема и начинот на образување на глаголите во делата на Кадаре. Во почетокот на ова поглавје е даден општ осврт за образувањето на глаголите во албанскиот совреме јазик, а потоа и конкретно за глаголите кои се образувани од страна на Кадаре. Во поглавјето за начинот на образување на глаголите во делата на Кадаре, кандидатот посебно ќе се осврне и ќе ги обработи како посебни теми: *глаголи образувани со суфикси, глаголи образувани со префикси, образување со префикси и суфикси, глаголи образувани без никакви додавки* и *сложени глаголи.* Во првата тема глаголи образувани со суфикси се задржува главно на образувањето на глаголите со суфиксите ***-o***, **-ue** или ***-uar***, ***-(ë)ro***, ***-ë-so-j***, ***-(ë)to***, ***-(ë)zo***, ***-llo***, ***-os***, ***-s / -is***. Во втората тема глаголи образувани со префикси се задржува на образувањето на глаголите со префиксите: ***për-***, ***sh-***, ***ç-***, ***zh-***, ***shpër-***, ***spër-***, ***ri-***, ***mbi-***, ***ndër-***, ***para-***, ***kaca-***, како и во другите теми на ова поглавје конкретно со примери го образложува начинот на образување на глаголите кои се користени и често пати формирани и од самиот Кадаре.

По ова поглавје составен е и еден *Заклучок*, кој е преведен и на англиски јазик. Тука на некој начин се резимира целата работа на ова истражување, логични и умесни констатации произлезени од компаративното претставување на глаголот во делата на Кадаре преведени на македонски јазик, кои можат да служат како поттик за понатамошни споредбени морфолошки проучувања меѓу албанскиот и македонскиот јазик.

На краот е дадена користената литература. И од оваа библиографија може да се забележи дека кандидатот користел богата стручно-научна литература од областа, а мошне успешно се снашол и при избор на фрагменти од преведените романи на Кадаре.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од сето гореизнесено може да се заклучи дека во својата докторска дисертација ***Глаголот во преведените романи на Исмаил Кадаре од албански на македонски јазик,*** м-р Лулзим Алиу сосема темелно и успешно ја извршил анализата на употребата на глаголот низ сите граматички категории во изворниот јазик на Кадаре со формите и глаголските конструкции во македонскиот јазик.

Во трудот се дадени корисни решенија за соодветен превод на глаголот од албански на македонски јазик и обратно и тој претставува важен придонес за двојазично компаративно проучување.

Следствено на ова, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложи да ја прифати оваа рецензија и кандидатот *м-р Лулзим Алиу* да го допушти на усна одбрана.

Скопје, 12. 11. 2010 год.

Рецензентска комисија

1. Д-р Аслан Хамити, ред. проф. с.р.
2. Д-р Агим Полоска, ред. проф. с.р.
3. Д-р Марјан Марковиќ, вонр. проф. с.р.
4. Д-р Мируше Хоџа, вонр. проф. с.р.
5. Д-р Исмет Османи, доц. с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КНИЖЕВНОСТА И ИГРАТА (ВРЗ ПРИМЕРИ НА КНИЖЕВНАТА ЕСТЕТИКА НА АЛБАНСКИТЕ ДЕТСКИ ИГРИ)", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ХАКИ ЦАКЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата единаесетта редовна седница одржана на 10.11.2010 година, избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација изработена од м-р Хаки Цакли, под наслов „Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)", во состав: д-р Зекирја Незири, редовен професор, д-р Авзи Мустафа, редовен професор, д-р Изаим Муртезани, вонреден професор, д-р Мируше Хоџа, вонреден професор и д-р Агим Љека, доцент.

Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Хаки Цакли, го разгледа приложениот текст и, во согласност со член 54 од Правилникот за постдипломски студии и добивање докторат на науки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, му го поднесува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Опис на докторската дисертација „Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)" на кандидатот м-р Хаки Цакли

Докторската дисертација под наслов „Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)", според својата композициона схема се состои од три носечки поглавја (не сметајќи ги воведот, заклучокот и користената литература).

1. ВОВЕД. Во првиот воведен дел, кандидатот ги посочува општите црти по кои ќе го организира својот истражувачки труд, односно си дава краток преглед за предметот на проучувањето, т.е. на албанските народни игри, со посебен акцент врз детските игри. Како што се гледа, темата е мултидисциплинарна и се протега во неколку научни дисциплини, како прво се фолклорот, етнологијата и усната книжевност, потоа народната театрологија и народната реторика, општата теорија на литература, педагогија и детска писхологија. Кандидатот м-р Хаки Цакли истакнува дека е од посебно значење за психофизичкиот развиток на детето да му се посветува потребно внимание на истражувањето на феноменот на пренесувањето на книжевноуметничкото чувство кај нив преку играта. Тоа значи дека при проучувањето на книжевноуметничката текстовна порака на играта треба да се внимава и на нејзината практична примена: поврзаноста попрво со другите видови на уметност (балетот и играта, потоа цртањето, бидејќи тие се во меѓусебна поврзаност) и со воспитно-образовниот процес, особено со приспособувањето кон возраста на децата, кои се предмет на проучување на социокултурните научни дисциплини и на детската психологија.

2. ТЕОРИСКИ ДЕЛ. Главна задача на докторската дисертацијата на м-р Хаки Цакли е да се проучат албанските народни детски игри и да се установи нивната книжевноуметничка и естетска вредност. Откога накратко се претставува предметот, следува рамковната поделеност на

група прашања од носечкиот дел кои се поврзуваат со теориската поставеност на игрите за деца и на нивната улога за воспитанието и социјализацијата на децата. Истражувањето и појаснувањето, анализата и интерпретацијата на народните детски игри во трудот се реализираат и појаснуваат во склоп на три потпоглавја, кои понатаму се поделени според предметот на истражувањето. Бројот на потпоглавјата се разликува од видот на проученото прашање, а тие се движат меѓу 5 и 12 потпоглавја. Трите основни поглавја се: (1) теориите за игрите за деца и класификацијата на игрите за деца; (2) истражувањето, интерпретацијата и анализата на одделни детски игри; и (3) улогата и значењето на игрите воопшто во изградбата на детската личност.

Во рамките на *првиот дел*, на теориската поставеност на дисертацијата, кандидатот расправа за прашања кои се поврзуваат со модерните теории за играта во однос на истражувањата кон новото, непознатото (Белине, Елис, Хут), или кои на играта и даваат знчајно место во емоционалниот (Фројд, Ериксон) и когнитивниот (Пијажет, Виготски) развиток на личноста. Оттука смета дека меѓу социокултурните теории позначајни се интеракциската теорија на Батесон и теоријата на М. Мид, кои на играта и даваат важно место во процесот на социјализацијата на детето.

Кандидатот м-р Хаки Џакли во својата докторска дисертација „Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)", по теориската поставеност на предметот за проучување, истражувањето го насочува кон проучувањето на начинот на реализацијата, односно на пренесувањето на јазичната уметничка порака, општествено културните влијанија и интересот за собирање и објавување народни детски игри. Тука му е неминовно повеќе важно да се задржи на проучувањето на соодносот и совлијанијата меѓу театарските игри и книжевниот текст, т.е. на придобивките на теоријата на играта, социологијата и педагогијата.

Откога се поставени теориските рамки на тезата, кандидатот м-р Хаки Џакли му пристапува на проблемот на класификацијата на детските игри. Подвлекува дека постојат неколку модели на класификација, а тој се определил за содржинско-тематскиот и наменскиот принцип, според кој народните детски игри и песни се делат на неколку видови. Се дава краток осврт кон нивното собирање, објавување и класификација според практичната примена. Во класификацијата на албанските детски игри го применува најупотребениот принцип на класификација, а тоа е начинот на реализацијата во простор: (а) игри со текст и (б) игри без текст. И едните и другите потоа ги дели на: (5.а) игри со текст, (5.а.1) игри во отворен простор, (5.а.2) игри во затворен простор; (5.б) игри без текст: (5.б.1) игри во отворен простор, (5.б.2) игри во затворен простор. Потоа поединечно им пристапува на истражувањето и интерпретацијата на песните, кои се употребуваат при игрите, а тоа се: *песните за природни феномени, песните за растенија, песните за инсекти, песните за птици, овчарскитте детски песни, брзоговорките, игрите при огништето.*

3. АПЛИКАТИВЕН ДЕЛ. Посебен интерес на докторската дисертација на кандидатот м-р Хаки Џакли претставува *вториот дел,* во кој предмет на истражување се поврзаноста помеѓу уметноста на играта и визуелните уметности, односно цртањето. Детето со помош на играта со разни уметнички материјали, сликовити елементи може да го изнаоѓа својот прв патоказ во неговиот живот. Со самата активност, кадешто основно е

играта, кај децата се развива фигуративното и естетското искуство во развитокот на воспитно-образовниот процес воопшто.

Практичната употреба на детските игри покажа дека децата имаат желба да гледаат, да чепкаат, да бкомуницираат, да прават или да создадат различни објекти. Во играта учествуваат низа активности, кои можат да одлучат што е поприфатливо за нив. Од нив, како поприфатливи се: имагинативните игри (играта со улоги, на пр. дома), цртањето со креда или друг вид пишување, колаж, мешањето на боите и нивното растворање во вода.

Во овој дел на дисертацијата, авторот анализата ја насочува кон истражување на видовите детски игри, кои се поврзани како со вербалната уметност, исто така и со тие кои естетското уметничко чувство го пренесуваат преку визуелната уметност. Тука внимателно се проучуват следниве прашања: (1) игри со чкртање, (2) игри со бои и чкртање, (3) коментирање на чкртањата, (4) цртање, (5) сликање, (6) моделирање, (7) танц, (8) имитирање, (9) интраперсонална комуникација.

Вреди да се истакне дека докторската дисертација на м-р Хаки Џакли добива посебно значење со проширувањето на истражувачкиот потфат и во полето на видео и компјутерските игри, на кои им посветува едно потпоглавје. Иако се оддалечува од примарната задача на проектот, со самото навлегување во овие прашања докажува дека во видокругот на истражувањето се третираат прашања од животот на народните детски игри, кои притиснати од технологијата делумно, а можеби и целосно, веќе се на прагот на исчезнувањето и на нивното место доаѓаат видео и компјутерските игри. Видео и компјутерските игри, подвлекува кандидатот, за развитокот на детската психа одигруваат двојна улога: позитивна и негативна. На овие прашања му посветува шест потпоглавја чиишто наслови ја отсликуват интерпретативната схема на овој дел од докторската дисертација: (1) Воспитанието, компјутерот и интернетот; (2) Што се интелигентните игри?; (3) Што е играта?; (4) Дали играат сите деца подеднакво; (5.1. и 5.2.) Два примера за стекнатото знаење во текот на играта.

Детето има голема имагинативна и творечка способност. Прашањата, кои произлегуваат од ова поглавје, кандидатот м-р Хаки Џакли подетално ги разгледува во подделовите: (а) комуницирањето, (б) јазикот, (в) креативната структура на говорот и на мислата, (г) пелтечењето, (д) двојазичноста и повеќејазичноста.

4. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАРАКТЕР НА ДЕТСКИТЕ ИГРИ. Во *третиот дел* на својот труд, кандидатот м-р Хаки Џакли повеќе се задржува на објаснувањето на прашања кои се поврзуваат со улогата и значењето на играта во оформувањето на детската личност. Поголем интерес за проучување побудува истражувањето на првите чекори на децата да создадат уметнички текстови, а тоа се разните игри во кругот на семејството. Тргнувајќи оттука, научните истражувања за развитокот на личноста на детето од XX и XXI век ја засилуваат улогата на родителот, која е одлучувачка во создавањето на здрави и сигурни услови, со кои се поттикнува слободната креација на децата, која е во фаза на имитација на книжевни текстови и игри придружени со текст. Тоа се првите сигурни чекори кои ќе ги следат процесите на развитокот на личноста на детето. Преку играта тој се подготвува да биде дел од семејството и да го развие чувството дека треба да се оспособи за прифаќање на фактот дека своето место во семејството го здобива таму каде што припаѓа. Потоа се осврнува

на улогата на играта во градинка и на училиште, кадешто кај детето преку играта се поттикнуваат самостојноста и се развива креативноста.

Развитокот на општествените процеси е во директен соднос со напредокот во сите подрачја на човековото живеење. Општествено-политичките и историските процеси во својот развиток не се секогаш приклонети кон децата и прифатливи за нив. Во многу случаи тие служат како начин на исмејување, па оттука произлегува и потребата тие да служат како појдовна основа за истакнување, а и за остварување на убави уметнички творби, со кои се пренесува односот и кон општествените процеси, а и односот кон нивното уметничко оформување. Истражувајќи ги тие односи се остварува нов научен приод и нова научна поставеност за придонесот на народната детска игра во оформувањето на личноста на детето и на развивањето на уметничкото чувство кај него.

Активноста на играта, смета кандидатот, своето значајно место го добива поправо во развојната психологија и педагогија. Современата педагогија активноста на играта ја смета за неизбежна во воспитниот процес за остварување на саканата образовна цел и упатува како играта може да се оформува и насочува со цел да се подобри и зголеми успешноста. Развојната психологија на играта и дава значајно место во развитокот на личноста. Тој необичен феномен побудува интерес и за социологијата, антропологијата, етнологијата, психоанализата, но и за уметноста на зборот, танцот и боите. Играта и филозофите не ја запоставиле, истакнувајќи ја, најчесто, нејзината функција во остварување на одредени воспитни цели или поврзувајќи го поимот на играта со уметничката и со естетската свест. Воочувајќи ја комплексноста на дефинирањето на играта, во современата филозофска литература посебно се осврнува во делото на Еуген Финка, кој се упатил во пренасочување на метафизичките појдовни точки за да се отвори можноста за применување на тематизираната игра. Играта во сферата на творештвото, но и на имагинативното е неизбежна содржина за уметноста на зборот.

Оттука произлегува дека трудот добива мултидисциплинарна димензија, што значи дека уметничкиот феномен се обработува во соднос и со меѓусебно вкрстување на трите видови уметност (уметноста на зборот, уметноста на боите и уметноста на танцот), се објаснуват прашања кои, во основа, се поврзани со неколку научни дисциплини, како што се фолклорот, етнологијата и историјата на уметноста; антропологијата, филозофијата, социологијата, педагогијата и детската психологија.

Материјалот (илустративниот и апликативниот) се споредува и со игри од другите балкански народи, посебно на македонските, но и пошироко, при што се користи компаративниот метод не само во делот за класификацијата на детските игри, туку и за истакнување на заедничките и посебните елементи меѓу народите.

## Заклучни одредби на Рецензентската комисија

Докторската дисертација е студиозно промислена и сериозно образложена. Методот што се применува, теорискиот и апликативниот (оперативниот), сигнализира, но и гарантира дека пред себе имаме интересен научен труд од подрачјето на фолклористиката, односно на усната книжевност, поточно на науката за книжевност, во кој релевантниот проблем, со помош на најновите сознанија на теоријата и историјата на книжевноста и уметноста, антропологијата и етнологијата, педагогијата и социологијата е систематски проследен и обработен, како и студиозно документиран.

При оформувањето на целиот проект на м-р Хаки Цакли, особено му послужиле и придобивките на теоријата на играта, особено студиите на Кајоа, Бахтин, Пијаже, Фројд, Ериксон, Хуизинга, Елис, Хут, Гадамер, Виготски, Е. Финка, Бетсон, Берлине, Мид, Еко, Чубелиќ, Вангелов, Мухиќ, Кулавкова, Андоновски, Цепаровски, Бериша, Бушати, Фетиу. Оттука произлегува дека темата методолошки е обработена мултидисциплинарно според најновите достигнувања од областа на антропологијата, социологијата, историјата на религијата, науката за книжевноста, детската психологија, танцот и театарската уметност, педагогијата, филозофијата, теоријата на усната книжевност, фолклорот и етнологијата, а посебно врз придобивките на теоријата на литературата, како и на социо-културната теорија.

Докторската дисертација „Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)" на кандидатот м-р Хаки Цакли му овозможува својот научен интерес да го демонстрира во еден монографски ангажман и сериозен научен потфат, како и да се оформи во трудољубив и темелен научен истражувач. Истражувањето и проучувањето на таква материја од перспектива на книжевната естетска наука, на фолклорот и етнологијата претставува значаен придонес за фолклорната наука воопшто, а за албанолошката, македонската и балканолошката фолклористика посебно.

Таков приод кон народните детски игри во досегашните албанолошки фолклорни истражувања и проучувања не бил предмет на посериозни истражувања, т.е. на нив не им е посветено доволно внимание, што значи дека трудот на м-р Хаки Цакли е меѓу првите од тоа подрачје. Оттука произлегува и придонесот на докторската теза за продлабочување и насочување на научниот интерес кон таа фолклорна проблематика.

**Заклучок и предлог на Рецензентската комисија**

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација „Книжевноста и играта (врз примери на книжевната естетика на албанските детски игри)", на кандидатот м-р Хаки Цакли, во целосен состав, е на мислење дека предадениот труд методски, теориски и апликативно ги исполнува стандардните законски одредби предвидени за докторска дисертација. Земено во целина, овој докторски труд сведочи за несомнената упатеност на м-р Хаки Цакли во потесната истражувачка дисциплина, која се покажува како продуктивна и функционална за развојот на книжевната естетска наука и за нејзината афирмација во академските кругови во Република Македонија.

Имајќи ги предвид погоре посочените аспекти на докторскиот труд на м-р Хаки Цакли, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да ја прифати нашата рецензија, а на кандидатот да му **одобри термин** за одбрана.

Скопје, 16. 11. 2010 година

**Рецензентска комисија**

Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р

Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р

Д-р Изаим Муртезани, вонреден професор, с.р

Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р

Д-р Агим Лека, доцент, с.р

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФРАНЦУСКА И ФРАНКОФОНСКИ КНИЖЕВНОСТИ И ФРАНЦУСКА И ФРАНКОФОНСКИ КУЛТУРИ И ЦИВИЛИЗАЦИИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата десетта редовна седница одржана на 13.10.2010 година, не избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Елисавета Поповска на конкурсот, објавен на 1.10.2010 година во весникот „Дневник", за избор во звањето вонреден професор по предметите француска и франкофонски книжевности и француска и франкофонски култури и цивилизации. Во врска со горенаведеното, Рецензентската комисија во состав: акад. д-р Луан Старова, редовен професор, д-р Лилјана Тодорова, редовен професор и д-р Илинка Митрева, редовен професор, има чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го предложи за усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Елисавета Поповска е родена на 4.8.1969 година во Скопје. Основното и средното образование со одличен успех ги завршила во родниот град. Студиите по француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје ги завршила редовно. На Факултетот се запишала во 1988, а дипломирала во 1992 година на преведувачката и наставната насока со просечна оценка 9,4 и се стекнала со звањето *професор по француски јазик и книжевност и дипломиран филолог-преведувач по француски јазик.*

По дипломирањето се запишала на постдипломски студии на Филолошкиот факултет во Скопје, насока: наука за книжевноста (француска книжевност). Предвидените испити ги положила со просечна оцена 9,8.

Во 1994 година се вработила на Филолошкиот факултет во звањето *помлад асистент по предметот француска книжевност* при Катедрата за романски јазици и книжевности.

Во април 2000 година ја одбранила магистерската теза на тема: *Феноменот на патувањето кај Маргерит Јурсенар – литературна транспозиција на искуството од Ориентот.* Во ноември истата година е избрана за асистент по предметот француска книжевност

Во декември 2005 година ја одбранила докторската дисертација на тема *«Одметничка автобиографија» : принципот на автофикција во современата француска персонална проза* и се стекнала со звањето доктор на филолошки науки. Во март 2006 година е избрана за доцент по предметот француска книжевност.

Д-р Елисавета Поповска има остварено неколку подолги истражувачки и студиски престои во странство кои ѝ овозможиле научно и стручно усовршување, од кои би ги споменале следниве две: во 2004 година, како корисник на стипендијата *Темпус,* престојувала на Универзитетот *Нова Сорбона Париз 3* во рамките на проектот за размена на искуства во врска со воведување на нови модули на настава според единствениот европски систем за пренос на кредити (ЕКТС), а во 2004/2005 година, како стипендист на Франкофонската универзитетска агенција (AUF), остварила тримесечен научно-

истражувачки престој во Париз, во рамките на екипата *Генеза и автобиографија* при Националниот центар за научно истражување (CNRS).

Како резултат на нејзиниот засилен научен интерес за одредени аспекти на француската литература како што се: проучување на делото на Маргерит Јурсенар, проучување на автофикционалното писмо во современата француска литература, истражувачки постапки во доменот на општествените науки, д-р Елисавета Поповска е член на повеќе меѓународни научни здруженија во чијашто работа активно учествува. Таа е член на Меѓународното друштво за проучување на делото на М. Јурсенар (Société Internationale des Études Yourcenariennes - SIEY); на истражувачката екипа „Генеза и автобиографија" при Националниот центар за научни истражувања на Франција ("Genèse et Autobiographie" – ITEM/CNRS); на OFFRES – Organisation francophone de formation et de recherche en sciences humaines (Франкофонска организација за остручување и истражување во општествените науки).

Д-р Елисавета Поповска е добитник на неколку награди, признанија, одликувања, и тоа: одликувана е со орден „Витез од редот на академските палми" од страна на Република Франција, доделена и е почесна плакета од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", добитник е на наградата „Божидар Настев" за 2010 година за најдобар превод од оригинал (од француски јазик) на македонски јазик за романот *Подрумите на Ватикан* од Андре Жид.

**Дејности по изборот во звањето доцент по француска книжевност**

**Наставно –образовна дејност**

На Катедрата за романски јазици и книжевости при Филолошкиот Факултет во Скопје, д-р Елисавета Поповска ја изведува *практичната и теоретската настава по предметите од областа на француската и франкофонските книжевности* и тоа во сите четири студиски години. Односно, таа ја изведувала наставата како за оние студенти кои го реализирале своето студирање според стари наставни програми, така и за оние кои студирањето го изведуваат според моделот на европскиот кредит-трансфер систем. Тоа подразбира солидно теоретско познавање, практична дејност и пренесување на знаења од широкиот домен на целокупната француска литература, бидејќи, како што е тоа предвидено со програмите за овие студии, свој предмет ја опфаќа целокупната француска книжевност, од првите средновековни пишувани споменици до најсовремените литературни трендови, како и преглед на франкофонските книжевности во светот. Според новиот модел на студирање, таа ја изведувала наставата по предметите: преглед на француска книжевност, француска поезија на 19 и 20 век, француска книжевност на среден век и ренесанса, француски театар 19 и 20 век, француски роман 20 век, франкофонски книжевности, автобиографијата во француската литература.

Од учебните 2008/09 и 2009/10 година, д-р Елисавета Поповска ја изведува наставата и по предметите *француска цивилизација* при матичната Катедра и *француски културолошки студии* при Катедрата за преведување и толкување.

Во учебната 2006/07, 2007/08 и 2008/09 година одржувала настава по предметите *преглед на француска книжевност* и *модерна француска книжевност* на Педагошкиот факултет во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски".

Д-р Елисавета Поповска часовите по соодветните предмети ги одржува редовно и компетентно, следејќи ги и применувајќи ги во наставата

најсовремените сознанија и методолошки пристапи од областа на францускатa литературна историја, теорија и практика, како и во областа на француските културолошки студии.

Други работни активности што д-р Елисавета Поповска ги изведувала во рамките на нејзината ангажираност при Катедрата за романски јазици и книжевности се: подготвување и изведување на испити; консултативни активности во врска со изработка на семинарски и дипломски трудови; менторирање на дипломски трудови; учество во испитни комисии; изработка на наставни планови и програми за предметите од областа на француската и франкофонските книжевности и култури во рамките на првиот циклус студии, вториот циклус студии (магистарски) и третиот циклус студии (докторски студии); учество во комисии за попис на библиотечен фонд и материјални сретства; рецензент на бројни ракописи за публикување; член на рецензентска комисија за универзитетски учебници, член на жири-комисија за доделување на наградата „Блаже Конески"; член на комисијата за евалуација на студиската програма по француски јазик и книжевност; учесник и предавач на семинари и обуки поврзани со проблематиката на наставата и методологијата на литературниот текст и на француската и франкофонските книжевности и култури.

**Научноистражувачка дејност**

Значајно научноистражувачко остварување коешто д-р Елисавета Поповска го реализирала во периодот меѓу двата избора е нејзината монографско-есеистичка студија насловена како *Патување и Ориент-доминантни парадигми во делата на Маргерит Јурсенар*. Станува збор за студија во која, низ комбинирање на монографскиот и есеистичко-теорискиот пристап, се согледуваат, се интерпретираат и се дефинираат двете фундаментални категории во творештвото на Јурсенар–метафората на патувањето и влијанието на ориенталните култури и филозофии. Според д-р Е. Поповска, овие два феномена на творештвото на Маргерит Јурсенар се издигнати на ниво на *систем*. Феноменот на патувањето во делата на Јурсенар не се исцрпува само како феноменолошка даденост, односно само како движење низ просторот и времето, туку истовремено трансцендира семантика, односно симболика и претставува момент на духовно збогатување на човековата природа. Јунаците на Јурсенар се авантуристи на просторот и времето, но истовремено и *авантуристи на знаењето*. Што се однесува, пак, до Ориентот, тој претставува за Јурсенар една опсесивна метафора која треба да ја симболизира духовната невиност и мудрост на човечкиот род. Но, истовремено се работи и за еден идеолошки модел на отвореност и толерантност кој се вклопувал во визијата на Јурсенар за светот како интеракција меѓу разните религии и културолошки наследства, односно ја отсликува нејзината желба за фузија меѓу источните и западните традиции.

Од пописот на другите остварувања што д-р Елисавета Поповска ги реализирала во рамките на нејзината научноистражувачка дејност помеѓу двата избора може да се забележи дека привилегирано поле на нејзиниот научен и критички интерес претставува современата француска литература. При тоа можат да се согледаат две основни оски на таквото нејзино истражувачко проследување: од една страна, анализа и критика на најразличните аспекти на творештвото на Јурсенар низ повеќе методолошки пристапи (тематски, наратолошки, културолошки...), а од друга страна, анализа и критика на современите автобиографски и автофикционални остварувања во современата француска литература низ примерите на мноштво современи автори (Ролан Барт, Ален Роб-Грије, Жорж Перек...). Таквата анализа таа ја

спроведува низ оптиката на повеќе епистемолошки и поетски критериуми: сеќавање, меморија, фотографија, простор, време... Ваквите трудови се објавени во бројни научно-стручни и популарни списанија како и во зборници на трудови од научни собири и симпозиуми. Некои од нив се објавени на француски јазик во меѓународни списанија, како на пример написот кој го третира феноменот на транскултурното и транспоетското во поезијата на современиот марокански франкофонски поет Еди Бурауи, објавен во електронскиот билтен на Центарот Канада-Медитеран од Универзитетот Јорк во Канада.

Д-р Елисавета Поповска учествувала со предавања и излагања на бројни научно-стручни собири со меѓународно учество во организација на асоцијациите во кои и самата членува: SIEY, ITEM/CNRS, OFFRES, како и на оние во организација на домашни институции и организми. Одржала предавање на француски јазик за автофикцијата како современ литературен феномен по покана на Францускиот културен центар во Скопје. Д-р Елисавета Поповска пројавува исто така интерес и за критика на преводот, публикувајќи и некои свои согледувања во врска со оваа тематика, што од друга страна упатува на една преводна активност која ја определува нејзината стручно-апликативна дејност.

**Стручно-апликативна дејност**

Во рамките на значајната соработка што д-р Елисавета Поповска ја има со реномираната меѓународна манифестација „Струшки вечери на поезијата", таа реализирала препеви од поезијата на добитници на награди од манифестацијата, а збирките истовремено ги придружила со свои авторски поговори кои се своевидни анализи како на карактеристиките на поезијата на препеаните поети, така и критички осврти на современата светска поезија. Со оглед на тоа дека поезијата претставува еден од најтешките литературни родови за превод поради карактеристиките кои ја определуваат (ритам, рима, фоностилистички карактеристики, фигуративен говор...), со право може да се каже дека самите препеви се потврдуваат како своевидни оригинални творби во кои треба да дојде до израз не само компетентноста по однос на јазикот туку и стручноста и посебниот литературен усет на препејувачот кој ја има тешката задача да го долови специфичниот поетски сензибилитет на оригиналната песна. Д-р Елисавета Поповска активно учествувала и во промотивните активности кои биле реализирани во рамките на СВП.

Во текот на 2010 година публикуван е и нејзиниот превод на еден од најзначајните романи на француското и светското литературно наследство *Подрумите на Ватикан* од Андре Жид. За него д-р Елисавета Поповска ја има добиено наградата „Божидар Настев", за најдобар превод од француски на македонски јазик, којашто ја доделува Советот на Меѓународната средба на книжевните преведувачи од Тетово.

Од другите активности од стручно-апликативна дејност треба да се спомене дека д-р Елисавета Поповска е автор на одредницата која теоретски го разглобува феноменот на *автофикцијата* во рамките на лексикографското издание *Поимник на книжевната теорија*, проект и издание на МАНУ.

Исто така вредно е да се одбележи и нејзиното учество и доследно извршување на задачите во рамките на разни факултетски комисии, жири-комисии на натпревари и за доделување на награди, организациони одбори на стручно-научни собири и сл.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во активностите од наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност кои д-р Елисавета Поповска ги реализирала помеѓу двата избора, Рецензентската комисија нив високо ги оценува и заклучува дека кандидатката квалитетно и компетентно ја изведува наставната и научната работа од областа на францускатa и франкофонските книжевности и култури. Со тоа, Рецензентската комисија констатира дека д-р Елисавета Поповска ги исполнува условите за избор во звањето вонреден професор.

Со оглед на досега изнесеното, слободни сме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Елисавета Поповска во звањето вонреден професор по предметите француска и франкофонски книжевности и француска и франкофонски култури и цивилизации.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Акад. Луан Старова, редовен професор, с.р.
2. Д-р Лилјана Тодорова, редовен професор, с.р.
3. Д-р Илинка Митрева, редовен професор, с.р.

| | | |
|---|---|---|
| | l'Europe Centrale et Orientale – Регионален франкофонски центар за Централна и Источна Европа), Софија, Бугарија. | |
| 41 | Септември 2009 год. – учество на Семинарот за обука на наставници: *Администрирање и организирање на учење на далечина*, во организација на Универзитетската франкофонска агенција (Agence Universitaire de la Francophonie) и Политехничкиот универзитет од Тирана, Тирана, Албанија. | 1 |
| 42 | Октомври 2009 год. - учество на Семинарот за професионално усовршување: „Методологија на наставата на француска и франкофонска литература за универзитети и средни училишта", во организација на CREFECO (Centre régional francophone pour l'Europe Centrale et Orientale – Регионален франкофонски центар за Централна и Источна Европа), Софија, Бугарија. | 1 |
| 43 | Април 2010 год. - предавач во рамките на обуката „Методологија на литературниот текст" за професори по француски јазик во организација на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија. | 1 |
| 44 | Октомври 2010 год. - учество на Третиот семинар за универзитетска дидактика за француски како странски јазик, во организација на Француската амбасада во Македонија и Катедрата за француски јазик и книзевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески". | 1 |
| 45 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), летен семестар 2005/06 | 0,18 |
| 46 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2006/07 | 0,3 |
| 47 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2007/08 | 0,36 |
| 48 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2008/09 | 0,3 |
| 49 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2009/10 | 0,21 |
| 50 | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), зимски семестар 2010/11 | 0,12 |
| 51 | Консултации со студенти, летен семестар 2005/06 (20 студенти) | 0,04 |
| 52 | Консултации со студенти, 2006/07 (30 студенти) | 0.06 |
| 53 | Консултации со студенти, 2007/08 (33 студенти) | 0,066 |
| 54 | Консултации со студенти, 2008/09 (35 студенти) | 0,07 |
| 55 | Консултации со студенти, 2009/10 (30 студенти) | 0.06 |
| 56 | Консултации со студенти, зимски семестар 2010/11 (15 студенти) | 0,03 |
| 57 | Ментор на дипломска работа (8 студенти) | 1,6 |
| 58 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (8 студенти) | 0,8 |
| 59 | Рецензент на универзитетскиот учебник *Италијанска книжевност од 13 до 16 век* ( прво издание) од проф. д-р Анастасија Ѓурчинова и Лилјана Узуновиќ во издание на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Филолошкиот факултет, Темпус-проект, 2007. | |
| 60 | Рецензент на универзитетскиот учебник *Les sources des premières tragedies classiques françaises (Изворите на првите француски класични трагедии)* од д-р Снежана Петрова во издание на Филолошкиот факултет, 2008. | 1 |
| 61 | Рецензент на универзитетскиот учебник *Италијанска книжевност од 13 до 16 век* (второ издание) од проф. д-р Анастасија Ѓурчинова и Лилјана Узуновиќ во издание на Филолошкиот факултет, 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | 89,196 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Монографија** | |
| 1. | *Патување и Ориент: доминантни парадигми во делата на Маргерит Јурсенар* (во печат) - Филолошки факултет „Блаже Конески", 2010. | 8 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 2 | „Дали автобиографијата е литература? – разговор со Жерар Женет –" во *Годишен зборник на Филолошкиот факултет* – Скопје: кн. 32 (I), 2006, стр. 227-242. | 4 |
| 3 | „Кон една 'вистиноснa' теорија на автобиографското писмо – меморија и автофикција". во *Прилози (Contributions)*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите. XXXIII-XXXIV 1-2, 2008-2009, стр. 491-504. | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание** | |
| 4 | *За и од Еди Бурауи, пријател на Македонија*, Универзитетски весник, издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", број 85, мај 2008, стр.21 | 2 |
| 5 | *Transculturel et transpoétique dans la poésie de Hédi Bouraoui*, Bulletin No. 6 du Centre Canada-Maghreb, vol. 3, n°2, décembre 2008, pp. 11-13. www.arts.yorku.ca/french/cmc/French/Bulletin/index.htm | 2 |
| 6. | „Од нов роман до нова автобиографија –во чест на Ален Роб-Грије (1922 – 2008)". во *Книжевен контекст: Споредбени книжевни проучувања*. – Скопје: Институт за македонска литература, 2009, бр.7, стр. 77-92 | 2 |
| 7 | *Поетика на неискажливото* - во електронското списание *Мираге*, 22, декември, 2009, http://www.mirage.com.mk | 2 |
| 8 | „Иконичниот коментар во *Ролан Барт од Ролан Барт*", во *Корени*, списание за литература, култура, граѓански прашања и наука, Куманово, год. IX , број 33-34, март-јуни 2010, стр. 5226- | 2 |

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Елисавета Силјан Поповска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки Факултет „Блаже Конески" - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: француска и франкофонски литератури и култури**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус:** | |
| 1. | Француска поезија 19 и 20 век (2+2), летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 2. | Француска книжевност 4 (4+2), летен семестар 2005/06 | 3,6 |
| 3. | Француска книжевност на среден век и ренесанса (2+2), зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 4. | Француска книжевност 4 (2+2), зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 5. | Француска поезија 19 и 20 век (2+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 6. | Француска книжевност 3 (2+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 7. | Француска книжевност 4 (2+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Француска книжевност на среден век и ренесанса (2+2), зимски семестар 2007/08 | 2,4 |
| 9. | Француска книжевност 4 (2+2), зимски семестар 2007/08 | 2,4 |
| 10. | Француска поезија 19 и 20 век (2+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 11. | Француски театар 19 и 20 век (2+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 12. | Француска книжевност 4 (2+2), летен семестар 2007/08 | 2,4 |
| 13 | Француска книжевност на среден век и ренесанса (2+2), зимски семестар 2008/09 | 2,4 |
| 14. | Автобиографијата во француската литература (2+0), зимски семестар 2008/09 | 1,2 |
| 15 | Француски културолошки студии 3 (2+0), зимски семестар 2008/09 | 1,2 |
| 16 | Француска поезија 19 и 20 век (0+2), летен семестар 2008/09 | 1,2 |
| 17 | Француски културолошки студии 4 (2+0), летен семестар 2008/09 | 1,2 |
| 18 | Француска цивилизација 2 (3+0), летен семестар 2008/09 | 1,8 |
| 19 | Франкофонски литератури (2+0), летен семестар 2008/09 | 1,2 |
| 20 | Француска книжевност на среден век и ренесанса (2+2), зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 21 | Француски културолошки студии 3 (2+0), зимски семестар 2009/10 | 1,2 |
| 22 | Автобиографијата во француската литература (2+0), зимски семестар 2009/10 | 1,2 |
| 23 | Француска поезија 19 и 20 век (0+2), летен семестар 2009/10 | 1,2 |
| 24 | Француски културолошки студии 4 (2+0), летен семестар 2009/10 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Француска цивилизација 2 (3+0), летен семестар 2009/10 | 1,8 |
| 26 | Франкофонски литератури (2+0), летен семестар 2009/10 | 1,2 |
| 27 | Француска книжевност на среден век и ренесанса (2+2), зимски семестар 2010/11 | 2,4 |
| 28 | Преглед на француска книжевност: историја и периодизација (2+2), зимски семестар 2010/11 | 2,4 |
| 29 | Преглед на француска книжевност (3+1), зимски семестар 2006/07, Педагошки факултет - Битола | 2,4 |
| 30 | Модерна француска книжевност (3+1), летен семестар, 2006/07, Педагошки факултет - Битола | 2,4 |
| 31 | Преглед на француска книжевност (3+1), зимски семестар 2007/08, Педагошки факултет Битола | 2,4 |
| 32 | Модерна француска книжевност (3+1), летен семестар, 2007/08, Педагошки факултет - Битола | 2,4 |
| 33 | Преглед на француска книжевност (3+1), зимски семестар 2008/09, Педагошки факултет - Битола | 2,4 |
| 34 | Модерна француска книжевност (3+1), летен семестар, 2008/09, Педагошки факултет Битола | 2,4 |
| | **Настава во летни школи и работилници** | |
| 35 | Јуни 2006 год. - учество на семинарот *Наставата по литература во денешни услови* (Comment enseigner la littérature aujourd'hui), во организација на Франкофонската универзитетска агенција (AUF), Велико Трново, Бугарија. | 1 |
| 36 | Јуни 2007 год. – учество на Летниот универзитет во Лион (Франција), насловен како *Actualités du concept de l'espace (philosophie, arts, sciences humaines) - (Актуелностите на концептот на просторот – филозофија, уметности, општествени науки),* во организација на OFFRES – Organisation francophone de formation et de recherche en sciences humaines (Франкофонска организација за остручување и истражување во општествените науки). Раководител на работилницата *Le langage et l'espace (Јазикот и просторот).* | 1 |
| 37 | Септември 2007 год. – учество на Првиот семинар за универзитетска дидактика за француски како странски јазик, во организација на Француската амбасада во Македонија и Катедрата за француски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески". | 1 |
| 38 | Септември 2008 год. - учество на Вториот семинар за универзитетска дидактика за француски како странски јазик, во организација на Француската амбасада во Македонија и Катедрата за француски јазик и книжевност при Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" | 1 |
| 39 | Март 2008 - раководител на Работилницата за креативно пишување на француски јазик во организација на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" и Францускиот културен центар од Скопје. | 1 |
| 40 | Септември 2008 год. – учество на Семинарот за професионално усовршување: „Методолошките приоди на литературниот текст", во организација на CREFECO (Centre régional francophone pour | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5336. | |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 9 | „Литературниот влог во преведувачката умешност", во *Преведувањето од француски на македонски јазик и обратно* (зборник на трудови од симпозиумот одржан на 26.09.2005 год.) – Филолошки факултет „Блаже Конески", Катедра за романски јазици и книжевности, 2007, стр. 113-120. | 2 |
| 10 | "Мотивот за смртта на Крали Марко во *Ориенталните новели* на Маргерит Јурсенар". во XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 28 и 29 август – литература) – Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, 2007, стр. 213-221. | 2 |
| 11 | „Во обиколка на сопствениот затвор – духовната одисеја на јунаците на Маргерит Јурсенар", во *Одисеи за Одисеја* (Зборник на трудови), прир. Весна Томовска и Владимир Мартиновски, Скопје, Друштво на класични филолози „Антика" и Друштво за компаративна книжевност на Македонија, 2010, стр.109-116. | 2 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 12 | Октомври 2006 год. – учесник на семинарот *Текст и Коментар* (Le texte et le Commentaire) со излагање на тема : „Иконичниот коментар во *Роланд Барт од Ролан Барт* (Le commentaire iconique dans *Roland Barthes par Roland Barthes*)" во организација на Франкофонската организација за остручување и истражување во областа на општествените науки (OFFRES), Дубровник, Хрватска. | 2 |
| 13 | Јуни 2007 год. - учесник на Летниот универзитет насловен како *Actualités du concept de l'espace (philosophie, arts, sciences humaines) - (Актуелностите на концептот на просторот – филозофија, уметности, општествени науки)* со излагање на тема *Espace littéraire/espace autobiographique: essai de definition (Литературен простор/автобиографски простор: обид за дефинирање,* во организација на Франкофонската организација за остручување и истражување во областа на општествените науки (OFFRES), Лион, Франција. | 2 |
| 14 | Октомври 2010 - учество на меѓународниот симпозиум „Поетика на просторот во делото на Маргерит Јурсенар", со излагање на тема „Маргерит Јурсенар: од поетика на трагата до поетика на просторот", Клуж, Романија. | 2 |
| | **Одржано предавање по покана** | |
| 15 | Мај 2007 - одржува предавање на тема: L'autofiction – "une autobigraphie rebelle" (Автофикција – една "одметничка автобиографија") во Францускиот културен центар во Скопје | 1 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 16 | Август 2006 год. - учество на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, со реферат на тема: „Мотивот на смртта на Крали Марко во *Ориенталните новели* на Маргерит Јурсенар", Охрид, Македонија. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Јуни 2009 - учество на Втората научна работилница *Одисеи (митски, уметнички, преведувачки)*, во организација на Друштвото на класични филолози „Антика", Друштвото за компаративна книжевност на Македонија, Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет и Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", со излагање на тема *„Во обиколка на сопствениот затвор" – духовната Одисеја на јунаците на Маргерит Јурсенар*, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје. | 1 |
| 18 | Ноември 2010 год. - учесник на симпозиумот „Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи", во организација на Здружението на професори по француски јазик и Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", со реферат на тема „Изучување на француската и франкофонската литература: од културен палимпсест до инспиративен модел", Филолошки факултет, Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | 44 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област** | |
| 1 | Автор на превод на книга од стручна област-современа франкофонска поезија (збирка): Сарус, Усман Сар. *Ритамот на брановите*. Превод од француски и поговор „Поезија на необични средби на зборови": Е. Поповска – Струга: Струшки вечери на поезијата, 2009. | 8 |
| 2 | Автор на превод на книга од стручна област-современа француска литература (роман): Жид, Андре. *Подрумите на Ватикан*. превод од француски: Е. Поповска, Скопје, Магор, 2010. | 8 |
| 3 | Коавтор на превод на книга од стручна област-француска поезија (збирка): Сјон. *Астрономија на гладниот*. Превод од француски и поговор "Визиите на Сјон": Е. Поповска. Превод од германски јазик: З. Симовска Едиција Плејади. – Струга: Струшки вечери на поезијата, 2007. | 7 |
| | **Поглавје во книга** | |
| 4 | Автор: „Автофикција", во *Поимник на книжевната теорија* (прир. Ката Кулафкова), Скопје, Македонска академија на науките и уметностите, 2007, стр. 11-14. | 3 |
| 5 | Коавтор: Риха, Јелица. „По повод одлуката кај А. Бадју или дали може да се биде атеист". Превод од француски: Е. Поповска, во: *Идентитети* (списание за политика, род и култура). – Скопје: 2006 (I), 5, стр. 39-58. | 2 |
| 6 | Коавтор: Риха, Радо. „Поделеноста на субјектот според Свети Павле". Превод од француски: Е. Поповска, во: *Идентитети* (списание за политика, род и култура). – Скопје: 2006 (I), 5, стр. 59-72. | 2 |
| 7 | Коавтор: Кастањеда, Аријана; Рос, Хозе Мартинез и Аранда, Вероника. Избор песни. Превод од француски: Е. Поповска, во: *Мостови* (избор поезија од поетите-дебитанти, кандидати за наградата „Мостови на Струга"). – Струга: Струшки вечери на поезијата, 2006, стр. 49-57, 79-81. | 2 |
| | **Учество во работата на комисии за натпревари** | |
| 8 | Член на жирито на републичкиот натпревар по писмен состав на француски јазик во организација на Здружението на професори по француски јазик на Република Македонија, 2010. | 1 |
| | **Учество во промотивни активности** | |
| 9 | Август 2009 год. - учество на Меѓународниот поетски фестивал *Струшки вечери на поезијата* во својство на промотор на ликот и делото на Усман Сар Сарус, добитник на наградата на УНЕСКО „Мостови на Струга" за најдобра дебитантска книга на светот, Струга. | 0,5 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Член на организациониот одбор на Научниот собир на тема „Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перпективи", Филолошки факултет-Скопје, 2010. | 0,5 |
| | **Награда од струкова организација** | |
| 11 | 2008 год. - одликувана со орденот „Витез од редот на академските палми" од страна на Република Франција | 3 |
| 12 | 2008 год. - одликувана со почесна плакета од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р. Македонија | 3 |
| 13 | 2010 год. - наградата „Божидар Настев" за најдобар превод од оригинал (од француски јазик) на македонски јазик на романот *Подрумите на Ватикан* од Андре Жид | 3 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 14 | Член на факултетска комисија за попис на библиотечен фонд (x2) | 1 |
| 15 | Член на факултетска комисија за попис на основни средства | 0,5 |
| 16 | Член на факултетска комисија за доделување на наградата „Блаже Конески" | 0,5 |
| 17 | Член на факултетска комисија за евалуација на студиските програми по француски јазик и книжевност | 0,5 |
| 18 | Член на Меѓународното друштво за проучување на делото на М. Јурсенар (*Société Internationale des Études Yourcenariennes - SIEY*) | 1 |
| 19 | Член на истражувачката екипа „Генеза и автобиографија" при Националниот центар за научни истражувања на Франција ("Genèse et Autobiographie" - ITEM/CNRS) | 1 |
| 20 | Член на OFFRES – Organisation francophone de formation et de recherche en sciences humaines (Франкофонска организација за остручување и истражување во општествените науки) | 1 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 48,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 89,196 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 44 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 48,5 |
| **Вкупно** | 181,696 |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. Луан Старова, редовен професор, претседател, с.р.

2. Д-р Лилјана Тодорова, редовен професор, член,с.р

3. Д-р Илинка Митрева, редовен професор, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СЕМЕЈНО ПРАВО, СОЦИЈАЛНО ПРАВО, УПРАВНО ПРАВО, СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЈАВНА УПРАВА И ТРУДОВО ПРАВО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во „Дневник" на 8.10.2010 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): семејно право, социјално право, управно право, системи на социјална заштита, јавна управа и трудово право, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 17.11.2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Димитар Трајковски, проф. д-р Мариа Доневска и проф. д-р Јован Пејковски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Наташа Богоевска, асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Д-р Наташа Богоевска е родена во Битола, на 11.4.1979 година. Основно и средно гимназиско образование завршила во Ресен со континуиран одличен успех. Во учебната 1997/98 година се запишала на студии на Правниот факултет во Скопје. Дипломирала во 2001 година како еден од тројцата најдобри студенти во својата класа, со просечен успех 9,54. Во учебната 2002/03 година се запишала на постдипломски студии од областа на политичко-правните науки, насока управно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Во јули 2006 преку јавна одбрана на магистерскиот труд „Реформата на јавниот сектор и нејзините импликации врз одржливиот човеков развој" се стекна со звањето магистер на правни науки. На 4.10.2010 година, Богоевска успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов: „Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики" при Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје и се здоби со научен степен доктор на правни науки.

Во јуни 2003 година д-р Богоевска е вработена како помлад асистент на Институтот за социјална работата и социјална политика, Филозофски факултет – Скопје, а на 10.1.2007 година е избрана за асистент во научните области: семејно право, управно право, социјално право и системи на социјална заштита. Од 2005 до 2008 година ја

вршела должноста секретар на постдипломските студии на Институтот за социјална работа и социјална политика.

Д-р Богоевска има учествувано на голем број домашни и меѓународни конференции, работилници и неформални обуки за збогатување на стручното и професионално знаење. Започнувајќи од 2003 година, активно е вклучена во реализацијата на низа истражувачки и апликативни проекти организирани и финансиски поддржани од УНИЦЕФ, Светската банка, Министерството за труд и социјална политика, Фондацијата Институт отворено општество-Македонија, Хелсиншкиот комитет, Институтот Лудвинг Боцман и Институтот Евро-Балкан. Кандидатката Богоевска има значително научно-библиографско досие, кое вклучува публикации објавени во земјата и во странство.

**2. Наставно-образовна дејност**

Во изминатиот период, д-р Наташа Богоевска многу успешно ги изведуваше вежбите од I циклус студии со студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика, по предметите: семејно право, управно право и управна постапка, социјално право, локална самоуправа, детска заштита и јавна администрација. Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Богоевска земала учество во бројни комисии за оцена и одбрана на дипломски работи и одржала голем број консултации со студентите. Во рамките на наставно-научната дејност, д-р Богоевска подготвила пакет материјали за предметот јавна администрација.

Паралелно со наставната работа со студентите, д-р Наташа Богоевска има учествувано на повеќе работилници, од кои позначајни се:

- работилница: *Обука за обучувачи за превенција од насилство*, 3-5.11.2009 Светска здравствена организација, Регионална канцеларија за Европа, Скопје;
- работилница: *Хармонизација на домашната легислатива со Европската Конвенција за правата на детето*, ноември 2009, Правен факултет „Јустинијан Први" и УНИЦЕФ;
- обука: *Психосоцијална поддршка на жртвите на трговија со луѓе во Македонија*, април 2006, УНИЦЕФ, Скопје;
- работилница: *Малолетничка правда*, март 2004, УНИЦЕФ, Скопје;
- работилница: (Обука за обучувачи) *Интервентни програми за поддршка на самохрани родители во превенција од социјална исклученост на членови од нивните семејства*, февруари 2003, ФАРЕ, Охрид.

Д-р Богоевска била раководител на работилница во рамките на Летната школа за човекови права организирана од Хелсиншкиот комитет, во јуни 2008 во Охрид.

**3. Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Наташа Богоевска, како што може да се види од приложената биографија, има остварено импозантна научно-истражувачка дејност. Таа се јавува како учесник во голем број проекти

со истражувачки и апликативен карактер, фокусирајќи се на правните аспекти на проучуваните појави од областа на социјалната работа и социјалната политика. Како правник по вокација, д-р Богоевска беше насочена кон проучување на нови научни подрачја, што заслужува посебно признание. При тоа нејзината активност, освен кон теоретски, беше насочена и кон апликативни димензии на социјална работа.

Докторскиот труд „Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики“ претставува самостоен научен и стручен труд во кој кандидатката пристапува продлабочено, темелно и критички кон анализата на комплексното прашање кое е предмет на истражување. Теоретската рамка на истражувањето ги следи актуелните трендови во науката за управата, а применетата методолошка рамка обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот. Користењето на обемна домашна и странска литература овозможува можност за продлабочени аналитички, полемички и компаративно критички читања на стручната литература, со што трудот содржински се збогатува и добива на значење. Кандидатката со изготвениот труд демонстрира способност за примена на научни методи во истражувањето на поставениот проблем, интерпретација на податоците, концептуална и теоретска работа и изведување на заклучоци. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја потврдува неговата научна валидност и вредност.

Научно-библиографското досие на д-р Богоевска вклучува дванаесет труда објавени во земјата и во странство:

- дел од монографија објавен во странство: Bogoevska, N., Jovanovska, B., (2010), "Reform of the social protection system in the Republic of Macedonia", 2010, In: Georgeta Rata and Maria Palicica (ed.) "*Social sciences today: between theory and practice*", London: Cambridge Scholar Publishing, pp. 26-35;

- монографија: Богоевска, Н., Трајкова-Стаменкова, В., Трбојевиќ, С. (2007), *Студија за трговија со деца во Република Македонија*, Скопје: УНИЦЕФ;

- дел од монографија: Богоевска, Н., Доневска, М., Димитријоска, С., Котевска, М. (2004), *Емпириска анализа на децата во состојба на ризик и евалуација на постојните заштитни фактори*, Скопје: УНИЦЕФ;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2009), „Антидискриминирачката политика и правото на еднаков третман во европското и македонското законодавство", во: *Ревија за социјална политика бр.3, година 2*, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“, стр. 203-216;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2006), „Сервисите од општ интерес: клучен елемент на европскиот модел на општество", во: Годишен зборник книга 59, Скопје: Филозофски факултет, стр. 595-609;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2006), „Кон европеизација на административните системи и создавање на европски административен

простор: конвергенција или диверзитет?" во *Зборник на трудови*, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, стр. 318-328;

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2004), „Стандардите на европскиот административен простор: услов за членство во Европската унија", во Годишен зборник книга 57, *Скопје:* Филозофски факултет, стр. 545-559;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Bogoevska, N., Plastinovski, J. (2010), "E-government development: The case of of Macedonia", Proceedings from the *10th European Conference on eGovernment,* Limerick: National Centre for Taxation Studies and University of Limerick, Ireland, pp. 71-78;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Bogoevska, N., Trbojevik, S. (2010), "Administrative reforms in the Republic of Macedonia in the context of the European integration" Proceedings from the International conference "*South East Europe Student Research*", Prishtina: Univerzum Institute for Economic and Social Studies and Friedrich Ebert Stiftung – Prishtina;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Богоевска, Н., Николовска-Жагар, Б. (2008), „Статусот на вработените во центрите за социјална работа во Република Македонија: државни службеници или не?", во: Зборник на трудови од меѓународната конференција *Современите предизвици во теоријата и практиката на социјалната работа и социјалната политика,* Борнарова (ур.), Скопје: Филозофски факултет, стр. 105-116;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Bogoevska, N., Trbojevik, S. (2007), „Професионална и етичка правила и принципи у раду помагачких професија у заштити жртава породичног насиља: Пример Македоније", во: Зборник на трудови од научно-стручниот собир "*Породично насиље, емпатија и професионализам помагача*", Нишка бања, Србија: Асоцијација центара за социјални рад Србија, стр: 35-48;

- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Богоевска, Н. (2005), „Правна и институционална рамка за социјална инклузија на деца во Република Македонија", во: зборник на трудови *Социјална инклузија на деца и млади,* Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и Институт за социјална работа и социјална политика - Филозофски факултет-Скопје. стр. 63-70.

Кандидатката д-р Богоевска учествувала на поголем број научно-стручни собири, а како позначајни се издвојуваат:

- учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Јовановска, Б., (2010), „Реформите во системот на социјална заштита во Република Македонија", презентиран на симпозиумот *Општествени и хуманистички науки: помеѓу теоријата и праксата,* Оддел за општествени и хуманистички науки на БАНАТ универзитетот, Тимошвара, Романија;

- учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н. (2009), „Процесите на децентрализација, плурализација и

деинституционализација на социјалната заштита во Република Македонија“, презентиран на регионални средби на тема: *Социјалнаӣа заштиӣа на раскрсница: локални одӣовори на ӣлобалнаӣа криза*, Асоцијација на центри за социјална работа, Ниш;

- учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Трајков,И. и др. (2008), „Истражување за трговија со луѓе во Република Македонија - состојби и перспективи”, презентиран на научниот собир *Емӣириски исӣражувања во ӣсихолоӣијаӣа*, Филозофски факултет-Белград;

- учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Арнаудова, С.,и др.(2008), „Проценка на адекватноста на одговорот на обезбедувачите на услуги во социјалната заштита на насилството врз деца во Република Македонија”, презентиран на научно-стручниот собир *Насилсӣво над децаӣа и меѓу децаӣа*, Филозофски факултет, Осиек;

- учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Арнаудова, С., Трбојевиќ, С. (2008), „Заштита на децата без родители и родителска грижа во Република Македонија”, презентиран на научно-стручниот собир *Деӣе, семејсӣво-алӣернаӣивно семејсӣво*, Ниш;

- учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Трајков,И. и др. (2007), „Институционална проценка на респонзивноста на сервисите провајдери на услуги за децата-жртви на насилство”, презентиран на 12-ти Октомвриски средби во социјалната заштита на тема *Семејно насилсӣво, емӣаӣија и ӣомаӣаӣелни ӣрофесии*, Нишка Бања.

Д-р Богоевска е активно вклучена во реализација на голем број проекти од национален и меѓународен карактер. Како позначајни се истакнуваат:

- учесник во национален научен проект: *Техничка ӣомош за ценӣриӣе за социјална рабоӣа во рабоӣаӣа со деца ӣод ризик и деца во конфликӣ со законоӣ* (2010-2011), УНИЦЕФ;

- учесник во национален научен проект: *Базична сӣудија за сиромашӣија и социјална исклученосӣ: локални социјални ӣроблеми и ӣоӣреби* (2010), Институт за човекови права"Ludwig Boeman“;

- учесник во национален научен проект: *Анализа на ӣричиниӣе за осиӣ од редовниӣе образовни ӣроцеси на децаӣа Роми* (2010), Институт отворено општество – Македонија;

- учесник во национален научен проект: *Индекс на социјална инклузија на локално ниво: Создавање на инсӣрუменӣ за ӣроценка на еднаквосӣа на ӣрисӣаӣоӣ и ӣравичнаӣа расӣределба на локалниӣе услуӣи* (2010), Институт „Евро-Балкан”;

- учесник во национален научен проект: *Обука на оӣшӣинскиӣе субјекӣи за ӣреӣознавање на социјалниӣе ӣроблеми и конӣакӣ со заедницiӣе на локално ниво, Проекӣ за развој на оӣшӣиниӣе* (2005), Светска банка и Министерство за финансии;

- учесник во национален научен проект: *Проценка на инсӣиӣуционалнаӣаресӣонзивносӣ на сервисиӣе-обезбедувачи на услуӣи на децаӣа жрӣви на насилсӣво во Реӣублика Македонија* (2005), УНИЦЕФ;

- учесник во меѓународен научен проект: *Диверзиӣеӣ, еднаквосӣ и солидарносӣ-кон зајакнување на ӣолиӣикиӣе за социјална кохезија,*

*Проект на Австрија, Словенија, Косово и Македонија како земји-партнери* (2010-2011), Факултет за социјална работа, Австрија и Универзитет во Љубљана, Словенија.

**4. Стручно-апликативна дејност**

Кандидатката д-р Наташа Богоевска реализирала значајни активности од областа на стручно-апликативната дејност. Таа била учесник во тимот за евалуација на резултатите од Проектот за развој на општините, финансиран од Светска банка, Фонд за социјални инвестиции реализиран во Скопје, 2005 година. Богоевска е член на Управниот одбор на ИПА-проектот за правда на децата, финансиран од Европската унија и кофинансиран и имплементиран од УНИЦЕФ, од ноември 2010. Во периодот 2009-2010 година била ангажирана како консултат во изработката на Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 од страна на Министерството за труд и социјална политика и се јавува како коавтор на текстот на програмата.

Богоевска, исто така, е вклучена во промотивни активности на Факултетот, како уредник (заедно со Трбоевиќ) на брошура по повод 50 години образование на Институтот за социјална работа и социјална политика. Таа била член на организационен и програмски одбор на меѓународен/стручен собир: меѓународна конференција „Современите предизвици во теоријата и праксата на социјалната политика и социјалната работа", одржана во 2007 година, во организација на Институтот за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија констатираат дека кандидатката д-р Наташа Богоевска, асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика, постигнала значителни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Исто така констатираат дека се работи за личност која е во постојан научноистражувачки подем за што потврда се бројните домашни и меѓународни ангажмани во кои кандидатката на мошне успешен начин ги поврзува теоретските и апликативните знаења и дава личен придонес во градењето на системите и политиките од нејзините стручни области.

Нејзиниот однос кон студентите, начинот на соработка со соработниците и наставниците заслужува посебно внимание и пофалба.

Во согласност со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), д-р Богоевска по сите основи има остварено вкупно 175,3 поени (прикажано во Анексот) и со тоа го надминала минималниот број (40) поени потребни за избор во звањето доцент.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Наташа Богоевска да биде избрана во звањето доцент по научните области и предмети: семејно право, социјално право, управно право, системи на социјална заштита, јавна управа и трудово право.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д- р Димитар Трајковски, с.р.
2. Проф. д-р Мариа Доневска, с.р.
3. Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **д-р Наташа Александар Богоевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филозофски факултет/Институт за социјална работа и социјална политика**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **семејно право, социјално право, управно право, системи на социјална заштита, јавна управа и трудово право**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на вежби од прв циклус студии | |
| 1. | Семејно право и семејни односи (2+3), зимски семестар 2003/2004 | 5,4 |
| 2. | Детска заштита (2+1), зимски семестар 2003/2004 | 0,45 |
| 3. | Семејно право и семејни односи (2+3), летен семестар 2003/2004 | 5,4 |
| 4. | Детска заштита (2+1), летен семестар 2003/2004 | 0,45 |
| 5. | Семејно право и семејни односи (2+3), зимски семестар 2004/2005 | 5,4 |
| 6. | Детска заштита (2+1), зимски семестар 2004/2005 | 0,45 |
| 7. | Семејно право и семејни односи (2+3), летен семестар 2004/2005 | 5,4 |
| 8. | Детска заштита (2+1), летен семестар 2004/2005 | 0,45 |
| 9. | Семејно право (3+2), зимски семестар 2005/2006 | 2,7 |
| 10. | Детска заштита (2+1), зимски семестар 2005/2006 | 0,9 |
| 11. | Социјално право (4+1), летен семестар 2005/2006 | 1,35 |
| 12. | Детска заштита (2+1), летен семестар 2005/2006 | 0,9 |
| 13. | Семејно право (3+2), зимски семестар 2006/2007 | 2,7 |
| 14. | Управно право и управна постапка (3+2), зимски семестар 2006/2007 | 1,8 |
| 15. | Управно право и управна постапка (3+1), зимски семестар 2006/2007 | 0,45 |
| 16. | Детска заштита (2+1), зимски семестар 2006/2007 | 0,9 |
| 17. | Социјално право (4+1), летен семестар 2006/2007 | 1,8 |
| 18. | Локална самоуправа (3+1), летен семестар 2006/2007 | 1,35 |
| 19. | Детска заштита (2+1), летен семестар 2006/2007 | 0,9 |
| 20. | Семејно право (3+2), зимски семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 21. | Управно право и управна постапка (3+2), зимски семестар 2007/2008 | 1,8 |
| 22. | Управно право и управна постапка (3+1), зимски семестар 2007/2008 | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Јавна администрација (0+1), зимски семестар 2007/2008 | 0,45 |
| 24. | Детска заштита (3+2), зимски семестар 2007/2008 | 2,7 |
| 25. | Социјално право (4+1), летен семестар 2007/2008 | 1,8 |
| 26. | Локална самоуправа (3+1), летен семестар 2007/2008 | 1,35 |
| 27. | Семејно право (3+2), зимски семестар 2009/2010 | 2,7 |
| 28. | Управно право и управна постапка (3+2), зимски семестар 2009/2010 | 1,8 |
| 29. | Управно право и управна постапка (3+1), зимски семестар 2009/2010 | 0,45 |
| 30. | Јавна администрација (0+1), зимски семестар 2009/2010 | 0,9 |
| 31. | Социјално право (4+1), летен семестар 2009/2010 | 1,35 |
| 32. | Локална самоуправа (3+1), летен семестар 2009/2010 | 1,35 |
| 33. | Меѓународно трудово право (3+1), летен семестар 2009/2010 | 0,45 |
| 34. | Раководител на работилница: Школа за човекови права, Хелсиншки комитет, Охрид, јуни 2008. | 1,5 |
| 35. | Учесник на работилница: Обука за обучувачи за превенција од насилство, Светска здравствена организација, Регионална канцеларија за Европа, Скопје, 3-5.11.2009. | 1 |
| 36. | Учесник на работилница: Хармонизација на домашната легислатива со Европската конвенција за правата на детето, Правен факултет „Јустинијан Први" и УНИЦЕФ, ноември 2009. | 1 |
| 37. | Учесник на работилница: Психосоцијална поддршка на жртвите на трговија со луѓе во Македонија, Институт за социјална работа и социјална политика и УНИЦЕФ, Скопје, април 2006. | 1 |
| 38. | Учесник на работилница: Малолетничка правда, УНИЦЕФ, Скопје, март 2004. | 1 |
| 39. | Учесник на работилница: (Обука за обучувачи) Интервентни програми за поддршка на самохрани родители во превенција од социјална исклученост на членови од нивните семејства, ФАРЕ, Охрид, февруари 2003. | 1 |
| 40. | Консултации со студенти, 2003-2004 (200 студенти) | 0,4 |
| 41. | Консултации со студенти, 2004-2005 (200 студенти) | 0,4 |
| 42. | Консултации со студенти, 2005-2006 (200 студенти) | 0,4 |
| 43. | Консултации со студенти, 2006-2007 (200 студенти) | 0,4 |
| 44. | Консултации со студенти, 2007-2008 (200 студенти) | 0,4 |
| 45. | Консултации со студенти, 2009-2010 (200 студенти) | 0,4 |
| 46. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (175) | 17,5 |
| 47. | Пакет материјали за одреден предмет (јавна администрација) | 1 |
| | **Вкупно** | 86,8 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
| --- | --- | --- |
| 1. | Одбранета докторска теза: „Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики“ (одбранета на 4.10.2010). | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа: „Реформата на јавниот сектор и неговите импликации врз одржливиот човеков развој“ (одбранета на 11.7.2006). | 4 |
| 3. | Учесник во национален научен проект: Техничка помош за центрите за социјална работа во работата со деца под ризик и деца во конфликт со законот (2010-2011), УНИЦЕФ. | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект: Базична студија за сиромаштија и социјална исклученост: локални социјални проблеми и потреби, Истражувачки проект (2010-тековен проект), Институт за човекови права „Лудвиг Боцман“. | 3 |
| 5. | Учесник во национален научен проект: Анализа на причините за осип од редовните образовни процеси на децата Роми (2010), Институт отворено општество – Македонија. | 3 |
| 6. | Учесник во национален научен проект: Индекс на социјална инклузија на локално ниво: Создавање на инструмент за проценка на еднаквоста на пристапот и правичната распределба на локалните услуги (2010-тековен проект), Институт „Евро-Балкан“. | 3 |
| 7. | Учесник во национален научен проект: Обука на општинските субјекти за препознавање на социјалните проблеми и контакт со заедниците на локално ниво“, Проект за развој на општините (2005), Светска банка и Министерство за финансии. | 3 |
| 8. | Учесник во национален научен проект: Проценка на институционалната респонзивност на сервисите-обезбедувачи на услуги на децата-жртви на насилство во Република Македонија (2005), УНИЦЕФ. | 3 |
| 9. | Учесник во меѓународен научен проект: Диверзитет, еднаквост и солидарност-кон зајакнување на политиките за социјална кохезија, Проект на Австрија, Словенија, Косово и Македонија како земји-партнери (2010-2011), Факултет за социјална работа, Австрија и Универзитет во Љубљана, Словенија. | 5 |
| 10. | Монографија: Богоевска, Н., Трајкова-Стаменкова, В., Трбојевиќ, С. (2007), *Студија за трговија со деца во Република Македонија*, Скопје: УНИЦЕФ. | 6,4 |
| 11. | Дел од монографија: Богоевска, Н., Доневска, М., Димитријоска, С., Котевска, М. (2004), „Емпириска анализа на децата во состојба на ризик и евалуација на постојните заштитни фактори“, Скопје: УНИЦЕФ. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Дел од монографија објавен во странство: Bogoevska, N., Jovanovska, B., (2010), "Reform of the social protection system in the Republic of Macedonia", 2010, In: Georgeta Rata and Maria Palicica (ed.) "Social sciences today: between theory and practice", London: Cambridge Scholar Publishing, pp. 26-35. | 6 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2009), „Антидискриминирачката политика и правото на еднаков третман во европското и македонското законодавство", во: Ревија за социјална политика бр.3, година 2, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт", стр. 203-216. | 4 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2006), „Сервисите од општ интерес: клучен елемент на европскиот модел на општество", во: Годишен зборник книга 59, Скопје: Филозофски факултет, стр. 595-609. | 4 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2006), „Кон европеизација на административните системи и создавање на европски административен простор: конвергенција или диверзитет?", во Зборник на трудови, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први"-Скопје, стр. 318-328. | 4 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Богоевска, Н. (2004), „Стандардите на европскиот административен простор: услов за членство во Европската унија", во: *Годишен зборник книга 57, Скопје:* Филозофски факултет, стр. 545-559. | 4 |
| 17. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Bogoevska, N., Plastinovski, J. (2010) "E-government development: The case of of Macedonia", Proceedings from the 10th European Conference on eGovernment, Limerick: National Centre for Taxation Studies and University of Limerick, Ireland, pp. 71-78. | 2,7 |
| 18. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Bogoevska, N., Trbojevik, S. (2010) "Administrative reforms in the Republic of Macedonia in the context of the European integration" Proceedings from the International conference "South East Europe Student Research", Prishtina: Univerzum Institute for Economic and Social Studies and Friedrich Ebert Stiftung – Prishtina. | 1,8 |
| 19. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Богоевска, Н., Николовска-Жагар, Б. (2008), „Статусот на вработените во центрите за социјална работа во Република Македонија: државни службеници или не?", во: Зборник на трудови од меѓународната конференција „Современите предизвици во теоријата и практиката на социјалната работа и социјалната политика", Борнарова (ур.) Скопје: Филозофски факултет, стр. 105-116 . | |
| 20. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Bogoevska, N., Trbojevik, S. (2007) "Професионална и етичка правила и принципи у раду помагачких професија у заштити жртава породичног насиља: Пример Македоније", во: Зборник на трудови од научно-стручниот собир "Породично насиље, емпатија и професионализам помагача", Нишка Бања, Србија: Асоцијација центара за социјални рад Србија, стр: 35-48 . | 1,8 |
| 21. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Богоевска, Н. (2005), „Правна и институционална рамка за социјална инклузија на деца во Република Македонија" во зборник на трудови "Социјална инклузија на деца и млади", Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и Институт за социјална работа и социјална политика - Филозофски факултет-Скопје. стр. 63-70. | 2 |
| 22. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Јовановска, Б., (2010), „Реформите во системот на социјална заштита во Република Македонија", презентиран на симпозиумот *Општествени и хуманистички науки: помеѓу теоријата и праксата,* Оддел за општествени и хуманистички науки на БАНАТ универзитетот, Тимошвара, Романија. | 0,9 |
| 23. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Трајков,И. и др. (2008), „Истражување за трговија со луѓе во Република Македонија - состојби и перспективи", презентиран на научниот собир „Емпириски истражувања во психологијата" Филозофски факултет-Белград. | 0,6 |
| 24. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Арнаудова, С., и др. (2008), „Проценка на адекватноста на одговорот на обезбедувачите на услуги во социјалната заштита на насилството врз деца во Република Македонија", презентиран на научно-стручниот собир „Насилство над децата и меѓу децата", Филозофски факултет, Осиек. | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 25. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Арнаудова, С.,Трбојевиќ, С. (2008), „Заштита на децата без родители и родителска грижа во Република Македонија", презентиран на научно-стручниот собир „Дете, семејство-алтернативно семејство" Ниш, Србија. | 0,8 |
| 26. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Богоевска, Н., Трајков, И. и др. (2007), „Институционална проценка на респонзивноста на сервисите провајдери на услуги за децата-жртви на насилство", презентиран на 12-ти Октомвриски средби во социјалната заштита на тема „Семејно насилство, емпатија и помагателни професии", Нишка Бања, Србија. | 0,6 |
| | **Вкупно** | 81 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, Придонесот и бенефициите од проектот за развој на општините, Светска банка: Фонд за социјални инвестиции, Скопје, 2005 | 1 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот: Brochure for the 50th anniversary of the Institute od social work and social policy, (editors: Bogoevska, Trbojevik) 2007, Skopje: Faculty of philosophy | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: меѓународна конференција „Современи предизвици во теоријата и праксата на социјалната работа и социјалната политика, септември 2007, Институт за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет, Скопје. | 1 |
| 2. | Член на управен одбор на ИПА-проектот за правда на децата, финансиран од Европската унија и кофинансиран и имплементиран од УНИЦЕФ, од ноември 2010. | 2 |
| 3. | Учество во изработка на национална програма од одредена област: Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2009-2010 | 3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 86,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 81 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7,5 |
| **Вкупно** | 175,3 |

**Членови на Комисијата**

1. Димитар Трајковски, претседател, с.р.

2. Мариа Доневска, член, с.р.

3. Јован Пејковски, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

***МЕТОДИТЕ И ТЕХНИКИТЕ ЗА СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,***

**ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р СТОЈАН ДЕБАРЛИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование, член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 02-2301/2 од 7.10.2010 година, на седницата одржана на 24.9.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: ***МЕТОДИТЕ И ТЕХНИКИТЕ ЗА СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,*** поднесена од кандидатот м-р Стојан Дебарлиев. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација содржи вкупно 310 страници само текст, 14 страници користена литература (271 библиографска единица), 15 страници вовед и 29 страници прилози или вкупно 368 страници. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структурирана во шест глави, логично систематизирани, и тоа:

**Вовед** (од стр. I до VI)

**Глава 1** Карактерот на стратегиското планирање (од стр. 1 до 43)

**Глава 2** Стратегиското планирање и ефективноста во работењето во претпријатијата (од стр. 44 до 74)

**Глава 3** Стратегиското планирање услов за врвни перформанси во претпријатијата (од стр. 75 до 118)

**Глава 4** Методи и техники за ефективно стратегиско планирање (од стр. 119 до 229)

**Глава 5** Изработка на ефективен стратегиски план (од стр. 230 до 258)

**Глава 6** Стратегиското планирање и ефективноста во работењето во трговските друштва во Република Македонија (од страна 259 до 301)

**Заклучок** (од стр. 302 до 310)

**Литература** (од стр. 311 до 324)

**Прилози** (од стр. i до xxix)

Во воведниот дел се дефинирани актуелноста на истражувањето, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес, предметот, целта и задачите на истражувањето. ***Предмет на истражување*** на докторската дисертација претставуваат методите и техниките за стратегиско планирање за остварување на поголема ефективност во работењето во претпријатијата, како и факторите кои влијаат врз степенот на неговата примена и работењето во трговските друштва во Република Македонија. ***Целта на истражувањето*** на докторската дисертација е да се изврши теоретско и методолошко истражување на методите и техниките за стратегиско планирање и врз таа основа да се оцени степенот на примената на стратегиското планирање и неговото влијание врз ефективноста во работењето во трговските друштва во Република Македонија. За остварување на целта е спроведено емпириско истражување за факторите кои влијаат на степенот на примена на стратегиското планирање и влијанието на различните аспекти на стратегиското планирање врз ефективноста во работењето во трговските друштва во Република Македонија.

Во првата глава со наслов ***Карактерот на стратегиското планирање*** е истражувана суштината на стратегиското планирање, и врз таа основа кандидатот формира десет приоди на определување на природата на стратегиското планирање. Во овој контекст разграничени се односите помеѓу стратегиското планирање и стратегиското размислување, потоа односите помеѓу стратегиското планирање и деловното планирање, потоа односите помеѓу стратегиското планирање и долгорочното планирање, и односите помеѓу стратегиското планирање и стратегискиот менаџмент. Исто така, презентиран е развојот на стратегиското планирање од неговите почетни традиционални функции, па сè до денешните современи функции. За илустрација на местото и улогата на стратегиското планирање во поширокиот концепт на стратегискиот менаџмент, конципиран е интегриран модел на

стратегиски менаџмент врз основа на анализа на 8 различни модели. Посебно внимание во рамките на оваа глава е посветено на трите основни елементи кои ја одразуваат суштината на стратегиското планирање, и тоа: стратегијата, бизнис-моделите и конкурентските предности. При разработката на стратегијата претставени се модели преку кои се илустрира карактерот на стратегијата од аспект на: основните подрачја кои ја сочинуваат содржината на стратегијата, динамиката на деловната стратегија, "Triple bottom line" моделот на стратегиски менаџмент на одржлив развој и концептот на урамнотежени стратегии на едновремено управување со повеќе бизнис-модели. Суштината на бизнис-моделите се анализира преку трите важни аспекти на бизнис-трансакциите во претпријатијата, компонентите на бизнис-моделите, тестовите за оцена на бизнис-моделите, Du Pont - анализата за идентификување на еден бизнис-модел и интегралната шема за дизајн на бизнис-модели во претпријатијата. На крајот, се разработува стратегиското планирање и конкурентските предности преку осврт на факторите кои создаваат конкурентски предности, критериумите на одржливи конкурентски предности, моделот на создавање на одржливи конкурентски предности, заснован на ресурси и на знаење, и динамиката на конкурентските предности претставена преку моделот на еволуцијата на создавањето на нова основа на конкурентски предности (создаден во 2005 година) и моделот на обезбедување привремени конкурентски предности за остварување на одржливи конкурентски предности (создаден во 2008 гдоина).

Во втората глава со наслов ***Стратегиското планирање и ефективноста во работењето во претпријатијата,*** истражувањето се фокусира на придонесот на стратегиското планирање во унапредување на ефективноста во работењето на претпријатијата, како еден од најважните критериуми преку кој се изразува успешноста во работењето на претпријатијата. На почетокот се определува природата на ефективноста во работењето при што се разработуваат елементите на системот за мерење на перформансите од работењето, процесот на создавање на системот и мерењето на перформансите од работењето на претпријатијата. Како најкорисни мерки и пристапи се наведуваат: менаџмент заснован на активности, менаџмент заснован на вредности, стратегиска мапа, картички на урамнотежени резултати, методот на најдобра практика и менаџмент на односи со

потрошувачите. Потоа се елаборира ефективноста на стратегиското планирање како потреба за остварување на подобри перформанси во претпријатијата, при што се изведуваат неколку заклучни согледувања кои се однесуваат на следново: стратегиското планирање има релативно мал, но позитивен ефект на перформансите на претпријатието; и покрај тоа што поголемиот број на истражувања ја потврдуваат позитивната корелација, сепак честопати се појавува неконзистентност, па дури и контрадикторност; поновите истражувања покажуваат подобрени резултати за односот помеѓу стратегиското планирање и перформансите. Во рамките на факторската анализа за ефективно стратегиско планирање истражувани се бројните и разновидни фактори кои влијаат на стратегиското планирање, при што како позначајни се издвојуваат: временскиот хоризонт на стратегиското планирање, степенот на формализација, фреквенцијата на стратегиската контрола, употребата на методите и техниките за стратегиско планирање, соодветноста на информациони системи за поддршка на стратегиското планирање, партиципацијата на различните менаџмент-нивоа во процесот на стратегиско планирање, сеопфатноста на стратегиско планирање и др. За подобрување на ефективноста на стратегиското планирање се предлага водич кој содржи бројни начела, правила, совети и мерки. На крајот од оваа глава се укажува на потребата од стратегиското планирање во ефективното управување со стратегиските промени, како еден од главните предуслови за поуспешно приспособување на претпријатието во неговото окружување и остварување на подобри перформанси од работењето. Притоа, посебно внимание е посветено на различните пристапи кон стратегиските промени, карактеристиките на стратегиските промени, фазите во процесот на воведување на стратегиски промени, како и на методите и принципите за справување со неизвесноста во окружувањето на стратегиските промени.

Во третата глава со наслов ***Стратегиското планирање услов за врвни перформанси во претпријатијата*** се разработува начинот на функционирање на стратегиското планирање кој треба да произведе подобри перформанси во работењето во претпријатијата. На почетокот се истражуваат неколку приоди на стратегиски менаџмент и стратегиско планирање кои коинцидирале или коинцидираат со современите услови и трендови на функционирање на претпријатија како што се: I/O-приодот, приодот заснован

на ресурси, приодот заснован на знаење, приодот на урамнотежена стратегија, приодот на истовремено управување со повеќе бизнис-модели и приодот на одржлив развој. Од приодите зависи изборот на модел и процес на стратегиското планирање кој ќе се развие во едно претпријатие. За таа цел се претставени базичниот модел на стратегиско планирање, како и бројни алтернативни и дескриптивни модели на ефективно стратегиско планирање. Во продолжение е разработен претпланскиот процес на ефективното стратегиско планирање, при што се анализираат климата за промени како предуслов за успешно стратегиско планирање, како да се започне со стратегиското планирање, како да се провери спремноста на претпријатието за стратегиско планирање, кој треба да биде вклучен во стратегиското планирање со посебен осврт на учесниците на стратегиското планирање и улогата и одговорноста на учесниците во стратегиското планирање. На крајот се разработува процесот на стратегиско планирање, од чие систематско и логично спроведување зависи остварувањето на подобри перформанси во претпријатието. Поаѓајќи од голем број елаборирани модели за стратегиско планирање, преку нивна синтеза и интеграција конструиран е интегриран модел на стратегиско планирање, кој содржи осум фази: идентификување и дефинирање на вредностите, визијата и мисијата; стратегиска анализа на окружувањето; формулирање на стратегиски цели; избор и формулирање на корпоративна и бизнис-стратегија; формулирање на краткорочни цели; формулирање на функционални тактики; формулирање на политики, процедури и правила; воспоставување на мерки за мерење и оцена на успешноста на стратегијата.

Во четвртата глава со наслов ***Методи и техники за ефективно стратегиско планирање***, истражувањето се фокусира на важноста и придонесот на методите и техниките во унапредувањето на ефективноста на стратегиското планирање, како и анализа на односот помеѓу примената на методите и техниките за стратегиско планирање и организациските перформанси, односно унапредувањето на ефективноста во работењето на претпријатијата. Дел од резултатите во овие истражувања укажуваат дека композитниот индекс на стратегиско планирање, односно на примена на методите и техниките за стратегиско планирање за претпријатијата со високи перформанси изнесувал 3,99, додека за претпријатијата со ниски перформанси изнесувал 3,43. Статистичката анализа на добиените резултати покажала дека

претпријатијата со високи финансиски перформанси во своето работење со повисок степен на веројатност посветувале поголемо внимание на примена на методите и техниките за стратегиско планирање, за разлика од претпријатијата со послаби финансиски перформанси во своето работење. Исто така, истражувани се различните видови современи и модифицирани класични методи и техники за стратегиско планирање, спроведување на постапката на избор и формулирање на стратегија, како и начинот на избор на методи и техники за спроведување на ефективно стратегиско планирање. Од бројните методи и техники, најкомплетна и најсоодветена е матрицата која ги поврзува методите за стратегиска анализа и планирање помеѓу подрачјата на стратегиска анализа и фазите на стратегиското планирање, како и аналитичката рамка за формулирање на стратегија, претставена преку три фази на формулирање на стратегија. На крајот од оваа глава конструиран е модел на единствена и заокружена методолошко-апликативна рамка на методи и техники за ефективно стратегиско планирање според следниов редослед: *методи и техники за стратегиска анализа на екстерното окружување* (методи за стратегиска анализа на општото окружување: PEST/PESTLE/STEEPLE анализа, анализа на стеикхолдерите, анализа на движечките сили, сценарио-анализа; методи за стратегиска анализа на индустријата: моделот на девет сили, анализа на стратегиските групи, анализа на мрежата на вредности на индустријата и анализа на критичните фактори за успех; методи за стратегиска анализа на конкурентското окружување: анализа на конкурентите и анализа на сегментација на потрошувачите); *методи и техники за стратегиска анализа на интерното окружување* (анализа на ресурсите и способностите и анализа на синџирот на вредности); *методи и техники за избор и формулирање на стратегија* (SPACE-матрица, матрица на општи стратегии, SWOT-матрица за избор на општи стратегии, QSPM-матрица, BCG-матрица, матрица на атрактивност на индустријата, матрица на микс на пазарни сегменти/производен микс, матрица на конкурентски стратегиски опции и матрица на производ/пазар); и на крајот, *методи и техники за мерење и оцена на успешноста на стратегијата* (Balanced Scorecard методот).

Во петтата глава со наслов ***Изработка на ефективен стратегиски план,*** претставена е постапката за пишување на стратегискиот план, по фази и елементи од неговата структура. На почетокот е определена природата и

содржината на стратегискиот план која укажува на разновидноста на елементите кои можат да бидат дел од еден стратегиски план, потоа е истражувана ефективноста на стратегискиот план и неговата потреба во услови на динамично окружување во кое функционираат претпријатијата, како и причините за неефективност на стратегискиот план. Генерално, за истражувањата на односот помеѓу формалното стратегиско планирање (изработката на пишан стратегиски план) и ефективноста во работењето во претпријатијата може да се констатира дека тие односи создаваат различни резултати и сознанија кои се движат во интервал од: висока и позитивна корелација помеѓу испитуваните променливи; преку позитивна, но незначителна меѓусебна поврзаност; па дури и до истражувања кои укажуваат на дисфункционалност на формалното стратегиско планирање. Сепак, може де се воочи позитивна тенденција, а тоа е дека истражувањата со понов датум носат подобри резултати за ефективноста на формалното стратегиско планирање за разлика од истражувањата спроведени во пораните фази од развојот на формалното стратегиско планирање. Соодветно внимание во оваа глава се посветува и на подготовката и пишувањето на ефективниот стратегиски план. Притоа, најпрво се разработува методологијата за пишување на ефективен стратегиски план, која го опфаќа форматот на стратегискиот план и процесот на негова изработка, а потоа се објаснува степенот на деталност и временскиот хоризонт за кој треба да се дефинираат различните плански активности во рамките на стратегискиот план. На крајот од оваа глава се разработени постапката на одобрување на стратегискиот план и неговата дистрибуција и комуникација во и надвор од претпријатието, каде што се анализирани органите задолжени за изработка и одобрување на стратегискиот план, групите на стеикхолдери до кои треба да се дистрибуира стратегискиот план, интервалот на испорака на информациите на стеикхолдерите, а на крајот е даден пример на план на комуникација на стратегискиот план.

Шестата глава со наслов ***Стратегиското планирање и ефективноста во работењето во трговските друштва во Република Македонија*** посветена е на состојбата на стратегиското планирање во трговските друштва во Р. Македонија од аспект на неговата практична примена и значењето што тоа го има за ефективноста во работењето во трговските друштва. Најпрво е дефиниран радиусот и опфатот на

емпириското истражување, кое е поделено во две подрачја: *првото*, разработка на факторите кои влијаат на нивото на примена на стратегиско планирање во трговските друштва и *второто*, влијанието на различните димензии на стратегиското планирање врз ефективноста во работењето во трговските друштва. Во секое од двете подрачја на истражување се разработени хипотези за тестирање, методологија на истражување, анализа, резултати и констатации. На крајот од оваа глава се разработува потребата од примена на стратегиското планирање во трговските друштва и неговото значење за ефективноста во работењето, каде што се сумираат резултатите од двете подрачја на истражување во заеднички заклучоци, се наведуваат ограничувањата на истражувањето и се посочуваат подрачјата за идни истражувања. Во рамките на оваа глава, за оцена на примената и ефективноста на стратегиското планирање во трговските друштва во Република Македонија е спроведено емпириско истражување на 212 трговски друштва со различна големина, старост, форма на организација, типот на индустријата и сопственост на капиталот.

Интегрален дел на докторската дисертација претставува и ***заклучокот*** во кој се систематизирани најважните констатации кои произлегуваат од теориското, методолошкото и емпириското истражување на проблематиката на унапредување на ефективноста на работењето во претпријатијата од примената на стратегиско планирање.

Во делот на ***литературата*** се наведени 271 библиографска единица, од кои најголем број се од странски автори објавени по 2000 година, освен одредени капитални дела објавени пред тоа.

На крајот, делот на ***прилози*** содржи: список на анкетирани трговски друштва; анкетен прашалник; табели со кодирани и пресметани вредности за податоците од прашалникот; опис на кодираните вредности и начинот на пресметка на податоците од прашалникот.

## **Оцена на трудот**

Во сложено и комплексно мега-окружување претпријатијата се принудени да создаваат визија за своето работење, постојано да ја надградуваат својата мисија и да формулираат повисоки цели кои треба да бидат остварени. Во такво окружување, уникатните конкурентски способности и предности обезбедуваат опстанок. Само претпријатијата кои ќе остварат врвни

перформанси и остварување на целите на највисоко ниво можат да очекуваат позитивни резултати во своето работење. Правилниот избор на стратегија за позиционирање на претпријатието на пазарот е витален услов за успех. Затоа, процесот на создавање на победнички и ефективни стратегии претставува подрачје кое интензивно го привлекува научниот и практичниот интерес.

Основните причини за нагласената актуелност на ефективноста на стратегиското планирање лежат во фактот дека единствениот начин за создавање на победнички стратегии во мега-окружувањето е преку примена на систематски и методолошки пристап кон стратегиското планирање. Развојот на методите и техниките за стратегиско планирање го одредуваат квалитетот на стратегиското планирање, а со тоа и успешноста на избраната стратегија и остварените резултати. Тие претставуваат подрачје кое постојано се развива и модифицира во согласност со промените во окружувањето во кое функционираат претпријатијата. Постојано се создаваат нови методи и техники или, пак, се модифицираат постојните кон новите услови во окружувањето. Денес е важно добро да се познаваат методите и техниките за да се следат и разберат идните промени и трендови во развојот на овој аспект од стратегиското планирање.

Трговските друштва во Република Македонија треба да бидат во тек со глобалните трендови и новите услови во окружувањето. Неопходно е стратегиски да размислуваат за својата иднина, да го планираат постоењето и да се подготвуваат за промените. Примената на методолошки пристап, подигањето на квалитетот на стратегиското планирање и ефективноста во работењето се неопходни во нивното работење. Потребни се стратегисти кои ја разбираат неопходноста од стратегиското планирање за нивното дејствување, но и стратегисти кои се способни да спроведат ефективно стратегиското планирање.

Во докторската дисертација кандидатот м-р Стојан Дебарлиев применува методолошки карактер на истражување, со кој се унапредува ефективноста и менаџментот воопшто, заснован на користење на разновидни модели на стратегиско планирање, како на пример: базичен модел на стратегиско планирање на Mintzberg, кој претставува комбинација на следниве три модели: "Design School" моделот, моделот на Anssof и моделот на Steiner, потоа моделот заснован на цели, моделот на порамнување, сценарио-планирање, органски или

самоорганизран модел, хибридни или интегрирани модели, модел на создавање на стратегија, процес на формирање на стратегија, модел на стратегиска анализа, модели кои се користат за стратегиско планирање на бизнис-ниво и модели кои се користат за стратегиско планирање на корпоративно ниво. Исто така, кандидатот користи бројни методи за стратегиска анализа на екстерното окружување, методи за стратегиска анализа на интерното окружување, методи за избор и формулирање на стратегија и методи за мерење и оцена на успешноста на стратегијата.

Трудот на кандидатот м-р Стојан Дебарлиев на тема ***МЕТОДИТЕ И ТЕХНИКИТЕ ЗА СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА*** претставува пионерско посеопфатно, теориско, методолошко и емпириско истражување, од областа на методите и техниките за стратегиско планирање и ефективноста на стратегиското планирање во работењето во трговските друштва во Република Македонија. Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатот во спроведување на емпириското истражување во периодот од 15.2.2010 до 15.5.2010 година во 212 трговски друштва во Република Македонија, кои претставуваат околу 60% од вкупно испратените прашалници до трговски друштва со различна големина, старост, тип на индустријата и сопственост на капиталот. Притоа, од вкупниот број на трговски друштва, 14% се големи трговски друштва, 33% се средни трговски друштва и 53% се мали трговски друштва; најголемиот број на трговски друштва припаѓаат на секторот на трговијата и услугите со 57%, потоа производството со 35% и на крајот, секторот на градежништвото со 8% од вкупниот број на трговски друштва; 79% од трговските друштва во примерокот се со доминантен домашен капитал, додека останатите 21% се со доминантен странски капитал.

Спроведеното истражување во трговските друштва во Република Македонија покажува дека 47,46% од вкупниот број на трговски друштва применуваат стратегиско планирање во своето работење. Просечната вредност на степенот на примена на стратегиското планирање кај трговските друштва - стратегиски планери изнесува 3,91, што упатува на умерен до значителен степен на примена на стратегиското планирање. Притоа, трговските друштва - стратегиски планери ставаат најголем акцент на степенот до кој се изработуваат буџетски планови за спроведување на формулираните плански активности и

степенот до кој менаџерите создаваат посветеност кон целите и плановите од страна на вработените во трговското друштво и создаваат поддржувачка клима за спроведување на планската активност во трговското друштво, додека најмалку посветуваат внимание на постоењето на планери или стратегисти одговорни за формулирање на планските активности во трговското друштво.

Во однос на примената на методите и техниките за стратегиско планирање од 23 испитувани методи и техники за стратегиско планирање, 10 методи и техники можат да се издвојат како најчесто користени од страна на трговските друштва. Методи и техники со највисок степен на примена претставуваат: финансиската анализа и анализата на конкуренцијата; методи и техники со висок степен на употреба претставуваат: SWOT - анализата, анализата на клучните способности и компетенции во претпријатието, анализата на критични фактори за успех и анализата на животниот циклус на производот; методи и техники со умерен степен на примена претставуваат: "што ако" анализата, benchmarking - техниката, сценарио - планирањето и методите за предвидување. Останатите 13 методи и техники за стратегиско планирање се карактеризираат со низок до незначителен степен на нивна примена.

Резултатите од спроведената регресиона анализа за ***односот помеѓу потенцијалните фактори и примената на стратегиското планирање*** упатуваат на заклучокот дека: големината на трговското друштво, сопственоста на трговското друштво, намерата за промена на деловните активности, флексибилноста на трговското друштво и типот на организациската структура се мошне значајни фактори кои се во статистички значајна корелација со примената на стратегиското планирање; примената на стратегиското планирање расте со зголемување на големината на трговското друштво, намерата за промена на деловните активности и флексибилноста на трговското друштво; примената на стратегиското планирање опаѓа со зголемување на флексибилноста на организациската структура; помеѓу различната сопственост на трговските друштва постои разлика во степенот на примена на стратегиското планирање.

Резултатите од спроведената регресиона анализа за ***односот помеѓу примената на стратегиското планирање и ефективноста во работењето во трговските друштва*** упатуваат на заклучокот дека: во

рамките на првата регресија, каде што ефективноста се мери според квалитативни критериуми за ефективно стратегиско планирање, со зголемување на степенот на формалноста на стратегиското планирање, примената на методите и техниките за стратегиско планирање, учеството на менаџментот во стратегиското планирање и учеството на вработените во стратегиското планирање расте ефективноста на стратегиското планирање, мерена според квалитативни критериуми за ефективно стратегиско планирање; во рамките на втората регресија, каде што ефективноста се мери според финансиските и нефинансиските перформанси од работењето на трговските друштва, со зголемување на формалноста на стратегиското планирање и учеството на вработените во стратегиското планирање расте ефективноста на стратегиското планирање, мерена според финансиските и нефинансиските перформанси од работењето на трговските друштва, додека со зголемување на бариерите за имплементација на стратегиското планирање опаѓа ефективноста на стратегиското планирање, мерена според финансиските и нефинансиските перформанси од работењето на трговските друштва.

Практичните ефекти од спроведеното емпириско истражување можат да се согледаат преку можноста менаџерите на различни нивоа во трговските друштва подобро да ја разберат природата на стратегиското планирање и неговата улога во подобрување на перформансите на трговските друштва. Притоа, запознавајќи се со факторите кои ја условуваат примената на стратегиското планирање, менаџерите ќе можат да влијаат, особено на факторите поврзани со менаџмент-структурата на трговското друштво со цел да го воведат стратегиското планирање. Во однос, пак, на ефективноста на стратегиското планирање, менаџерите во трговските друштва ќе можат подобро да ги постават и приспособат различните димензии на стратегиското планирање како начин на подобрување на ефективноста на стратегиското планирање.

Научниот и стручниот придонес на кандидатот м-р Стојан Дебарливе се огледа во успешната примена на дескриптивна статистичка анализа, повеќекратна регресиона анализа, тестирање на хипотези и анализа на автокорелација и мултиколинеарност. Со помош на ***дескриптивна статистичка анализа*** се анализирани статистичките податоци кои се од-несуваат на следниве аспекти на стратегиското планирање: степенот на

примена на стратегиското планирање, степенот на примена на одделните методи и техники за стратегиско планирање и профилот на трговските друштва - стратегиски планери. ***Повеќекратна регресиона анализа, тестирање на хипотези и анализа на автокорелација и мултиколинеарност*** се користат за истражување на односот помеѓу факторите на стратегиското планирање, различните димензии на примената на стратегиското планирање и ефективноста во работењето во трговските друштва во Република Македонија.

Начинот на цитирањето на користената литература (книги, глави од збирки на трудови, преведени книги, електронски книги, стручни списанија, весници, годишни извештаи, докторски дисертации, видео - материјали, слики, графикони, табели и фотографии, веб - страници, публикации достапни на веб - страници, електронска коресподенција, необјавени трудови и др.) е приспособен на харвардскиот систем на цитирање, при што се користени следниве упатства: References Author Guidelines of Emerald Group Publishing Limited; Citation Guide, Harvard Business School, 2009-2010 Academic Year; и Guide to the Harvard Style of Referencing, University Library of Anglia Ruskin University, July 2008.

Техничкото оформување на докторската дисертација на кандидатот е на највисоко можно ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемна поврзаност на деловите, табели, слики) е јасна. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија од највисок калитет. Текстот во докторската дисертација е целосно во боја.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатот м-р Стојан Дебарлиев ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за високо квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се оцени степенот на примена на стратегиското планирање и неговото влијание врз ефективноста во работењето во трговските друштва во Република Македонија.

На трудот можат да му се стават и забелешки како на пример: недоволно застапениот критички приод во определувањето на предностите и слабостите: при креирањето на својот интегриран модел на стратегиски менаџмент во однос

на постојните модели, и при конструирањето на интегриран модел на стратегиско планирање, како и малата ориентација кон класичните методи за стратегиско планирање, кои немаат позначајно влијание врз високиот квалитет на дисертацијата.

## Предлог

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатот м-р Стојан Дебарлиев на тема: ***МЕТОДИТЕ И ТЕХНИКИТЕ ЗА СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА*** е успешно изработена;

- ***второ***, да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 29.11.2010 година

Комисија за оцена и одбрана
на докторската дисертација

1. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.
3. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски с.р.
4. Проф. д-р Драге Јанев с.р.
5. Проф. д-р Сашо Ќосев с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ТЕОРИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈА" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р КИРИЛ ПОСТОЛОВ

Со одлука на ННС на Економскиот факултет, донесена на седницата одржана на 24.9.2010. година, определен сум за еден од рецензентите на учебникот по „Теорија на организација", по предметот теорија на организација, од авторот доц. д-р Кирил Постолов.

Изразувајќи почит и благодарност кон членовите на Наставно - научниот совет за укажаната ми чест и доверба, со задоволство го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Поднесениот за рецензија труд „Теорија на организација"од Катедрата за менаџмент на Економскиот факултет во Скопје, е предложен за учебник по предметот теорија на организација.

- Предметната програма за која се однесува учебникот „Теорија на организација" е предметна програма по теорија на организација МГТ-421

- Студиската програма на предметот за кој е наменет учебникот „Теорија на организација" е студиската програма за менаџмент.

- Фондот на часови настава по предметот за кој се однесува учебникот што е предмет на рецензија изнесува 90 часа настава и има 6 ЕКТС - кредити.

- Предложениот учебник во целост одговара и е во согласност со предметната програма на предметот теорија на организација, за кој предмет е наменет како учебник.

- Името на авторот е д-р Кирил Постолов, доцент, кој истовремено е координатор на тимот за изведување настава и испити по предметот теорија на организација, на Економскиот факултет во Скопје, студиска програма за менаџмент.

- На седницата на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 24.9.2010. година, со одлука на ННС, а по предлог на Катедрата за менаџмент за рецензенти се определени проф. д-р Димитар Бојаџиоски и проф. д-р Панче Соколов.

- Печатењето на предложениот учебник ќе биде како прво издание.

- Предложениот учебник по наставниот предмет теорија на организација, во ист наслов како и во наставниот план, опфаќа сса 250 страници, односно сса 35 авторски табаци. Бројот на страниците, односно авторските табаци е даден во приближен ориентационен број поради фактот што текстот е пишуван со помал проред, поточно има поголем

број на редови од вообичаените 30 и поголем број на букви во еден ред од што е вообичаено за број на страници и број на букви во еден ред во рамките на еден авторски табак во кој има 16 страници со 30 реда и 65-67 словни места во секој ред, односно сса 18000 словни знаци на една страница, па според тоа, 15-16 страници е еден авторски табак.

Книгата (учебникот) има 11 глави, кои по наслов и поднаслови целосно одговараат на наставната програма по истоимениот предмет (што беше констатирано и во претходното наше излагање). Секоја од главите има 2-7 подзаглавја, при што во првата глава има четири, во втората - пет, во третата - две, во четвртата - четири, во петтата - пет, во шестата - три, во седмата - шест, во осмата - седум, во деветтата - пет, во десеттата - шест и во единаесеттата - четири подзаглавја. Понатаму, определени подзаглавја се поделени на поситни подзаглавја.

Пред да дадеме краток опис на содржината, сакаме уште еднаш да истакнеме дека учебникот е правен, односно неговата содржина е апсолутно истоветна според наставната програма по предметот кој има идентичен наслов како и книгата а имено „Теорија на организација", усвоена од страна на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје.

Содржината на првата глава носи наслов Историски развој на мислата за организација и во неа се наведуваат истражувањата и научните сознанија за прашања поврзани со функционирањето на организацијата и тоа почнувајќи од периодот кога тие истражувања немаат научен карактер и почиваат на емпирија, како и првите почетоци на научната теорија за организација па се до сегашните денови. За потребите на учебникот, направена е поделбата на научната мисла за организација на класична, неокласична и модерна теорија на организација, разработени се основните принципи на различните теории, како и главните автори кои припаѓаат на одделните, различни правци на теоријата на организацијата.

„Организацијата и окружувањето" е наслов на втората глава од учебникот. Во неа авторот прво се фокусира на поимот, карактеристиките и поделбата на организациското окружување. Потоа се обработува, како посебен дел, теоријата на трансакционите трошоци, а на крајот, во рамките на оваа глава, се обработуваат темите поврзани со односот на организацијата и нејзиното окружување, преку делот што го третира управувањето со организациското окружување.

Третата глава носи наслов Организациска технологија. Во оваа глава авторот се задржува на различното поимање и дефинирање на организациската технологија, како и различните класификации на класичната технологија, презентирани според авторите Вудвард, Томсон и Пероу, на технологијата на услужните претпријатија и, на крај, за прашањата од доменот на напредната производствена технологија, која е карактеристика на новото време и на користењето на информатичката технологија.

Големината и животниот циклус на претпријатијата е наслов на четвртата глава од учебникот. При тоа прво е истакнато прашањето на правилното определување на големината, како и фазата на животниот циклус во која се наоѓа претпријатието, кои се јавуваат како предуслови за преземање на

соодветни активности со кои се подобрува ефективноста и ефикасноста на функционирањето. При тоа, авторот истакнува дека треба да се посвети соодветно внимание на карактеристиките на претпријатијата според нивната големина со цел нивно порационално искористување. Во оваа глава, исто така, се разработуваат и карактеристиките и проблемите со кои се среќаваат претпријатијата во различните фази од животниот циклус, како и стратегиите со кои се обезбедува неговото понатамошно функционирање, одделно во случаеви на организациско опаѓање.

Прашањата кои се составен дел на петтата глава на учебникот, чијшто наслов е Организациска ефективност, се следниве: како основно се истакнува дека цел на секое претпријатие е неговото ефективно функционирање. Во тој процес е мошне значајно да се определат и да се дефинираат мисијата, целите, како и стеикхолдерите кои го овозможуваат тој процес. При тоа, менаџерите треба да знаат и да бидат оспособени да ја измерат организациската ефективност и за таа цел во теоријата на организацијата постојат соодветни модели, кои таа ги дели на традиционални и современи.

Во шестата глава, која носи наслов Дизајн на организацијата, се обработуваат прашањата поврзани со дефинирањето на организацијата, организациската структура и организацискиот дизајн. При тоа, посебно се обработуваат прашањата за диференцијација, интеграција, поделба на работата, единството на командување, распонот на контрола, авторитетот, како и централизацијата и децентрализацијата.

Модели на организациската структура е називот на седмата глава. Во неа се обработени прашањата и проблематиката на функционалната, дивизионалната и матричната организациска структура, кои се истовремено и основни облици и модели на организацискиот дизајн. Кон нив се придодадени, поточно кажано, се разработени, некои други облици, познати во тоеријата на организација, како и тие предложени од Хенри Минтзберг. На крајот на оваа глава се наведуваат причините што го определуваат соодветниот облик на организациската структура.

Осмата глава носи наслов Моќ и организациска политика. Тука се разработени прашањата за моќта, конфликтите, процесите на донесување одлуки, организациската политика, организацискиот стрес, како и одбранбените механизми во рамките на управувањето со организацискиот стрес, како и методата на „перење мозок"

Во рамките на деветтата глава, која носи наслов Организациска култура, се обработуваат повеќе прашања и проблеми значајни за организациската култура која самата се јавува како значајно прашање на науката за организацијата. Одделно се разработени прашањата во врска со дефинирање на организациската култура, со нивоата на организациската култура, со класификацијата на организациската култура, со формирање на организациската култура, како и прашања и проблеми поврзани со промени на организациската култура.

Криза и кризен менаџмент е насловот на десеттата глава. Во рамките на оваа глава од учебникот се обработуваат прашањата поврзани со видовите на криза, низ кои фази поминува кризата, како да се идентификува таквата состојба и начините и стратегиите за борба против кризата, познати во литературата под поимот кризен менаџмент.

Последната, односно единаесеттата, глава на учебникот носи наслов Организација за новото време. Во оваа глава, авторот го насочува своето внимание кон тимската организација, кон холдинг - компанијата и прашањата во врска со неа, како и кон организациите кои се базираат на информациската технологија, со одделен акцент на виртуелната организација.

Во врска со содржината на трудот (учебникот), иако не се директно инкорпорирани во содржината, според наше мислење, влегуваат:

1. прашањето на користената литература;
2. фуснотите, односно повикувањето на литературата, или објаснување на некои прашања или поими,
3. прифаќањето од страна на авторот на приодот кон пишување на учебници или воопшто научни трудови кои се карактеристични за литературата од англиското литературно подрачје, а се се повеќе присутни и во поновата соодветна литература од авторите кои потекнуваат од земјите на поранешните југословенски простори.

Во прикажувањето на приодот на авторот кон трите наведени прашања ќе се придржуваме кон обратен редослед од нивното претходно наведување.

Имено, авторот на учебникот, на крајот на секој од деловите, поточно главите, им се обраќа на читателите (читај студентите) со давање на текстови со цел за стекнување дополнителни знаења, како и со извесен број прашања за проверка на знаењето.

Како користена литература авторот наведува 126 наслови, од кои дури 105 се од англиско јазично подрачје, а 21 од автори кои се од земји од поранешните југословенски простори.

Што се однесува до определени повикувања на соодветна литература или објаснување на определени поими и содржини, авторот на учебникот користи 420 фусноти.

Како значајно во врска со изработката на презентираниот труд, односно учебник, треба да се истакне и следново; авторот има одбранет докторат на тема која значително кореспондира со наставниот предмет и со учебникот кој е во постапка на рецензирање. Имено, наставниот предмет и учебникот носат ист наслов „Теорија на организација", а одбранетата докторска дисертација со која доц. Кирил Постолов го стекна научното звање доктор на економски науки, , го има насловот „Организациско структурирање и неговата примена во претпријатијата на стопанството на Република Македонија". Заради ваквото делумно совпаѓање помеѓу проблематиката третирана во докторската дисертација и онаа која е предмет и содржина на учебникот по предметот теорија на организација има соодветно совпаѓање на одредени поглавја од дисертацијата и учебникот. При тоа, состојбата е следнава:

Како сосема нов текст се:

| | | |
|---|---|---|
| Глава I | Историски равој на мислата за организацијата | cca 25 стр. |
| Глава VIII | Моќ и организациска политика | cca 25 стр. |
| Глава IX | Организациска култура | cca 10 стр. |
| Глава X | Криза и кризен менаџмент | cca 17 стр. |
| Глави XI | Организација на новото време | cca 20 стр. |

Или вкупно, главите I, VIII, IX, X и XI, 97 страници.

Како нови поглавја во главите II - VII:

Глава II

2.4. Теорија на трансакциони трошоци cca 6 стр.

2.5. Управување со организациското окружување cca 6 стр.
Глава III
3.2.5. Напредна производствена технологија cca 7 стр.
Глава IV
4.1.1. Предности и недостатоци на големите претпријатија cca 1 стр.
4.1.2. Предности и недостатоци на малите претпријатија cca 1 стр.
4.3. Организационо опаѓање и смрт cca 2 стр.
4.4. Стратегии за борба против организациското опаѓање cca 7 стр.
Глава V
5.1.1. Мисија и цели cca 2 стр.
5.1.2. Стеикхолдери cca 3 стр.
Глава VI
6.3.1. Диференцијација cca 5 стр.
6.3.2. Интеграција cca 2 стр.
Глава VII
7.4. Минтзбергови модели на организациска структура cca 3 стр.

Или, во новите наставни единици во главите II – VII, има cca 40 страници, што заедно со главите I, VIII, IX, X и XII има вкупно 137 страни.
Преземени од докторатот, но преработени наставни единици, се следниве:
Глава II
2.1. Поим и карактеристики на организациското окружување cca 2 стр.
2.2. Поделба на организациското окружување cca 9 стр.
Глава III
3.1. Дефинирање на организациската технологија cca 2 стр.
3.2.2. Типологија на Томсон cca 3 стр.
Глава IV
4.1. Големина на претпријатието cca 4 стр.
4.2. Животен циклус на претпријатието cca 5 стр.
Глава VI
6.1. Дефиниција на организацијата cca 1 стр.
6.3.3. Поделба на работата cca 4 стр.
6.3.6. Авторитет cca 2 стр.
6.3.7. Централизација и децентрализација cca 2 стр.
Глава VII
7.1. Функционална организациска структура cca 3 стр.

Или вкупно 37, што значи заедно со сосема новиот текст се вкупно 173 страници. Ако на ова се додаде насловот на главата со 1 стр. и содржината на соодветната глава со наведените цели на наставата за секоја глава, како и страницата со да научиме повеќе и прашања за проверка на знаењето, или вкупно 33 страни, што сè заедно изнесува 206 страници.

Останатите поглавја од учебникот се практично преземени од докторската дисертација, што изнесува 21% од трудот, односно од предложениот текст на учебникот.

Во однос на совпаѓањето, односно преземањето на дел од текстот на дисертацијата, слободни сме да истакнеме дека во практиката на Економскиот факултет имало случаи комплетна дисертација да биде прифатена како учебник

на соодветниот предмет предаван од наставникот кој ја одбранил соодветната дисертација со што се стекнал со научното звање доктор на економски науки.

Што се однесува на моето лично мислење по овој проблем можам да истакнам дека докторската дисертација, а особено еден нејзин дел (кој во случајот изнесува cca 21% од дисертацијата) може да биде интегрален дел на секој учебник. Тоа особено затоа што наставната програма со соодветна содржина е верификувана со соодветна одлука на ННС на Економскиот факултет во Скопје.

- Предлози за корекции немам, но на авторот лично во повеќе наврати му е укажано за одредени технички грешки и пропусти, кои ги има во текстот и тој се обврза да ги исправи во дефинитивниот текст што ќе биде даден на јазична редакција и техничко уредување пред печатењето на учебникот.

- Целосно се согласувам и ја прифаќам одлуката на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј' во Скопје да се прифати барањето за печатење на учебник по предметот теорија на организација од авторот доц. д-р Кирил Постолов. Прифаќањето на споменатата одлука на Наставно научниот совет значи и моја категоризација на предложениот труд „Теорија на организација" од доц. д-р Кирил Постолов како учебник по истоимениот предмет.

- Од целокупното мое претходно излагање, произлегува и се наметнува заклучок, дека трудот на доц. д-р Кирил Постолов под наслов „Теорија на организација" е оценет позитивно. Истовремено, со задоволство, им предлагам на членовите на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да дадат согласност за печатење на учебникот.

Скопје, 10.11.2010.

Рецензент
Проф. д-р Панче Соколов, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ТЕОРИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈА", ОД авторот ДОЦ. Д-Р КИРИЛ ПОСТОЛОВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје број 12-2462/2 од 6.10.2010 година, донесена на седницата одржана на 24.09.2010 година, определен сум за рецензент на учебникот**"Теорија на организација", од доц. д-р Кирил Постолов.** По внимателното читање и проучување на трудот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во целата своја историја, човекот се служел со организацијата и припаѓал на различни облици на организации, од првите случајни ловечки групи, до современите облици на организации на работата и животот. Човекот никогаш не можел, а и денеска не може, без организацијата. Тој секогаш бил упатен на организацијата, на нејзиното обликување и функционирање. Во почетокот тоа биле едноставни облици на организирање кои се базирале исклучиво на искуството и практичните сознанија, додека, подоцна, со континуираниот развој на материјалните производствени сили, организациите се зголемувале според својот број и организациски облици, се до денешно време, кога без научен пристап не е можно да се решаваат се посложените организациски проблеми и да се воспостави модерна, флексибилна и ефикасна организација.

Во таквиот развоен пат на организацијата од емпирија до посебна научна дисциплина, присутни се повеќе различни, диференцирани пристапи на набљудување и истражување на организацијата. Како последица на тоа, повеќе нови, специјализирани дисциплини се занимаваат со проучување на ист предмет - организацијата како посебен ентитет, особено во областа на бизнисот. Во таа смисла присутна е диференцијација и во научната и стручната литература од оваа област. Книгите и другите трудови, по правило, ги носат имињата на оние дисциплини чијшто агол на набљудување на организацијата се користи во конкретниот труд. Тоа се, на пример, разните специјализирани организации кои ја третираат организацијата на одделни видови претпријатија, теоријата на системите и други специјализирани научни дисциплини за проучување на одделни организациски проблеми и процеси (организациско однесување, стратегиски менаџмент, организациска изградба, организација на производството, организација на трудот, менаџмент на човечки ресурси и слично).

Врз основа на ваквите парцијални пристапи и методи на истражување на одделни подрачја и аспекти на организацијата, авторот д-р Кирил Постолов ја набљудува и ја истражува теоријата на организацијата во целина и ги открива и утврдува законитостите, правилата и принципите на нејзиното функционирање.

За авторот таквиот пристап претставува голема одговорност, бидејќи наметнува обврска да се осигури целината на проучуваната материја и да се откријат патиштата за создавање на таков организациски ентитет во областа на бизнисот кој ќе се користи како средство за управување со бизнисот и како фактор за зголемување на

неговата ефикасност и ефективност. Според наша оцена, авторот успешно ја извршил поставената задача.

Во креирањето на структурата на трудот и во определувањето на неговото име, авторот тргнува од два става. **Прво**, книгата треба да ги содржи базичните знаења од основните подрачја на организацијата (организациските теории, елементите на дизајнирање на организациската структура и на дизајнот на организациските процеси), без кои не може целосно да се разбере организацијата и функционирањето на бизнис - организациите и организациските феномени кои се сретнуваат во практиката. **Второ**, фундаменталните знаења за организацијата се универзално применливи во сите видови организации. Првиот став ја определува структурата на книгата, а вториот нејзиното име.

Ракописот на трудот, Теорија на организација содржи 261 страница текст со проред 1,0 и 10 страници кои се однесуваат на содржината, предговорот и користената литература. Структурата на трудот е составена од 11 глави и тоа:

**Глава 1: Историски развој на мислата за организацијата ( 1- 30 )**
**Глава 2: Организацијата и окружувањето ( 31- 60 )**
**Глава 3:Организациска технологија ( 61- 86 )**
**Глава 4: Големина и животен циклус на организацијата ( 87-109 )**
**Глава 5: Организациска ефективност ( 110 - 131 )**
**Глава 6: Дизајн на организацијата ( 132- 159 )**
**Глава 7: Модели на организациски стреуктури ( 160- 182 )**
**Глава 8: Моќ и организациска политика (183- 208 )**
**Глава 9: Организациска култура ( 209 – 220 )**
**Глава 10: Криза и кризен менаџмент ( 221 – 240 )**
**Глава 11: Организација на новото време ( 241 – 261)**

**Глава 1** е посветена на историскиот развој на мислата за организацијата. Генезата на тој развој се набљудува низ истражувањата и придонесите на бројни автори чии достигнувања го трасираат патот на развојот на организацијата од емпирија и искуство кон посебна научна дисциплина. Во тие рамки, посебно се разработуваат три теории за организацијата: класичната, неокласичната и модерната треорија на организацијата, нивните принципи за формирање и функционирање на организациите и главните автори кои припаѓаат на одделните теории.

Организациите како отворени системи се во постојана интеракција со окружувањето. Окружувањето како многу комплексен и важен елемент на сите организации детално е третирано во **Глава 2**. Влијанието на окружувањето се манифестира преку неговите карактеристики, подрачјата на кои тоа се простира, карактеристиките на основните сектори на окружувањето и, особено, низ нејзината комплексност изразена низ теоријата на трансакционите трошоци и управувањето со организациското окружување.

Еден од елементите кој има значит[illegible] влијание врз организациите и нивната структура е технологијата. Таа спа[illegible] во групата на т.н. внатрешни фактори на организациската структура. [illegible] започнува со истражување на основата – што е технологијата, за [illegible] продолжи со истражување на начините на кои организациите треб[illegible]

структурирани за успешно да управуваат со својата технологија. Во тие рамки, се објаснуваат карактеристиките на одделните организациски технологии според Вудвард, Томсон и Пероу. Посебно внимание им се посветува на технологијата на услужните претпријатија и на напредната производствена технологија, која е карактеристика на новото време и користењето на информатичката технологија.

Особено интересни се истражувањата кои се однесуваат на **големината и животниот циклус на организацијата (Глава 4).** Тука, детално се разработени две прашања. Прво, прашањето за избор на критериум за поделба на организациите според нивната големина, и, второ, прашањето за влијанието на големината на организацијата врз структурата на организацијата и управувањето со неа. Во тесна врска со овие прашања се и предностите и недостатоците на големите и малите претпријатија. Големината на претпријатието, во голема мера, е детерминирана од фазата на животниот циклус во која се наоѓа претпријатието. Затоа, во оваа глава на трудот соодветно внимание им се посветува на објаснувањата на животниот циклус на претпријатието, на фазите во неговиот развиток, како и на проблемите со кои се срекаваат претпријатијата во различните фази од животниот циклус. Нивното успешно надминување со примена на соодветни стратегии ( организациско реструктурирање и реинжинеринг ) може да го спречи организациското опаѓање.

Цел на секое претпријатие е негово ефективно функционирање. Во тој процес мошне е значајно правилно да се определат и дефинираат мисијата, целите, како и стеикхолдерите кои го овозможуваат тој процес. Но, менаџерите треба да бидат оспособени да ја мерат организациската ефективност со помош на соодветни модели, кои се делат во две групи: традиционални и современи. Сите овие паршања и проблеми се составен дел **на петтата глава** на трудот.

На обликувањето или дизајнирањето на организацијата, односно на изборот на соодветен модел на организациски дизајн посветени се **шестата и седмата глава** на трудот. Тука, се дефинираат организацијта, организациската структура и организацискиот дизајн. Исто така, се разработуваат и прашањата поврзани со одделни принципи на организацијата: диференцијација, интеграција, единство на командување, распон на контрола, авторитет и централизација и децентрализација. Најчесто применувани структурни модели на организацијата се моделот на функционална организациска структура, моделот на дивизионална организациска структура и моделот на матрична организациска структура. Трите модели детално се објаснуваат и се истакнуваат нивните предности и недостатоци. Стремежот за надминување на недостатоците доведува до примена на различни варијанти на т.н. Минтцбергови модели на организациски структури, со цел да се обликуваат ефективни организациски структури со специфични карактеристики.

Политичката природа на организацијата ја определуваат три аспекти: конфликтот, моќта и политиката. Во рамките на **Глава 8** за нив посебно се зборува. Најпрво се проучува природата на моќта и конфликтите во организацијата, а после акцентот се става на разгледување на процесот на донесување одлуки, на стресот во организацијата и на неговото управување. Најпосле, вниманието се

Нема сомнение дека објективната оцена на секој труд содржи одредени забелешки, укажувања и сугестии чие инкорпорирање во трудот можат да придонесат за негово квалитетно подигнување на повисоко ниво.

Во тој контекст, ги истакнуваме следниве елементи:

- Пишувањето на трудот за авторот доц. д-р Кирил Постолов значи продолжување на истражувањата извршени во рамките на подготовките на неговата докторска дисертација со наслов „Организационо структурирање и негова примена во претпријатијата на стопанството на Република Македонија"; која тој ја одбрани на Економскиот факултет во Скопје во 2006 година. Впрочем, околу 25% од текстот на ракописот е преземен од дисертацијата и претставува интегрален дел на трудот „Теорија на организацијата". Нема сомнение дека целите и задачите на истражувањата во докторската дисертација се разликуваат од целите и задачите на ракописот „Теорија на организацијата", кој има амбиција да биде учебник за студенти. Затоа, според наша сугестија, авторот изврши нужни промени во преземениот текст од дисертацијата, во функција на подобро и полесно совладување на материјата содржана во него.

- Денес организациите, повеќе од кога било досега, се карактеризираат со процеси на промени од најразличен вид. Со право може да се каже дека во современото функционирање на организациите единствено сигурни се промените кои постојано се случуваат. Особено значајни се промените кои настауваат под влијание на информациската и комуникациската технологија и процесот на глобализација. Некои аспекти на тие влијанија врз организациската структура се содржани во последната глава на трудот. Наша сугестија е авторот во иднина детално да ги проучи моделите на т.н. организација која учи и на глобалните организации и импликациите што тие ги имаат врз развитокот на теоријата на организацијата.

- При читањето на ракописот забележавме многу јазични грешки и технички недостатоци. Авторот го запознавме со нив и се договоривме при непосредната подготовка на текстот за печатење, овие грешки и недостатоци да се елиминираат.

Со оглед на презентираните квалитети на трудот, сметам дека учебникот „Терија на организацијата" ќе предизвика внимание и интерес кај голем број корисници: помеѓу студентите на економските факултети, во нивните настојувања за совладување на предметните содржини по предметите од областа на организациските науки, кај научните работници како ориентација за идни продлабочени истражувања на одделни сегменти на организацијата и кај економските и други човечки ресурси кои во претпријатијата директно се ангажирани и работат на задачи од областа на организацијата.

Заради сето тоа, чест ми е да ви го предложам ракописот „**Теорија на организација**", изготвен од доц. д-р Кирил Постолов, да го прифатите за печатење и објавување како учебник.

Рецензент

Проф. д-р Димитар Бојаџи...

## РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **КЛИНИЧКО-ЕТИОЛОШКИ И ЕПИДЕМИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ДЕРМАТОФИТОЗИТЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА,** ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СЦИ МЕД. Д-Р АГРОН СТАРОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата VII редовна седница одржана на 18.11.2010 год. по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет определи комисија за оценка на докторската дисертација на м-р сци мед д-р Агрон Старова под наслов *"Клиничко-етиолошки и епидемиолошки аспекти на дерматофитозите во Р.Македонија"* во состав:

1. проф. д-р Марија В'лчкова-Лашкоска
2. проф. д-р Милена Петровска
3. проф. д-р Весна Велиќ - Стефановска.

Врз основа на законските одредби за високото образование на Република Македонија, по разгледувањето на содржината на докторската дисертација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет го поднесува следниов,

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов *Клиничко-етиолошки и епидемиолошки аспекти на дерматофитозите во Р.Македонија,* од д-р Агрон Старова, претставува самостоен труд презентиран на 141 страници, во кој се содржани 40 слики, 38 табели и 36 графикони. Библиографијата вклучува 222 референци.

Докторската дисертација ги содржи сите поглавја на научноистражувачки труд: вовед, цели на трудот, материјал и методи на работа, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература.

**Воведот** е поделен во пет поглавја и осум потпоглавја и во него се дадени експлицитни информации во врска со габите како предизвикувачи на кожни

заболувања, дерматомикози, односно класификација на дерматомикозите. Како најсоодветна (од повеќе аспекти) предложена е класификацијата на Braun-Falco и сор. кај која микозите се делат на: дерматомикози во потесна смисла на зборот, длабоки микози и системски микози. Дерматомикозите во потесна смисла на зборот (епидермалните, ноктените и фоликуларните микози) можат да бидат предизвикани од дерматофитии, квасници и мувли. Дерматомикозите предизвикани од дерматофитии се нарекуваат дерматофитози.

Посебен осврт е направен на дерматофитиите, етиолошкиот фактор на дерматофитозите, т.е. нивната систематика (таксономија) и номенклатура. Даден е преглед на дерматофитските родови *Epidermophyton, Microsporum* и *Trichophyton* и нивните најчести специеси кои се јавуваат во етиологијата на дерматофитозите. Дерматофитските специеси во зависност од нивната природна средина на егзистирање се класифицираат во 3 групи (антропофилни, зоофилни и геофилни), при што се дадени карактеристиките, односно одредени епидемиолошки аспекти на секоја група, како и нивните клинички импликации во патогенезата на дерматофитозите.

Даден е преглед на фреквенцијата на дерматофитозите во светот и кај нас, посочена е нивната варијабилна етиологија и инциденца, како и нотирани се формите на дерматофитоза во зависност од афицираната регија (tinea capitis, tinea barbae, tinea faciei, tinea corporis, tinea cruris (inguinalis), tinea manuum ,tinea pedis, tinea ungium (onychomycosis). Понатаму, подробно е обработена секоја форма на дерматофитоза (тинеа), т.е. даден е приказ од литературата на најчесто изолираните дерматофитски специеси кај секоја форма, клиничките варијанти како и некои нивни епидемиолошки аспекти. Овој дел од воведот е мошне добро илустриран со оригинални клинички фотографии на одделните дерматофитози, односно нивните клинички варијанти.

Во делот *Формулација на проблемот и мотив за изработка на трудот* е презентирано согледувањето дека тренд за насочено испитување и публицирање од областа на дерматомикологијата во земјите во развој се аспергилозата, кандидијазата и дерматофитозите. Во овие земји обично акцентот во истражувачките студиите е ставен на клиничко-етиолошките и епидемиолошките аспекти на дерматофитозите застапени во регионот. Етиолошките агенси - предизвикувачи на дерматофитозите варираат во различните географски и климатски услови. Иако инциденцата и дистрибуцијата на дерматофитозите е проучена во различни географски региони во светот, во Р. Македонија (со исклучок на пациентите со tinea capitis), во поново време нема контролирана студија во која е направен преглед на најчесто изолираните дерматофитски специеси кои се јавуваат како етиолошки фактор кај различните типови на дерматофитози. Последната таква студија на Клиниката датира од пред 40 години. Значи, токму овој факт за непостоењето на податоци за клиничко-етиолошките и епидемиолошките карактеристики на дерматофитозите, кој многу ја усложнува проценката за нивната сигнификантност во јавното здравтсво на Р. Македонија, како и желбата за придонес во развојот на дерматомикологијата се непосреден мотив за изработка на оваа докторска дисертација. Со ваква една контролирана студија, т.е. комплетен труд кој ќе ја отслика состојбата во нашата средина од овој аспект, се зголемува квантумот на контролирани и дизајнирани публикации од областа на дерматомикологијата. Тоа, пак, од своја страна претставува јадро за промоција и развој на оваа област, односно има многу импликации во третманот и профилаксата на дерматофитските инфекции.

Во докторската дисертација, **целите** на трудот се јасно дефинирани и прикажани во следниве точки:

1. да се направи преглед на најчесто изолираните дерматофитски специеси кај пациентите со поединечни типови на дерматофитоза;
2. да се прикажат клиничко-етиолошките карактеристики кај пациентите со различни типови на дерматофитоза;
3. да се направи преглед на некои епидемиолошки аспекти кај пациентите со дерматофитоза како: таргетната популација во однос на занимање, возраст, пол, социјално-економска состојба, здравствена состојба, контакт со заразени болни и со животни; евентуално постоење на ендемско подрачје;
4. да се овозможи планирање и поефикасно аплицирање на актуелните тераписко-профилактички мерки кај пациентите со дерматофитска инфекција.

**Материјалот и методите на работа** кои се применети во изработката на докторската дисертација ги задоволуваат основните принципи на методологијата во научноистражувачката работа.

Студијата е работена во миколошката амбуланта на Клиниката за дерматовенерологија, Клинички центар - Скопје. Миколошката лабораторија при Клиниката е специјализирана за објективна дијагностика на дерматофитозите на територијата на Р. Македонија по сите конвенционални дијагностички методи за детекција и идентификација.

Истражувањето претставува проспективна аналитичка студија.

Во периодот јуни 2007 - јануари 2009 год., обработен е прост случаен примерок од 600 амбулантски и хоспитализирани пациенти. Критериуми за селекција на испитаниците во примерокот на студијата е постоење на дијагноза на дерматофитоза потврдена со: нативен препарат со KOH и испитување со Wood-ова светлина. Микроскопската егзаминација на нативниот препарат е високо сензитивно и специфично испитување со кое се потврдува постоењето на дерматофитска инфекција. Кога е позитивно, испитувањето со Wood-ова светлина е од корист во детерминирањето на екстензитетот на инфекцијата, одредувањето на региите за земање на материјал при изведување на другите испитувања (нативен препарат со KOH и културелно испитување), како и скрининг-испитување на лицата кои контактирале со инфицираните.

Со цел да се направи преглед на најчесто изолираните дерматофитски специеси, кај испитаниците кај кои е потврдена дијагнозата на дерматофитоза со нативен препарат со KOH и испитување со Wood-ова светлина, аплицирано е културелното испитување како класичен метод за растење и диференцирање на дерматофитиите. Ова испитување е инвестигација со најголема сензитивност и специфичност во дерматомикологијата и најмногу придонесува за егзактна миколошка дијагноза. Специес идентификацијата на патогените дерматофитии, по нивната културелна изолација, се заснова на морфолошките макро и микроскопски карактеристики на израснатата колонија според критериумите на Rebell и Taplin. Кај некои од двојбените случаи кај кои не можела да се изврши специес идентификација само врз база на макро и микроскопскиот преглед на културата, правен е ин витро перфорацискиот влакнен тест. Ин витро перфорацискиот тест е потврден тест за атипични изолати.

Со цел да се прикажат клиничко-етиолошките карактеристики, односно некои епидемиолошки аспекти кај пациентите со дерматофитоза, на сите

испитаници им е аплициран структуриран полуотворен прашалник со вкупно 26 прашања.

Прибраните податоци според карактерот се групирани како атрибутивни и нумерички. Анализата на структурата на формираните статистички серии со атрибутивни белези е извршена со помош на проценти на структура, пропорции и стапки, а на сериите со нумерички белези со помош на мерките на централна тенденција (аритметичка средина, медијана и модус) и мерките на дисперзија (стандардна девијација). Анализата на односите меѓу две статистички серии е направена со примена на Pearson-овиот или $X^2$ (хи-квадрат) тест и Student-овиот t-тест. Во обработката на податоците користена е софтверска програма *Статистика 5*.

**Резултатите** се групирани според поставените цели и се прикажани дескриптивно, табеларно и графички. Од вкупно обработените 1742 пациенти со суспектна дерматофитоза, кај 600 (34,44%) дерматофитската инфекција на кожата, влакната, односно ноктите е потврдена со конвенционалните параклинички испитувања во дерматомикологијата. Кај 225 пациенти (37,50% од пациентите со дерматофитоза) е дијагностицирана tinea ungium (onychomycosis.) Онихомикозата е најчесто дијагностицирана дерматофитоза пред tinea pedis кај 115 испитаници(19,17%), tinea corporis 92(15,33%), tinea capitis 91(15,17%), tinea cruris 44(7,33%), tinea manuum 18(3%), tinea faciei 13(2,17%) и tinea barbae 2(0,33%). Најчесто изолирани дерматофитски спецеиси кои во различни преваленции се предизвикувачи на дерматофитозите се: *Trichophyton rubrum* кај 293 пациенти (48,83% од пациентите со дерматофитоза) пред *Microsporum canis* 120(20%), *Trichophyton mentagrophytes var.interdigitale* 101(16,83%), *Epidermophyton floccosum* 25(4,17), *Trichophyton verrucosum* 23(3,83%), *Trichophyton mentagrophytes var.mentagrophytes* 18(3%), *Trichophyton violaceum* 10(1,67%), *Microsporum ferrugineum* 6(1%) и *Microsporum gypseum* 4(0,67%). Предоминираат антропофилните дерматофитски специеси, во 72,5% од изолатите. Кај пациентите од женски пол (57,33% од примерокот) почесто се дијагностицира tinea corporis (69,57%), onychomycosis (68,89%) и tinea pedis (55,57%). Преовладуваат испитаниците од македонска националност (пред Албанците и Ромите), од Скопје и околината на Скопје, со среден социјално-економски статус. Најафицирани се пациентите на возраст од 3 до 10 години и од 31 до 50 години, при што најчеста клиничка манифестација кај децата е *Microsporum canis* tinea capitis. Се констатира зголемен број на *Microsporum canis* изолати (73,63%) кај пациентите со tinea capitis, при што, според анамнестичките податоци, домашните миленичиња како мачките и кучињата се главен извор на зараза. Најчесто изолираниот антропофилен дерматофитски специес (*Trichophyton rubrum*) е најпреваленте кај tinea unguium (onychomycosis) (69,7%), tinea cruris (65,91%) и tinea pedis (64,35%). Конкомитантно (интерно) заболување сигнификантно почесто отколку кај другите дерматофитози се нотира кај пациентите со tinea pedis, односно tinea unguium, при што друга конкомитанта дерматоза најчесто констатираме кај истите пациенти. Од одделните клинички варијанти на различните типови дерматофитоза, најчесто се нотираат: tinea capitis superficialis (81,32% од случаите со tinea capitis), дисеминирани ануларно-екцематоидни промени по телото и екстремитети на тинеа цорпорис (31,52%), ингвинална еритемо-десквамирачка tinea cruris (34,09%), интертригонозна tinea manuum (33,33%), интердигитална tinea pedis (54,78%) и дистално-латерална

## З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација *Клиничко-етиолошки и епидемиолошки аспекти на дерматофитозите во Р. Македонија,* изработена од м-р сци мед. д-р Агрон Старова, претставува актуелен, самостоен и оригинален труд од областа на дерматомикологијата изработен на Клиниката за дерматологија во Скопје. Трудот ги опфаќа и ги обработува во целост поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд од ваков карактер. Целите се јасно дефинирани, материјалот и методите се прецизно изложени, резултатите се коректно статистички обработени, изведени и прикажани, дискусијата е соодветна, а заклучоците објективни.

Рецензентската комисија оценува дека трудот ги исполнува сите суштински и формални критериуми на докторска дисертација и претставува придонес во научноистражувачката дејност и во клиничката практика.

## П Р Е Д Л О Г

Врз основа на изнесеното, Комисијата е на мислење дека се исполнети условите за позитивна рецензија на докторската дисертација и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да донесе одлука за јавна одбрана.

**Рецензентска комисија,**

**1. Проф. д-р Марија В´лчкова-Лашкоска, с.р.**

**2. Проф. д-р Милена Петровска, с.р.**

**3. Проф. д-р Весна Велиќ-Стефановска, с.р.**

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје**

| Реден број | Име на кандидат | Наслов на тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Димитрија Бошевски | "Организација и функционирање на внатрешната ревизија за поддршка на менаџментот во јавните претпријатија" | д-р Биљана Ангелова |
| 2. | Билјана Штерјовска | "Обновливи извори на енергија како можносто за развој на мал ии средни претпријатија во Република Македонија" | д-р Дејан Пендев |
| 3. | Оливера Манастирова Ичева | "Управување со оперативниот ризик во банкарството" | д-р Климентина Попоска |
| 4. | Зоран Дочински | "Франшизата како можност за креирање на бизниси во Република Македонија" | д-р Дејан Пендев |
| 5. | Сања Димитриевска | "Талент менаџментот-современ пристап во меѓународниот менаџмент на човечки ресурси" | д-р Васил Поповски |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Снежана Трендафилоска | "Маркетинг агенциите и маркетинг комуникациските услуги" | проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска |
| Игор Вецовски | "Комуникацискиот процес на градење бренд во непрофитниот сектор" | проф.д-р Нада Секуловска |
| Ристо Хаџи-Мишев | "Граница на ефикасни портфолија на македонската берза на хартии од вредност" | проф.д-р Михаил Петковски |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ *НАРОДНИТЕ ПРИКАЗНИ ЗА СМРТТА И ВЕЧНОСТА ВО ФОЛКЛОРНАТА ЛИТЕРАТУРА НА МАКЕДОНИЈА И САД, изработена од м-р Марија Кукубајска, пријавена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје*

Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, на својата седница одржана на 4.11.2010, донесе одлука за формирање на Комисија во состав: проф. д-р Ермис Лафазановски, проф. д-р Севим Пиличкова, проф..д-р Клеанти Аноска, проф. д-р Вера Антиќ и проф. д-р Кирил Цацков за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов „Народните приказни за смртта и вечноста во фолклорната литература на Македонија и САД“ од м-р Марија Кукубајска.

Комисијата во наведениот состав откако го проучи ракописот на наведената докторска дисертација, му се заблагодарува на Научниот совет за укажаната доверба и има чест да го поднесе следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Опис на трудот

Ракописот на поднесената докторска дисертација со наслов **Народните приказни за смртта и вечноста во фолклорната литература на Македонија и САД** содржи 361 страница текст, компјутерски набор. Тој е составен од вовед (стр 5-20), дваесет и шест глави (стр.20-347), Заклучок ( стр. 347-352) и библиографија (стр. 352-361).

Во воведот, м-р Марија Кукубајска го образложува предметот на истражувањето, теоретскиот пристап, како и целите и задачите на докторската

дисертација, која претставува труд на повеќегодишно активно занимавање со проблематиката на македонската и американската традиционална и современа литература.

Во потрага по автентично толкување на феноменот на смртта и вечноста во традиционалната литература, како предмет на анализа во оваа докторска дисертација од една страна се земаат евро- американските и индијанско-американските приказни кои се среќаваат во фолклорната литература на САД, а од друга страна се анализираат македонските волшебни приказни и нивните евро-балкански варијанти со посебен осврт врз собирачката дејност на Марко Цепенков. Сево ова се истражува во еден широк временски дијапазон почнувајќи со раниот 19 век па се до денес.

Како што се истакнува во воведот, целта на ова истражување не е само дескриптивно и позитивистичко приложување на приказните во врска со смртта и вечноста, туку повеќе, тоа има за задача да даде една објективна критика за современата состојба на овие творби во контекст на светската глобализација, но и во рамките на нејзините екстремни појави како што се радикалниот културен ревизионизам кој е се поприсутен, особено во контекстот на современото американско општество.

Откако успешно ги елаборираше предметот, целите и задачите на нејзината докторската дисертација, кандидатката започнува со опширно и детално образложување на книжевноисторискиот, научниот и религиозниот контекст во рамките на кои се појавуваат приказните чие главно сиже е проблематизирање на филозофската димензија на двете најсуштествени антрополошки категории: смртта и вечноста. Во оваа насока таа ги демистифицира идеолошките компоненти на просветителството, атеизмот и супкултурните појави, давајќи ги основните податоци и насоки со помош на кои се отвора оваа тема.

Ваквите тенденции се особено успешно се реализирани во главите:

II. **Просветителството, преродбата и народното творештвото во Македонија**

(стр.32-50); **V Науката и религијата со комплементарни вистини за фолклорот** (стр.78-87); **VI Десакрализација и деификација на фолклорните потраги по бесмртноста**(стр. 87-98).

Во глава **IX** од овој труд со наслов: **Културниот радикализам и субкултурната субверзија во проучувањето на фолклорот** (стр. 123-142), кандидатката отвора една тема која до сега во македонската наука за фолклорот не е проучувана. Се работи за опасноста од искривување и извитоперување на суштината на фолклорниот материјал, (тоа, според авторката, се случува во моментов во САД) под појавата и силниот притисок на глобализацијата и нео-либералниот радикализам, кои резултираат токму со еден екстремен културен радикализам. Оваа појава позната во фолклористичката наука како фолклоризам, претставува добра основа за критичко промислување на материјалот, што пак имплицира дека авторката критиката на литературата, но и на фолклористиката ја разбира како критика на културата и на општеството во целина.

Клучниот предмет, кој прераснува и во клучен аргумент на тезата се анализата и трансформациите, а пред се инструментализацијата на приказните на браќата Грим во САД, кои во одредени варијанти се наоѓаат и во македонската фолклорна литература. Ова е мошне успешно елаборирано во глава **XI Американската народна литература преземена од европската традиција на браќата Грим** (стр.148-163). Како суштински во докажувањето на својата теза таа анализира одреден корпус на приказни од народната литература како што се „Црвенкапа" и „Снежана и седумте џуџиња" како што денес ги среќаваме во САД, во една наративна форма во која се очитуваат тенденциите на извитоперување на нивната европска и христијанска провениенција.

Зборувајќи за овие појави во САД, кандидатката се обидува да ја демистифицира идеолошката компонента во овие приказни и тоа мошне успешно во главите: **XVI Радикално либерални ревизии и декадентни деформации на Црвенкапа во САД** (стр.204-207) и **XVII Примери од „Политички коректните**

**приказни за пред спиење" на Џејмс Фин Гарднер (примери од културолошките ревизии за Црвенкапа)** (стр. 207-218).

Исклучително интересен дел во докторската дисертација претставува фактот што кандидатката не останува само на отворени прашања во врска со овие појави туку наоѓајќи ги причините за ваквите радикални состојби во падот на моралните христијански вредности на современиот човек од западната цивилизација, нуди решенија кои во својата суштина претставуваат теоретски обиди преку примерите за злоупотребата на фундаменталните категории на смртта и вечноста, да се наметне христијанскиот светоглед како можен излез од овој морален пад.

Следствено, кандидатката својот теоретски прагматизам го насочува кон христијанското толкување, не само на проблемите на животот и на смртта туку воопшто на приказните од христијанска провениенција со што таа покажува тенденција кон создавање на една конзервативно- христијанска теорија и критика во проучувањето на овој материјал. Токму затоа една од нејзините глави гласи **XIV Спасоносниот фактор: христијанското милосрдие кон невиноста** (стр.184-199).

Исклучиво интересен прилог кон оваа докторска дисертација претставуваат и примерите од народните приказни на северноамериканските индијански племиња: **XX Враќањето во живот како усовршување на љубовта кон човекот и кон Бог: Смртта и оживувањето на ќерката во индијанското племе Су – Сијукси"** (стр 224 -268) и **XXI Северноамериканска индијанска приказна на транзиција од земјата кон Големиот Дух, запишана од племето Семиноли: „Луѓе во посета на небото"** (стр. 269-278). Овие две приказни претставуваат токму примери кои најдобро ја отсликуваат митската слика на старите американски племиња во поглед на смртта и вечноста, слика која е одамна изгубена за современата американска цивилизација.

Како посебен пример за традиционалните вредности, морал но и христијански дух, кандидатката во својата докторска дисертација ги посочува македонските народни приказни. Во овој контекст таа го анализира и делото на

296

Марко Цепенков, спротивставувајќи ги една наспроти друга приказните кои во себе содржат паганска симболика наспрема тие полни со христијанска човекољубивост.

Во дисертацијата посебен акцент е ставен врз анализата на две народни приказни кои се чист пример на образложување на тезата за реализација на христијанските морални принципи: **XXIV Митолошки ликови и христијански принципи во македонската народна приказна „Бабината мома Злата позлатена“** (стр. 296-330) и **XXV Рурална и ројална генеологија на злото и доброто, на смртта и вечноста. Господ ја удостојува Мара Пепелашка со натприродни подароци: „вечна љубов“** (стр. 330-338)

Во завршниот дел (**Заклучок**, стр. 347-351) се дава една компаративна анализа помеѓу приказните на Марко Цепенков и тие на браќата Грим, во кој споредувајќи варијанти од приказните, „Трнорушка“ и „Заспаната убавица“ се доаѓа до заклучокот кој е општ за целата докторска дисертација и кој фигурира како генерална оцена на истражувањето: христијанскиот морал, доблестите и ставовите поврзани со смртта и вечноста, тука вклучително и честа и достоинството, се основните принципи кои извираат од длабочината на народните приказни, кои кандидатката апелира да се сочуваат во изворна традиционална форма далеку од дневнополитичките медиумски и идеолошки инструментализации.

**2. Заклучна оцена и предлог:**

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација со наслов **Народните приказни за смртта и вечноста во фолклорната литература на Македонија и САД** оценува дека нејзината авторка м-р Марија Кукубајска, остварила исклучително значаен труд од областа на фолклористиката, која преку обемниот материјал, соодветната научно методолошка апаратура, теоретското промислување, аргументираната анализа и мошне богатата консултирана литература, покажала научно-методолошка консеквентност и висока компетентност во областа со која се зафатила.

Следствено, Комисијата има чест да му предложи на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ да го прифати овој извештај како позитивен и воедно да одобри кандидатката м-р Марија Кукубајска да ја брани својата докторска дисертација пред избраната Комисија.

Комисија

Проф. д-р Ермис Лафазановски с.р.

Проф..д-р Севим Пиличкова с.р.

Проф. д-р Клеанти Аноска с.р.

Проф. д-р Вера Антиќ с.р.

Проф. д-р Кирил Цацков с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на прифатени програми и наслови на теми за изработка на магистерски трудови

| *Кандидат* | *Ментор* | *Магистерска програма/наслов на тема за изработка на магистерски труд* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| 1. Милица Марковиќ | Проф.м-р<br>Јасминка Чакар | - Л.В.Бетовен – Концерт за пијано и оркестар оп.15, Ц-дур<br>- Д.Скарлати – Соната Л.366, д-мол<br>- В.А.Моцарт – Соната Ф-дур, КВ 332<br>- П.И.Чајковски – Думка, бр.59<br>- М.Тајчевиќ – Балкански игри бр.1, 6 и 7 | - проф.м-р Ј.Чакар<br>- вонр.проф.м-р З.Пехчевски<br>- вонр.проф.д-р М.Ѓошевска |
| 2. Линдита Хакај | Проф.м-р<br>Марија Наумовска | - Х.В.Pergolesi – "Stabat Mater" (13 става)<br>- M.de Falla (циклус од седум песни)<br>- El pano maruno<br>- Seguidilla<br>- Asturiana<br>- Jota<br>- Nana<br>- Cancion<br>- Polo | - проф.м-р М.Наумовска<br>- проф.м-р Б.Јакимовска<br>- доц.м-р С.Галиќ-Петровска |
| 3. Љупчо Чедомирски | Проф.м-р<br>Иван Кочаров | - Ф.А.Хофмајстер – Концерт за кларинет и оркестар<br>- В.Николовски – Интродукција и рондо<br>- Б.Цанев – Соната ин "Ес"<br>- А.Димитријевски – "Фолклороид 1 и 2"<br>- А.Цианпиери – "Карневал во Венеција"<br>- Џ.Росини – Интродукција, тема и варијации | - проф.м-р И.Кочаров<br>- проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>- вонр.проф.м-р С.Темков |
| 4. Славчо Величков | Проф.<br>Живојин Глишиќ | - "Хармонските особености на Концертот бр.2 за виолина и гудачки оркестар од Тома Прошев" | - проф.Ж.Глишиќ<br>- проф.д-р Т.Манчев<br>- вонр.проф.д-р В.Коларовска - Гмирја |
| 5. Арјана Куриу-Груби | Проф.м-р<br>Тодор Светиев | - "Развојот на пијанизмот и пијанистичката педагогија во Република Албанија" | - проф.м-р Т.Светиев<br>- проф.м-р Е.Елезовиќ<br>- вонр.проф.д-р В.Коларовска – Гмирја |
| 6. Мисбах Качамаку | Проф.м-р<br>Јасминка Чакар | - Л.В.Бетовен – Соната бр.81 а<br>- Ц.Франк – Прелудиум, фуга и варијации, бр.18<br>- Г.Ф.Хендл – Арија со варијации, Е-дур<br>- В.А.Моцарт – Концерт во д-мол, КВ 466 | - проф.м-р Ј.Чакар<br>- проф.Ј.Каровски<br>- проф.м-р Т.Светиев |
| 7. Митко Иванов | Проф.<br>Велко Тодевски | - Ј.М.Шпрегер - Концерт за контрабас и пијано, оп.16<br>- А.Мишек – Соната, оп.5<br>- Е.Григ – Соната а-мол<br>- Ѓ.Тибор – Тема со варијации | - проф.В.Тодевски<br>- вонр.проф.м-р Ж.Фирфов<br>- вонр.проф.м-р Ф.Балова |

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.11.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметот основи на економијата.

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 18.11.2010 година се пријави само кандидатот д-р Предраг Трпески, досегашен асистент по предметот основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје.

По проучувањето на поднесената документација, како членови на Рецензентската комисија, чест ни е и задоволство да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Куси биографски податоци*

Д-р Предраг Трпески е роден на 11.VII 1976 година во Гостивар. Во родното место завршил основно образование и средно економско училиште со континуиран одличен успех.

Во учебната 1995/96 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, на департманот финансиско-сметководствен менаџмент. Дипломирал за нецели четири години, во јуни 1999 година со просечна оценка 9,42.

Во јули 2000 година е избран за помлад асистент по предметот основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје.

Своите први искуства во образовната дејност ги стекнал уште како редовен студент на Економскиот факултет во Скопје, кога бил ангажиран да изведува вежби по предметот основи на сметководството, во својство на демонстратор.

Во учебната 2001/2002 година се запишал на постдипломски студии од областа на економскиот развој и меѓународните финансии на Економскиот факултет во Скопје. Испитите од постдипломските студии (вкупно осум) ги положил во предвидениот рок со просечна оценка 9,88. Во април 2005 година го одбранил магистерскиот труд под наслов *Новата кејнзијанска економија*, со што се стекнал со звањето магистер на економски науки, а следствено на тоа ја поднел предлог-тезата за изработка на докторската дисертација со наслов *Релевантноста на новата кејнзијанска економија за пазарот на труд во Република Македонија*. Докторската дисертација ја одбранил во октомври 2010 година.

Во текот на својот работен стаж, д-р Предраг Трпески имал остварено повеќе кратки престои на неколку странски универзитети, и тоа на: Економскиот факултет во Љубљана, Словенија, 2001 година; Економскиот факултет во Рејкјавик, Исланд, 2004 година; Универзитетот Karol Adamiecki во Катовице, Полска, 2009 година.

Во периодот септември 2006 - јули 2008 година, д-р Предраг Трпески ја извршувал функцијата заменик на министерот за финансии во Владата на Република Македонија. Во истиот период имал извршувано повеќе општествени и јавни функции кои се поврзани со функцијата

заменик на министерот за финансии. Во овој период имал учествувано во работата на повеќе комисии и тела на државни и други органи. Исто така, д-р Предраг Трпески за периодот додека ја извршувал оваа функција учествувал во подготовката на повеќе национални документи (закони, вкупно 56) и национални програми.

Денес, д-р Предраг Трпески работи како асистент по предметот основи на економијата на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје.

### *Наставно-образовна дејност*

Од 2000 година па до денес, д-р Предраг Трпески бил ангажиран во изведување на предавања на дисперзираната паралелка на Економскиот факултет – Скопје во Штип и тоа во три семестри, како и предавања во два семестра на дисперзираната паралелка во Струга. На предметот основи на економијата д-р Предраг Трпески работел 11 семестри и има работено во просек со 1000 студенти по семестар.

За време на неговиот престој на Универзитетот „Karol Adamiecki" во Катовице, Полска, 2009 година, д-р Предраг Трпески одржал 6 часа предавања на овој Универзитет на тема *Невработеноста во Република Македонија во транзиционот период.*

Како вработен на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Предраг Трпески совесно и професионално ги извршувал сите обврски кои произлегуваат од работното место, а во два мандата, во периодот 2001-2005 година, ја вршел и функцијата секретар на Катедрата за економија.

### *Научноистражувачка и стручна дејност*

Д-р Предраг Трпески има објавено повеќе трудови како во земјава така и во странство, каде што потесно поле на истражување е функционирањето на пазарот на трудот и невработеноста како макроекономски проблем par exelance. Трудови на д-р Предраг Трпески се:

1. Новата кејнзијанска економија, магистерски труд, Економски факултет-Скопје, 2005.
2. Релевантноста на новата кејнзијанска економија за пазарот на труд во Република Македонија, Економски факултет-Скопје, 2010.
3. Социјалните трансфери во Република Македонија и импликациите врз пазарот на труд, *Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2010.*
4. "Labor Productivity and Wages in the Republic of Macedonia", RTE Revista Tinerilor Economisti (The Young Economists Journal), Year VII, No. 13, November 2009, Romania.
5. „Флексибилноста на пазарот на трудот во Република Македонија", *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2009.
6. *Македонска енциклопедија* (коавтор на стручна одредница), МАНУ, 2009.
7. „Продуктивноста на трудот и платите во Република Македонија", *Годишник на Економскиот факултет, Скопје,* 2006.
8. "Кусиот рок како дел од процесот и последиците од неговото запоставување – концептот на Hysteresis", *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2005.

9. „Асиметрични информации на пазарот на туристички услуги“, VII меѓународна конференција *Современи трендови во туристичката индустрија,* Факултет за туризам, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Охрид, 2005.
10. “Теоријата за плати за ефикасност и невработеноста”, *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2004 година.
11. “Проблеми во урамнотежувањето на пазарот на трудот – ригидност на реалните плати”, *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2003 година.
12. “IS – LM моделот на општа макроекономска рамнотежа”, *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2002 година.
13. „Буџетскиот дефицит и истиснувањето на приватниот сектор (Crowding out)”, *Годишник на Економскиот факултет,* Скопје, 2001 година.
14. „Global Competitiveness report 2001“.World Bank 2001 (меѓународен проект)
15. *Анализа на прехранбената индустрија во Република Македонија,* (национален проект), Секторско истражување за Југоисточна Европа, Фондација „Fridrich Ebert“, 2008.

Д-р Предраг Трпески континуирано учествува на дебати, трибини, стручни и дебатни емисии од областа на економијата. написи во стручни списанија итн., а особено треба да се потенцираат следниве активности: пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество - The Regional Finance and investment Conference for South Eastern Europe – Competitiveness ane Sustainable Economic Growth. October 2007, Croatia; пленарно предавање на научен/ стручен собир - eGovernment Initiatives in Western Balkan Countries, Customs Administration of the Republic of Macedonia, june 2007, како и пленарно предавање на домашен научен/стручен собир - Економските импликации од членството на Република Македонија во НАТО, Фондација „Фридрих Еберт“ и ПРОГРЕС институтот, Скопје, 2010 година.

Во продолжение ќе дадеме кус глобален осврт најпрвин за објавените статии, а потоа и за магистерскиот труд и докторската дисертација.

Кандидатот д-р Предраг Трпески во својата стручна и научно-истражувачка работа главно е ориентиран на испитување на теми од современата макроекономија и особено на микроекономските фундаменти на макроекономијата, а посебно поле на истражување му се пазарот на труд и невработеноста како еден од најгорливите макроекономски проблеми.

Во објавените статии го третирал проблемот на кумулирањето на буџетските дефицити и на јавниот долг во современите економии како и нивните економски ефекти – посебно оние поврзани со феноменот на истиснување на приватниот сектор од сферата на инвестициите. Тој, исто така, посебно се интересира и за проблемите на управувањето со агрегатната побарувачка и концептот на т.н. хистереза со која се објаснува повисоката природна стапка на невработеност во Европа во однос на САД, а како резултат на неадекватното справување со макроекономските шокови преку мерките на фискалната и монетарната политика. Во рамките на микроекономските фундаменти на современата макроекономија, д-р Предраг Трпески главно е посветен на ригидностите на пазарот на труд кои детерминираат негово бавно

"чистење" и креираат невработеност. Притоа, интересот е посебно фокусиран кон новите теоретски концепции со кои се објаснуваат ригидностите на пазарот на трудот и на пазарот на добра и услуги: плати за ефикасност, асиметрични информации итн. Кандидатот д-р Трпески во своето елаборирање се служи со модерна и релевантна литература од областа и користи модерен пристап при експликацијата на проблемите. Во своите трудови д-р Предраг Трпески го испитува и односот помеѓу платите и продуктивноста на трудот во Република Македонија, кои истражувања се релевантни за извлекување заклучоци за применливоста на некои од теориите (теоријата на плати за ефикасност и теоријата за инсајдери-аутсајсери) на новата кејнзијанска економија на примерот на пазарот на труд во Република Македонија. Покрај испитувањето на флексибилноста на пазарот на трудот преку ригидноста на реалните плати, д-р Предраг Трпески го истражува и влијанието на институциите врз флексибилноста на пазарот на труд во Република Македонија.

Магистерскиот труд на кандидатот д-р Предраг Трпески, насловен *Новата кејнзијанска економија,* претставува анализа на економската филозофија на новата кејнзијанска економија, како една од доминантните и конкурентни макроекономски школи, којашто нуди релевантни елаборации за начинот на кој функционираат современите економии. Темата е значајна и актуелна не само од теоретски аспект, туку и од практичен, бидејќи современите економски политики, по правило, се профилираат под доминантното дејство на преовладувачките економски ортодоксии. Во својот магистерски труд кандидатот д-р Предраг Трпески успеал комплексно да ги разработи микроекономските фундаменти на новата кејнзијанска економија, што во основа беше и една од главните цели на трудот, поради едноставниот факт што токму микроекономската заснованост на оваа макроекономска школа претставува нејзина diferentia specifica во однос на другите макроекономски концепции од неокејнзијанска провениенција – во прв ред екстремните кејнзијанци и еклектичните кејнзијан. Макроекономскиот модел на новата кејнзијанска економија исто така е успешно и солидно разработен, со посебно укажување на спецификите во елаборирањето на клучните макроекономски проблеми од страна на новите кејнзијанци – детална анализа за факторите кои детерминираат ригидност на цените и платите, еклектицизам во толкувањето на изворите на економските флуктуации и во начинот на кој економските субјекти ја антиципираат иднината и посебен пристап во објаснувањето на движењето на клучните макроекономски агрегати низ времето – кусиот и долгиот рок и кусиот рок како дел од процесот.

Докторската дисертација на д-р Предраг Трпески на тема *Релевантноста на новата кејнзијанска економија за пазарот на труд во Република Македонија*, обработува вонредно значајна и релевантна проблематика за Република Македонија. Македонија влегува во редот на земјите со енормно висока стапка на невработеност - состојба наследена уште од претходниот општествено-економски систем (во осумдесеттите години на минатиот век Македонија имаше стапка на невработеност повисока од 20%), којашто континуирано се зголемуваше во транзициониот период, во прв ред, како резултат на почетните негативни ефекти од приватизацијата и преструктурирањето на големите социјалистички претпријатија, на бавното спроведување на

реформите од т.н. втора генерација и на анемичниот раст на економијата. Стапката на невработеност во почетните транзициони години надмина 30% и набрзо се покажа дека станува збор за типичен домен на пазарен неуспех којшто не може да биде разрешен само низ дејството на пазарните сили. Ваквото сфаќање лежи во основата на новата кејнзијанска економија. Новите кејнзијанци тврдат дека пазарот на труд бавно се урамнотежува како резултат на егзистенцијата на бројни ригидности детерминирани од постоењето на синдикати, минимални плати и социјални трансфери (т.н. старокејнзијански аргументи), но и како резултат на постоењето на плати за ефикасност, инсајдери и аутсајдери, хистереза и сл. (типично новокејнзијански концепти), со кои се засилува микроекономската фундираност на кејнзијанизмот и се нудат нови аргументи во прилог на тврдењето за нефлексибилност на платите и бавното урамнотежување на пазарот на труд, т.е. креирањето на невработеност. Сите овие прашања опстојно се анализирани во трудот. Во тој контекст, неговата анализа потврди дека: (1) општествените трошоци од невработеноста (економските, социјалните и буџетските) се енормни и дека влада соочена со ваква состојба мора да преземе широк арсенал мерки за ублажување на проблемот, при што фокусот треба да биде сосредоточен на активните пристапи за ублажување на овој тежок макроекономски и социјално-политички проблем; (2) дека новокејнзијанските концепти за хистерезата и инсајдерите и аутсајдерите имаат висока објаснувачка моќ за состојбите на пазарот на труд во Македонија, а концептот за плати за ефикасност, иако со помала објаснувачка моќ, се потврдува во случајот на пропулзивните економски сектори кои вработуваат високообразовани кадри; (3) дека на макроекономски план не може и не смее да се потцени значењето на агрегатната побарувачка за состојбата во вкупната економија, бидејќи краткиот рок е само секвенца на долгиот рок на процесот; (4) дека агрегатната понуда (запоставувана во анализата на ортодоксните и умерените кејнзијанци) е исто така значајна, односно дека македонската економија имаше сериозни загуби од шоковите на страната на агрегатната побарувачка во целиот транзиционен период и (5) дека за оспособување на македонската економија за долгорочен раст и креирање нови работни места од клучно значење е заокружувањето на процесот на структурни реформи - посебно подобрувањето на најзначајните сегменти на инвестиционата клима ( добра заштита на сопственичките права, квалитетна инфраструктура, подобрување на пристапот на фирмите кон извори за финансирање на растот, зголемување на ефикасноста и кредибилитетот на институциите итн.), развој на малите и средните претпријатија и претприемништвото, подобрување на квалитетот на корпоративното управување итн.

Неговата анализа потврди дека и постарите неокејнзијански концепции за пазарот на труд, кои новите кејнзијанци, речиси, во целост ги прифаќаат (посебно улогата на социјалните трансфери) се релевантни за Македонија, бидејќи и кај нас социјалните трансфери ги обесхрабруваат луѓето да бараат вработување и ги поттикнуваат да се ангажираат во доменот на неформалната економија.

Научниот и стручниот придонес на д-р Предраг Трпески во испитувањето на оваа комплексна материја се огледа во фактот што тој понуди опстојна и издржана елаборација на новокејнзијанските теории

и концепти за пазарот на труд и нив ги примени на случајот на македонската економија, потврдувајќи ја нивната релевантност и значајна објаснувачка моќ во услови на егзистенција на висока невработеност. Научниот и стручниот придонес на кандидатот може да се лоцира и во неговиот успешен обид да ги разграничи основните видови на невработеност во македонската економија, како и во неговиот обид, барем во рудиментарна форма, да покаже дешто концептот на т.н. природна стапка на невработеност и со него поврзаниот концепт за актуелниот и потенцијалниот БДП, можат да имаат значајна аналитичка вредност дури и за мала економија, како што е македонската, во којашто нема егзистенција на типични бизнис-циклуси.

***Општа оцена и предлог***

Комисијата определена за избор на наставник по предметот основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје, во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со задоволство констатира дека на конкурсот се јави кандидат кој во неговиот досегашен работен и стручен ангажман постигнал забележителни резултати, вредни за почит. При дефинитивното одлучување, Комисијата посебно ги зеде предвид следниве факти: *прво*, д-р Трпески е вработен на Факултетот како асистент по предметот основи на економијата (најпрвин како помлад асистент, а потоа и како асистент) уште од 2000 година. Во неговиот досегашен ангажман се покажал како вреден, совесен, исполнителен, амбициозен и посветен во исполнувањето на асистентските обврски и одговорности. *Второ*, во изминатиот период д-рПредраг Трпески се стекнал со драгоцено педагошко искуство во работата со студенти – консултации, повремено вклучување во наставата, оцена на стручни и семинарски трудови и сл., извршувајќи ги споменатите активности одговорно, компетентно и совесно. *Трето*, кандидатот постигнал солидни резултати и во стручната и научната дејност, за што сведочи и фактот што изработил квалитетен докторски труд, објавил поголем број трудови, посебно од областа на пазарот на труд – микроекономски и макроекономски аспекти, макроекономски политики и сл., зел учество во изготвување на проекти, на семинари, обуки итн.

Врз основа на сето она што претходно беше изнесено за активноста на кандидатот д-р Предраг Трпески, притоа ценејќи ги сите негови прикажани квалитети, како и вкупниот број на поени (242,6) утврдени врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (Анекс 2 од соодветниот документ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје), Комисијата со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје **да го избере кандидатот д-р Предраг Трпески за наставник по предметот основи на економијата, во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје.**

Скопје, ноември 2010

Членови на Комисијата
1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.
3. Акад. Гоце Петрески с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Трпески Здравко Предраг**
**Институција:** **Економски факултет - Скопје**
**Научна област: економија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава:<br>1. Основи на економијата-дисперзирана паралелка во Штип: 6 ч неделно*15 недели*0,04*3 семестри = 10,8<br>2. Основи на економијата-диперзирана паралелка во Струга: 2 ч неделно*15 недели*0,04*2 семестри = 2,4 | 13,2 |
| 2 | Консултации со студенти (основи на економијата: 1000 студенти * 0,002 * 11 семестри = 22 | 22 |
| 3 | Превод на учебник – стручен редактор на книгата Transport: An Economics and Management Perspective, David Hensher and Ann Brewer | 3 |
| | | |
| | **Вкупно** | 38,2 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска дисертација<br>- Релевантноста на новата кејнзијанска економија за пазарот на труд во Република Македонија | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска теза<br>- Новата кејнзијанска економија | 4 |
| 3 | Учесник во меѓународен научен (стручен) проект:<br>1. Global Competitiveness report 2001,World Bank 2001. | 5 |
| 4 | Учесник во национален научен (стручен) проект:<br>1. Анализа на прехранбената индустрија во Република Македонија, Секторско истражување за Југоисточна Европа, Фондација „Fridrich Ebert", 2008. | 3 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание:<br>8*2 = 16<br>1. „Буџетскиот дефицит и истиснувањето на | 16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | приватниот сектор (Crowding out)". *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2001 година;<br>2. "IS – LM моделот на општа макроекономска рамнотежа", *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2002 година;<br>3. "Проблеми во урамнотежувањето на пазарот на трудот – ригидност на реалните плати", *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2003 година;<br>4. "Теоријата за плати за ефикасност и невработеноста" *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2004 година;<br>5. "Кусиот рок како дел од процесот и последиците од неговото запоставување – концептот на Hysteresis", *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 2005 година;<br>6. „Продуктивноста на трудот и платите во Република Македонија", *Годишник на Економскиот факултет, Скопје*. 2006 година;<br>7. „Флексибилноста на пазарот на трудот во Република Македонија", *Годишник на Економскиот факултет*. Скопје, 2009;<br>8. „Социјалните трансфери во Република Македонија и импликациите врз пазарот на труд", *Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2010.* | |
| 6 | | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>1. Асиметрични информации на пазарот на туристички услуги", VII меѓународна конференција *Современи трендови во туристичката индустрија*, Факултет за туризам, Уноверзитет „Св. Климент Охридски", Охрид, 2005 година. | 2 |
| 7 | | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>(коавтор) 90% од 4 = 3,6<br>1. Labor Productivity and Wages in the Republic of Macedonia, *RTE Revista Tinerilor Economisti (The Young Economists Journal)*, Year VII, No. 13, November 2009, Romania. | 3,6 |
| 19 | Role of Herodias in "Salomé" by F. Schmitt, MNT, Skopje | 8 |
| 20 | Role of Herodias in "Salomé" by F. Schmitt, Nuremberg, Germany | 8 |
| 21 | Role of Olga in "Three Sisters", MNT, Skopje | 8 |
| 22 | Role of Tanja in "Farewell Tanja", Skopje | 8 |
| 23 | Choreography for the opening ceremony of Ohrid Summer Festival 2008 | 8 |
| 24 | Role of the Red Lady in "Pink Floyd", MNT, Skopje | 8 |
| 25 | Role of the Red Lady in "Pink Floyd", Belgrade, Serbia | 8 |
| 26 | Roles of Mehmene Banu in "The Legend of Love" by Arif Malikov, Kiev, Ukraine | 8 |
| 27 | Role in "Planetarium", Toronto, Canada | 8 |
| | **Total** | **216** |

## PROFESSIONAL APPLIED ACTIVITY

| No. | Name of the activity: | Points |
|---|---|---|
| 1. | Monograph "Life in motion", DVD edition | 8 |
| 2. | Member of the Council of Culture at the Macedonian Ministry of Culture | 3 |
| 3. | Prize "13 Noemvri", 1991 | 5 |
| 4. | Prize "Anatolij Shikera", Ministry of Culture, Ukraine | 5 |
| 5. | Silver plaque, Yugoslovenian Ballet Competition, Novi Sad, Yugoslavia, 1982 | 3 |
| 6. | Silver plaque, Yugoslovenian Ballet Competition, Novi Sad, Yugoslavia, 1984 | 3 |
| 7. | Silver plaque, Yugoslovenian Ballet Competition, Novi Sad, Yugoslavia, 1988 | 3 |
| 8. | Specialization studies in Kiev, Ukraine, 1980-81 | 2 |
| 9, | Specialization studies in Paris, France, 1988 | 0,5 |
| | **Total** | **32,5** |

| PROFESSIONAL REFERENCE OF THE CANDIDATE FOR THE SELECTION IN TITLE | Points |
|---|---|
| TEACHING-EDUCATIONAL ACTIVITY | 5 |
| SCIENTIFIC RESEARCH ACTIVITY | 5 |
| PROFESSIONAL ARTISTIC ACTIVITY | 216 |
| PROFESSIONAL APPLIED ACTIVITY | 32,5 |
| **Total** | **258,5** |

Reviewers' Committee:

Professor Gordana Josifova – Nedelkovska MA

Professor Vladimir Mikhalovich Zakharov, PhD

Professor Valentina Vasilevna Degtjareva, PhD

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА Е-БИЗНИСОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 183 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а по предлог на Катедрата за Е-бизнис со одлука донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Скопје, одржана на 26.11.2010, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор/реизбор на соработник (помлад асистент) по економски науки на **група предмети од областа на е-бизнисот,** во состав: проф. д-р Нада Секуловска, проф. д-р Сашо Јосимовски, и проф. д-р Лидија Пулевска – Ивановска.

Комисијата, врз основа на разгледувањето на документацијата на пријавените кандидати по конкурсот за избор на помлад асистент по група предмети од областа на е-бизнисот, објавен во весникот „Утрински весник" од 18.10.2010 година, има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да му го презентира следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор/реизбор на помлад асистент по група предмети од областа на е-бизнисот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се пријави еден кандидат, и тоа:

1. Димитар Јовевски

Во извештајот ќе бидат изнесени податоци за кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот.

## Биографски податоци и постигнати резултати на кандидатот

Кандидатот **Димитар Јовевски** е роден на 20.7.1983 година во Скопје. Средното образование го завршил во ДСУ „Никола Карев" во Скопје со одличен успех. Во 2002 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот по

менаџмент. Во 2005 година по завршувањето на третата година од студиите со просечен успех 9,46 го продолжуи образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис„ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирал во јануари 2007 година. Во 2007 година се запишал на постледипломските студии МБА менаџмент, а во 2008 на постледипломските студии по Е-бизнис менаџмент и ги положил сите испити. Од декември 2007 година е вработен на Економскиот факултет во Скопје како помлад асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот.

Во периодот од изборот како помлад асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот па се до денес, кандидатот Димитар Јовевски ги објавил следниве трудови:

1. **„New media vehicles and the roles of social media“** коавтор со Тешиќ Е. Објавен во зборник на трудови с.1-446, Скопје 2010, стр. 415-423, на конференцијата - The challenges to economics theory and policy in the aftermath of the global crisis, на Економски Факултет по повод 60 годишнината од основањето на Факултетот. Главна цел на трудот е да ја истакне важноста за компаниите во поголемата примена и користење на новите медиуми од страна на корисниците во светот и Македонија. Светот секојдневно се менува, а со тоа и начините како се користат новите медиуми. Компаниите секојдневно применуваат нови пристапи, модели во маркетингот, менаџментот, со една цел, да бидат што поблиску до потрошувачите и да понудат поголема вредност за нив преку користењето на нивните производи. Со помош на различната примена на новите медиуми се овозможува поголема сегментација на потрошувачите, а со тоа и нивно подобро таргетирање. За потребите на овој труд се направени две истражувања, едното за компаниите, а второто се однесува на потрошувачите. Истражувањето за компаниите се однесува како тие ги користат новите медиуми и кои техники на рекламирање ги користат. Исто така од резултатите може да се види како тие ги третираат потрошувачите преку користење на новите медиуми. Второто истражување е креирано за корисниците со идеја да се види како тие ги користат социјалните медиуми и како реагираат на интернет рекламирањето од страна на македонските компании.
2. **„Impact of Cloud computing on the business worldwide"** - 21 Годишна конференција на Интернационалната асоцијација за информационен менаџмент, одржана во Утрехт, Холандија, ноември 2010. Во овој труд се разгледува и се објаснува еден нов тренд во користењето на информатичките технологии во светот каде што софтверот се разгледува како сервис, односно услуга понудена на компаниите. Преку користењето на оваа услуга се дава опис на можните придобивки на компаниите доколку го користат овој систем, но и се дава осврт на моменталните трендови во овој

сервис. Во трудот се дава детален опис на сите предности и слабости од користењето на овој сервис од страна на компаниите и можните насоки за негова идна примена.

3. **„Internet marketing strategies and ICT technologies as a common ground for business development“**, коавтор со Едвард Тијан објавен во конференциска книга од Интернационална конференција за информации и комуникациски технологии, електроника и микроелектроника – МИПРО, – Дигитална економија – 7. Аладин, Vol V, 2010, с.1-442, стр36-42. Светот веќе се помести од индустриската економија на дигитална економија, економија на мрежи. Во оваа ера на информации, што се карактеризира со брз раст и развој на ИКТ (информатички и комуникациски технологии) и на интернет, уште побрзо се јавува потребата од нови алтернативи за управување и работење на компаниите. Светот составен од кластери на националните економии се претвори во еден глобален светски пазар. Појавата на нови, глобални електронски бизнис моделите базирани на дигиталните технологии и интернетот стана императив за управување со компаниите од сите типови и големини. Свесни за огромното влијание на ИКТ и интернетот за целокупната организациска трансформација, и знаејќи го фактот дека во една од најголемите економии во светот, малиот бизнис е движечката силата, менаџерите се обврзани да се приспособат на начинот на кој тие управуваат со нивните деловни иницијативи и примена на е-бизнис апликациите во своите бизниси. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да ги истражува и презентира можностите за користење и примена на различните интернет маркетинг-стратегии наменети исклучиво за примена во дигиталната економија. Идејата е да се покаже потреба за промени на стандардните маркетинг-практики за потребите во новата дигитална економија, каде што користење на новите трендови во ИКТ и интернетот се неопходни за успех на компаниите.

4. **„ Интернет маркетинг стратегии и потребата од развивање на нов маркетинг микс“ – Економски** годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 44 (2009), с.1-550, Скопје, 2009, стр.477-485. Во овој труд се разработуваат и се објаснуваат фундаменталните елементи на секоја е-маркетинг стратегија. Како се дефинира, кои се елементите и како се применува во компаниите кои своето работење го заснoваат на интернет. Исто така се разгледува поврзаноста и последователноста на е-маркетинг планот со сите негови елементи како значаен дел за секој бизнис кој започнува да работи онлајн. Во вториот дел од трудот се разгледува потребата од нов концепт на маркетинг-микс за компании кои работат во онлајн-просторот. Оваа потреба од менување на маркетинг-миксот произлегува од окружувањето во кое онлајн компаниите работат. Овој маркетинг-микс не претставува комплетно нов пристап ниту комплетно нов модел, туку изменет и дополнет традиционален макретинг-микс. Покрај елаборирањето на новите елементи на маркетинг-миксот, се

навлегува и во елаборирање на неговата примена во секојдневното работење на компаниите во онлајн-просторот.

5. **"Managing e-business strategic initiatives in companies in the Republic of Macedonia"** – коавтор со Мијоска М. Зборник на трудови интернационалните менаџмент предизвици на модерното општество, Клуи Напока, Романија, мај 2009. Во денешно време, свесни за огромното влијание на ИКТ и интернетот за целокупната организациска трансформација (организациони структури, стратегии, бизнис модели, деловните процеси и сл), менаџерите се обврзани да го приспособуваат на начинот на кој тие управуваат со нивните деловни иницијативи, притоа применувајќи Е-бизнис апликации во нивното работење. Во современото општество и турбулентната глобална животна средина, менаџерите се обидуваат да се потпрат на потенцијалот на е-бизнис решенијата, свесени за потребата од имплементирање на ИКТ, интернет и придружните Е-бизнис модели и е-бизнис апликации со цел да се зголеми нивната конкурентност. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да се презентира степенот на користење на е-бизнис апликациите во компании во Република Македонија, да се види како успешно да се управуваат со е-бизнис стратегиите, како и нивна имплементација. Во овој труд ќе се разгледа моделот на премин на компаниите кон е-бизнис решенија, како и степенот на нивната примена во работењето. Во заклучокот се дава осврт на главните пречки и бариери со кои менаџерите на македонските компании се соочуваат при спроведувањето на (мигрирањето кон) Е-бизнис решенијата.

6. **„Anytime, anyplace, know everything and bet sports"** – коавтор со Делидинкова Ј., Димитров Ј, Ѓорѓиевска С. во конференциска книга Vol 1 ИКТ Иновации 28-29 септември 2009. Основната идеја на овој труд е да се објасни развивањето на еден веб-портал кои ќе обезбеди, ќе спои и ќе комбинира две клучни работи, а тоа се социјални заедници-мрежи и мобилни услуги. Оваа идеја ќе им обезбеди информации преку интернет, СМС, ММС или видео-содржини за мобилни уреди на луѓето кои се заинтересирани за спортот, спортски настани и спортски резултати. Според тоа, целната публика ќе биде поделена во две фокус групи: луѓе кои се само заинтересирани за спортот и луѓе кои се зависници од обложување. Тоа е портал ориентира кон употреба на нови и уникатни технологии, со цел да се обезбедат услуги за јавноста и / или различни институции. Мотото е: "Во секое време, на секое место, сè да се знае за спортот".

7. **„Mobile under Social in small business"** – коавтор со помлад асистент Мијоска М. Зборник на трудови на интернационална конференција – „Предизвици на економијата, бизнисот и социјалниот прогрес". Сегед Унгарија 2008. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да се претстават и да се покажат можностите на иновациите

во малите бизниси со користење на одредено ниво на е-бизнис апликации. Идејата е да се посочат различните е-бизнис апликации кои малите бизниси можат да ги користат, а притоа да се комбинираат новите мобилни технологии и виртуелните заедници одеднаш. Исто така, истакнување на различните проблеми и ограничувања кои ги имаат овие апликации но секако и истакнување на придобивките на малите бизнии од нивното користењето.

8. **„Појавата на мобилната трговија, нејзината предност како и можностите за развивање на оваа гранка во Македонија", Економски факултет** , Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43 (2008), с.1-660, Скопје, 2008, стр.591-605. Во овој труд се разработуваат и се објаснуваат фундаменталните поставки на т.н. М-трговија или мобилна трговија. Преку дефинирањето и разграничувањето од електронската трговија, која до неодамна беше непозната и нова појава во економијата, се разоткрива една нова и мошне интересна димензија на работењето а тоа е мобилната трговија. Се претставуваат сите предности и слабости, како и начините како е поврзана и што произлегува од електронската трговија. Секако, тука не се изоставени и аспектите на развивање на мобилната трговија во Македонија, притоа користејќи ги предностите кои ги има оваа земја во однос на примената и користењето на нови и напредни технологии.

Кандидатот учествувал на повеќе конференции, семинари и работилници, од кои позначајни се следниве:

- учесник на конференцијата по повод 60 години Економски факултет, ноември 2010;
- учесник на 21 Годишна конференција на Интернационалната асоцијација за информационен менаџмент, 17-20 октомври 2010;
- учесник на 23-та Е-конференција во Блед на тема: Е-доверба импликации за индивидуите, компаниите и општеството, 20-23 ,јуни 2010
- учесник на 33 Интернационална конференција за информации и комуникациски технологии, електроника и микроелектроника – МИПРО, 24-28 мај 2010;
- учесник на МАСИТ-Отворени денови, Охрид октомври 2009;
- учесник на конференцијата ИКТ -иновации 28-29 септември 2009;
- учесник на летна школа во соработка со 22-та Е-конференција во Блед на тема: Постоење на отворено, ефективно и транспарентно Е-општество, 8- 19 јуни 2009.

Кандидатот бил член на повеќе комисии при Економскиот факултет во Скопје со што има придонесено за непречено одвивање на работата на Факултетот.

Од странските јазици, кандидатот Димитар Јовевски одлично го владее англискиот јазик, а има познавање од францускиот јазик и холандскиот.

Одлично ги владее компјутерските апликации: Microsoft XP, 2007 and Office, Linux, Internet, Adobe Photoshop, Visual Basic, CorelDraw, MS Visio, eViews, Project Manager, Joomla, Macromedia Dreamweaver

**Општа оценка и предлог**

Членовите на Комисијата за избор на помлад асистент по група предмети од областа Е-бизнис, по разгледувањето на документите заклучија едногласно дека:

Кандидатот **Димитар Јовевски** ги исполнува условите за избор/реизбор за помлад асистент **по група предмети по економски науки од областа на Е-бизнисот.** Паралелно со наставно-научната активност, која како помлад асистент ја врши во текот на три години, кандидатот забележал сериозна научно истражувачка активност. Тоа се поткрепува со трудовите кои ги публикувал во странски и домашни списанија, присуството на многубројни меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и стручни обуки. Членовите на Комисијата за избор на помлад асистент по група предмети од областа Е-бизнис го изразуват своето задоволство од квалитетите и досегашните постигнати резултати на кандидатот Димитар Јовевски.

Врз оваа основа, Комисијата со задоволство му предлага на членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го реизбере кандидатот **Димитар Јовевски за помлад асистент по група предмети по економски науки од областа на е-бизнисот.**

**Членови на Комисијата,**

1. Проф.д-р Нада Секуловска, с.р.

2.. Проф.д-р Сашо Јосимовски, с.р.

3.Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, с.р.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ), ПО ПРЕДМЕТИТЕ **НАУКА ЗА МЕНАЏМЕНТ И ЕКОНОМСКО МАТЕМАТИЧКИ МЕТОДИ И МОДЕЛИ** НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На седницата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", одржана на 26.11.2010 година (одлука бр. 02-3717/1), определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по организациони науки и управување (менаџмент) по предметите наука за менаџмент и економско математички методи и модели.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински весник" од 18.11.2010 година се пријави само кандидатката м-р Виолета Цветкоска, досегашен помлад асистент по предметите наука за менаџмент и економско математички методи и модели на Економскиот факултет во Скопје.

По проучувањето на пријавата и приложената документација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатката м-р Виолета Цветкоска е родена на 19.7.1984 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 2003/2004 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на департманот менаџмент. Студиите ги завршила во 2007 година како најдобар студент на департманот менаџмент со просечен успех 9,61 и се стекнала со звањето дипломиран економист. За помлад асистент по предметите наука за менаџмент и економско математички методи и модели на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" е избрана непосредно по дипломирањето. Во учебната 2008/2009 година кандидатката м-р Виолета Цветкоска се запишала на академски студии – мастер – студии од втор степен на Факултетот за организациони науки (ФОН) при Универзитетот во Белград на студиската програма за операционен менаџмент,

програмско подрачје (модул): операциони истражувања и квантитативни методи. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,86, а магистерскиот труд под наслов „Dvofazni pristup merenju efikasnosti primenom metoda DEA i AHP" го одбранила на 28.9.2010 г. со највисока оценка 10 (десет), стекнувајќи се со академски назив дипломиран инженер на организациони науки - магистер од областа на операционен менаџмент, програмско подрачје: операциони истражувања и квантитативни методи.

Кандидатката м-р Виолета Цветкоска активно го владее англискиот јазик, а исто така има солидни познавања на германскиот и италијанскиот јазик (приложени дипломи и уверенија). Исто така, м-р Виолета Цветкоска активно ја користи современата компјутерска техника, како програмите од Microsoft Office, а ги има завршено и курсевите: „Напреден Microsoft Excel 2003", „Microsoft Project 2007" и „MS Excel – бизнис анализа и одлучување", а притоа одлично се служи и со Power Point и Internet. Кандидатката одлично ја познава примената на голем број софтверски алатки од областа на науката за менаџмент/операциони истражувања и квантитативните методи и модели кои овозможуваат поддршка на менаџерите во донесувањето на одлуки.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Виолета Цветкоска, во периодот од нејзиниот избор за помлад асистент до денес, покажа забележителна активност во наставно-образовната дејност. Особено внимание заслужува нејзиното ангажирање во изведувањето на вежбите по предметите наука за менаџмент и економско математички методи и модели. Благодарение на фактот што предметите се од области што ги изучувала како на редовните така и на постдипломските студии, работата со студентите и одржувањето на часовите ги врши мошне професионално. Исто така таа им помага на студентите во изготвувањето на практични проектни задачи, семинарски и дипломски трудови, како и со редовното одржување на консултациите. М-р Виолета Цветкоска повремено се вклучува и во изведување на наставата, подготовката и прегледувањето на испитните тестови и задачи, за што покажува голема одговорност.

Кандидатката покрај активностите поврзани со предметите на кои е избрана покажува и мошне сериозен пристап во извршувањето на сите задачи кои и се

доделени од страна на Факултетот (дежурства на испити, учество во работни групи и комисии кои се формирани за различни намени).

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Виолета Цветкоска, покрај активното учество во наставно-образовниот процес, забележува активност и во научноистражувачката дејност. Во периодот од изборот во звањето помлад асистент до денес, м-р Виолета Цветкоска ги има изработено, објавено и презентирано пред научната и стручна јавност следниве трудови:

1. Dvofazni pristup merenju efikasnosti primenom metoda DEA i AHP (одбранет магистерски труд, стр. 190), Факултет за организациони науки при Универзитетот во Белград, 2010.
2. Квантитативна поддршка на процесот на одлучување во современата бизнис-економија, меѓународна научна конференција: Економијата и бизнисот во пострецесискиот период, Зборник на трудови во форма на ЦД, Економски факултет – Прилеп, Прилеп, Р. Македонија, 2010, во коавторство со проф. д-р Благородна Тодосиоска.
3. Data Envelopment Analysis and Its Application in Education, Proceedings Abstracts and Conference Proceedings (on CD-ROM, XI-02.) of the XII International Symposium, SymOrg 2010, Zlatibor, Republic of Serbia, June 2010.
4. Globalization and Policy-Making in the European Union, труд презентиран на Втората интернационална конференција: The Economies of Balcan and Eastern Europe Countries in the changed world, Кавала, Грција, прифатен за објавување во Зборник на трудови од Конференцијата како и во книга која ќе биде објавена од страна на Cambridge Scholars Publishing, 2010.
5. Квантитативни основи на методата DEA – модели и подрачја на примена, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, ТОМ 45, 629-642, Економски факултет – Скопје, Р. Македонија, 2010.
6. Примена на методите ELECTRE, PROMETHEE и AHP при избор на модел на автомобил (анализа на продажбата на нови автомобили во Република Македонија во 2008 година), Годишник на Економскиот факултет во Скопје, ТОМ 44, стр. 535-549, Економски факултет – Скопје, Скопје, Р. Македонија, 2009.

7. Uloga i primena kvantitativnih metoda i modela u menadžmentu, Zbornik radova - SPIN'09, str. 559-566 VII Skup privrednika i naučnika: Operacioni menadžment i globalna kriza, novembar 2009, Beograd, R. Srbija, 2009.
8. Managing in downturn – How to manage risks in the period of finance crisis, The Proceedings of the Second international management conference: Managerial Challenges of the Contemporary Society, 55-62, Cluj-Napoca, May 2009, Romania, 2009.

Во продолжение даваме краток осврт на некои од трудовите на кандидатката м-р Виолета Цветкоска.

1. Dvofazni pristup merenju efikasnosti primenom metoda DEA i AHP (труд под ред. бр. 1). Магистерскиот труд на кандидатката Виолета Цветкоска обработува современа, актуелна и многу комплексна проблематика со соодветна апликација на двете методи. Методата за анализа на обвиени податоци (DEA) е една од најуспешните и најпопуларни области на науката за менаџмент, односно операционите истражувања со широк распон на примена, а методата за аналитички и хиерархиски процес (AHP) претставува многу важна метода за одлучување која се применува за решавање на комплексни проблеми чии елементи се цели, критериуми, поткритериуми и алтернативи. Во трудот, покрај историскиот развој на овие методи, обработени се и основните математички модели како и можностите за нивна модификација и проширување. Во апликацијата на овие методи користени се најпопуларните софтверски алатки како поддршка на методите DEA и AHP. Во овој труд посебно внимание е посветено на квантитативно-квалитативната анализа на резултатите добиени со користење на методата DEA при решавањето на различни модели со укажувања за тоа како менаџерите можат да ги користат за ефикасно управување како со ефикасните така и со неефикасните ентитети.

Значајно е да го истакнеме научниот придонес на магистерскиот труд на кандидатката Виолета Цветкоска, кој го оцениле членовите на Комисијата пред кои е одбранет (професори на ФОН, Белград), а е прикажан во наведените констатации: обработени се 281 студија за методата DEA објавени во временскиот период од 1988 до 2010 година и утврдено е дека 159 студии имаат апликативна содржина, а даден е и преглед за примена на методата DEA во поодделни области, како и соодветен преглед за примена на истата методата во банки и филијали според објавените студии во периодот од 1994 до 2010 година; обработен е нов

пристап за заедничко интегрирано користење на методите DEA и AHP преку поставување на ограничувања на тежините на инпутите во методата DEA според тежинските коефициенти добиени со методата AHP; методот за интегрирано користење на овие две методи оригинално е применет за мерење на релативната ефикасност на банките во Република Македонија, а исто така оригинално се дискутирани и резултатите добиени за релативната ефикасност на банките во Република Македонија.

2. Квантитативна поддршка на процесот на одлучување во современата бизнис-економија (труд под ред. бр. 2). Со оглед на фактот што основните предизвици на менаџерите во 21 век се фокусирани на тоа како да се креираат организациите, учеството и користењето на знаењето во донесувањето на оптимални одлуки, во трудот се потенцира потребата од иновации и знаење, кои во денешниот конкурентен и глобален бизнис-амбиент се препознаени како еден од најважните стратешки ресурси за остварување на основната функција на менаџерите за донесување на одлуки и нивно релизирање. Во таа смисла, во трудот се укажува на анализата на одлучувањето, која обезбедува систематска и логички конзистентна процедура со цел давање одговор на одредени реални проблеми. Исто така, во трудот се потенцирани можностите што ги нудат квантитативните истражувања и квалитативната анализа во одлучувањето на менаџментот, како и користењето на најновите методологии за мерење на ефикасноста на доносителите на одлуки, за компаративна анализа на сродни ентитети со заеднички инпути и аутпути, како и за проценка на перформансите. За таа цел изведени се одредени генерализации за моделите како поддршка на одлучувањето, што обезбедува опфат за логична и одржлива анализа.

3. Примена на методите ELECTRE, PROMETHEE и AHP при избор на модел на автомобил (анализа на продажбата на нови автомобили во Република Македонија во 2008 година) (труд под ред. бр. 6). Авторката одбрала за истражување мошне интересен и актуелен проблем од реалниот живот. Во своето истражување авторката поставува седум значајни критериуми (како на пр. цена, потрошувачка на гориво, безбедноста и други атрибути) кои треба да ги земе предвид доносителот на одлука за избор на автомобил од наведените 14 модели на автомобили. За да се овозможи избор на алтернатива која ги задоволува поставените критериуми, авторката доаѓа до сознанија дека методите на повеќекритериумската анализа ELECTRE, PROMETHEE и AHP, како и развиените

софтверски пакети за овие три методи, му помагаат на доносителот на одлуката од идентификуваните алтернативи да ја одбере најповолната. Во трудот успешно се систематизирани основните карактеристики на наведените методи и тие се аплицирани, а изобилува и со табеларни и графички прикази на резултатите од истражувањето. Трудот има аналитичко-истражувачки карактер, а добиените сознанија можат да бидат од корист како за одредени стопански субјекти така и за јавноста.

4. Uloga i primena kvantitativnih metoda i modela u menadžmentu (труд под ред. бр. 7). Во рефератот се дадени основите на некои квантитативни методи и модели и укажано е на нивната примена од страна на менаџерите со цел да се пронајдат оптимални решенија за фундаменталните и актуелни проблеми во стопанството кои овозможуваат да се донесат рационални одлуки и тие успешно да се реализираат. Обработените методологии кои овозможуваат квантитативна поддршка на менаџментот се: линеарно програмирање, транспортен проблем, нелинеарно, целоброjно и динамичко програмирање, анализа на одлучување, управување со залихи, симулација, редови на чекање, проектен менаџмент, хеуристика и повеќекритериумско одлучување. Во трудот е укажано дека постојат голем број на софтверски алатки кои ги поддржуваат поодделните методи и техники и кои овозможуваат да се добијат резултати за многу кратко време, меѓутоа за тие правилно да се применат од фундаментално значење е да се разберат научните принципи и методи на науката за менаџментот.

Трудовите на м-р Виолета Цветкоска се пишувани со јасен стил, прецизно се истакнати проблемите, разработката и примената така што слободно може да се констатитра дека кандидатката е оспособена на соодветен начин да ги напише и презентира резултатите од својата работа.

Кандидатката Виолета Цветкоска има реализирано студиски престој на Факултетот за организација и информатика при Универзитетот во Загреб, Вараждин, Р. Хрватска, од 1 до 31 март, 2010 година, кој и овозможил надоградување на знаењето за примена на методата AHP со користење на соодветни софтвери. Исто така, има учествувано на бројни симпозиуми, конференции, семинари, обуки и работилници во земјата и во странство (вкупно 13), кои и дале значаен придонес во нејзиното стручно усовршување.

## 4. ОПШТИ КОНСТАТАЦИИ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното за пријавената кандидатка м-р Виолета Цветкоска, за нејзините стручни и научни трудови и за активностите може да се конататира следново:

1. Кандидатката м-р Виолета Цветкоска ги задоволува основните услови пропишани со Законот за високото образование и Правилникот за избор во звања, така што од страна на Комисијата внимателно се разгледани и анализирани се трудовите и активностите на кандидатката.
2. М-р Виолета Цветкоска со одлични резултати завршила соодветни магистерски студии од втор степен на ФОН во Белград, на студиската програма за операционен менаџмент со што се стекнала со академски назив магистер од областа на операциониот менаџмент, програмско подрачје: операциони истражувања и квантитативни методи.
3. Магистерскиот труд на Виолета Цветкоска и неговата одбрана се оценети со највисока оценка 10 (десет) и е рангиран меѓу најдобрите во последните неколку години на ФОН при Универзитетот во Белград.
4. Кандидатката располага со потребните академски, теоретски и практични знаења и вештини од избраната област, ги познава широко прифатените методологии за решавање на комплексни проблеми и способна е самостојно и како и во тимска соработка креативно да ги применува при решавањето на сложени проблеми, како на локално ниво така и во глобалното окружување.
5. М-р Виолета Цветкоска е оспособена за понатамошно усовршување во својата струка на соодветни докторски студии од областа на која се определила.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со задоволство му ПРЕДЛАГА на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката **м-р Виолета Цветкоска да биде избрана во звањето асистент по организациони науки и управување (менаџмент), по предметите наука за менаџмент и економско математички методи и модели.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Благородна Тодосиоска с.р.
2. Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски с.р.
3. Проф. д-р Сашо Арсов с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СМЕТКОВОДСТВОТО НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Економскиот факултет во Скопје и Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во „Утрински весник" од **11.11.2010** година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на **19.11.2010** година, донесе одлука со која сме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по група предмети од областа на сметководството.

По опстојното разгледување на приложената документација, односно по деталното проценување на квалификациите на пријавените кандидати, Рецензентската комисија го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се пријави еден кандидат, и тоа:

1. Атанаско Атанасовски – магистер по сметководство и финансии.

Во извештајот ќе бидат изнесени податоци за кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАСТАВНО-НАУЧНИ, СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

1. Кандидатот Атанаско Љупчо Атанасовски е роден на 2 април 1982 година во Кавадарци. Средното образование го завршил во гимназијата „Добри Даскалов" во Кавадарци со одличен успех. Во 2000 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на Департманот за сметководство и ревизија, на кој дипломирал во октомври 2004 година со просечен успех 9,8 (девет запирка осум) како најдобар студент во генерацијата 2000/2004 година. За

време на студиите кандидатот изучувал единаесет сметководствени предмети кои ги положил со одличен успех. Исто така, кандидатот со одличен успех го одбранил дипломскиот труд од областа на меѓународните сметководствени системи.

Од октомври 2004 декември 2008 година, кандидатот Атанаско Атанасовски работел како ревизор во ревизорската куќа Делоитте ДООЕЛ Скопје, дел од групацијата Deloitte & Touche LLP, во период во кој е ангажиран на многу проекти од доменот на ревизорските и консултантски услуги во земјата и регионот.

Од декември 2006 година кандидатот е вработен на Економскиот факултет во Скопје како помлад асистент по група предмети од областа на сметководството, при Катедрата за сметководство и ревизија, на кое работно место се наоѓа и сега.

Во учебната 2007/2008 година кандидатот Атанаско Атанасовски се запишува на постдипломски студии од областа на сметководството и финансиите на London College, University College Kensington, во Лондон, Велика Британија. Во текот на студиите со високи оценки ги положил следниве предвидени предметни дисциплини: финансиско сметководство 1 и 2, користење на финансиски принципи и техники, сметководство на менаџментот, окружување на финансиско известување, професионален развој-напредно ниво, управување со промените во организацијата, ревизија и сметководствена контрола, инвестиции на пазар на капитал, стратешко планирање и одлучување, планирање и развој на човечки ресурси, деловни истражувања - проект. Во моментот кандидатот го изработува магистерскиот труд.

Во периодот јануари-мај 2010 година, кандидатот Атанаско Атанасовски остварил студиски престој во САД на Fairfield University, Fairfield CT. Престојот е остварен со помош на Junior Faculty Development Program (JFDP), финансирана од страна на Министерството за надворешни работи на САД. Во текот на остварениот студиски престој, кандидатот, покрај учеството во наставата на постдипломските и додипломските студии од областа на сметководството и финансиите, остварил учество на Регионална конференција за 2010 година на средно-атлантската група во рамките на Американската асоцијација на сметководители (AAA).

Паралелно со напорите за академско усовршување, кандидатот Атанаско Атанасовски покажува забележлива активност за професионално сметководствено усовршување и надоградување. Заклучно со јуни 2008 година, кандидатот Атанаско Атанасовски ги положил сите испити од програмата за професионална сметководствена квалификација при ACCA (Association of

Certified Chartered Accountants, London, UK) и се стекнал со статус на придружен член на оваа реномирана и меѓународно призната професионална сметководствена асоцијација.

Во однос на образовната дејност, кандидатот Атанаско Атанасовски по изборот за помлад асистент активно учествувал во тимовите по сите единаесет предметни дисциплини на Департманот за сметководство и ревизија. Кандидатот совесно и квалитетно ги извршувал своите работни задачи, кои се однесуваат на подготовка и одржување на вежби, консултации со студентите на проекти и семинарски трудови на кои работат и помош при подготовка и изведување на колоквиуми и испити по предметните дисциплини на Департманот за сметководство и ревизија.

Во однос на стручно-апликативната дејност, кандидатот зема активно учество во рамките на РЕПАРИС-проектот на Светска банка за зајакнување на корпоративното финансиско известување и ревизијата во Република Македонија, работејќи директно со Институтот на овластени ревизори на РМ, на развивање на програма за професионално сертифицирање и континуирана професионална едукација. Во периодот август-декември 2009 година, кандидатот е ангажиран како локален консултант на РЕПАРИС-проектот на Светска банка за преведување на МСФИ и МРС на македонски јазик.

За забележување е учеството на кандидатот како успешен апликант за грант и проект-координатор на Проектот за подобрување на пристапот до високото образование за хендикепирани лица, финансиран преку програмата JFDP alumni grant 2010 program и администриран од Американските совети за високо образование.

Паралелно со извршувањето на секојдневните работни активности на Факултетот, кандидатот посветува соодветно внимание и на научно-истражувачките активности. Од изборот во звањето помлад асистент кандидатот ги има објавено следниве трудови во земјата и странство од областа на сметководството и ревизијата, и тоа:

**"Auditing Economic Substance of Transaction with Related Parties: Auditor's Position to Influence Direction of Cross-Border Investments"**, коавторство со асис. Марина Серафимоска, Audit Financiar, Anul V, No.9/2007, септември 2007, стр. 25-33.

Во овој труд кандидатот обработува една мала, но доста значајна рефлексија на современите трендови на глобализацијата врз улогата која ја имаат професионалните сметководители во јавната практика (ревизори). Комплексните капитални и деловни релации помеѓу деловните ентитети од различни земји и доминацијата на компаниите на врвот на пирамидата на

капитално финансирање иницираат размислување за основите на размената на добрата и услугите, вреднувањето на трансферот и реално прикажување на ефектите на трансакциите со цел објективно признавање на добивките. Преку систематизација и понуда на решенија за реално утврдување на економската супстанција и основа за секоја трансакција, како и преку објаснување на ефектите на спротивното, кандидатот се обидува да го објасни значењето на ревизорската работа во разбирање и адекватна примена на професионалната и законска регулатива релевантна за трансакциите помеѓу ентитетите класифицирани како поврзани страни.

**"Development of Accounting Theory and Practice in the Republic of Macedonia-History and Prospective "**, коавторство проф. д-р Блажо Недев и проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, 12th World Congress of Accounting Historians, Истанбул, Турција, јули 20-24, 2008.

Во овој труд предмет на разгледување и анализа е историскиот развој на сметководствената теорија и практика во Република Македонија, со посебен фокус на условите кои владееле во периодот по Втората светска војна. Трудот детално ги објаснува промените и трансформацијата на сметководството од претежно законско регулирана материја и обврска за строга и прецизна евиденција во современа со сите атрибути на саморегулирана професија. Трудот ги идентификува подрачјата на недостиг на професионален капацитет и организираност, отсуството на сериозна и конзистентна научноистражувачка активност чии резултати би се користеле од припадниците на домашната професија. Кандидатот нуди јасен предлог за идни акции кои координирано би требало да се преземат од страна на академските и професионални кругови за итна и успешна реализација на Националната стратегијата и акционен план за реформи во сметководството и институционално зајакнување во РМ.

**"The Audit Culture in Republic of Macedonia Observed through the Prism of Six Decade Historic Development "**, коавторство проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и Александар Коцевски , 12th World Congress of Accounting Historians, Истанбул, Турција, јули 20-24, 2008.

**"Корисноста на ревизорските извештаи за инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност: ефектот на квалификуваните ревизорски мислења на пазарната цена на акциите"**, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, изд.45, 2010.

Во овој труд кандидатот ја анализира релевантноста на ревизорското мислење за македонскиот пазар на капитал. Предмет на анализа се ценовните движења на акциите на компаниите кои котираат на официјалниот пазар во периодот на објавување на ревидираните финансиски извештаи. Авторот

заклучува дека врз основа на резултатите од истражувањето, ревизорскиот извештај има мала информативна сила за инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност.

**"Импликации на глобалната финансиска криза за квалитетот на финансиското известување или vice-versa", коавторство со Зоран Миновски,** Зборник на трудови од Меѓународна конференција, Скопје, 12-13 ноември 2010

Своето стручно усовршување, кандидатот го надградил и со присуство на следниве тренинзи и работилници:

- "Milestone 2 програма за ревизори: Планирање и извршување на ревизорски ангажман", Deloitte Touche Tohmatsu, 1-9 септември, Родос Грција;
- "Користење на ревизорски софтвер ACL, пристап базиран на ризик" Deloitte Touche Tohmatsu, 15-30 ноември, Белград;
- "Активно учење во големи студентски групи", JFDP алумни-работилница, 30 октомври 2010, Охрид.

Кандидатот Атанаско Атанасовски одлично го владее англискиот јазик, а од компјутерските програми и пакети добро се служи со Microsoft Word, Excel, Power Point, ACL File Interogation Software.

## II. ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените позначајни податоци за кандидатот, Рецензентската комисија оценува дека Атанаско Атанасовски ги исполнува законските и нормативните критериуми за избор во звањето асистент. Паралелно со наставно-научната активност, која како помлад асистент ја извршува во текот на речиси четири години, кандидатот забележал сериозна научноистражувачка и стручно-апликативна активност. Тоа се поткрепува со трудовите кои ги публикувал во странски и домашни списанија, присуството на меѓународни конгреси, конференции, семинари, стручни обуки, како и студиски престои на реномирани универзитети во светот. Исто така за забележување е инволвираноста на кандидатот во проектни активности од директно значење за развојот на сметководствената професија во Република Македонија. Ова, пак, упатува на заклучок дека станува збор за оформен научен соработник, кој гарантира континуирана определба за наставно-научна и истражувачка активност. На сето ова се додава и фактот дека кандидатот Атанаско Атанасовски го има успешно одбрането својот магистерски труд на странски

универзитет: London College, University College of Kensington од Лондон, Велика Британија, со што се стекнал со степен магистер по сметководство и финансии. Ова само по себе зборува за сериозната определба на кандидатот спрема сметководствената проблематика, со која како иден, перспективен академски научен соработник ќе ги развива сметководствените дисциплини на Економскиот факултет во Скопје.

Имајќи го сето ова предвид, а во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Економскиот факултет во Скопје и Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот Атанаско Атанасовски да биде избран за асистент по група предмети од областа на сметководството.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Блажо Недев, с.р.**

2. **Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска, с.р.**

3. **Проф. д-р Зоран Миновски, с.р.**